# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Иван Стоиљковиќ, Оливер Шамбевски, Али Ахмети, Вулнет Ахмети, Фијат Цаноски, Владо Бучковски, Џевад Адеми, Имер Селмани. ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 5 - Предлог на одлука за прераспредлба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите.**

Предлогот на одлуката, Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и Дописот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор се пријавени министерот за финансии, господинот Марјанчо Николов, господинот Јани Макрадули, господинот Горан Минчев, господинот Стојан Андов, господинот Горан Сугаревски, госпоѓата Славица Грковска Лошкова, господинот Менде Диневски, госпоѓата Весна Бендевска, господинот Томе Чингоски, господинот Миле Андонов, господинот Тито Петковски, госпоѓата Радмила Шекеринска, господинот Бесим Догани и госпоѓата Флора Кадриу.

За ова ќе се добие листинг на пријавени и ќе се подели на пратеничките групи.

Има збор министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Најпрвин би сакал да ве запознам со причините заради кои Владата на Република Македонија се одлучи да ја предложи Одлуката за распределба на средства меѓу буџетски корисници на централната власт и фондовите, а потоа и за самата содржина на одлуката.

Имено, со последните измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2008 година кои Собранието ги усвои во јули оваа година се предложија зголемувања како на приходната така и на расходната страна на годинешниот буџет.

Врз основа на извршените анализи за реализација на приходите и на расходите во последните три месеци заклучно со септември оваа година, како и врз основа на нивната реализација во првата половина од октомври се утврди следната состојба:

Реализацијата на приходите заклучно со септември, како и нивната реализација во третиот квартал од годината покажува дека приходите се реализираат во рамките на планираните износи за овој период од годината, што ја потврдува планираната проекција на приходите со Ребалансот на буџетот до крајот на оваа година.

Понатаму, што се однесува до реализацијата на расходите, заклучно со септември, како и во првата половина од октомври вкупните расходи се реализирани во износ од 65% од планираните со Буџетот, што е на нешто пониско ниво од очекуваната реализација за овој период од годината. Притоа е остварена реализација во следните износи кај следните агрегатни ставки.

Реализација од 56,7% кај расходите за стоки и услуги. Кај субвенциите и трансферите реализација од 55,8% и кај капиталните расходи реализација од 38,2%.

Еден мал коментар за навидум ниската ставка на реализација на капиталните расходи. Да ве потсетам дека ова се должи на фактот што со Ребалансот на буџетот ставката капитални расходи беше значително зголемена и некои од позначајните ставки што ги додадовме кон капиталните расходи со измените и дополнувањата на Буџетот за 2008 година во јули оваа година, значи со Ребалансот кој го усвои Парламентот сеуште не се реализирани и се на пат за реализација. Станува збор за ставките кои ги дискутиравме тука за набавка на безбедносна опрема во Министерството за внатрешни работи. Тие ќе се реализираат до крајот на годината.

Главната причина за намалената реализација особено во делот на капиталните расходи, покрај ова што го спомнав, се проблемите кои ќе се јавеа кај некои поголеми буџетски корисници или тендерски постапки во повисоки износи како што беше планираната набавка на медицинска опрема во рамките на Министерството за здравство.

Во однос на тоа, како што бевме информирани од Комисијата за набавки при Министерството за здравство целата постапка за избор на најповолни понудувачи е одложена поради тоа што во сите фази од постапката биле поднесувани жалби од незадоволните понудувачи. Притоа жалбите кои се поднесени во последната фаза сеуште се во процедура и се додека не биде одговорено по нив, согласно Законот за јавни набавки, постапката не може да продолжи. Со тоа се оневозможува планираната реализација на средства за оваа намена кои беа планирани со Буџетот за 2008 година.

Тука би истакнал дека има потфрлање во реализацијата на дел од средствата и кај некои други институции, како што е на пример Агенцијата за државни патишта каде има во текот на оваа година три неуспешни тендери.

Почитувани пратеници, врз основа на овие анализи Владата на Република Македонија ја утврди потребата од реалокација на одделни средства кои беа наменети за реализација на активности и проекти за кои се знае дека нема да се реализираат до крајот на годината за активности чија реализација е извесна до крајот на годината и кои во основа се во функција на поттикнување на економскиот развој во Република Македонија.

Би сакал да истакнам дека предлагањето на оваа одлука за распределба на средства меѓу буџетските корисници и фондовите е во согласност со член 33 став 5 од Законот за буџетите. Согласно овој став прераспределбата на средства на ниво на ставка во рамките на Буџетот за секој буџетски корисник не може да дојде до намалување за повеќе од 15% од износот на ставката во текот на фискалната година.

Значи, овој вид на прераспределба кога е лимитиран и за истите дава согласност Министерството за финансии односно Владата на Република Македонија за владините програми. За разлика од овој вид на прераспределба во ставот 7 од истиот Закон посочениот член 33 се регулирани прераспределбите помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите за кои не важи ограничувањето од 15% и за кои одлучува Собранието на Република Македонија.

Ваков вид на прераспределби меѓу буџетските корисници без ограничување прават и другите земји во Европската унија и истата одредба е согласна со директивите на Европската унија.

Во продолжение сакам да ве запознам со некои конкретни пренамени што се предлагаат со оваа одлука.

Со предложената одлука се обезбедуваат средства за следните проекти:

Прво, изминување на доспеани долгови над 60 дена на јавните здравствени установи за што се обезбедува износ од 800 милиони денари и средства за довршување на Клиниката за гинекологија во изност од 200 милиони денари.

Второ, продолжување на Програмата за изградба на социјални станови во износ од 100 милиони денари.

Трето, инвестиции во железничка инфраструктура во износ од 160 милиони денари за тековно инвестициско одржување на постојната инфраструктура.

Четврто, доизградба на Градскиот стадион во Скопје во износ од 294 милиони денари за северната трибина и 10 милиони денари за отпочнување на тендерска постапка за изработка на студија за реконструкција на источната и западната трибина на Градскиот стадион во Скопје.

Петто, отпочнување на тендерска постапка за изработка на студија за евентуална доизградба на третиот кат на Градскиот трговски центар во Скопје во износ од 30 милиони денари.

Шесто, доопремување на Спортската сала “Борис Трајковски” во износ од 120 милиони денари со што би се завршила изградбата и уредувањето на овој капитален објект.

Понатаму, за изработка на физибилити студија за Проектот Е-112 во Центарот за управување со кризи се предлагаат средства од 20 милиони денари.

Понатаму, финансиска поддршка на Јавното претпријатие МРТВ во износ од 500 милиони денари со цел надминување на финансиските проблеми на Јавниот радиодифузен сервис како и финансиска поддршка на АД МЕПСО во износ на 450 милиони денари за покривање на загубите по основ на диспаритетот на цената на електричната енергија, цената на увозната електрична енергија и таа по која МЕПСО дистрибуира електрична енергија во електроенергетскиот систем во Република Македонија, според регулирана цена.

Исто така со оваа одлука, можам да истакнам за прв пат можеби до сега се предлагаат 300 милиони денари за помош на општините во Република Македонија за инвестиции во инфраструктурни проекти наменети за изградба на водоснабдителни и канализациски системи кои би се распределиле според определени критериуми, проекти во Министерството за транспорт и врска како трансфери до општините на Република Македонија.

Во овој контекст за изградба на трафостаница во индустриската зона Жабени - битолско и за изведба на влез во општината Битола од правецот на главниот град или од правецот на Прилеп се предлагаат 170 милиони денари за двете намени. Првата е 80 милиони денари за трафостаницата, а остатокот од 110 милиони за втората намена.

За изградба на културни обележја во општините Центар - Скопје и Прилеп се предлагаат 330 милиони денари.

Почитувани пратеници, со цел продолжување на определени проекти и активности на Владата на Република Македонија се обезбедија дополнителни средства и за следните намени:

- издавање на ваучери за набавка на компјутери во износ од 200 милиони денари. Ова е репликација на екстремно успешниот проект од ова време мината година кога се обезбедија ваучери за набавка на компјутери на сите студенти во завршните години на студии на универзитетите, јавни и приватни во Република Македонија. Како што можете да забележите во продолжение на дневниот ред имаме точка која се однесува на Предлогот на закон за издавање на овие ваучери. Оваа година износот е значително поволен и на поединечниот ваучер и на вкупната сума. Значи, 200 милиони денари.

За акцијата за пошумување во Република Македонија со оваа Предлог одлука се предлагаат 90 милиони денари.

За набавка на информатичка опрема за судови и јавни обвинителства се предлагаат 23 милиони

денари за покривање на трошоците за Царинската управа кои произлегоа од преземањето на граничните премини во оваа транзициска фаза се предлагаат 65 милиони денари.

Понатаму, покривање на обврските по основ на комунални услуги во националните установи на културата и реализација на програмските активности во овие дејности се предлагаат 70 милиони денари.

За авансно плаќање за набавка на 25 противпожарни возила и три авиони за гаснење на пожари се предлагаат средства во износ од 58 милиони денари.

За набавка на специјални возила за спровод на осудени лица се предлагаат средства во износ од 10 милиони денари.

Натамошна имплементација на Проектот - Народни кујни износ од 4 милиони денари.

Со оглед на големата заинтересираност на невработените лица за користење на кредити за самовработување се обезбедуваат дополнителни средства во износ од 46 милиони денари за натамошна имплементација на овој проект.

Почитувани пратеници, со оваа одлука ќе се придонесе кон повисока реализација на планираните расходи и ќе се обезбеди континуитет и завршување на определени проекти кои во крајна линија се насочени кон зајакнување на инфраструктурата, подобрување на деловниот амбиент, зголемување на квалитетот на јавните услуги, заштита на културните вредности и натамошно поттикнување на економскиот развој во Република Македонија.

Оттука, се надевам дека предложената одлука за распределба на средства меѓу буџетски корисници ќе ја добие вашата поддршка.

Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре,

Со внимание ве слушав и очекував барем во еден дел од вашето излагање да реферирате на постоечката силна светска економска криза која се рефлектира и во Република Македонија и на евентуалното разгледување на употреба на Буџетот како инструмент за соочување со таа криза.

Оттаму сакам веднаш да кажам дека вашата одлука да одите со одлуката за прераспределба, а не со ребаланс е за мене и за ЛДП погрешна затоа што ова беше добра шанса Владата со ребаланс, со намалување на јавните расходи да покаже чувство за соочување со елементарната криза.

Сите препораки на сите клучни институции на ММФ, на Светската банка, политиките и мерките што ги преземаат владите се насочени, меѓу другото, и кон контрола и намалување на јавните расходи. Вие, за жал, не ја искористивте оваа шанса да ги намалите јавните расходи и понатаму имаме астрономски голем буџет од 2 милијарди и 300 милиони евра буџет што е 40% од бруто домашниот производ, значи една астрономска бројка со ништо неоправдана и тоа во услови на огромен дефицит од 2 милијарди и 200 милиони денари.

Господине Славески вие добро знаете дека светската економска криза најдиректно ќе се одрази на натамошно влошување на постоечкиот дефицит затоа што ќе се намалат дознаките од странство и ќе се намалат инвестициите. Вие воопшто не го користите клучниот инструмент што го имате буџетот за да одговорите на овие предизвици. Освен тоа ребалансот ќе биде потребен затоа што и приходната страна, за жал, нема да биде остварена како што беше планирано. Многу се лоши движењата што веќе почнаа од овој месец. Се отпуштаат работници, се гаснат печки, се намалува индустриското производство и сето тоа, за жал, ќе има ефекти врз бруто домашниот производ и ние ќе имаме еден лош квартал, последниот квартал од 2008 година ќе биде лош квартал.

Според моето скромно мислење, господине министре, ова моравте да го вградите во ребалансот.

Исто така ни збор не кажавте за основната причина зошто ја правиме одлуката, заради неуспешноста на клучните ресори да ги реализираат капиталните инвестиции. 13% ви е потфрлањето во клучната Агенција за државни патишта. 200 милиони денари ви е потфрлањето во Министерството за економија за изградба на индустриски комплекси. Мислам дека на ова требаше да одговорите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Околу одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите има многу да се зборува. Почнувајќи од нејзината законитост потоа нејзината целисходност и на крајот ефектите кои евентуално би се постигнале, а кои министерот се потруди да ги објасни, но, за жал, по наше видување се далеку од реалните состојби во Република Македонија и не содејствуваат со потребите во Република Македонија.

Ќе се потрудам накратко да ги кажеме нашите видувања по однос на оваа одлука.

Прво, околу законитоста.

Господине министер вие рековте дека согласно членот 33 став 5 од Законот за буџетите до 15% од вкупно планираните средства во ставка Програма и Потпрограма решава Министерството за финансии или Владата на Република Македонија. Тоа не е точно.

Во Законот за буџети во членот 33 став 5, јасно стои дека одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на Потпрограма и Буџет не можат да бидат намалени повеќе од 15% со прераспределба во тековната фискална година со исклучок на прераспределбите од ставот 3 на овој член.

Никаде не е спомната ниту Владата ниту Министерството за финансии. Во претходните ставови од истиот член стои во кои случаеви Министерството за финансии и Владата решава за прераспределба.

Но ставот 5 дека до 15% не може да се врши прераспределба, се однесува генерално за сите, бидејќи вие не можете кога го планирате буџетот и приходите и расходите да се однесувате бројките да ги давате паушално. Потоа имате мнозинство во Собранието, кое што ќе ви прифати било каква распределба. Тоа е неодговорно работење со парите на граѓаните.

Пред два месеци имавме ребаланс на Буџетот. Таму на одредени буџетски корисници и стапки, им дадовте пари. Тогаш велевте дека причината е зголемените приходи.

Сега, со одлуката на истите тие на кои што сте им ги доделиле средствата, сте им ги одзеле. Дали е тоа правилно работење со парите на граѓаните. Да ја земеме Агенцијата за млади и спорт и фамозните спортски сали, кои три години ги рекламирате. Со ребалансот им доделивте на 340 милиони.Сега им земате 100 милиони.

За театарот во Велес, што искрено ми е жал, доделивте 62 милиона. Сега земате 30 милиона. Затоа цениме дека вакватта одлука е незаконска и е спротивна на интересите на граѓаните на Република Македонија. Ако сакавте да направите распределба, требаше да предложите ребаланс на Буџетот. Јас сваќам зошто вие не сакате да поднесете ребаланс на Буџетот. Затоа што, прво ќе требаше тука да отвориме расправа за проекциите, за макроекономските агрегати на државата. Дали ќе ја оствариме планираната стапка на раст. Дали ќе се задржи инфрлацијата, како ќе се движи економијата, сето тоа треба да биде составен дел од ребалансот.

Исто така, ќе требаше да се правдате зошто за еден ребаланс за одредени буџетски корисници им давате средства, а потоа им земате средства.

Минатата година на 10 декември, поднесовте исто ваква одлука со кое што се прераспределија 40 милиони евра. Никој не објасни како се потрошија тие пари за 15 дена. Ќе дојдат ревизорските извештаи, ќе видиме како успеале буџетските корисници да потрошат 40 милиони евра за 10 дена, бидејќи знаеме дека трезорот работи до 26 декември.

Вие се обидовте по вашето излагање да објасните дека приходите и расходите се остваруваат, односно приходите на планираното, додека расходите потфрлиле. Притоа се потфрлиле во најклучниот сегмент, капиталните расходи. Во една ситуација кога се соочува Република Македонија со криза, вие потфрлате во делот каде што значи потрошување на пари, кои што значат поттик за развој на економијата. Исто така, не видовме во јавноста некој да ја носи оговорноста, зошто не ги реализирал капиталните расходи. Дали во Државната агенција за патишта, поништувањето на тендерите повлече одговорност. Дали тендерот за медицинска опрема, кој што беше најавуван на прес конференција, уште не е реализиран, ја повлече одговорноста на тие што се надлежни за спроведување. А велите дека оваа Влада е транспарентна, отчетна и одговорна. Не спомнавте како што кажа овде ниту збор за економската криза, за светската економска криза и нејзините импликации врз македонската економија. Не се осмеливте да ја повлечете одлуката и да предложите евентуални мерки, дел од тие последици да се ублажат дали ние се однесуваме како нoеви со главата во песок и упорно тврдиме дека нема криза во Република Македонија и дека се е во ред, а секојдневно гледаме работници на улица, во медиумите пишува дека текстилната индустрија е загрозена, металургиската индустрија е загрозена, работниците се соочуваат да останат без работа, а ние овде расправаме за прераспределба на буџетски средства во износ од 72 милиони евра, според наше видување, за несуштински намени.

Во однос на парите кои што ги прераспределувате 800 милиони денари за Фондот за здравство, рековте дека се однесува на покривање на обврски кои што се над 60 дена, почнувајќи од 1.01.2008 година.

Да ве потсетам, кога дојдовте на власт во 2006 година, една од клучните реформи што ја спроведовте беше делбата на Клинички центар и воведувањето на два директора. Велевте тогаш дека воведуваме по 2 директори, затоа што ќе се контролираат едни со други иако покажат лоши резултати во работењето ќе бидат сменети.

Исто така тврдевте дека реформата на клинички центар е оправдана и дека нема да донесе до загуба на работењето во клиниките. Само после две години, а нема ни две години, префрлате 800 милиони евра да се покријат тие загуби. Кој ја носи одговорноста за лошото работење. Граѓаните се незадоволни од здравствените услуги. Нема основни реагенсии, нема основни материјали за работа во болниците побаравме список да видиме од повереникот кои се тие болници и медицински установи кои што имаат долгови и по кој основ. Не го добивме до сега, што за жал укажува дека можеби има некои други намери. Владата не планира да поведе одговорност за лицата кои ги направиле загубите.

Во однос на МРТВ, префрлате 500 милиони денари. Дали поведовте постапка да ја утврдите одговорноста на претходниот директор што направи во МРТВ Сајовиќ. Го донесовте како експертс странец, му дадовте и македонско државјанство, му дадовте плата од 6000 евра после само 6 месеци од неговото владеење си замина. Сега граѓаните на Република Македонија ќе ги покриваат тие дубиози. Зошто не понудите

концепт за МРТВ да биде јавен сервис на сите граѓани. Зошто ја чувствуваме како партиска телевизија и да го гледаме Слободан Томиќ и кој друг таму е. Зошто вака се однесувате. Сите граѓани придонесуваат. Вие покривате дубиози на ваши решенија, кои што не се покажале добри. Затоа, ние ќе гласаме против ваквата прераспределба. Имаме уште многу работи, за кои што треба да дебатираме, за жал, десетте минути поминаа со амандманите ќе се потрудиме и други работи да објасниме.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Мансиевски:** Благодарам господине претседателе, почитуваниот колега Николов го истакна нереализирањето на капиталните расходи, она што впрочем јас го спомнав во репликата како еден од клучните параметри и тоа е основната причина зошто се нуди оваа одлука. Затоа што Владата е апсолутно неуспешна во реализацијата на капиталните расходи. Тука беше спомната Агенцијата за државни патишта. За мислете, Агенцијата за државни патишта не успеа да реализира 13 милиони евра и тоа. . .

**Трајко Вељаноски:** На Марјанчо Николов ли господине Манасиевски му реплицирате?

**Јован Манасиевски:** Да. Го надополнувам, ги надополувам тврдеата на пратеникот Николов. Значи, 13 милиони евра не се реализирани. Најголем дел од овие пари се за историскиот пат Радовиш - Струмица. Три години се ветува за тој пат и три години премиерот вели оваа година ќе го изградиме патот. Треба да им кажеме на струмичани дека заради неспособноста на оваа Влада нема ништо од патот Радовиш- Струмица.

Исто така, се говореше за развој на ски-центарот Кожув. Ништо нема ни од тоа, затоа што нема да има пат, затоа што во Агенцијата за државни патишта имаме неспособни раководители, а Владата не ги санкционира. Значи, не можеме да останеме неми на нереализацијата на вакви крупни проекти во Агенцијата за патишта, а од друга страна, да држимем прес конференции за набавка на автобуси во јавниот градски превоз и за тоа да трошиме 60 милиони евра.

Друга клучна ставка во капиталните инвестиции, каде што имаше потфрлања колега Николов, Министерството за економија е 5,5 милиони евра надолу и тоа во сегменти кои што треба да ја развиваат конкурентноста на македонското стопанство. Затоа министерот не кажува ништо, како ќе се соочиме со економската криза и со дефицитот во однос на двата клучни елементи. Владата не продукцира ниту една мерка за дестимулација на увозот, ниту една мерка за стимулација на извозот. И токму овие пари што беа предвидени за јакнење на конкурентноста и за стимулирање на увозот, Министерството за економија не е способно да ги реализира. Затоа за жал ја правиме оваа одлука за прераспределба, затоа што има фатална неспособност во Владата за реализација на капиталните проекти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на господинот Манасиевски за репликата.

Мислам дека видувањата ни беа слични и исти, а тоа е дека Владата се однесува неодговорно кон парите на граѓаните и кон постигнувањето на целите за подобар економски живот и повисок стандард. Нашата Влада не ги реализира буџетските пари за капитални расходи за изградба на патишта, а од друга страна се задолжува кај меѓународните институции за изградба на патишта, што навистина, претставува проблем или дилема само за себе што е целта. Цело време се пласира дека овој проект ќе се реализира, во јавноста, но во пракса, на терен нема ништо од тоа. Но, бидејќи времето е кратко, со амандманите ќе отвориме расправа уште за многу проекти кои што Владата ги најави, а нема никакви резултати.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се пријави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Јас само едно појаснување за господинот Марјанчо Николов. Предлогот да се обезбедат средства за плаќање на долговите во јавните здравствени установи се однесува на наследени и стари долгови, кои што се од пред неколку години, а не за нови долгови. Тие се грижа на менаџментот на јавните здравствени установи. Фондот за здравство и самите јавни здравствени установи, не се во состојба да продуцираат средства во овој момент за старите долгови и затоа Владата на Република Македонија предлага интервенција во оваа смисла. Значи, се работи за стари долгови. И уште една исправка, не знам од каде е бројката дека се одземаат 13 милиони евра непотрошени средства од Агенцијата за државни патишта, кога за оваа Предлог одлука се пренаменуваат 370 милиони денари, што е помалку од половина од спомнатата сума. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Николов Марјанчо:** Господине министре, не знам кој сега ја зборува вистината. На Комисијата за финансирање и буџет, повереникот на Владата ни објасни дека долговите, кои што ќе се покриваат преку Фондот за здравство се однесуваат на периодот после 1.01.2008 година, кои надминуваат 60 дена и се направени по трансформацијата на Клиничкиот центар. Ако треба, земете ги стенограмите од таа седница на Комисијата и проверете што е кажано. Немојте да не доведувате во заблуда дека се некои стари долгови, а дека вие работите идеално. Не е така. Вашиот повереник го потврди тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господине министре, колешки и колеги пратеници. Оваа пренамена на средства е најдобар доказ за лошата и катастофална политика во менаџирањето на буџетските средства на граѓаните во Република Македонија.

Господинот Николов зборуваше за неколку законски пропусти, јас ќе додадам уште еден, а тоа е, како може да станува збор за пренамена на средства, а се отвораат нови ставки. Ако пренаменуваме средства во рамки на Буџетот, тогаш тоа можеме да го правиме преку ставки кои што постојат, а не да отвораме нови позиции. Или, она што беше заклучок на една јавна трибина за трошењето на Буџетските средства, каде што беше кажано дека Буџетот на Република Македонија со оваа Влада е зрел за екстерна меѓународна ревизија. И тоа, кога ќе се смени власта ќе се случи. Овој Буџет, оваа пренамена и претходните, ќе добијат вистина кај граѓаните на Република Македонија, само кога меѓународна независна ревизорска куќа ќе каже колку чинат кампањите, каде одат парите и зошто се вршат пренамени, а не ребаланси. Јас ќе се обидам да посочам неколку елементи кои што мислам дека се сомнителни во секој случај.

Прво, за тоа зборуваше и господинот Николов, Македонија е единствената земја во светот која што по термините на Владата е имуна на финансиската криза. Без разлика Што производството во црната и во обоената металургија опаѓа за 40%. Нарачките за чевларската индустрија отпаѓаат за 60% во Република Македонија. Цената на струјата порасна, само сме ние имуни на финансиската криза. Како, за жал, тоа ќе го донзнаеме сите ние со тешки последици.

Како Владата се однесува и како ги разбира парите на граѓаните, ќе илустрирам со неколку примери.

Прво, овој е официјалниот сајт на Агенцијата за инвестирајте во Македонија. И еве ги активностите за месец октомври на Агенцијата. 16 дена присутни се на саемот за коли во Париз. 16 дена, немаат други активности во месец октомври, (се слуша галама од место).

Второ, она што е моја најклучна забелешка, сите бевме сведоци пред некој ден кога еден реномиран часопис објави дека 4 македонски фирми, се меѓу 100-те во Југоисточна Европа. Тоа беше кажано дека МЕПСО е на 90-то место, единствената државна фирма, лани имала приход од 256 милиони евра. Или по зборовите на нивниот директор МЕПСО води добра финансиска политика. Или по зборовите на господинот Ставрески, со новиот закон за енергетика МЕПСО ќе заштеди 50 милиони евра годишно. Министре ова е вашиот потпис во месец септември, каде што Владата донела одлука да му даде на МЕПСО 500 милиони денари. Пренамената уште не сме ја донеле, вие сте ја потпишале оваа одлука. Како ако прави загуба, а во образложението сте го напишале овде, имајќи ја предвид искажаната загуба на АД МЕПСО за 2007 година, Владата и дава пари 500 милиони денари, а светските часописи објавуваат дека прави плус од 256 милиони евра. За каде се тие пари? Во септември АД ЕЛЕМ ги поклонува сите одморалишта на Министерството за транспорт и врски, за Миле да ги продава. Така парите на граѓаните не се чуваат. Така парите на граѓаните не смеат да се трошат. И за тоа, мора да има контрола. Јас не знам во какви релации е господинот Здравески со Груевски. Има многу дебати во јавноста. Ама на фирма што се фали дека прави приход од 256 милиони евра, вие да и давате 500 милиони денари, заради искажана загуба, што ја констатира Владата, мислам дека е тоа цена која што треба да се провери и за која што граѓаните имаат право да знаат.

Второ во јули месец кога се носеше ребалансот реков не е возможно да се формира Универзитет за информатика за месец дена. Не е возможно. Објавивте оглас. Го убедував господинот Лазаров дека е тоа невозможна мисија, дека во Аеродром не може да ја направите зградата за месец дена. Тогаш во Ребалнсот издвоивте 76 милиони денари. Не се отвори Унивеситетот заради внатре караници во ВМРО ДПМНЕ кој да биде ректор и за тоа страдаат идните студенти, заинтресирани. Направивте раздор на Електротехничкиот факултет и сега од тие пари вадите 70 милиони и 400. За што оставате 6 милиони денари, за нешто што не постои? Каде ќе одат тие 6 милиони денари? Да ги платите огласите што ги правевте за професори што ги каневте од странство? За виртуелни огласи? За што ќе ги намените овие 6 милиони денари или повторно ќе треба, како што велите вие да го отвориме сите срцето и да бидеме толерантни и да, без разлика што велите да мислиме со своја глава, тоа не го давате.

Третата работа и набитна, овој Буџет е наменет за локални избори. Тоа вие го кажавте индиректно тоа го пишува во образложението. Владата ги распределила тие средства што вие ги кажавте. За жал, ги распределила на 23 општини на ВМРО ДПМНЕ, само н а 7 општини на СДСМ и замислете на Сарај. ДУИ се во Владата, ама тие не им требаат на нив. Немаат градоначалници. Тие си гласале така. Нивните министри. Значи, 23 општини се на ВМРО ДПМНЕ, се разбира најмногу во Битола и во Прилеп, Гази Баба, листата можам да ви ја дадам, потоа има 7 со по 100 илјади денари, 200 илјади денари на тие од СДСМ, а има 36 градоначалници од СДСМ и на Сарај, затоа што тој треба да ја одработи агендатата на расцепкување на демократијата и плурализмот, уништување на плурализмот во Република Македонија, само политичките партии што се во власта си одговараат пред своите гласачи. Тие ќе треба да објаснат зошто се сложиле со такво нешто.

За жал, и овој Буџет и оваа пренамена што е апсолутно незаконска, парите ги дава по работи што не се продуктивни, парите ги дава во изградба на трибини, ги дава во изградба на спортски сали и во подготовка за локалните избори. Односно, за кршење на Законот за

спречување на корупции и поткупување на гласачите пред локалните избори. Затоа имаме пренамена, затоа немаме ребаланс, затоа што тој ребаланс ќе стоеше овде во Собранието и ќе го видеа многу луѓе каде одат парите и зошто се користат.

Нема помош за обоената металургија, нема помош за чевларската индустрија, нема помош за најсиромашните да се справат со ценовниот шок што ќе дојде со зглоемување на електричната енергија, нема помош за намалување на цената на нафтата за земјоделието, нема помош за ниту една институција во државата што ќе се справи и се справува со тешката финансиска криза.

Затоа Македонија, за жал ќе се види дека не може да биде имуна на финансиската криза во светот. Македонија нема капацитет тоа да го преживее заради компаративните можности и квалитетот што го има.

Но, имаме обврска, за тоа зборуваа луѓето од металургијата. Протоколот 2 за асоцијација на членство во Европската унија не обврзува да се грижиме за некои производствени капацитети од кои зависи и повеќе работна сила, но зависи производството во Република Македонија.

Затоа, за жал, оваа пренамена само ќе биде средство за нови рекламни кампањи, за финансиски инекции на градежните фирми кои треба да работат во ВМРО-ските општини и ви Сарај, се извинувам и со тоа да добијат предност пред локалните избори. На тој начин не се води грижа за парите на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Имате реплика на говорот на господинот Јани Макрадули господине Мансијевски? Повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.
Сакам да укажам на следното кога се говори дека оваа пренамена е во функција на престојните локални избори, имено токму господниен Макрадули од текстот на одлуката тоа јасно се гледа и се гледа, така да кажам политичкиот и партискиот инженеринг што се прменува.

Видете што се случува.На, устата ни е полна со децентрализација, а од Министерство за локална самоуправа што го управува министер од ДУИ, му се одземаат во Програмата рамномерен регионелен развој 1 милион евра. Претходно во јули одземаве уште 1 милион. Во друга програма исто така насочена за децентрализација во Бирото за регионален развој..

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам господние Манасијевски тоа не спомна господонот Макрадули.

**Јован Манасијевски:** Локалните избори токму тоа е.

Ве молам господине претседателе да ми го вративте времето што ми го одзедовте..

(Џагор во салата со дофрлања)

Не можете да ја спречите опозицијата да ги кажува своите мислења.

Во ставката Капитални дотации по единица на локална самоурава, на министерот од ДУИ повторно му се одземаат 1,5 милиони. Е, каде одат сега овие пари во функција на локалните избори? Значи овие 2,5 милиони евра што се одземаат од Министерството за локална самоуправа се реализираат преку програми на Министерство за финансии, раководено од министер од ВМРО ДПМНЕ и преку Министерството за транспорт и врски раководено исто така од министер од ВМРО ДПМНЕ. Ова јасно покажува и укажува дека ние, почитувани колеги пратеници непотребно имаме Министрество за локална самоуправа т.е. имаме министер кој е без реални средства и реални програми.

Оваа Влада на своето Министрество за локална самоуправа му ги одзема средствата наменети за регионален развој и за дотации на единиците на локална самоуправа и ги дава на министерствата за финансии и транспорт. Значи, имаме многу сериозен проблем.

Според ова што ни се нуди во оваа одлука господине Макрадули нас не ни треба Министрество за локална самоуправа и мнистерот за локална самоуправа очигледно е во Владата само да држи место. Му се одземаат ингеренциите, му се одземаат средствата и тие се реализираат преку други министерство, што за жал е во директна спротивност со принципите на децентрализацијата и што за жал води кон поголем државен интервенционизам и кон поголема улога на Владата.

Тоа сакав да ви укажам и да надополнам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Макрадули нема реплика, во ред.

Пријавен за реплика беше господинот Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Господине Јани Макрадули,

Во вашето излагање можевме да сфатиме повеќе работи. Некои работи, веројатно поради време не можевте да ги изнесете, меѓутоа сакам лично да ми кажете дали вие сте виделе прес на Владата во која што ги цитира светските новини излезени или финансирани од Светска банка во која што деновиве Македонија е прогласена за прва земја во Европа, но по бројот на невработени. Или, по процент на невработеност. Втора е Хрвтска и да не редиме итн.

Меѓутоа процентот на невработеност на Република Македонија е процент во групата на дел од афроазиските земји. Повеќе на афричките отколку на азиските.

Дали сте виделе прес во кој Владата се фали со напредокот на слободата на говорот каде сте назадувале со 6 места итн.

И, би сакал да ми одговорите дали вие го делите мојот впечаток дека постои тешка закана за банкрот на оваа држава поради енормниот дефицит што постои, поради ненормалната внатрешна неликвидност што е димензионирана во драстични рамки и дали светската криза не се прелева кај нас и се заканува за овие следни два-три месеци да во Република Македонија имаме загуба на уште 30 илјади работни места.

Или, со еден збор, да кажам дали го делите мојот впечаток дека нашите министри во Владата од финансискиот и економскиот сектор во целава оваа криза се однесуваат како "маџарски собарици" и не ја сфаќаат работата, поентата и грижата околу потребите на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули**: Благодарам за репликата.

За жал овие констатации што ги кажавте вие ќе им станат јасни или веќе им стануваат јасни на луѓето кои не доаѓаат на работа веќе во Фени, луѓето кои во обоената и црната металургија се на привремен одмор и на луѓето во чевларската индустрија каде нарачките се намалени за 40% и текстилната за 40 -60% нарачките се намалени, тоа веќе го чувствуваат.

Не постои оправдување за инертниот став на Владата. Стопанството ќе претрпи тешки последици ќе земаат кредити со големи каматни стапки да даваат плата а не да вложуваат во инвестиции. И тоа ќе биде дополнителен пораст на бројот на вработени во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** За реплика Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Прво за дискусијата на господинот Макрадули за МЕПСО, се спомнуваат приходи од 246 милиони евра, ама расходите не се спомнуваат. Не е тоа профит. Има приходи, расходи, разлика меѓу приходи и расходи е добивка.

(Дофрлања од место)

Реплика е ова. Беше кажано дека е реплика.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, внимавајте јас реков реплика, внимавајте.

**Трајко Славески:** АД МЕПСО..

(Дофрлањата продолжуваат)

Не знам зошто мене не ме регистрира, се извинувам, да го регулирате тоа, јас се пријавувам.

**Трајко Вељаноски:** Министре продолжете.

**Трајко Славески:** Да, ќе биде тоа во рамките на една минута.

Значи, АД МЕПСО 2007 година, според сите извештаи што се верифицирани ја заврши со негативен финансиски резултат заради причините што јас ги спомнав. Да не се меша приход со профит.

Оттаму, се оние 500 милиони денари трансфер во септември и тој трансфер не е поврзан со оваа одлука туку е поврзан со ребалансот на Буџетот каде што повторно беа обезбедени средства.

А, за тоа како се однесува Владата на Република Македонија секако треба да цени Македонскиот парламент.

Во однос на предизвиците, само ќе кажам, односно ќе прашам зошто не ја спомнувате инфлацијата? Цела година не учевте што да правиме, како да правиме итн., сега никаде ве нема. Дајте, уште инфлацијата не престанала да биде предизвик. Макар што престанала. Кажав јас во август дека Република Македонија е веќе во дефлација, петти месец цените во Република Македонија паѓаат. Не ве послушавме. Значи, не ве послушавме за ништо кога не советувавте како да се справиме со инфалцијата и се гледа дека тоа било оправдано. И вашите совети сега, вашите крокодилски солзи дека Владата работи вака или онака се од ист квалитет како оние што беа за инфалцијата.

Владата на Република Македонија знае како да се справи и се справува со овој предизвик.

Личите на човек кој го применува овој синдром, феномен на чепкање на здрав заб. Немојте да чепкате здрави заби затоа што е опасно, особено ова да не го прават лицата од медицинската професија.

(Џагор во салата)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика господинот Јани Макрадули.

(Џагор во салата)

**Јани Макрадули:** Ако може да..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина да го сослушате колегата.

**Јани Макрадули:** Ве молам времето ако може.

**Трајко Вељаноски:** Продолжете, продолжете.

**Јани Макрадули:** Господинот Ставрески јас го читам:

"Со непотпишувањето на Законот за енергетика Македонија дневно губи 136.986 евра. Со новиот закон МЕПСО би заштедил 50 милиони евра годишно".

Е, па, каде се парите? Законот го донесовме од август? Зошто вие му давате 500 милиони денари ако тој секој ден ќе ќарувал по 136 илјади евра. Од тогаш поминаа три месеци. По 136 илјади евра, колку пари се тоа?

Само, незнаењето на менаџментот и криминалното работење прави да знае, пошто државата секогаш ќе го покрие, да си прави што сака како компанија во државна сопственост. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата, продожуваме во 12,45 часот.

(По паузата седницата продолжи во 12,55 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Би сакал да ја искористам оваа прилика и во мое лично име да му ја честитам новата функција на актуелниот министер за финансии прв дентист во Република Македонија. Среќа има македонската јавност што почесто вака да излегувате на говорницата и да види јавноста и граѓаните на Република Македонија кој располага и како ги троши нивните пари.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во јули оваа година Собранието го усвои ребалансот на Буџетот кој што беше предложен од тогашната техничка Влада, значи надвор од сите процедури, исто како што на експресен начин беа усвоени и многу значајни закони, за што нормално како по обичај од ВМРО-ДПМНЕ подоцна следеше извинување од страна на претседателот на Собранието.

Денешнава точка по која што расправаме, тоа е Предлогот одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите, повторно ни докажува неколку работи.

Прво, самата одлука предвидува еден мини ребаланс на Буџетот после само три месеци од усвојувањето на претходниот.

Второ, по кој знае кој пат се докажа дека сите решенија кои што се носат набрзина и без да се има слух за критиките многу брзо за еден многу краток период стануваат зрели за промени. Тоа се докажува и денес.

И трето и најважно, ова е еден од начините да се разоткрие каков однос кон државните пари има актуелната власт, посебно коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Затоа, ќе се обидам со неколку примери да го истакнам она што сакам денес да го кажам.

Во предлог одлуката гледаме дека се земаат сто милиони денари од Агенцијата за млади и спорт. Почитувани колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ веќе гледам дека ви го снемува ентузијазмот околу спортските сали, направивте пет, шест па наеднаш запревте. Требаше да бидат отприлика, колку што се сеќавам на ветувањата 50 плус 50, мислам дека дојдоа до една бројка од 180 спортски сали, но за жал денес не гледаме ништо. Ќе се надоврзам на тоа, по спортските сали, да ве потсетам, следуваше уште еден проект со кој ги лажевте граѓаните на Република Македонија за 11 фудбалски игралишта. Понатаму, малку беше тоа па измисливте 9 олимписки базени. Повторно ги излажавте. Така што во изминатиот период сме сведоци на уште еден фамозен проект што срамно е најавен преку средствата за јавно информирање, а тоа е, замислете, ски-скокалница во Република Македонија, дека Република Македонија е една од водечките ски-спортски држави.

Се надевам дека овие спортски сали нема да ја доживеат истата судбина како во времето кога министер за финансии беше Никола Груевски односно нема да ги оставите да скапуваат, а за тоа подоцна ќе зборувам. Или пак можеби оваа приказна ќе биде активнирана во некој друг период кога ќе немате друга идеа.

Кога сме кај спортските објекти, сакам да истакнам дека ја подржува одлуката Владата да издвои средства за довршување на Трибината на Градскиот стадион од многу проста причина, за да кога ќе ги гледаме фудбалските натпревари, не го гледаме срамот на Владата кој што исто така спектакуларно беше најавуван во и против борбата со урбаната мафија, а тоа е фамозниот “Кинески ѕид”, каде што господинот Никола Груевски и Миле Јанакиески се сликаа како рушат ѕидови и сега за жал повторно сме сведоци дека од тоа нема ништо. Меѓутоа, овој проект неславно се стиша од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, па сега ќе биде задскриен со градење на спортска трибина.

Со оваа одлука исто така гледам дека се крати од многу ставки, меѓутоа, што е карактеристично за Министерството за внатрешни работи. Пред два или три месеци им дадовме 75 милиони евра, а сега им кратиме само 3 милиони евра. Очигледно е дека не можат во овој преостанат период раководителите во Министерството за внатрешни работи да ги допотрошат парите кои им беа дадени на располагање. Меѓутоа, мислам дека раководните луѓе таму се многу ажурни во трошењето на оние пари кои што летоска им ги дадовме. Можеме да претпоставиме и кој знае со каква опрема се снабдило нашето Министерството за внатрешни работи за да не брани од надворешниот непријател, а многу повеќе од внатрешниот непријател, секако ако тој е во ликот и делото на опозицијата. Само не можам да разберам зошто таа скапа технологија која што беше набавувана тогаш воопшто не функционира кога е во прашање приведување на пратеник од нивниот коалиционен партнер, пратеникот Џемаили за кој што сме сведоци дека веќе 30 дена ниту Владата ниту министерката која што работи согласно Уставот и законите, ниту цела полиција не може да го најде. Но, тоа е тоа, двојните аршини се златно правило на оваа власт.

Еве уште едне пример за тоа, додека Министерството за внатрешни работи и Државната безбедност за контраразузнавање не се опфатени со оваа одлука за распределба на средства на Агенцијата за разузнавање и се одземаат околу 15 милиони денари. Сега се поставува прашањето дали е причината, бидејќи Агенцијата за разузнавање е во надлежност на друга институција и дали работата отишла до таму што некои институции од системот ќе ги фаворизираме, а некои ќе ги казнуваме според лична проценка на некого. Мислам дека сте отишле дури и до таму од Буџетот на Претседателот на Република Македонија да бидат одземени 500 илјади денари, или пак и Буџетот ќе го направите средство за користење односно докажување на тоа кој е појак и правење на ситни пресметки со некои. Мислам дека се

работи само за инает и суета и тешко дека нешто друго ќе се покаже во иднина.

Понатаму, кога веќе распределуваме средства, би ги запрашал владините претставнци што се случува со стечајците, дали со ребалансот во јули беа обезбедени средства за оваа категорија на граѓани, или тогаш ви беше доволно на првата владина седница помпезно да кажете дека обезбедувате средства за стечајците, да се тргне кампот на стечајците од Паркот на жената, за да може нормално премиерот Груевски онака храбро, гордо, од својот сопствен дом да појде на работа трошејќи ги парите на граѓаните. Поделивте само 1.300 решенија и нормално е дека сите тие луѓе секој ден се повеќе и повеќе се жалат.

Во оваа Предлог одлука не гледам дека се предвидени ниту средства за вработените во Охис, кои исто така штрајкуваа, а исто така штрајкуваа и вработените во ЕМО, а посебно она што е актуелно во изминативе денови за вработените во Фени и за многу други вработени од металуршката индустрија. Очигледно Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ нема намера да одвои и да интервенира со буџетски средства за подобар живот на граѓаните.

Здравството е уште една област каде што милувате да си правите разни експерименти. Образложението дека се обезбедуваат доспеани долгови над 60 дена во здравствените установи и довршување на Клиниката за гинекологија ви е бедно образложение, затоа што со оглед на сумата што се издвојува навистина е чудно како се намножиле толку долгови кога помпезно пред извесен период тогашниот министер за здравство господиниот Селмани и директорот на Фондот за здравство во една групна сеанса, прес-конференција кажуваат дека долгот е на нула. Сега наеднаш повторно има долгови. Исто така, во здравството се случуваат тешки киксови што чинат многу пари, исто како што е тендерот од 40 милиони евра за набавка на апаратура во здравството кој никако да се реализира.

На крајот бидејќи ни е кратко времето, ќе ми дозволите претседателе, можеби дел од времето повеќе ќе потрошам, искрено очекував бидејќи е јасно на сите дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ е во кампања за локални избори, дека општината од која доаѓам, општината Бутел со оглед на тоа дека градоначалникот е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ дека ќе одвоите значителна сума на средства за подобрување на животот на граѓаните во општината Бутел. Во оваа прилика само таксативно ќе ги набројам, се работи за проекти кои не се довршени, а ВМРО-ДПМНЕ на традиционалните гласачи кои секогаш го даваат гласот за ВМРО-ДПМНЕ постојано им ветува и постојано ги лаже. Само кратко претседателе ќе ги набројам. Пред се се работи за црквата Св.Никола, која што е и дополнителен мотив за премиерот во населбата Скопје Север, доизградба на спортските сали во Бутел 1 и населба Радишани, понатаму, водоснабдувањето во селата Љубанци, Љуботен и Кучевишка Бара, довршување и отпочнување и завршување на атмосферската канализација во Радишани, Љуботенски пат и населба Радишани. Краток е периодот, во некоја прилика повеќе за овие актуелни теми. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господиниот Манасијевски Јован.

Претходно би укажал на одредбите од членот 89 од Деловникот за пратеник кој побарал да исправи неточно пренесен навод или нарочно предизвикал недоразбирање, претседателот ќе му даде збор реплика.

Затоа, му давам збор на господиниот Манасијевски Јован.

Но исто така пишува: во говорот пратеникот мора да се ограничи на исправка.

Има реплика господиниот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Не видов дека од вчера до денес се спреми Деловникот. Како вчера не ви пречеа моите реплики на колегите, а денес ми цитирате членови од Деловникот. Ве предупредувам дека немате право да ми забраните да користам деловничко право.

**Трајко Вељаноски:** Имате реплика кон говорот на господинот Минчев Горан, повелете.

**Јован Манасијевски:** Сакам да ви укажам на вашата непринципиелност.

**Трајко Вељаноски:** Повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Би го запрашал колегата како член на надлежната собраниска комисија за одбрана и безбедност да ме информира дали е свикана седница на оваа Комисија со оглед на фактот дека се вршат значајни прераспределби во делот на одбраната и безбедноста, кои за жал воопшто не се образложени. Имено, со оваа одлука Владата предлага повторно одземање од Министерството за одбрана во висина од преку 230 милиони денари или речиси 4 милиони евра. Да потсетам, само пред три месеци на Министерството за одбрана му беа одземени со ребалансот преку 700 милиони денари, што значи оштетен е Буџетот за преку 930 милиони денари.

Сакам да предупредам дека ова прашање треба да биде разгледувано и на пленарна седница на Собранието, со оглед на тоа што значајно со овие измени отстапуваме од обврските што Собранието ги превземало. Имено, пред 4 години Собранието усвои клучен документ, Стратешкиот одбранбен преглед, каде што се превзема обврската финансирањето на одбраната да биде со 2,3% од бруто домашниот производ. Со овие константни кратења од Владата на ВМРО-ДПМНЕ на Министерството за одбрана во моментот според пресметките Буџетот за одбрана е само 1,85% од бруто домашниот производ. Тоа е драстично намалување од она што е преземено

како обврска на Собранието и јас тука сакам отворено да прашам кој ќе превземе одговорност за таквото непочитување на обврските и заложбите на Собранието. Значи не треба да ни бидат само усните полни со НАТО, туку треба тоа и да го покажуваме. Ако одбраната вака ја кастриме со секој нареден ребаланс на сметка на давање пари на Министерството за внатрешни работи, почитувани колеги, нема за жал далеку да стигнеме. Значи повторно по кој знае кој пат Министерството за одбрана со оваа одлука е оштетено, потсетувам сега цензусот кој што го исполнуваме е само 1,85% од бруто домашниот производ што е далеку од она што го имаме превземено како обврска.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика нема.

Има реплика од госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Во изнесениот говор на колегата Минчев пред се мислам дека се користи исклучително за пропаганда и за промоција на некои нивни видувања. Сакам да упатам на една забелешка дека Одлуката за прераспределба пред се се базира на закон и министерот за финансии го има спроведено овој закон децидно, затоа што сите министерства имаа обврска во определен законски рок ако не ги искористиле средствата кои се строго определени наменски за исполнување на програма, тие се должни истите тие нераспоредени средства, дали е тоа заради тендер кој што до крајот на годината не може да се спроведе, или заради причини кои Владата ќе ги согледа, меѓутоа, не е упатно една ваква одлука која има строгонаменска цел, значи нераспоредени средства кои до крајот на годината определените министерства не можат да ги искористат за програмите за кои се наменети да се прераспоредат од страна на Министерството за финансии, да се упатуваат за популистички цели дека некои сали не биле довршени. Прво, не се знае и во самата одлука не може да се види дали една сала е завршена или не, а бидете убеден господине Минчев дека она што е зацртано особено во поглед на канализација, водовод и тоа што е земено во програмата ќе се заврши во целина.

Само сакам да упатам дека сите овие критики или овие популистички говори кои ги превземате не се во функција на распоредување, прераспоредување на средствата со оваа одлука. Не се работи за ребаланс на Буџетот. Можеби ги помешувате овие две работи, затоа би ве замолила во иднина да ги разликувате овие две категории.

Исто така, би сакала да упатам дека, доколку се грижевте вака кога бевте на власт, каде ли ќе беше Македонија, во која ли развиена земја. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Почитувана колешке Авировиќ, не можам да сфатам вие да зборувате за маркетинг. Прво, оваа одлука се носи со ребаланс на Буџетот, а не вака како што ја предлагате.

Сега околу маркетингот да ви кажам, не се сликав јас дека ќе правам 180 спортски сали, не се сликав јас дека долгот во фондот е на нула и дека сега е времето на ВМРО-ДПМНЕ и дека е реформиран, не се сликав јас кога го делев Клиничкиот центар.

Што се однесува на проектите за кои зборував, ВМРО-ДПМНЕ во општината Бутел е на власт од 1992 година, значи и јас како жител на таа општина чекам овие проекти да бидат завршени дури 16 години. Меѓутоа, безобразлукот оди до таму што на секои избори се ветува истото и повторно и повторно ВМРО-ДПМНЕ лаже, што е карактеристично.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господиниот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Ние расправаме за оваа одлука која е дадена, и се разбира користиме разни работи да искажеме, нашата расправа се случува во период кога вообичаено во демократските земји се води првата фаза во расправата на Буџетот, привршува веќе таа прва фаза.

Денес поради состојбите што настапија со кризата и владите и парламентите и нивните работни тела, пред се надлежни, но и парламентите се ангажирани, дури во два наврата можеше Сенатот и Претставничкиот дом да заседава за да се исправат некои работи, за да се направат некои работи. Ние како Парламент немаме никаква информација, немаме една белешка, немаме една изјава дадено во Парламентот од страна на Владата за тоа што се случува во нашата економија, каде се движат, кои процеси, кои параметри, што може дас се очекува. Кај нас за тоа ништо не се зборува. Се даваат поединечни изјави за јавноста, но не и таму каде што секоја изјава треба да биде проверена и соочена со мислењето на пратениците.

Мислам дека ваквото отстапување да ни се даде ваква одлука сега која можеби има технички карактер, заостанале некои корисници во потрошувачката, па ајде да ги замениме и т.н., на прв поглед така изгледа. Не е фер да ни се потура како замена за една темелна расправа за состојбата која не знаеме како ќе излезе. Ние сега зборуваме за металургијата на пример, зборуваме за тоа дали да им се помогне,или да не им се помогне, дали ќе им помагаме на газдите, или колку ќе помагаме, но не зборуваме за тоа што ќе ни се случи сега со падот на цените во металургијата, кој недостаток на девизи ние сега ќе го имаме. Цените на никелот ако од вообичаените за оваа и минатата година од 30, 40

или 50 илајди долари по тон паднаа на 10, 11, а маргината е 12 илајди по сегашните цени набавните трошоци да влезат да може на нула да работи тој капацитет, се разбира еве, и да не запре и да работи и да не го помагаме и од профитот да троши, тој наместо 200 милиони долари ќе донесе многу помалку, ќе донесе 50, 60, 70 милиони долари. Тој недостаток ќе се одрази ли на нашиот увоз. Извозот од Фени ни овозможил да го имаме овој увоз и оваа снабденост на пазарот и со суровини и со репроматеријали и со потреба на населението и да можеме да увезуваме волку струја колку што увезуваме. Добро, и тој троши струја, ама си ја плаќа таа струја. Така што општиот ефект кој ќе ни се случи нас, јас Фени го земам само како пример. Не смее нас да не остава незаинтересирани и да му даваме популуистички одговор и да го палиме народот како сега треба ние да помагаме газди. Ќе и помагаме на државата и на сите граѓани. Ефектот тоа ќе биде на крајот. И тие работи треба да ги разбереме и да ги кажеме. Тоа е едното што сакам да кажам. И затоа ни недостасува нас и тоа е голем минус и за Владата. Владата треба да настапи овде и да каже дека има увид во се и владее со материјата. Нас сега не тешат извештаи за состојбите на нашите девизни резерви и девизни средства во август какви биле и т.н. А нешто револуционерно темелно лошо се случува од тогаш до сега. Да видиме што се случува сега, кои долгови сега се создаваат кои мораат да бидат платени. Така што нас ни е потребно сега кога тоа не го постигнуваме со овој материјал, да го постигнеме со еден настап овде на премиерот, на клучните министри, министерот за финансии, министерот за економија да ни објснат што ќе не снајде, во која мера ќе биде тоа, кои се нашите сили да го совладаме тоа, каква гаранција ние ќе им дадеме на граѓаните. Тоа е првото.

Второ, веќе кога ја имаме оваа одлука, јас сакам да кажам, да споменам и неколку за нас чудни работи што се случуваат. На пример, ние во времето на туристичката сезона во Охрид почна да снемува вода, многу струја се трошело за Проаква каде е и колекторот, па нема вода за да се пумпа вода за туризмот, за граѓаните. Јас не им приговарам на тие од ЕВН, тие дошле тука и тие си наплатуваат. Меѓутоа, Владата мора да си направи некој договор со ЕВН и да види на што е тоа резултат, тоа се стари долгови. Некогаш Колекторот бил финансиран не од локалната самоуправа, немаа такви надлежности таму луѓето, туку го финансирале од Републиката. Се променило тоа, добила надлежности и овластувања локалната самоуправа, ама извори не му дале и не му плаќале. Сличен е случајот во Дојран. На што личи ова, два денанеделно во Дојран да нема вода, да нема струја. Таму штотуку почна да оживува туризмот. Сега наеднаш ние им ги сечеме вените на луѓето и тие што вложувале и т.н. Долговите се плаќани во Дојран за струја, кај Колекторот се плаќани од Република Македонија многу долго. Тогаш, престанале да се плаќаат. Локалната самоуправа требала да добие, ама добила надлежности, а не добила пари, извори не и дале, нема од каде да плаќа и сега што се случува? Дојран ќе го опустиме ли, што сакаме со Дојран да направиме на тој начин? Нека се видат тие работи. Истото е и со Охрид. Ако мислиме дека охриѓани се луксузираат, имаат туризам, таму доаѓаат луѓе од цел свет па имаат пари, нека плаќаат и тоа и тоа. Старите долгови не се во состојба да ги платат луѓето. Треба да се види тоа. И излегува дека не се од ВМРО-ДПМНЕ градоначалниците, па нема да обрнат внимание. Јас не верувам дека тоа е така. Мислам дека нешто е заостанато таму во администрацијата. Отстранете ги тие пречки, така не е добро.

И друго морам да ви кажам, невкусно е во целата атмосфера во Македонија да му се укинуваат пари на претседателот за да не патувал надвор, со тоа образложение. Немојте, такви работи не личат. А не го консултирале него, не се согласил тој, тие работи покажуваат дека ние сакаме да си направиме меѓу себе кавга по секоја цена. Не ни личи таа работа да ја правиме. Така не бива.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јавени господинот Цветко Грозданов, господинот Томе Чинговски и господинот Јован Манасиевски на говорот на господинот Стојан Андов.

Има реплика господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе,

Јас само во еден сегмент би сакал да реплицрам на господинот Стојан Андов. Очигледно дека господинот Стојан Андов не е запознаен со збиднувањата во Охрид, а уште помалку околу начинот на регулирањето на долговите кои што Проаква ги имаше затекнато, или да речеме локалната самоуправа. Господине Стојан Андов дали сте запознаети колку за време на изборите се вработени, има нови вработувања во Проаква. Дали сметате дека државата треба да го враќа секој пат долгот до колку менаџерот од локалната фирма го направи овој долг. Ќе ви кажам само една бројка. Јас кога бев советник во охридското Собрание бројот на вработените беше 70, сега се движи некаде околу 140 до 150 во локалната самоуправа. Ќе ви кажам дека бројот на вработените во Проаква само за време на изборите се зголеми за некаде околу 120 вработувања. Сметате ли дека една фирма која што е во загуба и една фирма која што не може да го врати долгот, или прави долгови, треба дополнително да се оптоварува со зголемување на бројот на вработувањата. Мислам дека не сте во право кога зборувате за Охрид, не сте во право кога зборувате за одредени средства кои што биле одземени на претседателот на државата. Вака не зборувавте до пред една година, колку што се сеќавам, колку што ме држи помнењето, многу поинаку размислувавте. Затоа би апелирал значи, како повозрасен кој што сте во Парламентот да си останете достоинствени и во овој момент не ви е потребна маркетиншка

позиција, затоа што вашата позиција веќе е изгубена. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Јас не знам каде се се вработени и колку во врска со изборите. Тоа не ми е важно и тие сега што се вработени веројатно старите долгови не ги направиле. Јас ви зборувам, така и во Охрид ќе го оневозможиме туризмот и ќе немаме девизни средства да се снабдува државата за сите тие работи. А во Дојран навистина се прави пустош. Тоа ви го укажувам.

А тоа мојата позиција каква е, јас морам да ти кажам, јас на позиции сум 40 години. Остани ти 40 години, па ќе разговараме.

**Трајко Вељаноски:** Репика има господинот Томе Чинговски.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се осврнам малку и на говорот на Цветко Грозданов. Очигледно не е запознат со што се се занимава Проаква, без разлика што бил советник во Собранието на општина Охрид. Сега гледам сака да се кандидира и како иден градоначалник на Охрид. Тоа нема да му успее.

**Трајко Вељаноски:** Господине Томе Чинговски, имате реплика на говорот на Стојан Андов.

**Томе Чинговски:** Зошто не го опоменавте и Цветко. Исто и тој имаше реплика.

**Трајко Вељаноски:** Тој реплицираше на говорот. Ве молам, продолжете. Имате реплика на говорот на господинот Стојан Андов.

**Томе Чинговски:** Морам да се надоврзам на дискусијата на Цветко Грозданов, затоа што кажа ...

**Трајко Вељаноски:** Продолжите на реплика по говорот на Стојан Андов.

**Томе Чинговски:** Господине Андов, мислам дека сте во потполно право дека за заштитата на Охридското езеро е надлежна Владата на Република Македонија која апсолутно не се грижи во тој дел. Значи, средствата кои што се направени, кои актуелното претпријатие ЈП Проаква кој долгува спрема ЕВН за потрошена електрична енергија 90% се за одржување на Охридското езеро. По тој повод јас имам поднесено и амандман за довршување на колектроскиот систем Лагадин-Пештани што е од огромно значење за одржување и заштита на водите на Охридското езеро. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Мислам дека Охридското езеро им припаѓа и на сите бивши генерации и на сите генерации што доаѓаат, не се само овие генерации и овие генерации немаат право да го уништат и мораат да најдат механизам како тоа ќе биде спасено. Тоа е нашата задача и јас за тоа зборувам, а не зборувам за ВМРО-ДПМНЕ, или за СДСМ. Јас ги знам и едните и другите многу убаво повеќе од вас. Сите ги знам. Сум ве испитал убаво. И си мислам и си ја терам секогаш по свое, да знаете.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпдоинот Јован Манасиевски.

**Јован Мансиевски:** Благодарам господине претседателе.

Господинот Андов посочи многу пластично на некои состојби кои што со полно право заслужуваат да бидат дискутирани, меѓутоа заслужуваат да бидат дискутирани и посуштински. Имено, ние како законодавци сме должни да најдеме решенија за тие состојби за да не ни се повторуваат, затоа што примерите што ги посочи на Охрид и Дојран се типични примери каде што централната власт ги користи механизмите за да ги казни локалните градоначалници кои што се од опозицијата, при тоа не водејќи сметка дека прави голема штета на вкупниот јавен интерес и на развојот на општината и државата. Што би рекол нашиот народ, за една шницла се коле цел вол. Меѓутоа кое е решението за овие проблеми. Ние не можеме да најдеме решение за овие проблеми со ваквата распределба на јавните расходи. Само 6% од вкупните јавни расходи во Македонија се трошат преку единиците на локална самоуправа. 94% од јавните расходи ги троши Владата. Нема ниту демократија, ниту развој во таква држава. Буквално најцентрализирана држава сме во Европа. Просечните соодноси во државите од регионот и во Европската унија се дека преку единиците на локална самоуправа се трошат околу 26% од јавните расходи. Кај нас само 6%. На секои 100 денари што ги зафаќаме со јавните приходи Владата троши 94 денари, а општините 6. И затоа имаме меѓу другото вакви проблеми. И оттаму ги повикувам сите пратеници во следниот период да се отвори дебата околу овие прашања. И ние нема да можеме да се движиме напред ако не ги зголемиме финансиските капацитети на единиците на локална самоуправа.

**Трајко Вељаноски:** Господине Манасиевски, му реплицирате на господинот Стојан Андов, а не кон пратениците.

**Јован Мансиевски:** Ве молам, господине Вељановски да не ме прекинувате. Јас ја сфаќам фрустрацијата на мнозинството што нема идеи. Меѓутоа, дозволете оние што имаат идеи во овој Парламент како што е ЛДП да ги искажуваат. Понатаму проблемот што го истакна господинот Андов со ограничувањето на Буџетот на претседателот, мора да се разреши на принципиелен начин. Кој е принципиелниот начин? Не може Владата да дава предлози за ребаланс или промена, ниту во делот на претседателот, ниту во делот на Собранието, ниту во делот на судскиот систем. Само овие елементи на власта ќе бидат со можност, со надлежност тие да предлагаат промени. Вака може да дојдеме во ситуација кога Владата ќе врши директен притисок на овие носители на одвоена власт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Јас кога зборував, реков дека навистина се стекнува впечаток и во двете места и во општина Охрид и во општина Дојран не се градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ. Само навистина не сакам тоа да се сфати дека јас сметам дека заради тоа е ваква ситуацијата. Јас мислам дека долгови се создавале и порано и тие долгови и сега не се плаќаат и тогаш не се водело сметка и не се плаќале тие долгови. Така што ова се многу сериозни работи, ќе направиме големи грешки, ако не ги решиме вака како што сигнализирам.

А што се однесува за претседателот, би можеле да разговараат со него, да кажат дека тој се согласил. Имаме тешки состојби во надворешната политика каде што мора да оди претседателот. Не смееме ние да правиме вакви препади, без тој да знае. Држава сме. Оставаме впечаток како да сакаме само да се караме.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има министерот за финансии, Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Во врска со забелешката за Буџетот на буџетскиот корисник претседателна Републиката како што фигурира во Буџетот, во Буџетот сите се рамноправни без разлика на тоа какви функции извршуваат од аспект на буџетските правила и т.н. Имаше низа манипулации во јавноста на кои што Министерството за фианнсии јавно одговори. Но, тоа ако се поставува овде, јас ќе одговорам и тука. Се е направено во согласност, сугестија на Кабинетот на претседателот на Република Македонија. Значи, нашите буџетски службеници разговараат со најголемиот број на буџетски корисници кога станува збор за вакви пренамени на средства. Господине Андов, и сите други сакам да ве уверам дека во Буџетот на буџетскиот корисник претседател на Република Македонија во остатокот од оваа година има доволно средства за реализација на сите предвидени и непредвидени патувања кои што можат да се реализираат.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам на овој одговор. Сакам да се отстрани тоа недоразбирање. Ако е така, тоа е сосема во ред, ако се договориле. Ама не добивме во јавноста таква информација. Во тоа е работата, не е за друго.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Горан Сугарески.

**Горан Сугарески:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Пред нас е една симптоматична одлука за прераспределба на средства од Буџетот на Република Македонија која што во изминатиот период предизвика доста полемики во јавноста, а гледам денес и на седницата во оваа сала. Зошто сметам дека е спорна оваа одлука? Ова е веќе втор, или трет пат по ред со една Предлог одлука да се распределуваат над 70 милиони евра на буџетски корисници кои што се надвор од проектираниот Буџет. Според искажувањето на Министерството за фианнсии кое имавме прилика деновиве да го гледаме преку медиумите законско и легално, бидејќи Министерството ги контролирало сите фианнсиски текови, немало зголемвуање на приходната страна, па затоа и немало потреба од ребаланс на Буџетот. Да потсетиме дека сега сме крајот на октомври и буџетската година завршува за неполни два месеци. Средствата кои што му се доделуваат најголем дел, односно најголем обем на Фондот за здравство и на јавните претпријатија кои што не потпаѓаат под трезорското работење е еден провиден обид да се зачуваат парите, да не бидат одземени со законски ребаланс кој што би се случил на крајот на фискалната година.

Имено, тие средства не мора да бидат потрошени од страна на јавните претпријатија, а сепак да не бидат одземени до крајот на годината. Што ова покажува и како ние треба ова да го толкуваме. Треба да се поврзат работите. На пример, градоначалникот на Битола во неколку наврати објаснува дека парите за индустриската развојна зона во Битола, кои требаше да ги добијат од Владата, се префрлени на МЕПСО. Парите од РЕК кои требаше да ги добие општината, исто така се префрлени на Фондот за патишта, па се очекува тие да бидат префрлени на општината за реализација на проекти околу локалните патишта и слично. Зошто го зборувам ова? Провидна е намерата на Владата преку ваква намена на буџетски средства да се обезбедат пари на локалните избори во март. Средствата ќе бидат префрлени најпрво на јавните претпријатија, ќе се добие на време и кога ќе започне популистичкиот добро познат на ВМРО-ДПМНЕ со истурање на пари на сите овие места каде што ВМРО-ДПМНЕ е неприкосновен и со градоначалници, тие пари ќе бидат префрлени на јавните претпријатија, на ВМРО-те градоначалници за реализација на проекти со кои што ќе се купува наклоноста на гласачите. Ќе се асфалтираат некакви локални патишта, улички, па нешто ќе остане и за трошоци во кампањата. Сето тоа од буџетски народни пари. Многу ме интересира зошто се одземаат средства од Министерството за надворешни работи и од ставката на Претседателот на Република Македонија. Дали со тоа сакаме да му напакостиме на Претседателот преку скратување на негова агенда на активности на меѓународен план или пак свесно сме се откажале од евроатланските интеграции. Тоа треба да се каже, да се образложи со поцврсти аргументи, а не како што од Министерството за финансии кажуваат во медиумите дека Кабинетот на претседателот наводно се согласил за кратење на тие 8 илјади евра. Зошто Фондот на здравство се става во привилегирана ситуација на два месеци до завршетокот на годината ги решава сите овие тендерски постапки за кои што не може да се одговори цела година. Каде е успешноста во парирањето на трошоците. Каде се фамозните 40 милиони евро во здравството. Со каква динамика тече тој помпезно најавуван проект на Владата.

Дали се прошетало низ болниците, особено надвор од Скопје да се види состојбата со која се соочуваат пациентите и докторите. Каде е отчетноста за реализација на реформите во здравството со постојано давање на пари, а ефекти нема. Секојдневно преку медиумите го гледаме тоа. Ако веќе се врши пренамена на средствата, зошто не се поддржуваат резервистите во конфликтот од 2001 година за материјално обезбедување. Ние знаеме дека, овде имаме точка на дневен ред која што упорно се одлага, иако луѓето собраа повеќе од 30 илјади потписи, меѓутоа никако точката да дојде на дневен ред односно да се донесе таков зако. Дали и тие ќе ја доживеат судбината на стечајците кои што беа финално излажани во изборната кампања, а резултатите ги видовме сега. Стечајците од Прилеп прашуваат, зошто само десетина од нив ќе добиваат договорена помош, а Прилеп знаеме дека е најголем град со стечајци. Гледам и добро е овде сте предвиделе средства во одлукава околу културни обележја на Прилеп, меѓутоа добро е еве сега гледаме и веројатно дел од пратениците од Прилеп ќе ми реплицираат, добро е да се побара овде средства, бидејќи состојбата со водоснабдувањето во Прилеп е катастрофална во моментов, а за жал гледам овде во ставката од Министерството за транспорт и врски се намалуваат средства за водоснабдувањето на Прилеп. Вчера читавме во средствата за јавно информирање дека дури и директорот најавува оставка, а добро е и градоначалникот да ја послуша таа молба на тој директор и веднаш да го разреши уште денес.

Да завршам, ова е уште една фарса сервирана од Владата, уште малку Парламентот ќе биде комплетно и целосно заобиколен, па и Буџетот, бидејќи Владата најдобро знае, најревносно се грижи за својот народ. Контролните механизми кои се дадени во Уставот помеѓу законодавната и извршна власт одамна се суспендирани. Парламентот заличува на еден куклен театар во кој што не се одлучува, едноставно одлуките се носат на друго место.

Јас како пратеник лижно ќе гласам против оваа одлука, затоа што е незаконска и неодговорна и претставува потенцијална злоупотреба на народните пари од страна на извршната власт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Димеска Катерина:** Благодарам претседателе.

Јас сакам во кратки црти да реплицирам на мојот пожитуван колега и уште на почетокот да му кажам дека јас ќе гласам за оваа одлука од една и едноставна причина, затоа што тогаш кога се донесуваше Буџетот за 2008 година и во целост го реализиравме и го разгледувавме, можеби колегата не успеа да го види дека се работи за еден развоен буџет и со таа цел и насока се оди и сега понатаму за целосно трошење на средствата од Буџетот, се со цел тие средства наменски да бидат прераспределени со оваа одлука и всушност да се оди кон реализација на она што значи програма која што ја ветивме на граѓаните во нашата предизборна кампања во 2008 година.

Беа потенцирани неколку точки во неговата дискусија, па во кратки црти јас би спомнала некои од нив со мое видување по конкретните точки.

Најпрво, нема да се согласам на она што беше кажано дека најпрво ќе се доделат средствата на јавните претпријатија, па наводно ќе се направи некаква злоупотреба, можеби така размислува некој друг, меѓутао не  размислува таа оваа Влада, овој министер за финансии кој што буквално оди во целосна анализа на средствата и ги планира што се вели до денар. Јас лично како пратеник и како граѓанин на општина Прилеп се гордеам, доколку во мојот град и во сите останати општини се асфалтираат улици, па макар и патчиња.

Друго, сакам да потсетам дека она што значи усовршување на здравствените установи, она што значи усовршување на болниците таков исчекор е направен во нашата општина. Се отвори инфективното одделение и се создадоа услови за згрижување на пациентите во нормални услови и во услови какви што всушност и заслужуваат граѓаните.

Беше спомнат проблемот со водата. Тоа е прашање кое што можеби мене повеќе ме тангира, затоа што мојата матична установа од каде што доаѓам како пратеник е точно Јавното комунално претпријатие Водовод и канализација од Прилеп. Можам да кажам дека она што значи состојба со издашноста на изворот, она што значи состојба од природата бурно се следи и се согледуваат конкретни мерки и чекори ќе се преземат во таа насока. Се надевам дека ние како пратеници, се надевам дека градоначалникот на општина Прилеп во целост ја согледува таа состојба и ќе бидат преземени конкретни мерки за да се ублажи тоа прашање, а впрочем и да не заборавиме се во тек насоките и активностите за реализација на грантот со КВВ банка кој што точно оди во насока на подобрување на водоснабдувањето во мојата општина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Сугарески Горан, повелете.

**Горан Сугарески:** Кога во 2005 година и минатата година се покачуваше цената на водата, зошто тогаш не им објаснивте на граѓаните дека може да дојде сушна година и да немаат вода, а сметките едновремено да им доаѓаат како што им доаѓаа во изминатиот период. На средбите во петок кои што се организираат со граѓаните јас немам впечаток дека пациентите, па и дел од докторите со кои што разговараме се задоволни многу од услугата од болницата во Прилеп.

Уште еднаш би се навратил конкретно на водоснабдувањето. Никој не спори дека треба некакви културни обележја, улици и патишта треба да се прават во Прилеп, меѓутоа конкретно

ме интересираше за водоснабдувањето. Зошто кога се покачуваше цената за 100% на водата цело време се повикувавте дека тоа е некаков си проект кој што КВВ банка го бара и некаков договор со таа банка, ние упорно тврдевме дури покажавме договори со КВВ банка дека нема потреба од зголемување на цената, тогаш тврдевте дека оваа банка бара покачување на цената.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, многу е интересно што многу работи направивте за Прилеп, па забравте гајле и за градот Битола. Бидејќи го спомнавте градот Битола, затоа ќе ви реплицирам. Ако следевте вчера телевизија, веќе започна со работа во врска со Проектот Индустриска зона и градоначалникот е доволно способен дали се даваат од Владта пари или не се даваат индустриската зона започна. За ваша среќа или жал, но нас ако ни треба помош, пошто берите гајле за Битола, ќе ве побараме. Вие можеби ќе обезбедите повеќе пари отколку градоначалникот кој е навистина способен и Битола е градилиште, само толку ќе ви споменам, а тој што реплицира понатаму во врска со Битола, бидејќи Битола служи за пример како треба да работи еден градоначалник понатаму ќе продолжам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Колега Сугаревски, го спомнавте Министерството за надворешни работи и сакам во овој контекст да ве дополнам. Во период кога на нашата држава исклучително и се потребни дипломатските активности, Министерството за надворешни работи има намалување на средствата од 350 милиони денари. Во овие средства најмногу се намалени средствата кои се однесуваат и се скратени на дипломатските конзуларни претставништва околу 50 милиони денари и се разбира најавуваниот проект за купување на амбасади, сигурно нема да се реализира, затоа што таму намалувањата се 150 милиони денари. Очигледно Владата се откажала од тој проект.

Кога го спомнавте Министерството за здравство еден од клучните проекти со кој Владата, оваа Влада и претходната Влада тргнаа промените во Министерството за здравство, пред се во терцијалното здравство, намалувањето во овој сегмент од 350 милиони денари значи дека немаме повеќе што да коментираме. Реформите во здравството дефинитивно тргнаа во погрешна насока. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика нема.

Има реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии, почитуван колега Сугарески, многу жалам што мојата реплика нема да се вклопи во претходните неколку реплики во стилот три минути пропаганда за Владата, покрај многу платените пропаганди што секојдневно ги гледаме на телевизии. За жал и пратениците од парламентарното мнозинство тргнаа во таа насока. Но, јас сакам да ви кажам дека навистина во време кога граѓаните во Прилеп пијат најскапа вода во Македонија, а за жал последниве денови не ја ни пијат, затоа што ја нема и мора да пијат минерална вода, дури и да се мијат со минерална вода, а тоа значи да се одземаат од стапката 3Г- водоснабдување на Прилеп, 10 милиони денари, што мислам дека е нелогично и е далеку од здравиот разум. Меѓутоа, очекувам дека министерот за финансии ќе има слух и овие пари ќе ги пренамени, затоа што може амандмански да интервенира до крајот.

Што се однесува за одземањето, почитуван колега Сугарески, на средствата од здравството, не би сакала многу да говорам, граѓаните во најголем број се корисници на здравствените услуги, не само во Прилеп, туку насекаде во Македонија и самите тие можат да оценат какви здравствени услуги им се пружаат, дали се задоволни или не се задоволни. Но, мислам дека набрзо и самите тие ќе го изразат своето мислење. Затоа, почитуван колега Сугарески, ќе морам да ве поправам во вашиот навод, не само што е намалено водоснабдувањето, туку во повисоките делови на градот во последните денови и воопшто нема водоснабдување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Веројатно, процедурално бара госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Господине претседателе, редно е мислам да го употребите, се јавувам процедурално во однос на членот 89 каде што точно стои што треба да се каже во вид на реплика. Сите претходни дискутанти, особено денес воопшто не го применуваат членот 89 каде што се знае децидно што е реплика, што е појаснување или некоја друга категорија и форма. Ако тие не дошле навреме овде да се пријават за редовно говорење, не сме ние пратениците овде должни да ги слушаме нивните говори во вид на реплики, кои што воопшто не се реплики. Или е тоа дел од некое сценарио, или е од некој режисер кој е надвор, глумциве ги гледаме тука внатре и од сабајле продолжуваат со вакви “типови” на реплики.

Уште нешто би ве замолила да го спроведете и членот 62. Гледам дека пратениците од ЛДП овие денови стојат на нозе, па таму треба да се грижите за нивното здравје, крвта може од главата во нозете им преоѓа ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Јас и претходно реагирав во однос на деловничката одредба за репликата. Не би сакал сега од некои пратеници да бидам погрешно сфатен во однос на тоа, но некогаш и ќе треба да се примени строго Деловникот во однос на

потребата од говорење на реплики и контра реплики. Затоа ние имаме и координација каде што се договоривме стрикно да се придржуваме кон Деловникот, но од страна на одредени пратеници сепак има одредена злоупотреба која што мислам дека понатаму не би требало да се злоупотребува тоа право кое што му го дава Деловникот. Сепак, треба да внимаваме и ние кога употребуваме одредени зборови за одредено однесување на одредени пратеници генерално. Затоа, би ве замолил во таа смисла да се води дискусијата во Собранието на Република Македонија. Мислам дека претходните денови имавме доста конструктивна дискусија во однос на еден битен закон, тоа беше Изборниот законик. И оваа одлука е многу битна и затоа во таа насока би сакал да се води дискусијата.

Процедурално госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Кога ги читаме Деловникот и законите, за законите малку потешки ги читаме, да бидам искрена, но барем Деловникот кој што вие го донесовте без консензус, што не е пракса во ниту една земја во светот, треба барем да го читаме она што го разбираме. Репликата може да биде да се надополни навод искажан од претходниот говорник. Така што, со ништо не е нарушен членот 89. Не знам уште кој член го цитираше колешката, јас ве молам почитуван претседателе да водите сметка и да покажете малку разбирање и почит кон граѓаните на Република Македонија. Ние од ЛДП им се обраќаме пред се на граѓаните и тоа е нашиот начин и тоа го предложивме и во Деловникот, но со оглед на тоа дека никогаш, ама баш никогаш нема да се промени ниту една запирка на Деловникот кој што вие го донесовте, барем така оди тенденцијата, колку и да ви укажува меѓународната јавност дека тоа не е во ред и Деловникот ќе биде во следниот извештај на Европската унија. Затоа, почитуван претседателе, ве молам да ги прекинете ваквите дискусии.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би ве замолил согласно членот 33 од Деловникот доколку може да ни доставите список колку пратенички групи постојат во Собранието и кое се членови на тие пратенички групи, нивни координатори и заменици, се со цел да имаме јасна претстава околу можноста да се користи процедуралната забелешка за одреени политички дебати. Во таа смислам би ве замолил, иако еднаш имаме добиено, сега уште еднаш би замолил да добиеме, да не се случува доколку некој член од пратеничка група, а кога има потреба да користи процедурално, да кажува дека не е член на таа пратеничка група. Затоа, ве замолувам да ни доставите список. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ја примам молбата од ваша страна, но како и што и самите кажавте дека претходно ги имате добиено кои членови во која пратеничка група се, но сепак во секој случај еве службите ќе доставaт уште еден примерок до вас лично, сепак за да имате евиденција во однос на тоа, односно нормално од сите пратенички групи и кои не се во пратеничките групи.

За збор се јави госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

Претставници на Владата, колешки и колеги пратеници, ако може да се обидам накратко да дефинирам Предлог одлуката што ни е доставена денес, таа ни укажува на три работи. Тоа дека Владата уште еднаш потврдува дека работи без компас.

Второ, дека се откажува од националните приоритети на Република Македонија.

Трето, дека прави се за буџетските средства во кој што вложуваат граѓаните на Република Македонија, да ги користи за кампања за локалните избори.

Во јули бевме седоци дека се случи ребаланс од страна на техничка Влада, која што не убедуваше дека ребаланс е неопходен заради одредени приоритети кои што треба да се реализираат до крајот на оваа година. Сега сме октомври, во октомври, и тоа дури средината на октомври, не почетокот на октомври, речиси помалку од два месеци од ребалансот на Буџетот наеднаш бевме изненадени од доставување на Предлог одлука за реалокација на буџетски средства од огромна сума, која што по сите нормални критериуми би требало да биде ребаланс на Буџетот.

Тоа фактички покажува дека Владата во суштина не знае како да се справи со одредени приоритети, нема никаква стратегија за равој на државата, нешто за што би требало да се користат средствата од Буџетот на Република Македонија и дека практично без компас продолжува да ја води Република Македонија.

Уште повеќе што средствата кои што се одземаат укажуваат на сериозни пропусти во работењето на Владата на Република Македонија, имајќи ги во предвид уште повеќе средствата во ставките кои што се додаваат од другата страна во Буџетот.

Имено, во ситуација во која што во екот на најголемата кампања “знаењето е сила, знаењето е моќ” најмногу средства се одземаат во сферата на образованието навистина не доведува во прашање кој е приоритетот во Република Македонија.

Ако слушаме дека приоритетот е образованието, се одвојуваат огромни седства за рекламни кампањи, за реклама на образованието, за факултет во секој град и покрај тоа што сите тие реформи доживеаја дебакл, сега наеднаш два месеци после ребалансот ние се доведуваме во ситуација да се одземаат огромни средства од

стапкта на Министерството за образование, најголеми од сите со што сериозно се доведува функционирањето во образовниот систем до крајот на оваа година.

Од друга страна на Агенцијата за разузнавање се зголемуваат средствата и како што успеавме да слушнеме од страна на министерот се користат огромни средства за набавка на безбедносна опрема кои ќе се реализира до крајот на годината.

Сега, јас ве прашувам за кого тоа се подготвувале ние да се браниме ако е толку ургентно на ваков начин да се реагира и да се одзема огромен дел од средствата во образованието за да може да се купи безбедносна опрема, јас се прашувам во каква ситуација се наоѓа Република Македонија. Каква е нејзината безбедносна ситуација за да мораме да реагираме на ваков начин и итно да набавуваме опрема до крајот на годината за да можеме да ја одбраниме државата. Ве прашувам од кого?

Од друга страна ги одземате средствата од Министерството за одбрана без образложение во ситуација кога Република Македонија чука на ратата на НАТО и треба да исполнува одредени стандарди, меѓу кои и ставката во Министерството за одбрана.

Владата ги одзема средствата и од Секретаријатот за Европски прашања кој што не убедува постојано дека Владата е посветена на Евроинтеграциските процеси, 95% од условите сме ги исполниле, меѓутоа сега наеднаш гледаме дека во буџетските приоритети, во приоритетите на Владата не е ниту НАТО, ниту Европската интеграција, туку напротив набавка на безбедносна опрема за Република Македонија. Тоа значи дека она што се надзира извесно време наназад дека Владата признава и на ваков начин дека се откажува од националните приоритети на Република Македонија, а тоа се евроатланските интеграции. Значи, доближувањето на Република Македонија и кон Европската Унија и кон НАТО.

Во прилог на ова доаѓа и аргументот кој што го споменаа неколку пратеници претходно, меѓу кои и господинот Андов, дека во ситуација кога на Македонија и е потребна интензивна кампања надвор, интензивно лобирање за достигнување на овие национални приоритети ние имаме одземање на средства за патни трошоци од ставката на претседателот на државата, со што уште еднаш покажувате амонизитет спрема личноста, спрема господинот Бранко Црвенковски и на тој начин не придонесувате за подобрување на имиџот на Република Македонија надвор заради тоа што направивте се да прикажете дека нема кохабитација помеѓу премиерот и пртседателот и дека сакате да ја маргинализирате улогата на претседателот на државата, меѓу другото и на овој начин, со одземање на средства за во клучен момент во државата кога треба да се искористат сите луѓе што се на позиции, сите луѓе кои што се во можност да лобираат за подобрување на меѓународната позиција на Република Македонија и достигнување на националните приоритети.

Меѓутоа, во ситуација кога сме сведоци дека Владата и на овој начин јавно кажува дека националните приоритети за Владата на Република Македонија не се Европската унија и НАТО тогаш очекувам да кажете кои се националните приоритети во Република Македонија, заради тоа што и по оваа одлука се гледа дека приоритетите се изместени.

Приоритетот е набавка на безбедносна опрема за Република Македонија и покрај тоа што Владата не соопштува од кого толку итно треба да се браниме па да набавуваме нова опрема, приоритетот е зголемување на ставката за други тековни расходи во Владата на Република Македонија и тоа за 24 милиони денари без никакво образложение за што тие средства ќе се користат.

Претпоставувам дека повторно ќе бидеме сведоци на некои од рекламните кампањи кои што не даваат никаков резултат во Република Македонија, а кои што се користат само како параван за користење на буџетските средства, за трошење на буџетските средства за лични потреби на една група околу премиерот и одредени функционери во Владата на Република Македонија.

Во сите меѓународни извештаи на кои што бевме сведоци и на сите контакти со меѓународните експерти до 2006 година Република Македонија беше посочувана како пример за тоа како треба да се одвива процесот на децентрализација. Меѓутоа, ние сме соочени, со доаѓањето на Владата на ВМРО ДПМНЕ, со назадување на овој процес од децентрализација кон комплетна централизација. Тоа и досега се одвиваше на различен начин, на сите можни начини на кои што беше можно да се одземат ингеренциите на локалната самоуправа и да се изврши упад во она што веќе е надлежност на општините, тоа беше направено.

Во оваа одлука се зголемуваат капиталните донации до единиците на локална самоуправа, меѓутоа, проблемот е што во прераспределбата немаме рамноправна и рамномерна распределба на сите општини, на нивните потреби, туку напротив ова е ставка која што ќе се користи во рамките на кампањата за локалните избори, впрочем како што тоа Владата го практикуваше и пред вонредните парламентарни избори. Благодарение на парите на граѓаните организираше кампањи, организираше неконтролирано трошење на буџетските средства за прашања што идат во нечиј прилог, а не во интерес на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Цветан Грозданов, повелете.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да напоменам дека не случајно СДСМ се изненадени од ребалансот, поточно од

пренамената на средствата од една проста причина што и она што им е дадено во писмена форма да се подготват, да го прочитаат не го разбрале добро, така да госпоѓице Грнова Лошкова ќе ви напомнам дека во 2006 година, кога и вие бевте претседател на Комисијата за образование одвојувањето од бруто домашниот производ беше 2,1. За разлика од вас како СДСМ, кој што толку могу вложувавте во образованието, во наводници, денеска во 2008 година издвојувањето на бруто домашниот производ е 5,7. Математиката е многу јасна и граѓаните знаат дали се инвестира или не се инвестира во образованието.

Она што вие немавте визија и што немавте храброст да ги спроведете реформите во образованието не ви дава за право да давате одредени критики за одредени мали или минимални прераспределби на овие средства кои што одат во образованието.

Што се однесува до Минситерството за одбрана, исто така лошо сте го разбрале, затоа што ставката од 2,3 Македонија веќе ја обезбедува и ја има. Се движи во границата на нормативата, поточно на нормалноста на она што го предвидуваат НАТО стандардите.

Така да може би имате право за децентарлизацијата кога зборувате дека капиталните инвестиции се зголемуваат во таа ставка, но не се зголемуваат само кај градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ, туку се зголемуваат и кај градоначалниците од СДСМ, со една напомена дека овие градоначалници врз основа на одредени проекти и на одредена програма која што ја носат во текот на тековната година како совети на општините, или на локалните самоуправи можат да добијат средства, но за жал градоначалниците од СДСМ кои што ги имате избрано, поточно кои што народот ги избрал на некој начин, можеби под одредени влијанија победиле на претходните избори, ќе напоменам дека немале визија за да ги водат локалните самоуправи. Многу мал е бројот на градоначалниците кои што имаат покажано или доставено одредени проекти за одредени капитални инвестиции. На таквите градоначалниците им се одобруваат средства. Само за Охрид има доста средства кои што оваа Влада има ододбрено. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Славица Гркова Лошкова, повелете.

**Славица Гркова Лошкова:** Навистина е тешко господине Грозданов кога ќе ви дадат еден текст и мора да го повторувате постојано.

Морам да ве разочарам, пратениците на СДСМ не користат доставени пишани материјали, туку имаат капацитет сами да говорат за разлика од вас.

Што се однесува до делот на буџетските средства на Министерството за образование ако дадете на почетокот одреден број на средства, а потоа неколку пати ги одземата, со најновото одземање на преку 700 милиони денари во Минситерството за образование, пресметајте сега колку ќе биде буџетот во образованието, па после фалете се. Меѓутоа, затоа прво треба да ги читате материјалите, а потоа да се јавувате за реплика.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа во 15,10 часот

(Седницата прекина во 14,08 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,27 часот)

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски**: Благодаам претседателе.

Предлог одлуката за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централно ниво и меѓу фондовите само ја отсликува реалната слика во Република Македонија.

Денес дискутираме за повеќе од 70 милиони евра, средства од Буџетот на Република Македонија кои се прераспределуваат на места за побрзо и поефикасно трошење, а не за постигнување на резултати и решавање на проблемите на граѓаните.

Оваа одлука, според нас, прво е незаконска заради тоа што согласно Законот за буџети се знае како може да се прават распределби на определни стапки и до колкави проценти.

Ако министерот за финансии, за ваква одлука, во месец декември 2007 година тврдеше дека немал доволен период за да ја предложи како ребаланс на буџет, сега не гледам од кои причини тоа не го прави во овој момент заради тоа што до крајот на годината имаме цели два месеци. Значи покрај тоа што одлуката е незаконска за која најверојатно и Уставниот суд ќе се произнесе се потврдуваат мислењата дека Владата нема приоритети, дека е неспособна да располага со буџетските средства и продолжува единствено да прави реклами и кампањи за се и сешто, притоа занемарувајќи ги вистинските проблеми на граѓаните.

Денес на некој начин ќе се одобрат сите оние желби и потреби на Владата за кои слушавме најмногу на владината седница кога од ракав се тресеа милиони денари само за да се задоволи суетата на поединци и да се докаже дека во државата за се тие одлучуваат.

Во образложението навистина се гледа дека некој смета дека во Република Македонија живееме во стаклено ѕвоно и дека никој околу нас ништо неможе да влијае.

Со оваа одлука треба да се покријат или треба да се затскријат сите оние ветувања кои Владата ги даде, а до ден денес сме ги имале реализирано. Затоа кога ќе се прочита образложението навистина ќе се види дека тоа е конфузно, дека е промашено, со постојано префрлање на средставата од една во друга ставка без притоа да се има концепт за истото. При тоа не може да

се скрие фактот дека оваа Влада не знае да ги менаџира средствата на граѓаните. Единствено што знае е да ги употребува за скапи и непродуктивни кампањи чии број не се знае, за која цена воопшто не се дискутира, бидејќи таа и онака не е позната за граѓаните на Република Македонија.

Сега сакам да се задржам на неколку ставки кои се дадени во Предлог одлуката.

Поголеми средства се прераспределуваат во самото Министерство за здравство и се префрлуваат на фондот на здравствено осигурување.

Образложението кое го слушнавме од министерот за финансии стои дека право се измирувале доспеаните долгови од над 60 дена, на Јавните здравствени установи за кои се обезбедува износ од 800 милиони денари. Тука се поставува следното прашање. Зошто ако некој ги задолжил Јавните здравствени установи до ден денес нема одговарано? Зошто поставувате по два директори и нели трвдевте дека со ваквот поставување на директорите во Јавните здравствени установи ќе се врши контрола ќе се работи совесно, меѓусебно ќе се контролираат.

Исто така се тврдеше дека на секои 6 месеци ќе се врши контрола на сето тоа што го имаат ветено во програмата и сето тоа што го имале реализирано. Поминаа повеќе од две години, не слушавме деке еден од тие директори кој бил поставен по овој принцип или заради то што го заглавил Јавните здравствени установи, до ден денес е сменет.

Деновиве сведоци сме на префрлање на одговорноста од спомenатите институции, значи од предлагачот од Министерство за здравство и фондот на здравствено осигурување, како и кој треба да ги врши набавките Јавните здравствени установи. Болниците и клиниките при тоа бараат опрема и инструменти во вредност од 15 милиони евра, а Фондот за здравствено осигурување им дава односно одобрува седум пати помала ставка односно 2 милиони евра.

Во образложението се гледа дека најголем дел од овие средства на Фондот за здравствено осигурување во висина од 1,6 милијарди денари. Додека овие две институции меѓусебе се обвинуваат за тоа кој ќе ги врши набавките по здравстените организации, дали постапката ќе се води во Министерството или Фондот за здравствено осигурување, дали во болниците ќе ги распишуваат самите тендери на предлог на Фондот, на терен ситуацијата е многу поинаква. Сега не знам кои долгови навистина ќе се покриваат, бидејќи пациентите во Јавното здравство со недели и со месеци чекаат на снимање поради недостиг на апарати. За момографија се чека повеќе од два месеци, за снимање на желудник повеќе од 3 месеци. Болните често сами ги купуваат основните медицински материјали, лекови итн., но тоа навистина не ги загрижува одговорните лица и тие понатаму можат да продолжат да се караат за тоа кој ќе ги врши набавките, а за мотивите е сосема друго прашање.

Во образложението е наведено дека дел од средствата се предвидено за изградба на трафостаница во индустриската зона Жабени, како и за средства за влезот во Битола. При тоа сакам да го прашам министерот или можеби заменик министерот ќе каже, незнам дали се работи за истиот министер Трајко Славески кој во 2007 година на 13 декември при поднесување на една ваква одлука изјави дека 80 милиони денари во тој момент ќе послужат за електрификација на индустриската зона Жабени. Денес во образложенито што го добивме слушнавме дека за прв пат можеби до сега се предлагаат 300 милиони денари за помош на општините во Република Македонија и во тој контекст за изградба на трафостаница за индустриската зона Жабени и за изведба на влазот во општина Битола во правец на главниот град, или од правец на Прилеп.

Прашувам каде се парите кои една година во општина Битола ВМРО ДПМНЕ ги рекламира, кажува само што не стигнале, само што не проработила индустриската зона Жабени, а до ден денес навистина никој нема дадено одговор каде се тие пари. Согласно оние информации што ги имаме најверојатно парите завршиле во МЕПСО, иако се знае дека МЕПСО не е надлежен за изведба на таква трафостаница. Напротив, за тоа е надлежен или има согласнот ЕВН.

Пред два дена го слушнав градоначалникот на општина Битола како 5 минути на една локална телевизија се обидуваше да им објасни на граѓаните на Битола, средствата пред една година во истата сума од 80 милиони денари биле префрлени за оваа намена, од кои причини до ден денес не се стигнати. Сега го поставувам прашањето дали се работи за дополнителни 80 милиони денари кои треба да легнат на сметка на ЈП Жабени и во моментот во индустриската зона Жабени ќе имаме инвестиција од 160 милиони, или се работи за оние исти 80 милиони денари кои цела година градоначалникот на Општина Битола ги бара.

Второ, дали средствата кои ги посочи министерот дека се однесуваат на изградба на инфраструктура на влезот во општина Битола, во правец на главниот град или во правец од Прилеп, за што се предлагаат 110 милиони денари. Се работи за истите средства за кои градоначалникот на општина Битола пред два дена изјави дека на сметка на поранешното претпријатие Фондот за патишта . ако веЌе предлагате нови дополнителни средства треба да ни објасните дали тие дополнителни средства се токму овие, или се работи за исти финансиски средства за кои постојано во медиумите сакате да ги лажете граѓаните на општина Битола дека многу се грижите за општина Битола и дека многу инвестирате во истата. Очекувам одговор од почитуваниот министер, бидејќи министерот најверојатни има побитни работи од тоа да ни објасни на нас пратениците, преку нас граѓаните

каде ќе завршат овие финансики средства и дали ќе завршат на истиот начин како што завршија пред една година. При тоа сакам да кажам дека наместо да се содаваат услови да се враборуиваат граѓаните, се отвраат н ови кујни, наместо да се купуваат против пожарно возила во пролет, но се надевам дека овие против пожарни возила конечно ѓе стигнат во Македонија и ќе биде неуспешен тендерот како што е неуспешен за медицинска опрема од 45 милиони евра.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодрам претседателе,

Согласно вашиот Деловник треба човек нозе да испокрши, бидејќи со министererто Трајко Славески треба да се бориме на три фронта.

Во тек е седница на Комисија за труд и социјлна полтика, за еден сериозен закон кој треба да се разгледува на 4 ноември, овде уште посериозно имаме, да не речам скадалозно, да не речам криминално трошење на средства од Буџетот на Република Македонија и со оглед на тоа што заменик министерот одбива да говори на наши отворени дилеми, очекував дека ќе имате доблест да дадете барем 15 минути пауза за да го причекаме господинот Славески за она што е одговорен да дојде и да реферира.

**Трајко Вељаноски:** зборувајте на темата бидејќи темата ќе ви истече.

**Весна Бендевска:** Не очекувам ако е Славески тука ќе ги добиеме одговорите зошто тоа го прави спротивно на законските одредби по законските буџети, јасно е бидејЌи минатата година во очи на нова година Владата на Груевски усеа да потроши 47 милиони евра спротивно на закон, сега тоа, со оглед на тоа што се ближат локалните избори треба да го направат, но сега речиси во двојно похолем износ, 74 милиони евра.

Мене ми жал, иако не побаравме експозе од Славески , но точно пишива каде тој мисли да ги троши парите и ова, условно речено се вика, се ближат локални избори, бидејќи онаа последна скадалозна прераспределба на средствата минатата година беа апсолутно наменети на кампања на тогаш веќе за вас дефинирани предвреемени парламетарни избори и ќе кажам зошто. Претпоставувам дека и колегата од Битола говореше, срамота е денес Слевески да кажува дека повторно за општина Битола оделува 80 милиони денари, за електрификација на Жабени, бидејќи лично побарав согласно Законот за пристап на јавни информации и добив копија од преносот од 80 милиони денари за електрификацијата кои до ден денес не се Битола. Знаете каде се? кај Здравев. Здравев е чувар на партиското чекмеже на ВМРО ДПМНЕ кое го прокрива изборните кампањи. Зато се плашам дек ниту овие 80 милиони за елекртификација, ниту 110 милиони кои беа за влезовите на град Битола. Знаете зошто? Ако ВМРО ДПМНЕ навистина сакаше да оддели пари од централниот буџет за влезовите. Ќе ве потсетам, од 2006 година на секој буџет и на секој ребаланс барав пари за тоа. Што требаше, да дојдат 3 месеци пред избори? Па каде е госпоѓата колешка Стефановска, нели таа секогаш вели ние имаме чудо од градоначалник. Ако е толку моќен тој градоначалник до сега требаше да избоксува во сопствената партија, до сега веќе да ги имавме добиено, и повторно парите треба да се трошат за предизборен маркетинг. Така што во дел од ова прашање, апсолутно е скандалозно. Тоа буквално значи повторно форсирање на јавната потрошувачка, но експертите велат дека е зголемување на јавната потрошувачка. Енормно високиот буџет буквално работи на уништување на економијата со оглед н а тоа што експертите тврдат дека на крајот на 2008 година трговскиот дефицит ќе достигне рекордни 2, 2 милијарди евра. Каков економски развој, каква светла иднина нудат експертите од ВМРО ДПМНЕ. Тешко на граѓаните на Република Македонија.

Ако погледнете ќе видите дека апсолутно, за тоа говореа и колегите пред мене, се одземаат на пример средства токму од Министертвото за локална самоуправа, а Славески реферира дека значителен број на средства се наменети токму за општините, ама кои општини, каде што има градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ за форсирање на кампањата на локалните избори и повторно му требаат пари за пресинг врз народот и купување на гласови, или елегантно замачкување, па претпоставувам некое патче, некое сокаче ќе биде уредено, бидејќи само за токлу ќе има. Другите пари на ВМРО ДПМНЕ му требаат за рекламен материјал и прескапи медиумски претставувања на кандидатите. Но, тоа нема да обезбеди ниту подобар живот на граѓаните, нема ниту да им гарантираат конечно на ВМРО ДПМНЕ на локалните избори. Но кога ќе погледнете генерално од каде се земаат пари, од кои буџетски корисниоци, ќе видите која е стратегијата на ВМРО ДПМНЕ за следниот период, кога одземате значителни средства од СЕП, од МНР. Кога го ускратувате претседателот на државата, токму од ставката патните и дневните трошоци и кога значителни средства одвојувате од Министерство за одбрана, тоа на народски јазик значи: ВМРО ДПМНЕ се откажува од европските и НАТО интеграции. ВМРО ДПМНЕ му забранува на претседателот на државата да излезе од границите на Република Македонија, бидејќи тоа не е по волја на лидерот, на наповиканиот и конечно ВМРО ДПМНЕ, како што тргнало ќе го укине СЕП и претпоставувам ќе ни понуди концепт на секретаријат на изолационистичка политика.

Конечно, не дека нема да гласаме, туку на цело грло ќе укажуваме дека повтроно станува збор за злоупотреба на службена должност од страна на министерот Славески, бидејќи и минатиот пат и овој пат господинот Славески е потписник на оваа скандалозна одлука за пренамена на средства. До денар ќе ги побараме средствата кои, иако господинот Славески дека ќе одели за автобуси, за трибини, за сали, за Жабени, тврдам дека ќе

одат на сосема други партиски сметки. Токму за една од нив веќе поседувам доказ но ќе бидам упорна и ќе барам за сите овие ставки за кои Славески тврди дека ќе стигнат таму. До ден денес граѓаните на Република Македонија немаат увид како беа потрошени минато годишните 47 милиони евра, ама се надевам дека тој преседан нема да го претворите во правило, иако токму со по втор пат понудена ваква одлука за пренамена се обидувате и да го направите.

И конечно само уште една забелешка, жалам што господинот Славески не е тука. Вели значителен број од средствата се пренаменуваат помеѓу буџетските корисници и фондовите заради: "неуспешни тендери". Имало неуспешен тендер при набавката на медицинкса опрема, а станува збор за огромна сума на пари изразена во милиони евра и неуспешен тендер при агенцијата за патишта. Заправо тој референраше за три неуспешни тендери. Долго време дебатиравме за вашиот Закон за јавни набавки. Што сега ви фали? Тендерите ви пропаѓаат претпоставувам, бидејќи упорно не го избирате најдобриот понудувач.

Не верувам дека некој ќе влезе во долги и мачни управни постапки за да оспорува тендери, доколку навистина тендерската комисија, согласно правилата и согласно Законот го избере најдобриот понудувач.

Ова е доказ дека тука нешто не штима. Кој ви е виновен за пропаднатите тендери, дали ќе умеете еднаш конечно да дадете одговор на тоа прашање.

Жалам што не ми останува време да искоментирам 500 милиони денари за помош на МРТВ, но додека не видиме како ќе го санкционирате вашиот...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Јас само кратко ќе реплицирам почитувана колешке, бидејќи е ова општа дискусија, после кога ќе ги кажувате вашите поднесени амандмани конкретно ќе ви одговорам, меѓутоа, ќе се задржам на вашата контрадикторна дискусија позната во вашиот стил, а не многу симпатична за битолчаните, бидејќи вие говирите дека е очигледно дека пари не доаѓаат во Битола, а од друга страна викате дека парите ќе се дадат од страна на ВМРО-ДПМНЕ таму каде има нивни градоначалници. Значи, навистина контрадикторно од ваша страна, не би требало да бидете начисто еднаш што говорите дали навистина Владата дава таму каде има градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ или не дава.

Во тој дел би се задржала, а подетално кога ќе кажувате за амандманите, тогаш ќе ви објаснам што дала Владата за градот Битола.

Инаку, градоначалникот, сакам да повторам заради јавноста, бидејќи граѓаните на Битола гледаат, Битола е градилиште и никогаш не било поголемо градилиште од сега. Се турило асфалт толку колку што никогаш не се турило и потсетете се на вашиот кандидат Вршковски што направи од градот Битола. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас не знам од каде да почнам и како да завршам. Контрарепликата воопшто не ми е насочена кон колешката од Битола, апсолутно.

Госпоѓо Стефановска добив одговор од Министерството за финансии дека 80 милиони денари на 27 декември потпишани со одлука на Влада каде стои потписот на Зоран Ставрески за електрификација на Жабени се упатуваат на АД МЕПСО од 27 декември 2007 година. Сега, јас не можам да ви објаснувам дека тоа се 4 дена кога мора да се потрошат тие пари, ама од МЕПСО до денес на општинската каса не се префрлени ниту денар. Уште ги има Здравев. Сега кога Славески ветува нови 80 милиони денари тврдам дека повторно нема да завршат во општинската каса во Битола, ќе завршат на вашата партиска сметка и ќе си купите маици...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Мислам дека имавте доволно време да го кажете. Следниот за збор е господиниот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Во врска со оваа Предлог одлука прво прашање кое неминовно се наметнува е прашањето за функцијата на буџетското проектирање односно планирање или ако сакате со други зборови дали планирањето на одделни ставки во Буџетот при негово усвојување не значи само параван за она што сака да се постигне, но не со ребаланс на Буџетот како што е редот, туку на овој начин со магловита реалокација на средствата.

Конечно се поставува прашањето за чесните намери на предлагачот за ова што сака да постигне. Мислам, за да се прикријат вистинските намери во Предлог одлуката е дадено се и сешто, испомешани се мноштво на корисници на буџетските средства односно разни конта кај кои се врши намалување на средства за да потоа се предлага далеку поголем износ кој се префрла на истите тие конта. Примери за таквиот приод има многу, но во интерес на времето не би сакал да ги посочувам сега.

Од Владата ја добивме оваа Предлог одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централна власт и меѓу фондовите.

Вкупната сума на средствата од Буџетот на Република Македонија која е предмет на оваа прераспределба изнесува 4.520.000.000 денари. На расправата на Комисијата за финансирање и Буџет владиниот претставник образложи дека се предлага реалокација на средства меѓу одделни буџетски корисници со цел да се обезбедат дополнителни средства на веќе започнати

проекти и активности кои реално можат да бидат реализирани до крајот на годината.

Покрај тоа што е наведено во образложението од ова што е предложено во Одлуката евидентно е дека голем дел од средствата што ќе се реалоцираат ќе одат за покривање на некои финансиски дупки кои настанале поради неодговорно или непланско работење во некои институции. Времето ќе покаже колку домаќински или недомаќински се работело и како се трошеле средствата од Буџетот. Можеби ќе имаме среќа некој ден да дознаеме од кои ставки на Буџетот се финансираат рекламните кампањи на Владата. Според неофицијални податоци до сега Владата и Никола Груевски има потрошено над 70 милиони евра за спотови, огласи и кампањи од различни области. 70 милиони се многу пари, ама ние како пратеници никако не можеме да добиеме информација од каде тие пари се извлекуваат и тоа во континуитет од 2006 година.

Според основната економска логика кога толкави средства од некаде ќе се скратат сигурно некаде ќе предизвикаат штета. Ако 70 милиони евра се фрлиле за маркетинг на власта значи 70 милиони се одземени од проекти, активности или социјални програми што би се искористиле за конкретно подобрување на квалитетот на животот на населението во Република Македонија.

На комисиската расправа, меѓу другото, беше кажано нешто што навистина ме охрабри да поднесам амандман во врска со Одлуката за прераспределба. Имено, владиниот повереник на седницата, меѓу другото, нагласи дека со одлука се финансираат проекти што биле планирани со Буџетот за 2009 година, што генерално значи дека со ова би се растеретил Буџетот за идната година. Ако сегашниот Буџет може да финансира работи што биле планирани во 2009 година значи има доволно пари да се прифатат и поднесените амандмани, посебно тие што се проекти кои не трпат пролонгирање во наредниот период. Такви се претежно некои инфраструктурни зафати кои мора да се реализираат во најкраток можен период.

Сигурно дека многу пратеници ќе интервенираат со амандмани за проекти што се од значење за срединитe во кои живеат. Амандманите што ги поднесов се во врска со обезбедување на средства за финансирање на колекторскиот систем Пештани, Лескоец, Велгошти, улицата Железничка, ќе посочам дека изградбата на канализационите мрежи во Лескоец и Велгошти е во директна функција со заштитата на Охридското езеро и неговиот слив.

Станува збор за приградски населби кои во суштина се вистински градови во мало. Населбата Велгошти брои 3 илјади жители со околку 600-700 куќи, а населбата Лескоец брои над 4.500 жители. Бидејќи ситуацијата во овие населени места е навистина алармантна во Предлог одлуката е наведено дека дел од средствата се наменети за проекти во општините и затоа барам да се земат во предвид и овие амандмани.

Ако имаме во предвид дека Предлог одлуката содржи одредби за алокација на пари за изградба на културни обележја во Прилеп и во Центар - Скопје, тогаш Владата не може да ги игнорира потребите што се навистина итни, единствено ако премиерот не сака да добие културни споменици да се рекламира како и обично. Сигурно прилепчани и скопјани можат да издржат уште 6 месеци или една година повеќе без овие средства кои се предвидени за споменици. Ако проектите, како што се канализациски и водоводни мрежи, изградба на патишта, електрификација, мора да имаат предност, затоа што и популизмот мора да има граници.

За да престанат големите импровизации кои се планираат кога се планира трошењето на пари од државната каса.

Потребата од носење на една ваква одлука произлегува од фактот што одредени активности и проекти Владата не ги испланирала како што треба. Кога веќе ваучерите за студентите се делени лани, не е разбирливо зошто не беа обезбедени доволно средства за овој проект кога се носеше ребалансот на Буџетот пред неколку месеци, туку тоа се прави сега. Аматерското планирање се виде и во образованието затоа што многу установи се соочија со просторни проблеми или со немање основни услови за одвивање на наставата. Иако буџетскиот ребаланс се правеше месец ипол пред почетокот на учебната година. Како врв на нерационалното лоцирање на парите и имплементирањето на проектот “компјутер за секое дете” и во тој случај беа нетранспарентно потрошени милионски суми евра, а реализацијата е само делумна и пропратена со многу проблеми што одговорните пропуштија да ги предвидат.

Слична беше ситуацијата со акцијата за пошумување. Во Предлог одлуката за која расправаме денес се обезбедуваат дополнителни средства и за оваа намена. Неколку месеци после оваа масовна акција за садење дрвја на ниво на цела држава, колеги, резултатите се поразителни. Како што веќе јавија медиумите пред извесно време процентот на успешноста на пошумувањето не незначителен. За акцијата се крена многу прашина, се потрошија многу финансиски средства ама испадна дека и пошумувањето е обична рекламна кампања како и другите, без вистински резултати. Би било пожелно во иднина ваквите акции што се значајни и за идните генерации да бидат многу посериозно сфатени. Владата посветува претерано внимание на сопствената промоција и за тоа, како што имаме можност секој ден да видиме, не штеди пари, но проблемот е во тоа што се заборава на промоција на Македонија како туристичка дестинација. Таквата промоција е инвестиција која се исплати и на краток и на долг рок, а не само фрлање пари во празно.

Како пратеник од општина Охрид морам да констатирам, за жал, дека токму со оваа Предлог

одлука се намалуваат средствата на Министерството за економија кај ставката за промоција на туризмот.

Ако наидеме на разбирање кај Владата оваа одлука ќе претрпи барем некои измени преку пратенички амандмани, но покрај тоа не треба да заборавиме дека набрзо ќе треба да се расправа и за буџетот за следната година. Владеачкиот врв треба да има на ум дека мора рационално да го подготви буџетот, веројатно ќе биде уште поголем од годинешниот. Пропустите и грешките ги плаќаме сите ние затоа власта треба да направи се за да ги елиминира грешките во идното време, да се раководи од вистинските приоритети за народот и државата, а не од ситни интереси. Македонија не е толку богата земја колку што последните години неразумно се трошеа од нејзината каса. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, заменик министер за финансии.

Имајќи ја во предвид вкупната сума од скоро 74 милиони евра, сума која треба да се прераспредели како и поединечното намалување на поедини ставки на многу места и над 15% од првично утврдените со Буџетот за 2008 година како на пример кај Министерството за локална самоуправа програмата кај Бирото за регионален развој каде од првичните 3.300.000 евра на два пати прво со ребалансот на Буџетот, а сега и со оваа одлука остануваат сума од 820 илјади евра. Се поставува дилемата дали е уставна уставноста на оваа одлука и дали е во согласност со членот 53 став 5 од Законот за буџети.

Причините беа дискутирани зошто е поднесена оваа одлука од претходните колеги, се надевам и од другите се посочуваа претстојните локални избори, меѓутоа, мислам дека главната причина за која доаѓа оваа одлука се вонредните парламентарни избори. Мислам дека тие придонесуваат да не се исполни Буџетот за 2008 година онака како што беше предвиден, а со самото тоа се размешаа лончињата за подкусурување од политичката пропаганда, па сега, еве, за жал, ни доаѓа и една ваква одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници и фондовите.

Од технички аспект сакам да нагласам дека одлуката не е добро изготвена и изработена, дека не ни дава јасен увид на сите средства кои се намалуваат и каде се надополнуваат и со самото тоа што се додаваат нови ставки кои во првично утврдените ставки со Буџетот за 2008 година не постоеле пак ќе ја потенцирам уставноста и законитоста на таа одлука. Доколку во иднина од оваа Влада ќе ни доаѓаат вакви одлуки, препорака е да се изготвуваат во обрасци што ќе ни овозможат на нас пратениците и останатите да имаме подобар увид во прераспределбите.

Кога во јули оваа година се донесе ребалансот на Буџетот, а сега ни доаѓаше на ред оваа одлука на дневен ред на оваа седница одлука за прераспределба со оглед на глобалната криза сметав дека Владата ќе понуди нешто конкретно. Дефицитот на тековните сметки, падот на индексот на берзата, сето тоа се рефлектира во нашата држава и почна да се чувствува уште мај јуни со нагло отпуштање на принуден одмор или со откази на вработените во текстилната индустрија каде знаеме некаде над 40 илјади работници егзистираат, овде е кожарската односно индустријата за обувки, сега овие денови металната индустрија, како што стојат работите истото ќе се случува и во останатите гранки.

Сметам дека Владата не требаше да поднесе ваква одлука за прераспределба, требаше во одлуката да се понудат решенија за ефектите од глобалната финасиска криза врз македонскиот финансиски систем и врз реалната економија, како и да понуди мерки со оваа одлука што надлежните институции ќе ги преземат за надминување на евентуалните непожелни состојби.

Моето излагање сакам да го насочам на една проблематика на која Владата се обиде да прокниижи и реално прокниижи поени на парламентарните избори со тоа што вети забрзан регионален развој на Република Македонија преку спроведување на низа мерки кои се содржани во Законот за регионален развој. Тој Закон за регионален развој го донесе оваа власт малтене оваа Влада уште на 15 мај 2007 година, точно пред 18 месеци и со него требаше да се елиминираат социоекономските разлики, диспаритети помеѓу општините и регионите, да се намали дисбалансот во развиеноста на одредени локалитети, а преку утврдување на адекватната стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија, ефектите од неговото 18 месечно стапување во сила не можат да се видат затоа што реално не постојат.

Од друга страна, пак ќе повторам, примерот со Министерството за локална самоуправа од 3.300.000 евра предвидени со Буџетот за 2008 година сега со оваа одлука се заокружуваат средства се на се од околу 820.000 евра.

Покрај тоа што актуелната ситуација во која се наоѓа македонската економија што се одликува со голема стапка на невработеност, стагнација на економијата, кризи, рекорден трговски дефицит од 2,2 милијарди евра поразителен степен на домашни и странски инвестиции во буџетските проекции, буквално, па и во самата оваа одлука за пренамена изостануваат развојните компоненти. Овде среќаваме средства само за кампањи, зголемување на јавната администрација, градење на сали, трибини, сето тоа се разбира во функција на добивање на изборите и тоа со парите на граѓаните.

Иако како економист ми е сосема јасно дека една од компонентите за региоалниот развој е подобрувањето на квалитетот на физичката инфраструктура онаа за која сме критикувани од самите инвеститори дека сеуште е на многу ниско

развојно ниво и дека не можеме да го услужиме ефикасно нивниот бизнис, единствено Владата нема ниту сенс за регионалниот развој, ниту желба, ниту волја да го спроведе и самиот закон која сама го донела пред 18 месеци.

Бидејќи како пратеник доаѓам од општина Кочани, која е во склопот на Источниот регион и ќе ги застапувам опозициските градоначалниците во останатите градови, почнувајки од Берово, Делчево, Пехчево, Каменица, Виница, Пробиштип и Штип во кои општини постојат огромен број на развојни проекти и кои чекаат ан средствата од Законот за регионален развој, а бидејки поголемиот дел од општините се раководени од градоначалници од опозицијата, се појавува отворено една дилема и едно прашање дали станува збор за намерно неспроведување и непочитување на овој Закон од страна на Владата, за да не се дозволи користење на средствата од страна на општините во кои владеачката коалиција, нема свои градоначалници.

Исто така, постои заложба и интерес, реална потреба од страна на општините, на населението, на стопанствениците, на странските инвеститори, туристите, за доградба и реконструкција на М-5 магистралниот патен правец Велес-Делчево. Но во проекциите на Буџетот никаде не постојат средства за реализирање на оваа намена. Ова ветување можеме да го ставиме само во серијалот ветено,неисполнето.

Сметам дека оваа одлука е неиздржана, нецелисходна и како и од мојата пратеничка група, нема да добие подршка. Благодара.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки господинот Тито Петковски, не е тука го губи правото за збор.

Госпоѓа Радмила Шекеринска не е тука, го губи правото за збор.

Има збор господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници, една од одликите на големите држави со јака, силна демократија над се е и коегзикстентноста на таа држава, било на политички план, било на фианнсиски план.

Исто така, таа одлика на големи држави, на стабилни држави е и јавната дебата која се развива во овие држави.

Во оваа насока, овој предлог за прераспределба на буџетски средства не само што е еден шоу на министерот за финансии. Значи, консултацијата за учеството на другите министри, посебно министрите Албанци, во изготвувањето на овој предлог е еднаков со нула. Ова не само што е импузивен предлог, туку исклучува еден дел од земјата, односно Албанците, туку е предлог кој никако нема примеси на продолжување.

Јас не сакам да се задржам многу затоа што внатрешниот долг и надворешниот на земјата, постигна врвни точки. Не сакам да се задржам на тоа дека во Македонија се постигна толку висок степен на развој, што не и треба ниту ММФ, ниту други релевантни и светски фискални институции. Нема да се задржам на тоа дека сите соседни земји доживуваат некаква прередба и инфраструктурна прередба, изготвуваат планови, стратегии и ги инвестираат со цел на граѓаните да им го олеснат тешкиот товар кој им ја создава енергетската криза, поскапување на прехранбените производи и т.н.

Не сакам да говорам за тоа што се рече претходно, со многубројните кампањи на оваа Влада,наместо да се фокусираме за отворање на нови работни места, кои според пресметките на експертите чини 2 до 3 илјади евра, односно една инвестиција од 2 или 3 илјади евра отвора едно одржливо работно место.

Мојот фокус ќе го концентрирам во продолжението. Дали со овој предлог Македонија може да се гордее, што е демократска земја и со инстотиционална стабилност, кога јасно се гледа дека за помалку од 5 месеци се менува комплетно стратегијата на Владата. Овој предлог не предвидува финансиски средства, или ги одзема финансиските средства за многу проекти усвоени од самата Влада на Република Македонија. Официјалните лица на Македонија катадневно изјавуваат за Охридскиот рамковен договор,како приоритет број 1 на Македонија. Како ќе се имплементира овој приоритет, ког ана Секретарјатот за спроведување на Охридскиот договор му се одземаат 13 милиони денари. Прашувам, дали ова одземање од Буџетот на Секретарјатот,доаѓа како резултат на изјавата на заменикот премиер Адеми дека Охридскиот рамковен договор е имплементиран 95%. И министерот за финансии виде упатно да се одземат средства, бидејки е останато малку да се спроведува овој договор.

Во овој предлог за прераспределба на буџетски средства, јасно се гледа дека на многу министерства им се одземаат средства за нови вработувања. Каде ќе биде продолжувањето на одлуката на претходната Влада за вработување на 5 илјади Албанци со цел за правична и соодветна застапеност на Албанците, што се усвои од минатата Влада под притисок, со право на ДПА. До колку направиме еден осврт на делот од Буџетот по однос на образованието, ќе видиме дека во сите ставки се одземаат средства за подобрување на условите во училиштата, за изградба на нови основни средни училишта, што е како резултат на потребата за нови објекти, посебно во албанскиот дел. Нема средства за спортски сали кои се усвоија. Јасно е дека спортските сали нема да се градат. Ако го видиме делот во однос на Државниот универзитет во Тетово, јасно се гледа дека само за плати се одземаат 3 милиони и 600 илајди денари. За дополнителни градежни објекти се одземаат 10 милиони денари. Мебел, опрема, возила, машини 11 милиони денари.

Дали преродбата која се направи во ДУТ, тие се студиски насоки кои се додадоа сега со

одземањето на овие финансиски средства ќе треба да се укинат.

Да не говорам за делот на културата дека во тој дел нема за што да се зборува, освен дека е направена една масакрација на албанската култура. Научните институции се минус 8 милиони денари. Сега гледаме дека ДУИ ако не за нешто друго, само за нешто го одржа зборот дека ќе ја укине единствената албанска установа, установа која ние со желба ја нарекуваме Албанолошки институт.

Агенцијата за млади и спорт 100 милиони денари. Дали ова значи дека се изградија 5 или 6 спортски сали во македонскиот дел и сега изградбата на овие спортски сали ќе се прекине токму во време кога овие спортски сали треба да се изградат во Западниот дел, или во делот населен со албанско мнозинство.

Во образложението кое го дава министерот, некаде прикрајот се вели дека се вложуваат средства за подршка на одредени подрачја во општините и тоа за изградба на трафостаница во индустриската зона на Жабени и изведба на влез во општина Битола, културни обележја во општина Прилеп и Центар, како и инвестиции и инфраструктурни проекти во повеќе општини во Република Македонија.

Значи, јасно се гледа дека и овој пат било за инфраструктурни објекти, било за инфраструктурата, во Западниот дел на Република Македонија, не дека се заборавени, туку не се ни опфатени и со една единствена реченица не се опфатени албанските општини. Не е опфатена никаде слободната економска зона во Тетово, не се опфатени ниту еден проект, било куртулорошки, образовен, инфраструктурен кој ќе го носи името на еден албански град. Да не должам, на крајот би прашал следново: каде е ДУИ. Каде се министрите на ДУИ, каде се ветувањата на ДУИ, каде е улогата на учеството на ДУИ во актуелната Влада на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави заменик министерот за фианнсии, госпоѓица Ермира Мехмети и госпоѓа Иванова Цветанка.

Реплика има заменик министерот за финансии, Недим Рамизи, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодадрам претседателе,

Само кратко ќе кажам за некои забелешки кои што беа дадени од пратеникот,во однос на Предлог одлуката.

Најпрво ме чуди што како партија ДПА до август беше во Влада. Занеме дека Буџетот започнува да се реализира од јануари 2008 година, каде што она сето што го кажуваше пратеникот, оние инвестиции кои што не биле во оваа одлука опфатени и ускратени спрема Западна Македонија во многу би требало да бидат реализирани до сега, што тука изгледа најверојатно беа најмногу концентрирани кога веќе беше најавено дека ќе има предвремени избори и нивниот ангажман беше во трошење на средства од Буџетот во ангажирање на нивни партиски функционери во структурите на полицијата.

Во однос на Секретарјатот каде што се кажува дека настанува кратење на средствата во делот за вработување, воопштоне се согласувам, бидејки веќе во тек е и втор конкурс во Секторот за спроведување на Рамковниот договор од Секретарјатот, каде што до крајот на оваа година се планира да бидат вработени преку 600 лица, било тоа да се со средно образование, или со високо образование.

Што се однесува до спортските сали,кратење на средствата, воопшто не се согласувам. Тие ќе се градат во оној план и програма што е зацртана во сите градови во Западна Македонија, така да ова беше еден вид маркетинг, што воопшто не држи од страна на пратеникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Во ред, мислам дека и ова беше дел од одбраната на тоа што не може да се одбрани во интерес нормално, на партиските бои.

Уште на почетокот на моето излагање, реков дека државите кои имаат развиена демократија и добро инсталирана, основна одлика им е продолжението на проектите, што е од големо значење и ова почитуван заменик министер не се случува кај нас. Нешто што укажува дека комплетната стратегија, која вие ја развивате против ДПА, а истовремено го оштетувате албанското население.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓива Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Благодарам почитуван претседателе,

Имавме случаи да слушаме некои говори на функционери и пратеници на ДПА, кои во суштина имаат една порака многу зборови, а малку работа. Така се однесуваше ДПА во текот на 20 месеци на власт, многу празни зборови и со ни еден конкретен проект за реализација.

Рековте дека Албанците министри учествуваат, односно не учествуваат во подготовката на проектите и владините политики.

Почитуван Догани жал ми е што овој проект сокапитални инвестиции што предвидува 90 милиони денари инвестиции во општините со Албанци. Ние тоа ќе го елабориРаме, за сега нема да одам во детали. Зборуваше за продолжение,односно ќе прашам јавно,како може да зборуваме за продолжување на проекти кои не постојат. Рековте дека ДПА вршела притисок. Ќе ве потсетам: партиите на власт не вршат притисок. Партиите на власт подготвуваат проекти, учествуваат во создавање на политиките и на активен начин работат во организација на политиките. Вршењето притисок е само една форма, кога една политичка партија на валст се

согласува дека е инфериорна, слаба, без влијание во создавањето на политиките. Ќе ве потсетам уште еднаш дека проектот за правична застапеност е во добра динамика и за два месец владеење се реализира. За 20 месеци ДПА не постигна да вработува со договр на дело и едно прашање кое е многу значајно ДПА нема морално право да зборува за Државниот универзитет во Тетово. Албанската јавност, македонската јавност и меѓународната јавност се свесни за начинот на интервенирање, на милитантно интервенирање за газење на афтономијата на Универзитетот во Тетово. Сите аргументи се завршени кои ДПА може да ги употребува во врска со Државниот универзитет во Тетово. Таа ја потцени институцијата за образование. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Немам реплика претседателе, јас имам процедурално.

**Трајко Вељаноски:** Пред малку кажав дека вие имате реплика, а вие не реагиравте на време. Во ред. Процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Тогаш поставете посебен монитор за реплика и за процедурално да знаеме како да се јавуваме.

**Трајко Вељаноски:** Јас меѓу другите ве прочитав и вас. Вие не реагиравте. Нема проблем, во ред, повелете.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, уште еднаш се покажа одредбата од Деловникот за губење на редоследот, на правото за збор, до колку пратеникот оправдано е отсутен од салата.

Имено, пратеничката Радмила Шекеринска беше пријавена за дискутант во општиот претрес по одлуката за распределба на буџетските средства. Вие добро знаете како претседател на ова Собрание и секако, како човек кој што раководи покрај другото и со работните тела дека денес беше закажана и Комисијата во исто време, кога тече расправата, однсоно општиот претрес по оваа точка, беше закажана седница на Комисијата за труд и социјална политика на која што госпоѓата Радмила Шекеринска е член и каде што активно со сопствена дебата учествуваше во моментот,кога ја избришавте од мониторот за пријавени пратеници за дебата. Ние реагираме уште еднаш да покажеме пред ајвноста колку се апсурди одредбите од Деловникот пратеник да го изгуби правото на збор, а мора да биде и на друго место, повторно во функција на Собранието, повторно во функција на работа на работните тела.

Очекувам дека ќе ја вратите госпоѓа Шекеринска на мониторот како дискутант,бидејки навистина не е добро тоа и во меѓувреме добивме едно писмо со кое што секако, член 68 став 4 од Деловникот, вие го имате тоа право да ја продолжите работата на Парламентот, надвор од времето утврдено со Деловникот, тоа е после 18,00 часот.

Меѓутоа, ако за банални работи свикувате координација на пратеничките групи, требаше да не свикате, да не искоординирате и да ни кажете дека треба да останеме и во доцните ноќни саати вечерва да работиме по Одлуката за распределба на буџетски средства. Мислам дека овој пат покажавте непочит кон институцијата координација, иако е неформална, се извинувам според Деловникот е формална и покажавте непочит кон координаторите на пратеничките групи. Секако, брзајќи да го соопштите ова сте погрешиле, каде што не известувате нас пратениците дека ќе работиме по 27-та точка до завршување на оваа точка, што верувам дека не ви била целта на оваа информација на пратениците.

Уште еднаш би сакала да воочам ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Во однос на барањето госпоѓа Радмила Шекеринска да биде вратена за да земе збор, деловнички го немам тоа право, затоа што Деловникот вели дека пратеникот кој што во моментот не е присутен во салата го губи правото за збор, без оглед кои се причините.

Инаку, јас мислам дека сепак во краен случај комисиите работат во она време кога нема пленарна седница. Има исклучоци кога заради потребата од континуирано работење кое ние го постигнуваме на координација, договорот, се погодија сега да работат комисиите за седницата која е закажана на 4-ти ноември.

Во однос на писмото кое јас го испратив и го доставив до пратениците, да се работи по оваа точка од дневниот ред до завршувањето е со единствена цел за реализирање на договорот што го направивме на координација, координирано да се работи до завршување на 27-мата седница на Собранието. Ако не работиме ние и после 18,00 часот, не знам кога ќе стигнеме да ја завршиме 27-та седница и врз основа на вашето писмо кое што го добив преку Архива, за жал преку Архива наместо на координација како што обично се договараме, јас одлучив согласно Деловникот, како што вие кажавте, да работиме после 18,00 часот до завршување на оваа точка на дневниот ред. Благодарам.

Процедурално има збор Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Согласно членот 126 од Деловникот, ние како пратеници сме должни секое отсуство на работното тело да го пријавиме. Таму на работните тела се води евиденција. Отсуството од работно тело е исто како да отсуствувате на пленарна седница. Тоа е предвидено во членот 126. Значи вие сте должни или да ја координирате работата на пленарната седница со одржувањето на седница на комисијата, тоа право ви го дава Деловникот, или сте должни да го вратите оној говорник кој што во моментот бил спречен. Ако не ја вратите госпоѓа Шекеринска вие практично го прекршувате Деловникот, го прекршувате членот

126 и сите одредби кои стојат во членот 126 од Деловникот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално побара збор господинот Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Во интерес на вистината, а контекст на ова што претходно колегите од опозицијата го зборуваа, јас сум претседател на Комисијата за труд и социјална политика, госпоѓата Шекеринска беше на таа Комисија, меѓутоа седницата на Комисијата беше закажана во 14,00 часот во време на пауза. Тоа што траеше после 15,00 часот се договоривме и на барање на госпоѓа Весна Бендевска порано од сите пријавени дискутанти дадовме збор за да стигне да дискутира, бидејќи беше пријавена, а такво барање од госпоѓа Шекеринска немаше. Ако имаше, сигурно ќе и беше удоволено. Ова е само во интерес на вистината.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку јас обично кога ќе се укаже таа прилика, да имаше укажување и сега, ќе ја прекинев ако требаше седницата 10-тина минути, за да ја почекаме госпоѓа Радмила Шекеринска. Таков беше примерот и со господин Јован Манасијевски и со другите пратеници кои побараа Јас имам разбирање за тоа, но не гледам начин како можам да ја вратам инаку.

(Реакции)

Нема гласање.

Има збор госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Дозволете ми да ви се обратам македонски за да бидат подиректна.

Мојот почитуван колега господинот Бесим Догани говореше општо и генерално за оваа Предлог одлука, додека јас имајќи го во предвид времето дека имам само 10 минути, ќе се задржам на сферата на културата, како личност од културата.

Дозволете ми да истакнам дека во самото образложение се вели: со Предлог одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетски корисници се предлага реалокација на средствата меѓу одделни буџетски корисници се со цел обезбедување на дополнителни средства за реализација на започнати проекти и активности на Владата. Оттука произлегува мојата дилема чии се тогаш проектите, Библиотеката во Тетово, Куќата на Албанската азбука и Тупан Џамијата исто така во Тетово, затоа што според оваа Предлог одлука имаме намалување на буџетските средства за нив.

Се поставува прашањето дали сето ова е резултат на вазалството и сервилизмот што ДУИ го има како дел од Владата, затоа што сите ние многу убаво знаеме како влегоа во Владата, значи доаѓаме на власт без никакви барања, пред се без право на поставување на барања со етнички префикс. Можеби и токму затоа не се дава толку голема релевантност на овие значајни институции за Албанскиот народ во Република Македонија.

Како второ, се поставува едно друго прашање дали можеби постои голема незаинтересираност од страна на ДУИ за албанската култура во Република Македонија. Тоа веќе уште во 2002 година го имавме слушнато од изјави на нивни претставници дека не им е приоритет културата и јасно изгледа дека е така, меѓутоа, едно нешто не е јасно за ДУИ, а тоа е доколку немате интерес за културата тогаш не можете да имате интерес ни за каузата, па на крајот на краиштата ни за многу повисоки цели.

Од сето ова произлегува дека имаме моментално недолично однесување со нерафинирани однесувања и токму скандалозни напади врз културните институции во Република Македонија кои се основани токму за Албанците и на крајот на краиштата, јасно е дека сите ние индивидуите се разликуваме меѓу себе од видот и степенот на културното ниво, кое без сомнеж опфаќа правилно вреднување на вредностите и капацитетите. Затоа ќе говорам за Библиотеката во Тетово. Библиотеката во Тетово пред се беше предлог за формирање од страна на ДПА во времето на коалиционата Влада ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Меѓутоа, токму градоначалникот на општина Тетово оневозможи формирање на Библиотеката, иако се имаше предвид дека денес Тетово е универзитетски град, два универзитета се таму и има потреба од тоа. Еве, денес имаме скратување, намалување на буџетските средства токму за библиотеката во Тетово. Потоа не ме чуди ни ставот кон Институтот за културно и душевно наследство на Албанците, затоа што не гледам овде пренаменети средства за тоа, меѓутоа, не ме чуди тоа и се надевам дека добро го нареков, затоа што тој Институт без разлика како го нарекуваме, дали е институтот на Албанците, дали е албанолошки институт, дали е институт на душевно историско наследство и слично, пред се е најважно дека е институција културна, дека е институт кој има мисија, мисија токму за базирање, за собирање податоци за наследството не само на Албанскиот народ во Република Македонија туку и на Македонскиот и на сите други народи кои живеат во Македонија, затоа што сме свесни дека ова е мултиетничко и мултикултурно општество. Но токму затоа, затоа што ДПА го основаше овој Институт имаме оспорување, ревидирање на истиот, оневозможување на платите на вработените во самиот Институт и истовремено стопирање на буџетските средства наменети за проекти во Институтот. Тоа е само и само затоа што е проект на ДПА. Жално, многу жално, но вистината е таа.

Оттука, ќе мора да говорам и за Националниот совет кој што се формираше при Министерството за култура, многу важен, совет кој што има 13 члена, во кој што нема ниту еден уметник со албанско етничко потекло. Значи министерката вели дека самото поставување на членовите не се гледало според одреденоста етничка, туку

според заслугата. Па добро, дали за ДУИ нема заслужни уметници Албанци, заслужни во Република Македонија, кои што ќе можат да сугерираат, кои што ќе можат да влијаат врз формирањето на ставовите.

Оттука, досволете ми да преминам и на Албанскиот театар денес каде што имаме статус кво ситуација, а исто така да преминам и на образованието. Дозволете ми, гимназијата Зеф Љуш Марку е веќе завршен проект, потребен е само внатрешниот инвентар и ДУИ не гледа и тука во самите овие расходи на финансиските средства да се определат средства за да може да се набави тој инвентар и за да може учениците Албанци, меѓутоа и професорите да продолжат во новиот објект со учебната година.

Веќе е интересно, но мора да се укаже на фактот дека се појавува еден синдром на ДУИ, синдром за деградирање на културните институции за Албанскиот народ во Република Македонија или пак формирање, креирање на нов синдром кој што би претставувал синдром за така наречен атентат врз албанската култура. Се спомна дека многу зборови сме имале, меѓутоа дека ништо не сме направиле. Напротив, многу направивме во областа на културата, премногу, театар, Албански театар во Тетово, одделување на Албанскиот театар од Турскиот театар, иако сеуште физичко тоа не е направено, исто така формирање и основање на Галеријата на Институтот кој што реков како сакате можете да го нарекувате, меѓутоа, тоа право за да го нарекуваме е наше, ние сме го основале и ќе го нарекуваме како сакаме и многу други институции кои воопшто во Македонија не постоеле. Ние знаеме дека во Република Македонија пред 2006 година, пред доаѓањето на ДПА на власт со ВМРО-ДПМНЕ, од 156 институции на ниво на државата само една, половина институција, тоа е Албанскиот театар, функционираше и за 4 години ДУИ не виде исходност за да може да преземе нешто во оваа област.

Се рече дека не постојат проекти, но ете јас говорев со факти и аргументи и укажав дека постојат проекти. Меѓутоа, со факти и аргументи говорам дека тие проекти кои ги формираше ДПА од страна на ДУИ секојдневно се ревидираат. Значи немаме детант, немаме попуштање во политиката било каква, токму напротив, немаме креирање на политики кои ги спомнаа претходно претставници од ДУИ дека токму тоа било да бидеш на власт, па немаме креирање, а многу се согласувам и со господинот Догани, мојот почитуван колега, кој рече немаме континуирано продолжување на политиките и на зачувување на оние институции кои што се веќе создадени, без разлика кој е на власт, кој ги создава, без разлика на сето тоа ние треба да се потрудиме да ги задржиме оние институции кои се во интерес на нашите граѓани и оние граѓани кои што ние ги претставуваме. Не велам дека во овој дел на Министерството нема намалување на буџетски ср едства и за многу други институции кои пред се се државни, меѓутоа, не се адекватно толку децидно определени само за Албанците. Има, тоа е јасно, не велам дека не, меѓутоа, сакам да го потенцирам фактот дека бројот на вакви културни институции за Албанците е многу, многу мал, па токму затоа не гледам дека било сходно Министерството за финансии да направи намалување во овој дел. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Да видиме сега кој е пријавен: госпоѓа Иванова Цветанка дали сте за реплика пријавени? (Не)

Да видиме прво кој е пријавен за реплика.

Госпоѓа Топузова Каревска Роза дали сте пријавени за реплика? (Процедурално)

За реплики се пријавија: господин Незири Сафет, госпоѓица Мехмети Ермира и господинот Хани Тахир.

Ако сакате прво процедурално или да почнеме прво со реплики.

Добро, еве процедурално има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Со новиот начин на функционирање на Парламентот за жал не можеме ни да се исклужиме и поради тоа мојата процедурална забелешка ќе беше во насока на она што сега стигна поправката.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, уште еднаш - јас сум пријавена од претходниот пат - се докажува дека навистина нема толеранција во ова Собрание. Пред малку бев пријавена за друго процедурално барање, ама вие знаете што јас мислам и мислите дека сум мислела она што претходно сум го кажала и не мидадовте процедурално збор.

Пред малку се јавив да барам пауза, меѓутоа, сега не барам пауза во име на пратеничката група, ќе работиме до крај онака како што сте решиле, меѓутоа, мислам дека одлучувајќи да работиме во доцни часови за вака значајна точка сакате уште еднаш да забошотите пред јавноста, пред граѓаните, големите суми на средства кои што ги префрлувате од таму ваму се со единствена цел да си обезбедите без траг средства за финансирање на кампањата за локални и претседателски избори нема да ви помине и затоа тука сме, ќе дебатираме и ќе им кажеме на граѓаните што всушност сакате да направите со вечерашното продолжение на оваа седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, вие имавте писмено барање континуирано да работиме и врз основа на вашето барање така одлучив.

**Цветанка Иванова:** Континуирано не значи цел ден. Континуирано во текот на работниот ден.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ќе почнам од почеток. Госпоѓо Флора сакам да ви укажам бидејќи спомнавте терминологија “сервилност”, вие лично и вашата партија сте синоним на сервилност. Добро знаете како ги поминавте изборите 2006 година со 11 пратеници, наспроти 18 на ДУИ. На сервилен начин бевте во минатата Влада во однос на другиот дел. Вие како припадник на културата научете еднаш како се нарекува Институтот за културно и духовно наследство “Пјетер Богдани” на Албанците, еднаш велите “душевно”, еднаш “духовно”. Прво вие сама не знаете кое е името.

Трето, сте формирале Институт како сте го формирале за политичка пропаганда само со три вработени и Албанолошки институт “Пјетер Богдани”, каде има научен институт со тројца вработени, без економска, финансиска и законска основа.

Четврто, во извонредно ненормални услови со влага, со техничка подготовка со два компјутера и вие го нарекувате Институт! ДУИ се задолжи и во областа на културата, каде што ги оставивте работите да ги уредиме.

Во однос на другото, во научната институција универзитетска добро знаете на каков насилен начин извршивте насилство во Државниот универзитет во Тетово.

Во однос на другиот дел во гимназијата “Зеф Љуш Марку” се знае кој ја отпочна и кој ќе ја заврши таа работа. Ја отпочна Демокртската унија за интеграција и ДУИ за кратко време учениците од гимназијата “Зеф Љуш Марку” ќе бидат во новиот објект. Ова ви го гарантира Сафет Незири во име на Демократската унија за интеграција. Добро рече еден наш колега, досега вработивме 600 Албанци, а вие за 20 месеци не вработивте ниту 400. До крајот на календарската година бројката ќе достигне 900 вработени. Да не ви говорам за 2009 година колку ќе имаме нови вработувања. И да ви кажам уште нешто. ДУИ во име на Албанците од Македонија и регионов треба да ја прослави јубилејната година на албанската азбука во Битола. Затоа би ве замолил да не паѓате во транс при вашите излагања и мислам дека треба да бидете внимателни. Добро го знаете вашето политичко минато, какво е тоа минато.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Мојата дискусија е заснована врз основа на факти и аргументи. Колега, ми се чини дека кога вие излегувавте на говорница и велевте сервилни лица и такви работи, ви доаѓаше како нормална работа. Сега ви е жал за реалноста која што е, дека навистина вие сте сервилни, затоа што се гледа јасно дека ниту една работа не ја завршувате. Значи, многу зборови, многу ветувања, меѓутоа незавршени работи.

Што се однесува на институтот, јас ви кажав и малку порано дека ќе го нарекуваме така како што сакаме ние да го нарекуваме, меѓутоа многу убаво ќе ви кажеме како го нарекуваме. Меѓутоа, работата е дека всушност вие и доколку го погодите името и доколку не се грижите за институтот, тогаш ви е се попусто. Значајно е тоа дека вие сакате да го уништите и го уништувате тој институт. Што се однесува на институт, вие немате морално право да говорите за Државниот универзитет во Тетово затоа што кога ние инсистиравме да се создаде, вие не постоевте ниту како партија, ниту како воена формација.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓица Ермира Мехмети.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам.

Почитуван претседателе две нешта сакам да кажам. Прво, треба да ја поздравам госпоѓа Кадриу, слушајќи ја почнав да се убедувам дека аргументите на ДУИ сега се аргументи на ДПА. Ова само докажува дека за 20 месеци има право за сето тоа што го говоревме и за националната агенда и за етничките прашања и за културолошките интереси итн. Во однос на тоа што го рече госпоѓа Кадриу потполно ја сфаќам. Таа говори за културниот идентитет на Албанците, за потребата за заштита на културниот идентитет на Албанците во Македонија. И сето ова е во ред, сето ова стои. Но, има еден есенцијален суштествен проблем. Суштината, клучната клетка на културниот идентитет почнува кај јазикот. Почитувана Кадриу, вие говоревте за културолошкиот идентитет на Албанците и ни се обративте на македонски јазик одбивајќи да говорите на ваш мајчин јазик во време кога постои законска рамка со која се гарантира правото на употребата на албанскиот јазик. И овде мислам завршуваат сите ваши аргументи за етничките прашања, за културолошките прашања, за театарот на албанската драма кој за жал е неуспешен ваш проект, бидејќи не успеавте да го направите што говоревте дека сте го направиле. Ние наследивме хаос. Во суштина имаме проблем со начинот како Демократската партија на Албанците одлучи, или ги измести работите од институциите, начин на паралелизам, на анархија, на недостаток на институционални одлуки за да остварат политички проекти. Мислам дека ова во крајна инстанца не доведе во еден колапс на институциите и културни како последица на начинот како владеевте вие. На крајот на краиштата сите ги помниме и тие големи конфликти со министерот за култура, сигурно затоа што беше многу успешен се случи и ова со господинот Илиријан Беќири. Но, не можете да ми говорите за културолошка агенда кога не говорите на тој јазик. И овде завршуваат сите аргументи.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Ве слушнав вас госпоѓо и токму тука ве чекав. Мене ми требаше да се солидаризирам со моите граѓани Албанци, затоа

што вие ни донесовте закон за јазикот, со тоа што можеме во Собранието да говориме, меѓутоа истиот не го институционализирате и не е значајно само да говори албански. Сите говориме албански, ние Албанците се гордееме што сме Албанци, така се гордеам и јас што сум Албанка и што имам убав јазик, албански јазик. Меѓутоа, говорев само со цел да се солидаризирам, затоа што не значи само да говори лицето албански. Албанскиот јазик требаше да се институционализира, а тоа вие ДУИ не го направивте.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе, поичитувани колеги пратеници,

Имам желба да и реплицирам на госпоѓа Флора Кадриу во прв ред за еден пристап кој не е воопшто конструктивен, бидејќи во прв ред госпоѓа Флора Кадриу употребува поими кои се тешки, недолични и под секое ниво. Бидејќи ако го споменува поимот синдром на деградирање, тогаш секако треба да имаш јаки аргументи за тоа што ќе го искажеш. И не е значајно само да дадеш една дефиниција без конкретни аргументи. Исто така, го употреби поимот, атентат во албанската култура, а ова му припаѓа на непријателски жаргон и верувам дека ДУИ како политичка сила која произлегува од една структура која ги наметна уставните измени коренити во Република Македонија и како резултат на тие уставни измени имаме Рамковен охридски договор кој е еден модел за решавањето на мултиетничките прашања и мултиетничките држави во регионот и пошироко. Се употреби поимот сервилност и јас ќе го нагласам фактот дека ДУИ е политичка партија која победи, доби 60% од албанското гласачко тело. И ако ДУИ е сервилна партија тогаш 60% од албанците се граѓани сервилни.

Сакам да го нагласам и фактот дека политичките сили излегуваат во изборна конкуренција и тие тука се мерат која е нивната реална вредност. И ние излеговме на избори парламентарни, локални и на сите избори бевме политичка сила која го добивме гласот од албанското население. Затоа, сакам да го нагласам и фактот и прашањето како влезе ДУИ во Владата. ДУИ влезе во Влада како резултат на поддршката на граѓаните Албанци кои на парламентарните избори му го доверија својот глас. Се знае сосема добро дека ДУИ досега не познава загуби во избори, било претседателски, парламентарни или локални избори. Сакам да порачам уште еднаш дека пратениците кои доаѓаат од редот на опозицијата тие треба да бидат конструктивни во нивните излагања, треба да искажуваат аргументи, а не само да даваат паушални судови и судови кои создаваат конфликтност бидејќи конфликтноста носи штета, а не корист и не прогрес. Затоа говориме за прераспределба на буџетски средства за кои можеме да констатираме дека имаме 90 милиони денари кои се доделуваат на албанските општини.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Колега, токму јас се обидував да користам пријателски а не непријателски жаргон, меѓутоа жаргонот го засновав врз реалноста која што вие не сакате да ја увидите и беше основано и аргументирано тоа што се случува. Значи, како да го наречам поинаку уништувањето на Институтот освен деградација на културните установи.

Тоа што го велите вие, што се однесува на сервилноста не може граѓаните да ги направите исти како вас. Всушност вие сте тие што сте на власт. Вие сте тие што сте во коалицијата и се гледа вие како работите. Ве молам, граѓаните немојте да ги мешате и да вршите тука популизам.

Што се однесува до тоа како влеговте во власта, сите знаеме. Во власта влеговте без услови, без право да поставувате барања со етнички или национални префикси. Токму тоа беше, ВМРО излезе на прес конференција и кажа како влеговте во власта.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 16001 програма 2, подпрограма 20 ставка 426 раздел 16002 програма 3 подпрограма 30 ставка 425 и на раздел 16002 програма 4 подпрограма 40 ставка 425 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратениците Светлана Јакимовска, Владанка Авировиќ, Марјанчо Николов и Оливер Дескоски поднесоа амандман на член 1 страница 1 на раздел 02001 потпрограма 20 ставка 483 и на член 1 страница 11 на раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482.

Комисијата за финансирање и буџет го разгледа амандманот и истиот го поддржа.

Претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата го прифати и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Тахир Хани поднесе амандман на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3Н и ставка 488 по подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482, по кој претставникот на Владата не се произнел.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандмани на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3Ф и ставка 482 во подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставки 461 и 482. Член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3Ф и ставка 482 во подпрограмата 30 и ставката 488. И на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482, член 1 страница 11 раздел 13001 за

додавање нова подпрограма 3S и ставка 482 во подпрограмата 30 и ставка 488, и на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482 и на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3J и ставка 482 во подпрограмата 30 и ставка 488, и на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Станка Анастасова поднесе амандман на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Д и ставка 488 по потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461 и на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма "Изградба на патен правец Св. Николе - с.Кнежје - Ѓузумелци - Милино - Каратманово" и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска и Менде Диневски поднесоа амандмани на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3S и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3И и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3С и ставка 461 по потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3J и ставка 461 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 461 и на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова програма 3Ф и ставка 461 по подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 461 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи и пратеникот Јани Макрадули.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска-Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска поднесоа амандмани на член 1 страна 12 раздел 15020 за додавање нова потпрограма 47 и ставка 471 по потпрограмата 45 и ставката 471 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461; член 1 страна 12 за додавање нов раздел 16101, потпрограма 2А и ставка 482 по раздел 16001 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Б и ставка 488 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482; член 1 страна 11 раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 и ставка 425 по потпрограмата 50 и ставката 403 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482 и на член 1 страна 11 раздел 15001 за додавање нова потпрограма Б1 и ставка 432 по потпрограмата 50 и ставката 403 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 433, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томе Чинговски поднесе амандмани на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3J и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482; член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3S и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482 и на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3И и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи пратеникот Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на Член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Б и ставка 488 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на Член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Становиќ, Горан Сугаревски Маринела Тушева, Никола Куркчиев, Томе Чинговски и Радмла Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседастеле.

Се предлага да се реалоцираат средства од она што се предвидува за доизградба на салата Борис Траковски и да се пренаменат за финансирање на водоводни и канализациски системи кон единиците за локална самоуправа.

Владата не го прифаќа овој амандман од причина што во друга ставка, како што спомнав и во моето излагање по повод Предлог- одлуката обезбедени се 300 милиони денари со оваа пренамена, со оваа Одлука токму за овие намени.

Од друга страна Владата на Република Македонија во буџетот за наредната година, а во тек е подготовка на таков проект, ќе предложи значително зголемување на овие расположиви средства за изградба на водоводни канализациски системи, за што во моментов се

водат преговори со Европска инвестициска банка за обезбедување на средства под поволни услови во износ најмалку 50 милиони евра.

Од друга страна во тек се  разговори со Светска банка во рамките на програмата за соработка со Светска банка од некаде 25 милиони долари за подобрување на услугите во општините за кои што се заинтересирани единиците за локална самоуправа да можат да конкурираат. Со оглед на тоа што навистина ваквата пренамена доколку се прифати не би била во функција на подобрување на општините, Владата уште еднаш повторувам не го прифаќа овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Ќуркчиев Никола, госпоѓата Иванова Цветанка и гопспоѓата Бендевска Весна.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Благодарам претседателе.

Почитуван министер навистина често пати ни се случува при носење на Буџетот или е ребаланс на буџетот ние претставниците од општините од каде што доаѓаме често пати бараме да се издвојат средства за итни и неодложни интревенции, би рекол работи во делот на земјоделието и дозволтете како претседател на Комисијата за земјоделие овој пат да реагирам зошто треба да биде прифатен овој амандман особено во цделот на образложението каде што кажавте дека овие средства се потребни за чистење на каналите како  заштита од евентуалните поплави. Знаете и сам дека особено тоа се случува во есенските денови по есенските дождови, меѓутоа истовремено сакам да потенцирам дека кај голем број на општини имавме непријатно искуство во изминатиот период. Тоа искуство го видовме и во Гевегелија, општината и градот од каде што доаѓа. Имено, во една поплава скоро 90% од населението и објектите  во градот Гевегелија. Мислам дека треба да биде прифатен овој амандман и да се издвојат  овие 60 милиони денари од повеќе прични. Доколку минатата година имавме слична случка и во Валандово каде што им должиме на тие луѓе и на граѓаните во околните населени мест по повеќе основ да им се јавиме и да им помогнеме заради тоа што често пати тој регион е зафатен од невреме. Минатата година не се сетивме на тие луѓе воопшто кога требаШе да дадеме надоместок за елементарните непогоди кои што беа случени таму.

Почитуван министре ценам дека е потребно да нагласам дека токму во општина Гевгелија имаме една брана за која што фалат десетина милиони денари, која што упорно не знам од кои причини Владата на Република Македонија не сак да издвои средства за довршување на истата. Се работи за браната Сарандар која што е започната со изградба во 2006 година.  За целосно завршување на овој проект кој што директно ќе се одрази за поттикнување на социоекономскиот развој во целиот овој регион и ќе се обезбеди дополнителен извор на вода за пиење. Еве, гледаме досега немавме Владата да изнајде можност и начин да биде завршен овој објект.

Кога сум кај браните и одводните канали, должен сум да спомнам дека пред некој месец, не знам дали  и вие бевте во струмичко каде што голем број на населени места доживеаа вистинска катастрофа , па моравме подоцна дел од Владата да се сели таму и да ветува дека ќе бидат обезбедени средства за чистење на каналите. Јас апелирам и до останатите колеги пратеници од парламентарното мнозинство да гласаат за овој амандман од едностввна причина што со чистење на овие канали обезбедуваме плодно земјоделско земјиште, надминување од стравот од поплавување и елементарни непогоди кои  што ги доживуваме секоја година.  Мислам дека постојат повеќе причини овој пат да се надминеме и да гласаме за овој амандман.

Почитуван министер, навистина ќе значи ова ако го прифатите овој амандман за сите семејства кои што се бават со земјоделие. Во изборната единица 4 можеби десетина посто од семејствата не се бават со тоа. Во тоа име навистина и во името на сите оние што им значат овие средства за чистење на овие одводни канали ќе бидам благодарен доколку биде прифатен овој амандман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен гопсодниот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Почитувана потпретседателке,

Почитувани претставници на Министерството за финансии, почитувани колеги, колку да го разуверам почитуваниот колега Ќуркчиев дека никој нема кратка памет меѓу  нас пратениците, а сигурно жителите од општина Гевегелија уште помалку. Поплавите за кои што зборувате се случија на 4 јуни 2004 година и за среќа не повторени. Гевгелија тогаш ја поплави еден канал, кој што ние локално си го викаме раул и кој што минува низ сите урбани едници на гевегелиската општина. Колку што знам ингеренциите за одржувањето на тој канал ги маше локалната самоуправа и констатациите беа дека поплавите беа предизвикани заради неажурност на локаланта самоуправа. Колку да ви докажам дека немаме кратко паметење ќе ве потсетам на првичните извештаи од Комисијата за проценка од штетите од тие поплави, одредени фирми вблиски до вас почитуван колега беа пријавени по милион евра штети од поплавите. А, а по поценак следната година ги продаваа фирмите и го заложуваа под хипотека по 500 илјади евра и се делеа и капом и шаком средства после тие поплави. Се случуваа исто така избори локални и вие бевте токлу издашни во давањето помош и на пополавени и на не поплавени подрачја, едно планиниско село Кованец пред

локалните доби дотации од Владата за истата оваа поплава од 4 јуни 2004 година. Ако сметате дека и оваа Владата треба така да се расфрла од средства на буџетот за чистење на канали кои што се под ингеренции на локалната самоуправа, сметам дека навистина претеруваме.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контрареплика Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Шутаров, навистина сум изненаден од вашата дискусија, ако од ништо друго заради тоа што се ближат локалните избори. Веројатно и тие во Кованец и граѓаните на општина Гевегелија ќе имаат прилика да ја слушнат оваа ваша денешна изјава. Најмалку што вие треба да направите е да се извините на нив, заради тоа што доколку бевте таму кога се случи таа поплава ќе видевте дека тоа беше една вистинска елементарна непогода која што никој ниту ја посакувал, ниту посакувал да се случи.

Што се однесува на одводните канали имаме прилика да ги гледаме претставниците на Владата и токму на оваа Влада на чело со премиерот да ги посетува настраданите подрачја и да ветува токму онака како што и треба помош на настраданите семејства. Верувам дека нема пратеник кој што нема да гласа за овој амандман. Навистина сум изненаден.

**Светлана Јакимовска:** Благодрам

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Мене ми е жал што претседателот не е во овој момент присутен за да ме слушне дека му се заблагодарувам што ја продолжи седницава затоа што во ова време сите земјоделци се дома, приврשени се секако со земјоделската работа и следат кој што прави во ова Собрание ,секако и граѓаните останите не само земјоделците, за да видат како се трошат и расфрлаат парите од граѓаните кои  што го полнат буџетот. Имено, ќе слушнат граѓаните што  бараме со овој амандман како пратеничка група, ќе слушнат граѓаните што мисли опозицијата преку нивните пратеници, искажувајќи го ставот и ќе видат граѓаните или ќе разберат што им ветиле и што навистина им се случува, особено земјоделците.

Со овој амандман како пратеничка група бараме 60 милиони денари за чистење на примарните, секундарните и терцијалните канали во Република Македонија, одводни канали, затоа што овие канали се или нивното чистење е во надлежност на Владата на Република Македонија, на ресорното министерство и дека навистина се потребни вакви средства. Доволен е фактот што изминатово лето бевме сведоци на бројни поплави по населени места. Имено, во вашата програма со којашто ги освоивте гласовите на страна 100 констатирате дека сте ги исчистиле каналите за одвод, ама тоа беше некаде, оваа констатација беше во мај или јуни секако пред изборите кога сеуште немаше дождови и такви поплави и лесно да им кажете на граѓаните и на земјоделците дека сте ги исчистиле одводните канали кои што замислете целосно биле запуштени во изминативе години и дека ќе сте ја оваа практика периодично повторувате во наредниве 4 години. Дека не ја повторувате и дека навистина воопшто не ви е гајле што се случува покажувате и со односот преку вашиот министер со неприфаќањето на овој амандман. Свесни сме особено оние кои доаѓаме од изборна единица 4 што го задеси нашиов регион и Гевгелија и Валандово и Босилово и Дојран оваа година беа зафатени од катастрофални поплави и секако овие поплави беа како резултат на неисчистени канали, одводни канали. Јас не ја прифаќам аргументацијата за неприфаќање на овој амандман од страна на министерот дека сме земале средства од изгрдбата на салата Борис Трајковски. Јас секако го почитуван почитуваниот претседател, секако и објектот што се гради, но сметам дека навистина ветувањето за наредната година ќе предвиделе средства, дека ќе имало 300 милиони денари предвидени  во овој буџет, навистина не држат, затоа што нити се исчистени каналите, а од она колку што ние можеме да разбереме од оваа одлука, која што треба секако треба да биде ребаланс на буџет,  а не одлука, а секако и од предлогот на буџетот кој што ќе следува нема да видиме вакви средства, затоа што приоритет на оваа Влада во овој период од март 2009 година нема да и биде ништо , освен обезбедување на средства, јавни средства на вакви начини со матен начин на префрлање од едно место на друго на тие средства за финансирање на своите локални и претседателски избори. Ова ќе го повторуваме и ова ќе го кажуваме, ова граѓаните го знаат. Го знаат и секојдневно го чувствуваат, огромни пари потрошени за разни кампањи, огромни пари потрошени за разни рекламирања, а кога се бараат пари за конкретни работи се кажуваат аргументации кои навистина не држат. Јас верувам дека ниту еден пратеник од Изборна единица 4 нема да гласа против овој амандман, но не е доволно тоа. Потребно беше пратениците од оваа Изборна единица сите заедно да појдат кај министерот и да го убедат, можеби не од оваа ставка која сме ја напишале, но можеби од некоја друга ставка, можеби од ставката еве да речеме каде што се предвидува 5 милиони евра за изградба каква мрежа беше на Инџиково на фекална канализација на Инџиково или можеби за капитални субвенции на претпријатија и невладини организации, или можеби за купување на мебел на Министерството за внатрешни работи и опреме, или можеби за договорни услуги на Владата на Република Македонија или можеби приоритет на една цела изборна единица, а секако знам и тетовско-полошкиот регион постојано го зафаќаат вакви поплави е обезбедување итно вакви финансиски средства, затоа што и ноември и декември се месеци кога може да се заврши оваа работа и да бидат подготвени земјоделците за наредната сезона. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во прилог на амандманот што пратничката група на СДСМ го поднесе при оваа, незаконска прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници и фондовите, јас навистина барам од почитуваните пратеници од владеачкото мнозинство апсолутно да ја дадат својата подршка и ќе кажам зошто. Државниот завод за ревизија, гледајќи ја годишната сметка на буџетот на Република Македонија во 2007 година установи, за тоа говоревме и дебатиравме дека спротивно на закон господинот Славески дозволил од ставката за тековни резерви, ставка од која требаше да се наплатат, да им се исплати оштета на сите граѓани во Република Македонија кои беа оштетени од поплавите што се случија таа година користени, ако добро се сеќавам за сосема други намени за субвенционирање повторно на македонската радио телевизија, за голем дел средства ако добро се сеќавам за разни прослави, за годишнини, јубилеи, се само не оштета на оштетените граѓани. Затоа, колеги, дајте да обезбедиме средства за она што реално треба. Прво, да се исчистат каналите, превентивно да делуваме а не повторно во очи на оваа есен да дозволиме повторно поплави штети кои ќе ги трпат граѓаните и оштети кои оваа држава нема да ги исплати само заради тоа што некој од ставка загарантирана со закон за извршувањена буџетот ненаменски троши за сосема други популистички и зошто да не партиски цели. Затоа и тоа како е логичен овој наш амандман од 74 милиони евра што оваа Влада брза да ги потроши, да ги прераспредели согласно закон надоцна до 31 декември 2008 година, да ги распределиме само 1 милион евра, да ги заштитиме конечно граѓаните особено од Изборната единица број 4. Не држи објаснувањето што го добивме од господинот Славески кога ни објаснуваше дека тој веќе предвидел 300 милиони денари за општините. И цитирам, бидејќи се обидував да фаќам прибелешки, 300 милиони денари наменети за водоснабдување и канализациони системи, па нели преку Министерството за транспорт и врски ќе ги префрлел до општините.

Не е така. Ние бараме нешто сосема друго, господине Славески. Ние бараме 1 милион евра предвремено да бидат предвидени за чистење на каналите пред да почнат есенските дождови. Значи, никој не се занесува дека во овие 60-тина дена што остануваат до крајот на оваа година дека некој ќе може да обезбеди пари за да започне изградба на водоснабдителни и канализациони системи. Не. Ама може да се обезбедат. Овој Буџет има кондиција. Кога има кондиција да троши за јавна потрошувачка, за непродуктивни расходи, можат да се определат и многу е паметно да се предвидат токму вакви пари, бидејќи бенефитот ќе го види секој граѓанин и ќе биде заштитен од поплави, а не потоа да чека одштети што вие ги ветувате, но за жал не ги исплаќате. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да датат точне број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 12 пратеника, воздржн 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Б и ставка 488 Потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1, страна 11 Раздел 09002 по Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговки и Радмила Шекеринска.

**Јани Макрадули:** За друг амандман се работи. Друг е редоследот.

**Светлана Јакимовска:** Кога го отвори претседателот претресот по амандманот, еве го сценариото. Пишува, отворам претрес по амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Б и ставка 488 Потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1, страна 11 Раздел 09002 по Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски...

Јас сакам да ви кажам дека ова што го прочита претседателелот и кога повика во таа минута за пријавување за збор, ни еден од пратениците кои добија збор, не реагираа на некаква промена по текстот на Предлогот.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Д и ставка 488 Потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1, страна 11 Раздел 09002 по Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратеникот Станка Анастасова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор е пријавена госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитуван министер. Средствата во износ од 3 милиони денари за кои го поднесувам овој амандман, ги барам за довршување на некои недовршени работи во филтерната станица во стариот проект за водоснабдување на градот Свети Николе. Имено за што станува збор. Водата од градскиот водовод во Свети Николе е забранета за пиење и готвење во почетокот на 2003 година по налог на директорот на РЗЗ. Причината за оваа забрана...

Госпоѓо потпретседателке ве молам да ми обезбедите услови за работа мислам дека тоа е многу важно прашање.

**Светлана Јакимовска:** Ве молам пратеници да се сослушаме.

**Станка Анастасова:** Причината на оваа забрана е тогашната анализа која покажа дека водата од градскиот вововод хемиски е неисправна, односно присутни се трихалометани, канцерогени материи.

Ве молам да ми обезбедите услови за работа мислам дека тоа е многу важно прашање...

**Светлана Јакимовска:** Ве молам пратеници да се сослушаме. Повелете продолжете.

**Станка Анастасова:** Ќе повторам.

Причината на оваа забрана е тогашната анализа која покажа дека водата од градскиот вововод хемиски е неисправна, односно присутни се трихалометани, канцерогени материи и други супстанци над максимално дозволените концентрации кои штетно делуваат врз здравјето на луѓето. Веднаш започна да се работи според проектот што го препорачаа од Републичкиот завод за здраствена заштита односно новата филтерна станица веќе беше во изградба, се набави озонатор и кога веќе работата беше при крај се случија локалните избори, дојде до промена на власта на локално ниво. Новоизбраниот и сега актуелниот градоначалник на општина Свети Николе сосема го напушти овој проект и почна да работи од почеток копање на нови бунари, односно некакво алтернативно водоснабдување со бушење на нови бунари за кои што се потрошени над 1,5 милион евра, за да се покаже дека бунарите немаат доволен капацитет да ги задоволат ниту основните потреби на градот Свети Николе. Сега граѓаните плаќаат надоместок за вода како да е прочистена, а всушност таа воопшто не се третира. Почитуван министер, почитувани колеги, дали знаете што значи да чекате цистерна за вода, чиста вода за пиење, ако воопшто дојде да наполните за да зготвите ручек на сопственото семејство, на вашите деца, да се плашите вашето дете случајно да не се напие вода од чешмата, со години да чекате на ред на локалните извори за да наполните вода за да има да пие вашето семејство, со години секојдневно и на сонце и на снег да чекате ред некаде да наполните, бидејќи во Свети Николе живее сиромашно население што не може да си дозволи да купи вода. Дали знаете дека ...

**Светлана Јакимовска:** Јас уште еднаш ве молам колеги пратеници да ја сослушаме колешката. Продолжете.

**Станка Анастасова:** Благодарам потпретседателке.

Дали знаете дека имаме зголемен број на кожни заболувања, зголемен број на воспаление на очите, алергии на кожата поради иритирачкото дејство на хемиски неисправната вода која што веќе е ризична дури и за одржување на личната хигиена. И на крај, најстрашното од се, имаме енормен пораст на бројот на нови заболени од малигни заболувања. Јас би сакала да ми посочите барем едно место во Република Македонија каде што водата е забранета за пиење и готвење барем 6 месеци, а не над 6 години. Финансиските средства што ги барам со овој амандман се мали, но тоа е многу голема работа за нашиот град. Се надевам дека колегите пратеници ќе ја сфатата мојата порака и ќе гласаат позитивно за овој амандман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Ивановска Јаготка, повелете.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам потпретседателке.

Колешке Анастасова, амандманот го поднесовте од некои ваши побуди, затоа што со години наназад овој проект за филтерната станица важи за промашен, поточно кажано за проект на перење пари. Вие како тогашен претседавач на Советот на општина Лозово знаете дека ненаменски се потрошени близу 420 илјади евра од Буџетот на Република Македонија, а сепак граѓаните на Свети Николе не видоа никаква корист. Според наодот на Републичкиот завод за здравствена заштита свесни бевте дека овој проект не дава гаранција за прочистување на водата за пиење. И самата технологија што е предвидена во овој проект не може да даде соодветен третман на суровата вода во браната Мавровица, затоа што имаше енормно големо присуство на канцерогени материи како што спомнавте трихолометани. Органските материи беа присутни три пати повеќе од максимално дозволените. И сметам дека овој проект беше навистина промашен. И денес кога во Свети Николе имаме нови бушотини на здравствено безбедна вода за пиење со просечен проток од 40 литри во секунда, а во иднина очекувам за неколку дена ќе се пуштат и новите два бунари и Свети Николе ќе биде задоволено со 70 милилитри проток на вода за пиење во целост. Проектот, вашиот проект, тогаш знаеме дека градоначалникот на локалната самоуправа беше од редовите на СДСМ е сеуште отворено прашање. И со ова мислам дека само ја потврдувате онаа општо позната теза дека злосторникот секогаш се враќа на местото на злосторството, или поточно кажано по наше,

светиниколски, кој си ја има мувата на капата, самиот си ја ишка. Колешке, јас очекувам дека овој амандман ќе биде апел до надлежните институции еднаш да се затвори прашањето за овој проект.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика има госпоѓа Станка Анастасова.

**Станка Анастасова:** Благодарам почитувана потпретседателке. Ако нешто е позитивно од поднесување на овој амандман тоа ќе биде првото јавување на мојата колешка од Свети Николе конечно да проговори за градот Свети Николе во овој Парламент. Сега нешто друго. Рековте колешке: ваши побуди. Мои побуди, немам јас мои лични побуди. Задоволна сум со животот. Но, вашите побуди да имате добиено претпоставувам добиено земјиште под концесија пред оние сиромашни земјоделци. Тоа е друго прашање, ќе го разгледуваме по друга точка. Драго ми е што се јавивте сега, само сакам пошироката јавност да ја информирам дека колешката нема стапнато на седница на Совет на општина Свети Николе никогаш во животот, нема никакво политичко искуство претходно. Од каде и се овие податоци? Сервирани од градоначалникот? Извинете, мора да ми дадете време за контра реплика. Јас бев нападната.

**Светлана Јакимовска:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 12 пратеника, воздржни 2, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Д и ставка 488 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратеникот Станка Анастасова.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3S и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по амандманот.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се приајвија Цветанка Иванова и Радмила Шекеринска.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Со овој амандман бараме средства за изградба на патот Добрашинци-Брана Турија.

Мислам дека повеќе од потребно е вакви средства затоа што оние што се од струмичкиот регион мислам на пратениците многу добро знаат дека овој патен правец Добрашинци-Брана Турија кој практично поврзува не само населено место со град, не само општина со општина, туку овој пат ги поврзува Браната Турија секако и депонијата која е регионална.

Почитувани колеги, пред изборите имавме илјадници средби со граѓаните на село Добрашинци. Заедно сме биле и со кандидатите за пратеници од струмичкиот регион на средба, сме биле и поединечно, сме биле и за време на кампања, сме биле и надвор од кампања.

Единствената порака на граѓаните последната беше, а на оваа средба присуствувавме јас и колешката Силвана Бонева и сите останати пратеници, беше дека навистина доколку не се обезбедат средства да не доаѓаме повеќе и да агитираме или да правиме кампања во ова населено место.

Колку што ми е познато, а доволно сум запозната, дека населеното место Добрашинци на последните избори даде доверба на ВМРО-ДПМНЕ. Мнозинството на граѓани се одлучија да гласаат за листата на ВМРО-ДПМНЕ се со една единствена цел дека навистина, можеби тие биле поубедителни од нас, не знам, поверувале дека пратениците и парламентарното мнозинство или Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе им го реши овој навистина многу голем проблем за граѓаните на село Добрашинци.

Почитувани колеги, сега веќе ми е јасно дека навистина многу лесно се ветува и лесно се заборава. Ги заборавивме односно ги заборавивте затоа што јас не можам од овие позиции со ништо да помогнам околу изградбата на патот Добрашинци-Брана Турија, меѓутоа, еве сега на сите оние кои учествуваа на тој состанок, последниот состанок, кога заеднички разговаравме за овој проблем им кажувам дека мојата обврска јас, иако не ги добив гласовите на село Добрашинци односно добив, но не победивме како СДСМ таму. Иако не добив поддршка од граѓаните на Добрашинци јас го правам она што како пратеник од опозиција можам да го направам. Јас поднесувам амандман. Амандман точно за оваа намена и барам пратениците од мојот регион, без разлика од која политичка опција се да го поддржат овој амандман, но претходно сакам да укажам дека подржувањето на овој амандман не е

доволно,нема да ги амнестира од она што им го ветиле на граѓаните. Можеби требаше пред да се направи овој ребаланс на Буџетот, за мене не е одлука за прераспределба на Буџетот, да ургираат, да реагираат во Министерството за финансии да се обезбедат вакви средства. Очигледно дека преземените обврски лесно се ветува, но преземените обврски тешко се исполнуваат. Јас мојата обврска кон граѓаните на село Добрашинци секако и граѓаните на овој регион затоа што овој пат служи и за поврзување со депонијата, градската депонија на Струмица која ја користат и општина Василево ја исполнувам својата обврска и понатаму ќе инсистирам не само со амандман, туку со сите средства да можеме да обезбедиме средства за овој патен правец или овој проблем на ова населено место да биде решено. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана потпретседателке, почитувана колешке Цветанка,

ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија никогаш не дала лажни ветувања на граѓаните, така ќе биде и во иднина. Во моментот 100 милиони денари се бараат за патот Добрашинци-Брана Турија во проценти е некаде 2,22% од вкупната сума на средства која се распределува со оваа одлука за прераспределба на средства.

Со оваа одлука и струмичкиот регион, населените места од Струмица, од Босилево, Василево, Ново Село добиваат дел од овие средства, но овде не е влезен овој патен правец, бидејќи средства се обезбедени од Светската банка со наредниот Буџет за 2009 година. Сите оние патни правци кои се приоритет и во општина Струмица и во општина Василево и во општина Босилово и во општина Ново Село ќе бидат реализирани.

Немојте да се грижите дека ветувањата кои беа дадени за најприоритетните патни правци во нашиот регион дека ќе бидат само празни ветувања, напротив, ќе бидат преземени соодветни активности и се што е ветено да биде реализирано во наредниот период. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке Бонева јас не се грижам за вашите ветувања, ни најмалку, јас се грижам да се решат проблемите на граѓаните.

Значи, повторно оваа изјава “не умри магаре до зелена трева”. Три години слушам дека ќе се реши одводниот канал за кој имам поднесено амандман, три години слушам дека ќе се реши патот Струмица-Радовиш кој нема ни плочка сменето. Две години слушам дека ќе се реши и овој пат Добрашинци-Брана Турија, значи 2,2% нема остварено,не вие туку ВМРО-ДПМНЕ каде припаѓате.

Да завршам, јас не се грижам за вашите ветувања, мене ми е добро вие да ветувате и да не исполнувате, но се грижам затоа штои покрај ветувањата остануваат исти проблемите, ниту еден не се решава, а секогаш на секој нареден буџет или ребаланс на буџет, ќе ги извадам стенограмите, ќе видите дека јас ги поставувам истите амандмани, а вие ми ги давате истите одговори.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам .

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Пратеничката Цветанка Иванова говореше за тоа колку е важен овој проект за граѓаните во нејзиниот регион, меѓутоа, мислам дека апсолутно не држат образложениејата дека или нема доволно пари или дека пари ќе се најдат, ама следната година.

Прво, баш ме интересира од каде госпоѓата пратеник има информација дека токму овој правец ќе биде финансиран во рамките на проектот на Светската банка затоа што не и е познато на јавноста. Не е познато ниту на општините кои, се надевам, фер ќе се натпреваруваат околу тоа кој ќе добие финансирање, кој пат ќе биде финансиран и изграден.

(Во 17,58 часот со седницата продолжи да раководи Трајко Вељаноски, претседател на Собранието).

Меѓутоа, јас нешто друго сакам да кажам . Сакав да кажам дека инвестирањето во капиталните инфраструктурни објекти не е само добро за граѓаните кои живеат во различни општини низ Македонија, туку е добро и за македонската економија. За жал, мал дел од дискусијата ја посветивме на едно важно прашање за економијата, а тоа е што се случува со капиталните инвестиции во нашата држава, па и во овие последни две години. Наместо да ги зголемуваме инвестициите во инфраструктурни и друг тип на капитални проекти, кај нас растат само трошоците. Расте администрацијата, а ниту за сантиметар не е подобро од тоа што било, растат платите, а ниту за сантиметар услугите кои ги добиваат граѓаните не се поквалитетни, растат некои договорни услуги за кои никој не знае ниту за што се трошат ниту како, меѓутоа, капиталните инвестиции опаѓаат.

Еден е податокот дека ако капиталните инвестиции биле 15% во 2005 година рипанале на 17% во 2006 година и падналe драматично на 12% во 2007 година, тоа е еден податок кој е многу загрижувачки.

Вториот податок е оној кој денеска го слушнавме и во воведното излагање, а тоа е дека дури и во капиталните инвестиции оваа година кои сите велевме дека треба да бидат повисоки отколку она што предвидуваше Буџетот, само 38% се реализирани. Некои од нив, се надевам еве има уште два месеци ќе се реализираат, можеби ќе се

подобри бројката, меѓутоа, 38% на два месеци пред крајот на годината, тоа покажува дека некој во Владата и  во институциите или не знае како работи или не сака да работи. Ни беа дадени два примери. Едниот е оној тендер за медицинска опрема за кој две години слушаме дека такаречи утре 40 милиони евра вредна медицинска опрема ќе биде на располагање на македонските граѓани година за година тендерот никако да успее и наеднаш преку ноќ тие пари се пренесуваат на други места.

Она што велам успешно се реализира, тоа се тековните трошоци.

Бидејќи најавата дека овој проект би можел да се финансира следната година е ветување кое може да не успее  уште неколку месеци, еве сега ќе дојде Буџетот кај и да е ќе се види за што се наменети парите, меѓутоа, она што е интересно е што денеска имаме сериозно прераспределување на средства помеѓу буџетските корисници, ако навистина мислите дека за овој проект вреди да се дадат пари зошто денес да не ги дадеме парите. Зошто ако пари има тие денес не одлучиме да бидат дадени за граѓаните во струмичкиот регион на кој припаѓа госпоѓата Бонева која така жестоко го бранеше фактот дека пари за нив овој пат нема. Ќе рече дека можеби 100 милиони или 120 дека е многу голема сума, меѓутоа, погледнете го документот кој треба да го усвоиме 100 милиони денари е ништо во споредба на пример 846 милиони денари дадени за договорни услуги во само една институција. И денеска пратениците на ВМРО-ДПМНЕ сакаат да ни кажат дека е расфрлање, како што спомна еден пратеник претходно, ако ги чистиме одводните канали важни за граѓаните на Македонија и ако градиме патишта важни за цели региони во нашата држава, а не е расфрлање на пари 800 милиони, 200 милиони  денари да се трошат за договорни услуги за кои потоа никој не може да им го најде крајот.

Затоа јас би предложила ако Владата и парламентарното мнозинство не глумат, туку навистина мислат дека е ова добар проект,како велат еве го Родос, скокнете денес. Денеска може да се изгласа и амандман кој ќе значи на граѓаните кои можеби еднаш гласале за една друг пат за друга партија, меѓутоа се граѓани кои заслужуваат да имаат подобар живот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија господинот Илија Димовски и господинот Васко Шутаров.

Има реплика господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се  задржам на две поенти од говорот на почитуваната госпоќа Шекеринска.

Прво, би сакал да потсетам дека за прв пат во Република Македонија во последните две години се чистат одводните канали, тоа е факт кој го паметат граѓаните на Република Македонија, претходно дека се случуваа поплави, одредени високи функционери и вршители на високи функции своето време го поминуваа на други дестинации во Република Македонија и надвор од Република Македонија, меѓутоа, би се задржал многу посериозно на првиот дел од дискусијата на госпоѓа Шекеринска во однос на овој проект финансиран од Светската банка  односно со кредит од Светската банка за изградба на локални и регионални патишта во Република Македонија.

Според она што јас го знам како функционираат овие работи и според сознанијата кои ги имам од работата на општина Велес и на Советот на општина Велес знам дека средствата од овој кредит од 50 милиони евра за изградба на локални и регионални патишта се делат помеѓу општините врз база на прецизна формула која опфаќа повеќе параметри од број на населени места до број на жители, до територија и т.н.

Средствата кои ги добиваат општините апсолутно не зависат од тоа дали градоначалниците се во една политичка партија или во друга политичка партија, во трета политичка партија и т.н. Поради тоа што сум се интересирал конкретно за општина Велес од каде доаѓам и знам кој е обемот на средствата кои ќе ги добие општина Велес за изградба на локални и регионални патишта.

Од друга страна Советот на општина Велес во соработка со градоначалникот на општина Велес кој доаѓа од вашата коалиција или не знам дали е сеуште во коалиција,не е битно, ги даде предлозите и размислувањата за повеќе патишта. Од тие предлози одреден дел во рамките на средствата кои се определени за општина Велес ќе бидат инвестирани за изградба на патишта, не е ништо тајно, не е ништо чудно ако јас ви кажувам дека патен правец Мамутчево до Иванковци, ако нешто ви значат тие села, дека ќе биде финансиран со средства од тој проект. Не е тајна во Велес дека патниот правец во правец на Раштани ќе биде финансиран од тие средства ит.н., затоа ме изненади тоа што ги немавте прецизно инфорамциите во делот на тоа како оди постапката и дека целата постапка оди во соработка со ЗЕЛС, со општините, без разлика на која партија припаѓаат и т.н.

Се надевам дека моето укажување ќе ви помогне во вашата работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има контра реплика госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господинот Димовски, ако не се лажам, е координатор на пратеничката група-заменик, се извинувам за грешката, меѓутоа, како заменик координатор можеби треба малку подобро да ја координира пратеничката група заради тоа што денеска од двајца различни пратеници на ВМРО-ДПМНЕ слушаме сосема различна верзија.

Претходно еден друг пратеник тврдеше дека не е задача на оваа Влада да чисти канали, денеска другиот неколку часа подоцна неговиот колега

тврди дека Владата била многу успешна во чистењето на канали. Па и рекламите треба малку подобро да ги искоординирате, ако се фалите за исчистени канали, фалете се сите, а не поединечно.

Што се однесува до кредитот од Светската банка го кажувам она што го слушам на медиуми, а тоа беше изјавата на министерот за транспорт и врски кој тврдеше дека во принцип примената, употребата на овој кредит делумно ќе биде одложена заради лоши проекти предложени од општините. Апсолутно не стана збор за дефинирање на список на патни правци кои ќе бидат финансирани.

Општините можат да предлагаат, можат да имаат консензус но тоа не значи дека тој проект ќе биде прифатен.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе,

Очекував малку повеќе внимание од почитуваната Шекеринска барем внимателно да ме сослуша.

Најлошо од се е кога се има дисперзирано внимание, односно кога се сака да се слушне тоа што сака да се слушне, а уште полошо е после тоа што лошо се интерпретира.

Годишните извештаи почитувана Шекеринска од Државноит завод за ревизија за време на владеењето на СДСМ покажува дека елементарните непогоди од поплави сте ги злоупотребиле за купување на гласови пред локалните избори 2005 година.

Во општина Гевгелија, депониран е еден документ од 22 февруари ми се чини, 2005 година со веќе објавена кампања за локални избори во кој што сте вие потписник на еден документ, во кој што одобрувате над 30 милиони денари средства за оштета на поплавените подрачја во општина Гевгелија кои се случија 2004 година, значи, 8 месеци претходно. На три тури или на три рати праќавте пари. Кога мислев на расфрлање не мислев на тоа трикратно расфрлање што го правевте и што повредивте многу правила на однесувањето. Јас ви кажав расфрлање кога локалната самоуправа е неажурна, неагилна и незаинтересирана, расфрлање кога локалната самоуправа канал што минува низ 7 урбани единици не го одржува со години и чека некој друг да го исчисти и тоа од централната власт. Зошто вие тоа не го направивте 2004 година, туку ги почестивте граѓаните на три пати 2005 со почеток на локалните избори.

Извештаите на Државниот завод за ревизија го покажуваат токму тоа. Со ваш потпис е почитувана пратеничке Шекеринска.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господине пратеник вие изгледа до 2006 година не сте следеле дури ни телевизија. И мислите дека времето почнува од моментот кога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт? Не се сеќавате, не само на природните катастрофи, туку и на реакцијата после тоа. Во еден цел регион, почнувајќи од Моноспитовското блато, не се сеќавате на тоа, затоа што не ви одговара. Меѓутоа, ако сметате дека оштета на земјоделци, граѓани, погодени од поплави, е злочин, тогаш вие треба да се извините на македонските граѓани кои што ве изгласале. Јас сум горда што сум потпишала, еве ме потсетивте, одлука со која што на тие земјоделци сме им овозможиле да преживеат во најтешкиот период од нивниот живот. А престанете да се однесувате како обвинител и судија, бидејќи да имавте некој документ за било каков проблем и било каков криминал направен од моја или од пратениците од оваа страна, досега ќе не шетавте како животни пред камерите. Не ви успеа тоа и немојте ова Собрание да го претворате во судница.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за амандманот гласаа 16 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, 50 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 Раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3-Д и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страница 11 Раздел 09002 птпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 Раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3-Д и ставка 482 потпрограмата 30 ставка 488 на член 1 страница 11 Раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседале.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија господинот Менде Диневски, госпоѓата Весна Бендевска и господинот Јани Макрадули.

Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Амандманот кој го поднесовме кој се однесува за изградба на трибина под Тумбе Кафе, односно стадионот под Тумбе Кафе, е на некој начин ништо во споредба со средствата кои со оваа прераспределба се даваат за изградба на северната трибина на Градскиот стадион во

Скопје, а тоа е отприлика околу 294 милиони денари и притоа се даваат уште 10 милиони денари за изградба на, односно за отпочнување на постапка за изработка на Студија за реконструкција на источната и западната трибина на Градскиот стадион во Скопје.

Амандманот кој се однесува за Тумбе Кафе, е навистина една реална и долгогодишна потреба на граѓаните на Битола, особено, по резултатите кои ги покажа Фудбалскиот клуб Пелистер во изминатиот период.

Имено, стадионот под Тумбе Кафе, веќ подолго време се соочува со потешкотии во одржувањето бидејќи истиот со тоа што е под владение на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти, во исто време е даден и под концесијата, така да веќе не се знае кој го има и кој располага со него.

Единствено во овој момент што се прави е тоа, фудбалскиот клуб Пелистер да се грижи за одржување на редот во самиот стадион и неговара инфраструктура за да може да се одржуваат натпреварите.

Со оглед на тоа дека Битола е единствениот град кој остана и во кој не се инвестирало во изминатиот период во Градскиот стадион, не сакам да напомнам за ова што се случува со Градскиот стадион во Скопје каде што навистина се одвојуваат големи финансиски средства од Владата. Притоа, стадионите во Струмица и во Прилеп со голема финансиска помош од Фудбалската федерација на Македонија успеаја да направат сериозен исчекор во овој дел. Навистина сметам дека шансата за Битола ова да се случи е голема. Поткрепа на ова ни дава и надежта за време на кампањата двајца сега актуелни министри на ВМРО-ДПМНЕ е министерот за надворешни работи и министерот за одбрана, вклучително и целиот тим на пратеници од Битола, цело време за време на кампањата на парламентарните избори 2008 година се шетаа низ Битола со партиските симболи на Пелистер и тврдеа дека многу го сакаат Пелистер и дека се ќе направат тој да ниже посериозни успеси. Не навлегувам во тоа дали истото го правеа и тогаш кога ќе присуствуваа во Кичево, па ќе ги носеа партиските симболи на Напредок, но со оглед на целокупната атмосфера која се градеше во изминатиот период во Битола, навистина ако сакаме да и помогнеме на Битола, очекувам пратениците најмалку од Битола и сите оние од регионот ја дадат поддршката, бидејќи Битола навистина заслужи да има еден ваков објект на кој ќе можат да се одржуваат и поголеми натпревари од републичко ниво. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Котески Никола, повелете.

**Никола Котески:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас на почетокот од оваа реплика би сакал да се заблагодарам на Владата на Република Македонија за издвоените средства со оваа одлука во висина од  170 милиони денари, кои што ги кажа господинот министер во воведниот дел, во однос на индустриската зона Жабени во Битола и по однос на влезот од страната на Прилеп.

Јас би сакал да дадам неколку аргументи и да кажам неколку факти по однос на овој амандман.

Значи, Фудбалскиот клуб Пелистер, или фудбалските работници со претставници од општината, имаат разговори со Фудбалската федерација на Македонија, затоа што во изминатите години со донација од УЕФА, се реконструирани повеќе стадиони, во Прилеп, Струмица и Тетово и ова е една од алтернативите, како може да се најдат финансиски средства за изградба на трибината на Градскиот стадион под Тумбе Кафе.

Потоа, сакам да напоменам, дека Владата на Република Македонија и општината инвестираат и ќе инвестираат во изградба на спортски објекти. Тука ќе спомнам повеќе проекти на кои се работи и ќе се реализираат во следниот период. Тоа е изградба на затворениот базен. Вредноста на проектот е повеќе милиони евра, изработката на главниот проект кој е во завршна фаза од страна на Агенцијата за млади и спорт. Изградба на два фудбалски терени, од кои едниот е во фаза на изградба на Ќумурното игралиште до Градскиот парк, а другото игралиште е во населбата во Горно Оризари. Изградба на спортски сали во неколку основни и средни училишта. Средното Медицинско училиште, Основното училиште Стив Наумов, Основното училиште Гоце Делчев, Средното Земјоделско училиште и Средното Економско училиште. Овие проекти се во рамките на Програмата на Министерството за образование, на повеќе спортски терени од страна на локалната самоуправа, како на пример населбата Долно Оризари и населбата Стрелиште, завршување на Спортската сала во рамките на Студентскиот дом на Универзитетот Свети “Климент Охридски” во Битола.

Во принцип, она што се предлага, а е од интерес на граѓаните за Битола, ние како пратеници од Битола ќе го поддржиме. Но сепак сметам дека ова што се предлага не е ништо ново, туку е промовирана токму од ВМРО-ДПМНЕ на локално ниво и веќе се работи на тоа.

Само да напомнам дека во периодот кога бевте на власт во Битола, Фудбалскиот клуб Пелистер отпадна од прва лига, а Ракометниот клуб доживеа страшен пад на финансиски и организационен план. И немавте никакви вложувања во изградба на спортски објекти. Еден од предусловите за квалитетен спорт е да имаме современи спортски објекти. На ова прашање како што претходно напомнав со наброените проекти, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и градоначалникот на општина Битола работат на оваа проблематика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван колега, наместо некој да ви пишува реплики за да можете да ги прочитате тука и да правите реклама за тоа што ќе направи ВМРО-ДПМНЕ во Битола, да се потрудеше многу повеќе да посветеше внимание на прераспределбата на средствата, ќе најдеа пари за Тумбе Кафе и за изградба на трибини.

Втора работа, немојте во молам заслугите за спортските работници во Битола, заслугите на луѓето кои до вчера го водеа Фудбалскиот клуб Пелистер да ги препишувате на ВМРО-ДПМНЕ, ради тоа што тие не се заслуги на ВМРО-ДПМНЕ, туку на луѓето кои навистина дадоа се во изминатите три години Фудбалскиот клуб Пелистер да биде таму каде што е. Зошто ако е така денес Фудбалскиот клуб Пелистер игра лошо и е на оваа позиција на која што е.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Господине Славески Битола и граѓаните на општина Битола партиципираат и го полнат Буџетот на Република Македонија подеднакво, барем колку и граѓаните на Скопје и општините на градот Скопје.

Зошто ги бараме овие средства, заради тоа што Битола заслужува и е спортски град и заслужува респектабилен спортски објект. Јас ќе прочитам и ќе ве цитирам, кога минатата година во декември исто вака ни понудивте прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници. Вие рековте 300 милиони денари за изградба на Сев ерната трибина на Градскиот стадион во Скопје. Значи, предвидовте лани и велите понатаму, овој дел дозволете со задоволство да ви цитирам, велите овој проект лично го образложи господинот Груевски. Ова е потреба и симболичен гест како не треба да започнуваме некои проекти, со години да стојат недовршени и никој за нив да не се грижи. Таков објект е Градскиот стадион во Скопје, кој со овие средства, потенцирам 300 милиони денари, кои сега се предлагаат, треба да ја добие својата функција и својата комплетна физиономија. Ама не било така. Ќе се вратите на својот, ќе му реферирате, згрешил, избрзал лани, што тврдел дека со 300 милиони денари ќе ја заврши Северната трибина. Вие денес повторно барате за истата таа северна трибина, нови 294 милиони денари. Што е многу, многу е. Ова не е буџет на Град Скопје. Овој е Буџет на Република Македонија. Битола заслужува соодветно и свој дел. Јас навистина, не сакам со моите колеги од Битола, подеднакво сме ги добиле гласовите и затоа ги претставувам. Не сакам да дебатирам што било и што ќе направи Владата.

Еве сега конкретен предлог. Овие 60 милиони денари, еден милион евра за Битоал да започне сериозна реконструкција на своите трибини. Што е тука спорно? Каде има проблем колега Котески. Јас сериозно мислев дека во репликата на колегата Динески ќе му дадете поддршка, а нема да цитирате што ќе предвидите. Нема веќе ќе политика. Ајде да почнеме со реални проекти, бидејќи повторно ќе кажам господинот Славески не беше тука. Тој лани не убедуваше дека Битола 80 милиони денари добила за електрификација. Не е точно. Тие пари лежеа кај Здравев на сметка на МЕПСО. До ден денешен Битола ги нема. Не е електрифицирана индустриската зона Жабени. Сега господинот Талески пуштил, дали сади треба, дали има потреба да сади трева не знам, ама во Жабени нема ништо. И тие пари не стигнаа. Гледаме повторно ги предвидел и повторно реферира господинот Славески. Затоа немојте да му благодарите на 170-180 милиони, бидејќи господинот Славески само кажа дека биле предвидени во овие 74 милиони евра. Ама тие нема да стигнат во Битола, ако судиме според конкретниот пример со минатогодишните 80 милиони евра. Дајте да се бориме за реални пари за општина Битола. А реални пари, за реални проекти. Нам не ни е битно, ние не велиме и не говориме дека овие пари ги бараме сега за нашиот градоначалник на следните локални избори од наша политичка провинциенција, не. Од овие пари бенефитот треба да го видат граѓаните на општина Битола во конкретен проект, кој се вика Трибина на стадионот под Тумбе Кафе. Бидејќи не е доволно знаете на сред кампања да облечете зелено-бели маици и со рака да мафтате знаменца со Фудбалскиот клуб Пелистер. Тоа е апсолутен популизам во време на предизборна кампања. И да поканите, вам ви е лесно, имате огромни буџетски средства на располагање, што од локалната каса, што од централната, доведовте и пеачи, направивте журка. Ама стадионот знаете ли каква руина е во Битола? Значи наместо популизам дајте конкретно да поддржиме еден многу реален проект. Премногу се близу 600 милиони денари за Севрната трибина. Бидејќи како што тргнал господинот Славески и во година, во очи на новиот буџет нови 300 милиони за Северната трибина ќе бара, а ниту ќе има завршено Северна трибина, ниту пак некој друг на локално ниво стадион од периферијата што е подалеку од Скопје ќе забележи свој конкретен развој. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас се придружив на предлагачите, моите колеги Менде Диневски и Весна Бендевска кон овој амандман со цел еден објект кој што е со долги години и традиција во Битола да добие еден лик каков што заслужува со оглед пред се на минатото и почетоците на фудбалот во Република Македонија.

Денес доаѓаме во една ситуација кога се обидуваме да зборуваме за некои средства, во овој случај на доизградба на стадион, да слушаме прочитани или напишани реплики кои апсолутно немаат врска со она што се дискутира и ако сабајле имавте еден став кон пратениците од

пратеничката група на ЛДП, очекувам денес да продолжите и попладнево со ист став кон пратениците од ВМРО ДПМНЕ. Имено, ние бараме со амандманот пари за стадион на кој ќе се игра фудбал главно, а колегата од Битола вели дека не треба пари бидејќи има изградено базен. Сега, можеби ВМРО ДПМНЕ фудбал практикува и во базен да игра, ама парите што се бараат се однесуваат на стадион и за изградба на трибината.

Она што посебно ме израдува е што колегата Котевски рече дека се водат преговори со Фудбалската федерација и тогаш знам дека случајот ќе се реши, бидејќи тука имаме еден претставник господинот Илија Китановски кој што заедно со Александар Николоски во бањарки ги виде цела Македонија дека на сметка на некого, се претпоставува на Фудбалската федерација, надвор од законот - за Китаноски тоа не важи бидејќи тој е член на Фудбалската федерација - некој на Николоски му купил карта што чини сигурно повеќе од 50 евра, со што го прекршил законот за спречување на корупција и отиде да гледа фудбал во Исланд, да навива за Македонија. За жал, како малери изгубивме таму, бидејќи очигледно публиката не ни се погодила. Тие се 300 илјади народ, ние отидовме со цел авион, публиката веројатно била иста очигледно, можеби не ни отишле на утакмица бидејќи во тие бањите каде што престојувале видовме дека многу убаво се осеќаат и во бањарки и многу убаво изгледаа.

**Трајко Вељаноски:** Господине Јани Макрадули, што има врска сега тоа со амандманот?

**Јани Макрадули:** Има, тоа ме израдува, знам дека ќе помине амандманот, односно ќе се изгради стадионот бидејќи колегата Котески рече дека водат преговори со Фудбалската федерација а тука еминентни претставници на Фудбалската федерација седат во клупите на ВМРО ДПМНЕ и очекувам дека таа работа ќе се заврши и наместо во базен ќе се префлат да играат фудбал таму каде што им е местото, а тоа е на стадион.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги и посебно колега Макрадули.

Ако вие водевте толку сметка за градот Битола ќе доаѓавте почесто. Меѓутоа, циркузијадата продолжува тука. За градот Битола џабе се обидувате, бидејќи градоначалникот е успешен и Битола е градилиште. Никаде во Македонија нема толку изградби како во Битола. Сега само ќе ви кажам околу она што го барате како амандман. 14 спортски терени никогаш немало во Битола, изградени се. Еден фудбалски стадион е во завршна фаза, еден фудбалски стадион е на почеток.

Почитувани колеги, потсетете се во време на Вршковски што направивте, како бомба да падна во Битола. Срамота е од граѓаните, да се срамите да говорите. Срамота е, треба да се засрамите, јас мислам и да престанете да поднесувате амандмани кои не држат место. Никогаш ваква Влада сме немале и никогаш во Битола не се инвестирало толку. Колку и да се обидувате, знаете вие кој е Владимир Талески. Колку и да ви биде криво, Владимир Талески е борј 1 од градоначалниците, тој е пример како треба да работи еден градоначалник.

**Трајко Вељаноски** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, ме радува што во Битола сега ќе има три фудбалски стадиони и се надевам дека ќе има и соодветен број на клубови кои ќе можат да ги претставуваат на секој од стадионите посебно, кои се сега слушаме во завршна фаза.

Инаку, после 1 јуни јас имам одржано повеќе средби во Битола од колешката, тоа лесно може да се провери, а бидејќи бев пред два три дена таму за стадионот што бараме пари и што е единствениот фудбалски стадион не се гради.

А тој што велите дека е градоначалник број 1, е градоначалник број 1 по криминал. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Котевски Никола, повелете.

**Никола Котевски:** Јас би сакал да реплицирам на дискусијата на пратеникот Јани Макрадули. Неговата дискусија, пола дискусија говореше за нешто друго, а не за она што го имаат предложено со амандманот. Проектите ги набројав чисто од аспект кои спортски објекти се планира да се изградат во Битола. Тука би сакал да му укажам на една работа дека е недоследен во дискусијата и не памети што говорел пред 6 часа.

Во расправата по Предлогот на одлуката господинот Јани Макрадули го кажа следното: непродуктивно распределени средства во изградба на трибини и спортски сали и понатаму продолжи: во функција на локалните избори најмногу во Прилеп и Битола. Значи ова сега што го говореше и што се јавува како овластен предлагач на амандманот нема врска со она што го говорел на почетокот од дискусијата по Предлог одлуката.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Тоа зборувам и јас дека кога ќе ги дадете парите на Талески за противпожарно возило тој ќе купи Ауди и дека кога државата дава пари на пример за Жабени, како во декември што даде господинот Славески, тие пари отидоа во МЕПСО кај Здравев. Сега се плашам сите овие пари што ги има дека нема да завршат таму каде што треба и дека ќе имаат ќар граѓаните на Битола, туку тоа ќе има кругот околу Талески и после со едно ливче кое до Антикорупциска комисија веќе има претставка, ќе отиде и на тие од театарската претстава каде што е тој дел и

каде што бил, ќе му поклони 350 илјади денари без одлука на Совет, за што веќе има поднесена иницијатива во Антикорупциска комисија. За тоа зборуваме, да го спречиме сега тоа, ќар да имаат граѓаните на Битола. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодрам.

Реплика има господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Јас ќе го поддржам овој амандман, но мојата реплика е нешто друго. Мислам дека вака сега со амандмани кога интервенираме да се доделат средства за некои проекти, а и за основните решенија во оваа одлука, забораваме дека утре задутре е 1 ноември, постапката за капитални потфати за инвестиции трае со месеци и дали документациите се готови, дали ќе има жалби итн., така што целата оваа работа ми е многу нејасна, зошто е и одлуката, зошто мислат дека има време да ги направат овие работи, освен ако немаат резервни сметки некаде да ги придржат парите, па после да му ги платат однапред на тој што мислат дека ќе добие, потоа да го следат дали тој го направил тоа што го направил. Доцна е сега за ваква одлука. Инаку, мислам дека е наместо овој амандман, само нема време да се спроведе, еве и да го усвојат нема време да се спроведе.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е заввршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да гласаме по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Во салата нема кворум и присутните пратеници чекаат да се создадат услови за гласање)

Во салата има повеќе од 61 пратеник.

Го повторуваме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 11 пратеници, 2 пратеници гласаа воздржано, 45 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3-S и ставка 482 по подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3-S и ставка 482 во подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Томе Чингоски и Јани Макрадули.

Процедурално, пред да продолжиме понатаму, има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Претходното мое гласање по амандманот беше за, меѓутоа бидејќи се пријавив за процедурално се регистрира како воздржано.

Со писмо побаравте од нас пратениците, и тоа право го имате, да работиме до доцна во ноќта до завршувањето на оваа седница. Ние сме тука и ќе ве молиме, бидејќи работиме на ваше барање да си ги обезбедите пратениците од вашата пратеничка група за да не се задржуваме и да губиме време во ноќните часови а знаете дека треба доцна во ноќта да се враќаме и дома.

**Трајко Вељаноски:** На погрешна адреса за пратеничка група го лоцирате барањето.

Инаку, од ваша страна беше барано континуирано да се работи, затоа јас ја продолжив седницата после 18,00 часот.

Продолжуваме понатаму.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се пријавија господин Чинговски Томе и господин Макрадули Јани.

Има збор господин Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, гледам дека министерот е отсутен од салата, за жал. Се работи за амандман за доизградба на колекторскиот систем од Лагадин до Пештани, а за тоа актуелниот министер кој е родум од охридскиот регион требаше да биде присутен и очекував дека овој амандман ќе биде од страна на министерот прифатен. Меѓутоа, што е тука е. Очекував да биде прифатен, ќе кажам и зошто.

Министерот на секое негово доаѓање, дали за време на предвремените парламентарни избори, дали во приватни посети или било каков тип на посети во Охрид им кажува на своите сограѓани дека веќе овие средства за довршување на коректорскиот систем од Лагадин до Пештани веќе се завршени, веќе се обезбедени и дека секој момент ќе бидат префрлени во локалната самоуправа или покажуваат некои документи дека некои сердства биле префрлени, но еве и неговото отсуство кажува дека министерот ја кажува невистината пред своите сограѓани. Жалосно е за еден ваков објект како што е колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро Владата и овој пат да не најде разбирање да помогне во овој дел на градот.

Остварувајќи ја својата функција, општина Охрид своите приоритетни активности ги насочи кон реализирање на инфраструктурните проекти кои суштински ќе го подобрат квалитетот на животот на нашите граѓани, но ќе придонесат и за развој

на туризмот и за заштитата на животната средина како наша стратешка определба. Во таа смисла, реализацијата на проектите за изградба на канализациска мрежа на територијата на општина Охрид има за цел таа да се прошири на што е можно поголема територија, на која ќе биде опфатен поголем број на население и да се дореализираат отпочнатите и запрените активности за прифат на отпадните води кои вршат директно или индиректно загадување на водите на Охридското езеро. Од колегата Андов во неговата претходна дискусија беше кажано дека ова е една од стратешките цели не само за општина Охрид, туку и за Република Македонија, но очигледно вам ви се многу побитни рекламирањата на Владата и други презентации кои ќе ви носат ситни профитерски поени, а не ви е интерес граѓаните на општина Охрид и воопшто граѓаните на Република Македонија. Токму заштитата на водениот ресурс значи отпочнување на сложени градежни активности кои истовремено зафаќаат големи финансиски средства. Градежните активности за реализација на проектот за заштита на Охридското Езеро кој предвидува изградба на секундарна канализациона мрежа во село Пештани, секундарен колекторски систем на потегот Лагадин - Пештани и изградба на пумпни станици. Кога велам на секундарна канализациска мрежа, мислам на секундарните и примарните канализациони мрежи кои се отпочнати од страна на локалната самоуправа и се во завршна фаза,од прилика 90% се завршени.

Меѓутоа, сеуште се чекаат средствата од Владата на Република Македонија кои долго време веќе 3 години откако сте на власт ги ветувате, а никако да стигнат. Тука е и она што се спомна, долговите на меѓуградското јавно претпријатие Проаква. Долговите се наследени со изградбата и со одржувањето на колекторскиот систем. Стотици иљади евра одат на месечни трошоци на потрошена електрична енергија кои се во функција на заштитата на Охридското езеро. Значи, стотици илајди евра се трошат на одржување на колекторскиот систем и потрошувачка на електрична енергија на истиот систем кои средства треба да ги плаќаат надлежните министерства, затоа што колекторскиот систем е за заштита, неговата функција е конкретно за заштита на водите на Охридското езеро. Знаеме дека целокупниот воден ресурс, рибен фонд. Крајбрежието на Охридското езеро е под ингеренции на ресорните министерства. Апсолутно општината нема никакви ингеренции во тој дел, а сите трошоци паѓаат на товар на локалната самоуправа. Покрај жителите кои живеат на овој простор, ефектите од реализација на проектот ќе бидат позитивни и за голем број на угостителско туристички објакти кои егзистираат долж крајбрежјето на Охридското езеро, тоа значи поголема можност за развој на туризам и дирекни вложувања во туристичкиот бизнис. Во овој момент привршуваат градежните работи за изградба на секундарната канализациона мрежа во Пештани, односно завршени се над 90% од мрежата, а интензивно се работи и на ревитализација на постојниот и изградба на нови секундарни колектори во должина од 1500 метри кои преку две шахти треба да ги прифати отпадните води освен село Пештани и околните населби. Профункционирањето на пумпните станици за кои што веќе е набавена потребната опрема, се очекува да биде до крајот на годината до кога ќе бидат изградени потребните објекти и кога целосниот систем ќе биде пробно тестиран. Досегашните зафати се целосно реализирани со финансиски средства од општината. Значи, апсолутно тврдам, ниту еден денар од Владата, од ресорните министерства не се вложени , не се испратени до локалната самоуправа. Повторно ќе кажам дека министерот го користи секое негово присуство во Охрид на своите сограѓани да им кажува дека за таа намена се набавени средства и дека со тие средства колекторот еднаш за секогаш ќе се реши. Тоа не е точно и мислам дека овој пат министерот, знаејќи дека овој амандман е на ред, намерно ја напушти салата за да не реплицира на ова што го кажувам јас. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов**: Јас сакам само ина господинот Чинговски да му обрнам внимание, бидејќи за инвестицијата од Лагадин до Пештани, таа магистралната мрежа треба да се врзе со секундарната мрежа која вие ја градите. Нема време до Нова година ни одлука да падне, ниту нешто да сторите, нема време. Кратко е времето. Комплицирана е постапката по Законот за јавните набавки. И затоа ова веќе се депонира и јас се придружувам во буџетот за идната година да се вклучи овој ваш амандман. А ова што вие го барате за иградба сега во овој момент, бидејќи не гледам дека може да се оствари. Предлагам парите од нив да се платат старите долгови на Република Македонија се тие долгови за колекторот. Да нема застој, случаен застој на функцијата на колекторот. Да се платат тие долгови и да се платат долговите. 270 иљади евра се за Дојран кои не се платени, исто се на Република Македонија. Јас не знам како тоа се заборава ли, или ги губат актите , не знам што се случува во нашите министерства. Зошто тоа не се плати, тоа се нивни долгови, тие долгови се долгогодишни и треба да се измират. Така што јас и за овој амандман ќе гласам,заради тоа што ја подржувам таа идеја. Мислам дека е многу корисно и потребно до Св. Наум да се истера колекторот. А сега во оваа фаза нека се истера до Пештани. Мислам дека е реално, како што мислам дека е нереално се Владата што предлага да го изгради сега со овие одлуки паметно да ги потроши парите за да не се прават манипулации со нив.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господниот Томе Чинговски.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе,

Благодарам и на почитуваниот колега Стојан Андов.

Точно е и јас го кажав тоа дека долговите се од Владата на Република Македонија за изградба на овој дел кој е во фунција. Значи имаме колекторски систем од Охрид до Метропол кој е во функција, кој фунционира, фунционираат и пречистителните станици. Значи, сето тоа е во ред. Меѓутоа долгот наместо да го плаќа Република Македонија која е и реален долгувач, го плаќа општината Охрид. А јас сега барам со овој амандман средства за доизградба на колекторскиот систем од Лагадин до Пештани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов**: Благодарам претседателе,

Јас уште на самиот почеток ќе кажам дека овој амандман ќе го гласам, ќе го прифатам како амандман затоа што се работи навистина за суптилна материја која што треба од еколошки аспект и она што се вика начин на живеење да го реализираме. Но, господинот Чинговски најверојатно како млад и амбициозен па не обрнал внимание на претходните парламентарни состави за да дојде до сознание дека во изминатиот период, значи за изминатата година ќе кажам дека Министерството за транспорт и врски одобри 3 милиони денари за оваа намена. Дали овие средства се искористени господине Чинговски, или не , тоа е прашање на локалната самоуправа и на градоначалникот на Охрид. За она што сакам да напомнам значи во името на министерот Трајко Славески, бидејќи не сте запознаен еве би сакал да ве запознаам дека веќе во буџетот значи за 2009 година се влезени за реализација за овој потег, поточно за securitization за пуштање во функција на колекторскиот систем од Пештани до Метропол 4 милиони денари. Значи,во буџетот за 2009 година веќе се планирани. Мислам дека тоа можевте да го слушнете и во претходниот период кога министерот Трајко Славески укажа дека за таа работа , поточно за она што се нарекува колекторскиот систем од Пештани до Метропол ќе се обезбедат средства. Тој она што го вети, господине Чинговски и го исполни. Значи, во 2009 година се зацртуваат средства од 4 милиони денари како би можел да биде пуштен во употреба колекторскиот систем. Инаку, уште еднаш би сакал да кажам дека овој амандман на господинот Чинговски ќе го гласам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Томе Чинговски.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитуван претседателе, благодарам Цветко.

И редно беше амандман кој се однесува на Охрид да прифатиш , затоа Што на граѓаните на општина Охрид не им се доволни зборови. Како на мој драг пријател би ти кажал дека во овој момент немаш никакви познавања од доизградбата и од фунционирањето на колекторот и затоа спомнуваш такви смешни суми 3 милиони, 4 милиони денари кои што 3 милиони денари Министерството за транспорт и врски ги префрли директно на АД Гранит за изведување на некои минимални технички работи.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Прво, подобро е во животот да сте млад и амбициозен отколку да сте стар и кавгаџија. Во подршка на овој амандман на кој што се придружив на колегата Чинговски кој што добро образложи за што станува збор, за доизградба на колекторскиот систем од Лагадин до село Пештани. Сакам да дадам едно појаснување и кон она што господинот Андов го загатна. Имено, во самот експозе господинот Славески кој што се сложувам како и господинот Чинговск што констатира бидејќи нема сурат да се појави после во Охрид, одеднаш нестана од овде од собранискитe од пурпурните фотељи, бидејќи не ќе знае како да го објасни и образложи зошто Владата не се определила да дава средства за овој потег, за овој систем. Сакам да го потсетам и господинот Андов, но пред се јавноста дека министерот Славески во своето експозе условно кажано на почеток кажа дека Владата ќе издвои со оваа пренамена 300 милиони денари за локални проекти. 300 милиони денари ќе бидат потрошени во овој период при што 23 се за проекти во ВМРО- овсски општини , 7 во СДСМ општини градоначалници што ги водат и една е Сарај. Тоа што ДУИ нема добиено ниту денар, тоа е одлука на министрите на ДУИ во Владата. Но тоа не го спориме. На пример , во Гази Баба ќе се прави водовод во Булачани , водовод во Раштак, водовод во Винич и водовод во Камник што чини многу милиони денари. Ама тоа демек ќе било до крајот на годината. Не, 300 милиони денари се даваат по општините за да градат нешто за да покажат неуспешните градоначалници од ВМРО ДПМНЕ дека нешто сработиле. А нешто што е државно, Охридското езеро е светско, тоа е под заштита на УНЕСКО. Господинот Ставрески кој што има потекло од тука некаде приближно до езерото, вели дека тоа е, дека државата не ја гледа како дел од проблемот. Зборуваме за наплаќање на долгот кон ЕВН кој е тесно поврзан со изградба на колекторскиот систем. Значи, Ставрески и Владата на ВМРО ДПМНЕ не го гледаат како дел од проблемот долгот кон ЕВН и дека тоа треба оној што го стопанисува односно се е префрлено во локалната самоуправа и меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква. Но, од друга страна сакаме преку УНЕСКО да зборуваме за заштита на Охридското езеро сакаме да претендираме и да конкурираме за проекти кои ќе го заштитат Охридското езеро, ама ние како Влада кога избираме дали да дадеме пари, на Охрид не даваме пари, бидејќи станува збор за градоначалник што е од редовите на СДСМ. И затоа останува нејасно како ќе зборуваме за промоција на туризмот на една од

најубавите работи што ја има Македонија а тоа е Охридското езеро кога државата се одлучува, Владата се одлучува да ризикува ЕВН заради ненаплатен долг го исклучи да кажеме колекторскиот систем и на тој начин настане катастрофа на Охридското езеро, еколошка катастрофа на самото езеро, но катастрофа на туризмот и на цела Република Македонија. затоа има многу смисла да се направи една посебна, имало многу симпозиуми, конференции за заштита на Охдриското езеро . Владата мора да сфати дека ако сака да ја промовира Македонија преку туристичките бисери и убавини мора да сфати дека тоа го прави за граѓаните на Охрид и на државата Македонија со помагање на општината Охрид, а не со тоа дека ќе му наштети нешто на рејтингот, угледот, или на градоначалникот , а со тоа и на партијата која што го кандидирала на претходните избори. И затоа кога се даваат пари за многу непродуктивни работи, мислам дека можело и морало да најде место овој колекторски систем од Лагадин до селото Пештани, да најде место во програмата на Владата во тие 300 милиони денари и овие 30 милиони денари што се бараат овде се доволни кои што многу повеќеструко и повеќекратно ќе се вратат со промоција на една поздрава средина, еколошки почиста средина која што само ќе привлече повеќе туристи од странство. Колекторскиот систем реков, доизградбата на колекторскиот систем е во права пропорција со потрошувачката на електрична енергија што ја користи системот како концепт , како систем . И затоа мислам дека, тоа дали во пумпите на колекторскиот систем ќе има иле не, електрична енергија не е само работа на локалната самоуправа. Тоа е работа за којашто државата мора да собере сли да влезе и во помагање на локалната самоуправа, да помага во промоцијата на склучување на договори на меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква како што тоа се случи со Швајцарската конфедерација. Се извинувам ако грешам, но мислам дека со нив се склучи договор. Практично јавното претријатие без денар помош од Владата успеа да сервисира еден огромен долг кој што го наследи од 2005 година локалната самоуправа помина во раководење или менаџирање на луѓето номинирани или кандидирани, а потоа избрани од СДСМ, а избрани од граѓаните на Охрид. Ние сите имаме долг кон најубавите работи во Република Македонија да водиме посебна грижа. Охридското езеро е едно од тие. Има повеќе такви во Република Македонија. Ние за жал во една анкета, ќе направам мала дигресија дури не ни се обидовме да конкурираме за светските убавини, или светските чуда, бидејќи не знаеме да го цениме ни она што го имаме. И наместо да разговараме за тоа како да ги зголемиме квалитативните и компаративните предности на Охридското езеро, ние влегуваме во една варијанта да Владата мисли дека ако покаже дека локалната самоуправа има лош стопан на тој начин ќе придонесе за победа на изборите , а никој не гледа дека граѓаните на Охрид, но и на цела држава ќе живеат полошо. Јас очекувам дека не само ја гледаме тенденцијата како оди гласањето. Пратениците од ВМРО ДПМНЕ што доаѓаат од соодветната општина, за амандман од својата општина гласаат. Така гласаше и Силвана Бонева за амандманот од Струмица, господинот Котевски гласаше за амандманот за стадионот. Само Анета Стефановска си гласа против својата општина, тоа го знаеме и од претходните две години. И сега ме радува што господинот Цветко Грозданов ќе го поддржи овој амандман од господинот Чинговски. Но, мислам дека сите пратеници што барем еднаш стапнале годинава како што со 350 автобуси сите дојдоа во Охрид на митингот и направија хаос во градот од нечистотии. Тогаш да важеше Законот за чистота, Охрид ќе станеше милионерски град само од тоа што се расфрли тогаш. Мислам дека имаат обврска сите оние што дојдоа на митингот, првиот на ВМРО ДПМНЕ и направија хаос во градот да гласаат и да го подржат овој амандман со којшто ќе добие Република Македонија, а нема да добие ниту овој , или оној градоначалник сегашен потенцијален, или иден, туку пред се ќе добијат граѓаните на Охрид но и цела Република Македонија. Како доказ ако не водиме грижа ние самите не ќе можеме ниту од УНЕСКО, ниту од другите институции да добиваме пари за помош за зачувување на флората, фауната, за целата екологија и заштита на средината околу Охридското езеро. Затоа се надевам дека овој амандман ќе добие најголема подршка досега од парламентарното мнозинство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално бара госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Би сакала да ми кажете по која одредба од Деловникот го избришавте колегата Томе Чинговски кој што беше пријавен за реплика. Имено, согласно член 89, на секој пратеник кој побарал збор, без разлика дали е од позиција, или од опозиција да исправи неточно пренесен навод, или навод што предизвикал недоразбирање, претседателот ќе му даде збор, реплика кога говорот ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од исправката.

Затоа ќе ве молам можеби јас не знам, или доволно не разбирам да ми објасните по која одредба од Деловникот го избришавте колегата Чинговски од мониторот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На координацијата која што претходно ја свикавме и ја одржавме, договорено беше да реплика во иста пратеничка група не е дозволиво и не е допустливо.

Мислам дека и претходниот парламентарен состав го имаше и во претходниот Деловник и во сегашниот Деловник, ако прејдеме во таа ситуација да имаме реплика во иста пратеничка група, до тој степен ќе го делвалвираме и Собранието и Деловникот, што мислам дека не е во ред за сите. Само од таа причина.

Грозданов Цветко реплика, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас бидејќи бев спомнат, би сакал да укажам господине Макрадули, мислам дека сте понесени од она што на младите светот останува, но физиолошки е човек да старее и да созрева и време е и вие да остарите и да созреете.

Второ, кога би била сега пролет и кога би дошла би рекла, блазеси им на зелените, доаѓа пролетта. За да ви кажам само и да ве потсетам, вие воопшто не знаете каде е тој потег и не ги познавате околните места за кои и зборувате, а не да знаете за кои проблеми се среќаваат овие граѓани. Значи, граѓаните од Пештани, граѓаните од Делчани, граѓаните од Коњско, така што господине Макрадули немојте да ја замајувате јавноста, се јавивте само околу она што се нарекува ЕВН, затоа што многу интезивно се дружите со одредени личности кои што добро ја познаваат проблематиката од ЕВН. Но, да го ставиме тоа на страна, јас би ве запрашал дали вие знаете колку во изминатиот период Владата на СДС обезбедила средства за подобрување на еко средината, поточно за пуштање во употреба на колекторскиот систем во Охрид. Доаѓате во Охрид само за да ги набљудувате митинзите на ВМРО-ДПМНЕ, доаѓате во Охрид само кога ќе имате изборна кампања, но за жал, поради вашата слаба посетеност на претходните избори немаше што да се чисти во Охрид. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас она што го знам, го зборувам, а тоа се фактите кои што лесно можат да се проверат. Заклучно со 31 мај 2006 година меѓу општинското претпријатие Проаква имало на име на стар долг скоро 81.955.992 милиони денари долг. Заклучно, господинот Цветко Грозданов бил советник од 2005 до 2006 година, што значи дека во тој период не се сервисирала обврската по основ на електрична енергија многу години наназад. Но, знам дека со 30.09.2008 година на име на стар долг отпишани 65 милиони и 11 милиони нов долг без денар или евро позајмица од други институции, се со добро менаџирање на локалната самоуправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** добро, јас оваа реплика на господинот Макрадули ја давам од една причина што тој ме спомна и мисли дека или погрешно ме разбра или јас не го разбрав него, да видиме. Јас не сум против овој амандман, ќе гласам за него и мислам доцна е што не е тоа изградено. Исто така, кажав дека треба дека до Св. Наум треба да се направи. Треба долговите направени таму за колекторот треба да си ги плати Владата, мислам на старите долгови. Сега само да му кажам и на Цветко дека јас со никој од ЕВН не се дружам, ама мислам дека на ЕВН треба да им се плати тоа што си го побаруваат законски, а треба да го плати оној кој е должен, а тоа е Република Македонија, а не општината Охрид. Охридското езеро ако го оставиме само на Охрид да го плаќа, треба да не одиме никој таму и да не го видиме итн, дека не ни припаѓа на сите нас и на цела Република. Мислам дека тоа е нечесен однос да се остава само на општината Охрид тоа да го плаќа. Треба да се платат тие долгови. Ова што министерот рекол дека многу пари 300 и кусур милиони денари ќе се потрошат во повеќе општини, не знам колку од ВМРО, колку од СДС итн, и за сите тоа треба да важи ова мое сомневање дека не може да се направи таа работа, бидејќи нема време. Јас го знам министерот како чесен човек, Трајко Славески го знам и знам обично настојува да зборува вистина, но овде во прашање е политика и оваа работа е предложена за политичка работа. Останува законот, тие не го менуваат законот да се скратат роковите. Јас мислам дека и за Булачани и за секаде таа работа нема да биде. Тие нема да имаат водоводи и не знам што таму во општините, ама ќе слушнат и ќе им дојде арно, ете видиш Владата мисли на нив. Тоа е целата работа. Немаме време да се направат тие потфати. Тоа е основното, а долгот е јасен и треба веднаш да го платат. Долгот и за колекторот во Охрид и за колекторот во Дојран. Затоа, јас притискам таа работа да се заврши, да се однесуваме чесно како граѓани на оваа земја, како одговорни луѓе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сакам да се дообјаснам во контрарепликата, а дека овие пари ќе одат ненаменски е најдобар доказ со градоначалниот број 1 во корупцијата градоначалникот на Битола. На 27 декември 2007 година со ваква пренамена одлучи парламентарното мнозинство парите да одат за електрификација на индустриската зона Жабени. Сега, кога после една година не одговори на ниедно советничко прашање каде се парите, вчера како алиби зеде да гради, демек почнала таа. А, денес ние ќе донесеме одлука, односно вие ќе донесете одлука истата таа сума на пари пак да му се даде за истата електрификација, како таму Лас Вегас ќе се стори случајно работата. Затоа, ова е чиста политика пред локалните избори кои што и самиот министер призна дека 300 милиони денари се наменети за тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 19, воздржани нема, против гласаа 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3S и ставка 482 по Потпрограма 30 и ставка 488 и на член 1 страна 11 Раздел 09002 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3И и ставка 482 по Потпрограма 30 и ставка 488 и на член 1, страна 11 Раздел 09002 по Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија госпоѓа Бендевска Весна и господин Диневски Менде.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Господине министер најсериозно очекував дека од петте понудени амандмани што ги поднесовме заедно со мојот колега Менде Диневски, каде ни се приклучи и Јани Макрадули, ако имате волја да прифатите макар и еден и со тоа да покажете сериозен сенс и волја делче од оваа распределба да пренамените и кон општините кои не се дел од градот Скопје, очекував да го прифатите токму овој амандман. Ако ништо друго, бидејќи бараме најмал износ, освен ако навистина се работи за нешто сосема друго. 4,5 милијарди денари што сега ги нудите на усвојување пред Собранието на Република Македонија да се предвреме насочени согласно вашите проекции пред Собранието да го одобри тоа. Зошто го велам ова? Бидејќи, на ланската ваква распределба го покажа токму вашата сериозна намера овие пари воочи на поминувњето на рокот што треба да се потрошат согласно закон, ги обезбедувате и ги прераспоредувате на безбедни сметки со сосема други намери. Тоа токму се случи со 80-те милиони евра во корист на МЕПСО наменети за електрификација на индустриската зона Жабени. Со овој амандман господине Славески бараме 5 милиони денари за да продолжи започнатиот проект што започна во време кога господинот Благоја Стефановски беше министер за култура, а тоа е проектот реновирање на битолските фасади на Широк сокак. Јас верувам дека не постои граѓанин на општина Битола навистина што не се гордее токму со овој проект. Ама проектот, веднаш кога господинот Талевски, најуспешниот градоначалник, како што вели мојата колешка или бројот 1, нешто не го продолжи, па овие 5 милиони денари ќе бидат неопходно потребни за да се санира првобитната состојба во која беа доведени во време кога СДСМ ја предводеше Владата на Република Македонија. Широк сокак е обележје на Битола. Ајде да не дозволиме да пропадне како проект со оглед на тоа што веќе Битола како општина промовираше еден многу сериозен проект за развој на туризмот. 5 милиони денари се апсолутно незабележлив дел со 4,5 милијарди денари што господинот Славески очигледно веќе ги распределил, имаат своја намена се знае за што се. Тоа се потреби на партијата ВМРО-ДПМНЕ во очи на двата нови изборни циклуси, локалните и претседателските.

Господине Славески, повторно ќе цитирам, од минатогодишната одлука велите, Министерството за култура ќе добие или носител од областа на културата сте предложиле зголемување од 100 милиони денари наменети за цитирам: “споменици на мостот Обединети Нации на други локации во главниот град на Република Македонија”. Па, ако во минатогодишната прераспределба сите пари од областа на културата сте ги намениле само за потреби за главниот град, а притоа од тие 100 милиони денари наменети за мостот Обединети нации нема ни почеток од градба. Каде ви се тие споменици. Каде отидоа ланските 100 милиони денари кои беа предвидени во Разделот за Министерството за култура. Што сторивте со нив. И, ова е многу битно да го одговорите за да знаеме што ќе се случи, каква е судбината на новите 74 милиони евра што ќе ги дисперзирате од Буџетот. И, што претпоставувам нема да стигам до разделите на кои сте ги намениле и за кои дебатиравте во вашето експозе, туку ќе стигнат исклучиво со намена за строго партиска потреба. Гледам дека немате, не чувствувате потреба да дообјаснувате. Значи навистина сериозно станува збор дека овие се веќе распределени пари, ама согласно законот за слободен пристап до информации, имателот на информации. Од секој орган на државна управа е должен во рок од 15 дена да ја достави бараната информација. Ве убедувам дека од ставка до ставка ќе побараме копие од налозите на пренос на транфер на овие средства до крајните корисници онака како што во вашето експозе ветивте. Буквално ќе кажам сосема слободно, доколку без одлука на Собранието што сте ги трансферирале пред да го добиете, вие господине Славески сте направиле класична злоупотреба во вршење на вашата должност, министер за финансии. За тоа, претпоставувам дека ќе одговарате, бидете сигурни. Сега може да одмолчите, но документите ќе ја говорат вистината. И по десети пат и повторно ќе говорам имаме доказ, тоа се случи со 80-те милиони денари предвидени за општина Битола кои завршија во џепот на Здравев. Претпоставувам дека Здравев Извршниот комитет на ВМРО-

ДПМНЕ го има определено за чувар на партиските пари. Изгледа тој е најсигурниот. Потоа, најлесно Здравев може да ги транспорира до потребната дестинација за партиски цели на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави госпоѓа Стафановска Анета, повелете.

**Анета Стафановска:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке, затоа треба да сфатите дека во сите области не сте експерт, значи, вие измешавте тука пред целокупната јавност јаре и паре и ширите дезинформации. Бидејќи проектот Широк сокак започна во време на ВМРО-ДПМНЕ и тогаш се одобрија огромни средства во времето на министерката Ганка Самоилова Цветановска. Проектот во ниеден момент Широк сокак не е прекинат. Ова што го барате вие во амандманот, вие поради непознавање, бидејќи средствата се одобрени, две фасади веќе се готови, а три фасади веќе се во тек да бидат готови. Бидејќи беше потребно да се распише тендер и има законска процедура. Проектот Широк сокак и понатаму си тече и Широкиот сокак и понатаму ќе биде во фаза на градба.

Уште да кажам пред целокупната јавност, бидејќи граѓаните на Битола ги лажете, не тука, сите граѓани на Битола ги лажете, а тие добро знаат од кога започна проектот Широк сокак.

И друга работа да кажам, гратис плус што доби од Министерството за култура Битола е фасадата што се направи на библиотеката национална во Битола, благодарение на госпоѓата Елизабета Камчевска и сегашната министерка, тогашен државен секретар, благодарение на тоа што имаме експерти кои имаат готови проекти и таа вреди колку 6 фасади. Значи, колку што се гради во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, никогаш не се градело. Благој Стефановски немојте да го потенцирате, бидејќи исто како и вашиот Врчковски, како бомба да падна во Битола кога беше тој министер. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Колешке Стефановска, па нели имате теза дека СДСМ е на власт во последните 17 години. Како друго? Јас би сакала да ве запрашам на која адреса се тие веќе завршени две фасади и започнати три фасади. Граѓаните во Битола шетаат по Широкиот сокак вие што велите дека шетаат. Значи, говориме за еден период од 2005 наваму. Кажете на која адреса, на која куќа сме виделе скеле и дека се извршуваат работи за реконструкција на фасадата. Дефинитивно или нешетате на Широк сокак на Ленинова шетате кај Народната универзитетска библиотека или очигледно некој ви доставил погрешно ливче за реплика. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави господинот Ѓорчев Владимир.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателке.

Јас би се осврнал во делот на дискусијата на госпоѓа Бендевска кој што се однесува на МЕПСО и работењето на господинот Здравев. Мислам дека во изминатите месеци па и година период можеме да видиме повеќе позитивни процеси кои што се случуваа и се случуваат во МЕПСО.

Значи, може најконкретно да ги видите параметрите кои велат дека МЕПСО е на 90-то место, според најголеми компании во Југоисточна Европа. Истовремено, мислам дека воопшто не е проблем туку напротив е доблест и корисна работа што се наплатија долговите што ги имаше ЕВН во однос на МЕПСО. ЕВН му долгуваше 80 милиони евра на МЕПСО. Тие долгови, речиси како да беа простени или не се бараа ревносно, исто така и од некои други субјекти. Но, факт е дека тие ненаплаќања на долгови ги финансираа сите граѓани на Република Македонија.

Истовремено во овој период, како дел од залагањата на целиот менаџерски тим, вклучувајќи го и директорот Здравев, имаме враќање на 130 милиони евра кои МЕПСО ги долгуваше на ЕЛЕМ. И сами знаете дека ЕЛЕМ има илајдници, илјадници луѓе кои се вработени, стотици комитенти и сето тоа претставуваше дистракција на македонската економија. Значи во меѓувреме МЕПСО и ги наплати долговите кои ЕВН му ги долгуваше, истото ЕВН кое вие го продадовте, истото ЕВН кое и донесе билионска штета на Република Македонија, а исто така и ЕЛЕМ ги сервисираше своите долгови кои претходно го кочеа развојот и функционирањето на ЕЛЕМ. Уште еднаш ќе акжам дека иамме ситуација во која ова акомпанија е на 90-то место од сите компании во Југоисточна Европа. Зна!и далеку од тоа дека состојбите се идеални, има уште многу работи кои треба да се поправат, да се сервисираат и да бидат поинакви, но генералните трендови се позитивни. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Колега Ѓорчев, 450 милиони денари господинот Славески предвидел за да ги покрие загубите на МЕПСО за диспаритетот во цената помеѓу увозната струја и реалната, 450 милиони денари средства од 2008 година. Апсолутно немојте да ми говорите за успешноста на господинот Здравев со оглед на тоа што не ги покри тој загубите. Ги покри Буџетот на Република Македонија односно секој граѓанин подеднакво. Тоа се вика авантура Здравев, челник на МЕПСО. Само, дозволете, со оглед на многу краткото време за реплика.Имено колку ќе ја наплатите одбраната на господинот Здравев што сега овде сакате да ни ја прикажете. Дали тоа е изразено во денари или во квадратура на станови. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке,

Само за потсетување за она што го говореше почитуваниот министер денес.

За изградба на културните обележја воопштина Центар се предлага да се оделат 330 милиони денари.

Понатаму продолжи и рече дека за продолжување на одредени проекти и на активности на Владата на Република Македонија се обезбедени дополнителни средства и тоа за следните намени: издавање на ваучери за набавка на компјутери, акција за пошумување, набавка на информатичка опрема, санирање на комуналните обврски што ги имаат нациоанлните установи на култура и реализирање на програмските активности на овие установи се предвидуваат околу 70 милиони денари. Тука мислам навистина треба да помогнат, бидејки во Битола освен културнтие институции што бележат загуби и што се присутни во јавноста за одреден криминал, навистина ништо друго не слушнавме, ниту видовме некоја премиера.

Сега да се вратам на амандманот кој го поднесовме, а тоа е 5 милиони денари за довршување на објектите кои се културно наследство и обележје на нашиот град.

Со оглед на тоа дека од 2006 година наваму многу малку се инвестираше во овој дел, сметаме дека треба да се продолжи со овој започнат проект кој на некој начин е и препознатлив за нашиот град односно за Битола. Притоа, сакам да прашам, што е ако не е криминал, некој да тврди дека се направени или реставрирани две фасади, три се во тек, за една веќе е распишан тендер, за другата не се знае, а денес гледаме дека за истите се распределуваат средства.

Ги повикувам пратениците од Битола наместо да опонираат на секој амандман што го даваат пратениците од СДСМ, навистина да голасаат во интерес на Битола, бидејки не само 5 милиони денари што се премногу малку, туку навистина големи финансиски средства и требаат на Битола во овој сегмент, бидејки Битола навистина заслужува да го има тоа и да се завршат сите објекти кои се од културно наследство и обележје за нашиот град. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателке.

Само кратко, бидејки не сакам да се повторувам. И реплицирав на Весна Бендевска и кажав точно кои проекти сега се работат. Меѓутоа,само ќе го упатам господинот Диневски да се обрати до директорот на Завод и музеи во Битола и точно ќе знае за кои куќи на Широк Сокак се врши реновирање, рестарвација и конзервација. Ако не му е позната темата, го молам да не поднесува амандмани. Испаѓате неписмени колега. Срамота е пред јавноста. Значи не треба да ги поднесувате амандманите за што веќе се доделени средства. Навистина ви кажувам, најдобронамерно дека неписмени испаѓате. Срамота е за Битола. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави господинот Минде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Почитувана колешке писмена.

**Светлана Јакимовска:** Ве молам ако може без вакви навреди. Побаравте збор за реплика и добивте.

**Менде Динески**: Ние ништо друго не кажавме осве тоа што побаравме 5 милиони денари за довршување на објекти кои се од културно наследство и обележје на нашиот град.

Нека ми каже почитуваната колешка што е тука толку лошо за градот Битола ако се одобрат 5 милиони денари со кои ќе се направат плус три фасади во нашиот град, било да се тоа на Широк Сокак, или било да се околу Широк Сокак. Кој е зијанот што ќе го имаат граѓаните на општина Битола и генерално градот Битола во целина. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господнот Никола Котевски, повелете.

**Никола Котевски:** Благодарам.

Јас би бил краток и би кажал само да кажам неколку работи во врска со дискусијата на колегата Диневски. Гледам дека со колешката од Битола имаат голема инспирација со поднесувањето на овие амандмани и се надеваат да соберат некој политички поен во Битола.

Во неговиот дел од дискусијата кажа дека ние опонираме на овие амандмани. Ние не опонираме, туку сакаме да укажеме на вистината, а вистинаа е таа дека проектот поплочување на Широк Сокак и реновирање на фасадите на објектите на Широк Сокак започна од времето на ВМРО-ДПМНЕ во периодот од 1998 до 2002 година. Ако тие имаат искрена намера да го дозавршат овој проект, ќе го довршеа до 2006 година. Не е точно дека овој преокт започна во времето додека бил министер господинот Благоја Стефановски. Значи ние докрајот на идната година имаме намера овој проект да го затвориме, по однос на укажувањата на директорот на Музејот во Битола , кои сериозно работат на оваа проблематика. Благодарам,

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Менде Динески, повелете.

**Менде Динески:** Почитуван колега Котевски, со оваа реплика не ми реплициравте мене туку на почитуваната колешка Анета Стефановска заради тоа што вие самиот потврдивте дека во разговорите кои сте ги имале проектот ќе завршел дури наредната година. Сега има проект или нема проект, тече проектот или не тече, требаат финансиски средства за проектот или не требаат? Кога ќе се одлучите што треба да правите со

проектот ние како пратеници од Битола стоиме на располагање, истиот во секое време да го помогнеме и за него да гласаме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејки е изрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, за амандманот гласаа 17, воздржан 1, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3И и ставка 482 по подпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3И и ставка 482 по подпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор е пријавен и има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитувана потпретседателке.

На почетокот само би ве замолил кога ги прекинувате пратениците од СДСМ, да ги прекинувате и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ког аќе кажат некој збор надвор од она Што е во контекс на пратениците.

Овој амандман се однесува на започнување на изградбата на северно таранзитна, или во Охрид позната улица Железничка за која доизградба со овој амандман барам 100 милиони денари за да се доврши и финализира оваа северно транзитанажелезничка улица.

Жалосно е што во моментот е присутен заменик минситерот, а не монситерот,исто како и за претходниот амандман. Јас сумигурен дека минситерот намернопобегна,немаше храброст да ги одбие овие два амандмани затоа што тоа што го кажа претходно господинот Стојан Андов дека господинот министер често ја зборувавистината, или се труди да ја зборува,јас Ќе кажам дека господинот минситер не знае да ја кажува вистината.

Морам да кажам дека на самата таа северно транзитна односно улица Железничка живее и минситерот од ова Министерство, неговиот дом е токму таму и во секоја прилика им ветува на своите роднини,пријатели и соседи дека одвоил средства и дека улица Железничка ќе биде многу брзо завршена, одвоил средства кои ќе ги испрати до локалната самоуправа,а тоа не е точно, затоа што не еод надлежност на локалната самоуправа. Улица Железничка е под директна надлежност на Валдата на Република Македонија. РаспиШани се два тендери, двата тендери се пропаднати и сега се чека второстепената комисија да одлучи по жалба. Се тоа е добро смислено за ако се изгради оваа улица Железничка, евентуално да не се препишаат придобивките од таа изградба на актуелниот градоначалник кој е од редовите на СДСМ.

Граѓаните таму веЃе забележуваат дека голем дел од околните улучки кои се спојуваат со оваа улица веќе се асфалтирани, дотерани сотротоари, со уличноосветлување и сите оние други потребни инфраструктурни средувања кои ги задовлуваат потребите на граѓаните во тој дел од градот.

Морам да кажам неколку збора за самата улица Железничка која при нејзиното градење во почетокот беше рпедвидена како обиколница на периферијата од градот Охрид за товарните возила и автобусите кои не доаЃаат во Охрид, да транзитираат преку таа улица за Битола, Прилеп и понатаму другите дестинации. Меѓутоа, со големиот развој на Охрид,со големата миграција тој дел од градот веќе се прошири и сега е една огромна населба која имапотреба од добри функционални улици. Железничка веќе ја губи функцијата за транзитна улица, веќе станува дел од приградските улици. Тоа се постигна и со дислокацијата на старата автобуска станица која беше во центарот на градот, а сега е во непсоредна близина на самата улица Железничка. Значи еднаод најфрекфентните, а би рекол и најфрекфентна улица на територијат ан општина Охрид коај заслужува ден поскоро да биде направена. Заслужува затоа што и сите кандидати за пратеници , неисклучувајки од која политичка партија доаѓаат и поготово министерот , цело време ветуваат изградба и осовременување на самата улица Железничка. Значи, очекував дека овопј пат министерот ќе се надмине себе си и ќе ја заборави политиката и Ќе застане зад своите граѓани, Ќе ги задоволи нивнит епотреби. Тоа гоочекувамод пратениците од Охрид, а и од погоелмиот број пратеници затоа што сите улици во Охрид не се значајни само за охриѓани значајни се за сите граѓани на Република Македонија. Штоподобри улици, штоподобар пристап и излез од градот, тоа е подобро за сите граѓани на Република Македонија . Со подобрување на инфрастукрурата во Охрид не се подобрува само рејтингот на градоначалникот, се подобрува развојот на Охрид како туристички центар. Затоа мислам дека овој пат поголемиот број од пратениците Ќе гоподдржат овој амандман затоа што нема многу

политика, има навистина многу потреба. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господаинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам.

Јас ќе кажам дека овој амандман нема да го пдоржам од една проста причина што веќе во Буџетот за 2009 година се предвидени 180 милиони. Значи не се бараат 100 милиони како што преферира господинот Томе Чинговски туку се предвидени 180 милиони за изградба на оваа делница, или на магистралниот пат М-5.

Ќе напомнам дека тука можеби е изврзана реакцијата од страна на локалната самоуправа во која знаете дека на магистралните патишта ингеренциите се поделени и тука во ископувањето и проширувањето на улицата имавме повеќе пати сообраќајни незгоди, но исто така имаше и трагично загинат еден млад дечко, што би сакал да укажам на она што се вика планско и координирано работење од страна на локалната самоуправа.

Реков дека овој амандман нема да го гласам од причина што сметам дека се потребни повеќе пари не толку колку што господинот Чинговски бара. Но јас сметам дека со она што беше во изминатиот период затоа што за оваа улица Железничка беа одвоени средства од Буџетот на Република Македонија, ќе кажам дека имаше тендер кој тендер беше и неуспешен.

Така што моравме повторно да се направи тендер на кој тендер средствата се префрлаат или се планираат за наредната односно се планираат во 2009 година, ќе кажам уште еднаш 180 милиони денари за изградба на улица “Железничка”.

Затоа реков дека овој амандман нема да го прифатам сметајќи господине Чинговски дека овие пари кои ги барате се многу малку за улица “Железничка” и сметам дека не сте доволно запознаени со тоа или поточно не сме комуницирале доволно можеби не е ваша вина, можеби е моја вина, требаше да комуницираме малку повеќе, да бидиме координирани за да ви укажам дека во наредната година во 2009 година се предвидени 180 милиони денари за изградба на магистралниот пат ЕМ-5 или транзитна улица “Железничка”. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам потпретседателке.

Господине Цветко вам ви е втор мандат, но не знам по кој пат и на парламентарните седници ве имам слушнато дека и во 2007 и во 2008, а еве сега слушам и дека за 2009 година сте обезбедиле средства не онолку колку што барам јас, туку многу повеќе.

Вие, поддржете ги овие средства ако се малку, сепак поддржете ги нека Владата ги даде да се направи оваа улица.

Меѓутоа, морам друго да кажам како на драг пријател, прекинете со вашата кампања за кандидат за градоначалник, туку да се осврнете на потребите на граѓаните затоа што со вашата кампања само губите вие и граѓаните во Охрид. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Да, имаме вакви амандмани кои не доведуваат, ова е многу важен амандман, тоа е точно, јас се согласувам со господинот Чинговски дека за градот Охрид и за туризмот во Охрид како интерес на државата за добивање на девизи, Охрид е економски значаен, ова е важен проект. Охрид е закрчен и ако оваа магистрала му се овозможи сосема ќе се олесни работата. Од тој аспект јас ќе го поддржам овој амандман.

Не знам како знае господинот Цветко Грозданов дека во 2009 година оваа ставка за овој проект ќе влезе во Буџетот. Јас морам да ви кажам освен ако не се меѓународни кредити кои се сигурни и потпишан аранжманот, за приходите кои ги очекува државата допрва ќе видиме како кризата ќе ни се одрази. Во други услови ќе разговараме во декември, крајот на декември кога ќе има многу нови работи од дејството на оваа криза која не не заобидува, верувајте. Не можеме така сигурно да кажеме што и колку ќе опфати Буџетот во 2009 година.

Затоа ќе го поддржам овој амандман, меѓутоа, сакам да му обрнам внимание на господинот Чинговски, тој ми замера зошто му верувам на Трајко Славески. Трајко Славески го познавам и пред да биде министер и како човек, чесен е и разбран човек и си ја зборува вистината. Тоа е мојата квалификација за него, а вака кога ветува нешто во политиката и тоа во предизборен период, верувам дека се раководи од партиски интереси, и тоа влијае, некогаш не ми остава впечаток да му верувам. Зошто мислите дека во се му верувам на Трајко Славески. Тој е министер овде, претставник на една партија. Зошто да верувам дека сите тие 300 милиони што ќе ги дадат на општините за капитални инвестиции ќе бидат остварени. Каде е можно тоа? Не можам да му верувам, се разбира, ама им таксува на тие општини колку се и се добиваат поени. Тоа е нормална работа. Така е. Не верувам дека тие кријат, тие сакат отворено да го кажат, таква си е таа работа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега, јас не ви замерам што му верувате и јас би сакал да му верувам. Меѓутоа, господинот министер не се потрудил со ништо да придонесе да јас како пратеник му верувам, а и како човек не можам да му верувам. Се што кажал во Охрид се е надвор од тоа, сите негови зборови биле многу погрешни, спротивни од сето тоа што

го зборува. (Дофрлување од место) Благодарам. Мислам дека треба да сте коректни спрема сите.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурално се пријави господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателке.

Сакам да укажам на членот 179 од Деловникот ќе го цитирам: "Предлог на Буџетот на Република Македонија го поднесува Владата со потребна документација, согласно Законот". Втор пат се случува потпретседателке пратеник од ВМРО-ДПМНЕ пред да го донесеме Буџетот за 2009 година воопшто пред Владата да го разгледува да споменува конкретни суми за некакви си проекти.

Мислам дека тоа не е коректно, барем од вас да ни дадете образложение, ако вие тоа не можете да ни го кажете, тука е заменикот министер, ако не може заменикот, дајте пауза и повикајте го министерот, ќе беше коректно ако пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ се повикаше на средства кои, согласно Законот, ако се работи за поголеми проекти кои траат повеќе од три години каде точно се знае во тие три години колкав ќе биде износот да го прецизира тоа.

Ова го говорам од причини што политичките партии влегуваат во процес на подготовка на локалните и претседателските избори. Не е добро пред Владата да го разгледа Буџетот од оваа говорница, од оваа собраниска седница да се праќаат пораки дали е тоа во Охрид, Битола или друг град или општина дека пратеник од ВМРО-ДПМНЕ точно и конкретно ги знае износите и сумите на проектите кои се во тек или кои треба да бидат потпишани договори за нивна изградба и доработка.

Ве молам потпретседателке да ми одговорите вие или повикајте го министерот ако заменикот министер чувствува за потреба дека може да одговори. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Јас не можам да ви одговорам, а од каде пратеникот знае, тој си знае.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Го повикувам службите да ни дадат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 69 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од нив 10 гласале за, нема воздржани, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3И и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ј и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Со овој амандман барам 90 милиони денари за изградба на патот Куклиш-Банско.

Зошто е важен овој пат? Секој пат е важен, но овој пат е многу важен затоа што поврзува прво две општини општина Струмица и општина Ново Село. Со пробивот од општина Струмица кон Ново Село се зголемува инфраструктурата односно за полесно стигање и до соседна Бугарија од таа страна, но исто така Банско како познат бански локалитет каде имаме бањи секако пристигнуваат туристи, па мислам дека е во интерес на државата и за бањскиот туризам овој пат да биде изграден.

Но, најважно од се, почитувани колеги пратеници, како и претходниот амандман и овој амандман го поднесувам затоа што овој амандман е барање не само на граѓаните кои живеат во овие населени места помеѓу Куклиш и Банско, туку особено заради барањето на граѓаните од село Свидовица кои три изборни циклуси апстинираат од избори, не се јавуваат на избори затоа што единствено барање и на оние кои не поддржуваат нас и на оние кои ги поддржуваат ВМРО-ДПМНЕ барањето им е да се изгради овој пат.

Почитувани колеги, последните парламентарни избори пратениците на ВМРО-ДПМНЕ успеаа да ги убедат граѓаните на село Свидовица да излезат и да и дадат поддршка на пратениците на пратеничката листа од ВМРО-ДПМНЕ.

Јас очекувам дека повторно, како и за претходниот амандман за патот Добрашинци - Брана Турија и овде е истиот случај да си ја исполнат обврската пратениците од нашиот, струмичкиот регион кон граѓаните на село Свидовица, кои ги убедија после три изборни циклуси да излезат и да ги поддржат. Во спротивно ќе мислам исто така и граѓаните на село Свидовица ќе мислам или ќе добијат впечаток дека по кој знае кој пат се излажани од владеачката гарнитура.

Почитувани колеги, јас мислам дека е доволно за оваа намена која е многу важна да се земе од ставката договорни услуги од Владата на Република Македонија, да се земе од ставката купување на мебел на Владата на Република Македонија, да се земе од ставката купување на мебел од Министерството за внатрешни работи, да се земе од ставката разни трансфери од повеќе ставки, од повеќе раздели - разни трансфери кои ќе служат, повторно кажувам и потенцирам, на матен начин обезбедување на пари за финансирање на изборната кампања за претстојните локални и претседателски избори. Меѓутоа, граѓаните ќе го препознаат тоа доколку не им дадете сигнал дека навистина она што сте го ветиле ќе им го исполните. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, и да се земе од сите ставки за да се соберат пари да се направи нешто што не е направено со години наназад вид добро знаете дека 4 години додека бевме во опозиција истиот овој амандман како и неколку други кои ги поднесувате ги поднесував и јас како пратеник од опозиција. Четири години додека бевте на власт патот беше оставен како тампониран пат оставен на заботот на времето, ние се обврзавме, токму така, на граѓаните на село Свидовица дека ВМРО-ДПМНЕ ќе го направи овој пат и конечно Куклиш-Свидовица-Банско ќе бидат поврзани и тоа ќе го направиме не сега, не со оваа одлука за прераспределба на буџет, бидејќи се работи за многу сериозна работа за патен правец кој ќе не поврзе со бугарската граница и кој ќе биде заобиколен пат и за товарните возила да не минуваат низ сите села во котлината на струмичкиот регион, тоа е многу сериозен проект и средствата ќе бидат обезбедени од буџетот во 2009 година. Тоа што го ветивме на граѓаните ќе го исполниме, бидете убедени во тоа. Значи, за еден до два месеци кога ќе го гледаме Буџетот на Република Македонија за 2009 година, парите ќе бидат обезбедени.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Добро кажа колешката Силвана Бонева четири години поднесувала амандман и ништо не сме направиле и затоа ние сме изгубиле во 2006 година.

Јас го поднесувам овој амандман три години и тие ништо не направиле. Не е голема разлика меѓу 4 и 3 години, тоа е една година. 72 милиони евра кои ги распоредувате на матно со ваква одлука и на незаконит начин не е несериозна работа колешке. Да, исполнувате нешто кое е навистина многу матно. Затоа ви велам свртете се малку кон она што сте ветувале, посериозно ќе ви биде отколку вака да не убедувате повторно со девизата “не умри магаре до зелена трева”. Ние ќе чекаме. Ќе видиме дали во 2009 година ќе биде исполнето.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да дадат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Нема доволен број пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 57 пратеници, за амандманот гласаа 11 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3-Ј и ставка 482 по подпрограма 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002 подпрограма 20 ставка 482, поднесенод пратеникот Цветанка Иванова.

За процедурално се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Значи еднаш реагирав и уште еднаш реагирам. На ваше барање се одложувува работењето до доцните часови за ваква важна точка. Ве молам, обезбедете си присуство од парламентарното мнозинство. Видовте колку пратеници од опозицијата се присутни, ви прават кворум.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Тоа е задача на координаторите на пратеничките групи и мислам дека не се однесува до мене.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3-Ј и ставка 461 по подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002, подпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавени пратениците Менде Диневски, Јани Макрадули, Владо Бучковски, Весна Бендевска, Стојан Андов, Никола Котевски, Талат Џафери, Радмила Шекеринска и Зумрете Јакупи.

Гледам дека е пријавен иј господинот Амди Бајрам, ама не е присутен.

Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке,

Гасификацијата на Битола беше тема која предизвика сериозна заинтересираност, како од страна на политичките партии, така и од страна на јавноста, вклучително и од бизнис секторот, по најавата на вице премиерот Ставрески, дека таа нема да биде вклучена во процесот на порамнување на клириншкиот долг од Русија. И покрај тогашните полемики со претставниците или високите функционери на ВМРО ДПМНЕ, како на локално, така и на централно ниво, за вклучување на Битола во првата фаза на гасификацијата, сепак, од сето тоа нема ништо и тоа беше уште еден маркетиншки трик на ВМРО ДПМНЕ дека ќе врши некакво инвестирање, или дека ќе вложи некакви пари во Република Македонија.

Зад оваа идеја застанаа и регионалната Стопанска комора, како и голем број на експерти со една единствена цел Битола да не биде повеќе слепо црево во Македонија. Примарна намена и оправданост е гасоводот да стигне до Битола и истиот да се доведе до РЕК Битола, што подразбира дека покрај инвестицијата во гасоводот и големите инвестиции, нормално ќе претрпат реконструкција на блокковите на РЕК Битола. Од така реконструираните блокови во РЕК Битола, може слободно да се нагласи дека ќе се продолжи животниот век на РЕК Битола, но исто така ќе се доведе и до топлинска енергија до домовите на граѓаните.

Видовме колку беше нереално ветувањето на парламентарните избори 2006 година за изградба на топловод од страна на градоначалникот и министерот за одбрана, но за тоа ќе зборувам понатаму, по однос на другиот амандман.

Но доколку се обидеме да ја гасифицираме Битола, тоа многу ќе помогне во развојот на стопанските објекти, како и отворање на нови, со што навистина, Битола ќе добие своето место во бизнис картата на Република Македонија.

Се отвораат и реални можности за еден многу интересен систем, кој почна да се применува во Јапонија, а тоа се локалните гасоводни системи.

Почитувани, ова е само една алтернатива за снабдување со топлинска енергија на домовите на граѓаните од Битола, како и намалување на катастрофата која ги зафати со затворањето на АД Топлификација Битола.

Со гасификацијата на Битола регионалан корист ќе имаат сите општини и места во регионот, вклучително и кракот кој би водел до Охрид.

Од сите овие причини, ги повикувам сите пратеници да го дадат гласот за еден сериозен проект, кој е од животно значење, како за Битолскиот регион, така и за Република Македонија. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке,

Јас жалам што 7 пратеници од парламентарното мнозинство, осум се заинтересирани за ова точка. Овој е еден од гасификацијата на Република Македонија е една од шансите на Република Македонија за почиста, поздрава средина и за решавање на проблемот со кризата во енергетскиот сектор. Класификацијата како остварување со порамнување на клириншкиот долг, што го започна Владата на СДСМ, нема да зборувам многу, бидејќи мојот колега Бучковски е тука пријавен и мислам дека најдобро и најсеопфатно ќе го објасни тој проект, кој што во овој момент, за жал, господинот Ставрески ни го најавува од декември 2006 година, ама никако да се реализира. Секој месец само слушаме дека ќе се потпише, ќе се потпише, ама никако да се потпише ова порамнување на клириншкиот долг.

Денеска во весникот Капитал, господинот министер, кој што е предлагач на ова вели дека товарот од кризата и падот на цените треба да си го понесат сопствениците на компаниите, затоа што Владата ги субвенционираше кога остваруваа екстра приходи со ниски цени на електричната енергија.

Владата им помага на стопанствениците, односно на компаниите кои што вработуваат најмногу и учествуваат најмногу во индустрискиот пораст, а со тоа и со порастот на производството во Република Македонија.

Гасификацијата од една страна реков е поврзана со партнерство со Руската федерација и ГАСПРОМ, но од друга страна во Европската унија преку проектот Набуко. И за жал, Владата од незнаење, сеуште незапочнува активности да се приклучат нови системи да водат преговори, ама тоа да не го прави Ташковиќ, туку да го прави некој што знае, затоа што сето ова ќе заврши како Амбо и Ташковиќ како што заврши неславно со енормно потрошени буџетски пари. Проектот на магистралниот јужен дел на Македонија во правец на Бугарија кон Албанија, треба да помине преку Струмица, Валандово, Гевгелија, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Беше едно од ветувањата што СДСМ ги даде на изборите 2008 година. Тој е реален проект, кој што за жал, Владата реши кракот прво да го носи кон ТЕЦ Неготино, кога сакаше корумпирано да ја продаде на Бугарите, а потоа наводно, дека тоа ќе го прави кон Тетово.

Проектот за гасификација по јужниот дел, или магистралниот гасовод во јужниот дел и од Бугарија кон Албанија преку градовите во Македонија што ги спомнав, е исклучително значаен проект за граѓаните на тие градови. Но пред се, за компаниите кои што работат во тие градови. И не за џабе стопанствениците изразија револт, кога господинот Ставрески најави дека кракот нема да оди од ТЕЦ Неготино надолу кон Битола, кон Охрид, кон Ресен, туку тој крак ќе оди во друг правец. На тој начин, знаевме дека тоа ќе го направи како што реков, еднаш во март 2007, па во јуни, па во септември 2007, но за жал, тоа нема да се случи се додека Груевски и

фамилијата се најголеми играчи во увозот и трговијата со електричната енергија во Република Македонија.

Круговите околу Груевски се најголеми противници на развојот на гасоводниот систем во Република Македонија. И сите инвестиции што одат во оваа сфера не можат да дојдат на виделина, затоа што ова ќе им ги пореметн и ќе им ги помати сметките што ги прават со гасификацијата со увозот и со трговијата на електрична енергија.

Компаниите во Република Македонија го побараа само она од министерот и од Владата, она што го добија другите компании во светот. Кажав сабајле Република Македонија е единствена држава во светот која што тврди дека е имуна на финансиската криза, односно Владата тврди дека Македонија е имуна на финансиската криза. Не слушаат дека Арчелор, Митал, ќе ги намали своите производствени капацитети, или своето производство ќе го намали за 15% и со тоа ќе затвори одредени капацитети во Република Македонија. Нарачките во текстилната и чевларската индустрија се движат, се помали од 40%. И стопанствениците го бараат она поефтина електрична енергија, обновлива енергија, инвестиции во гасоводниот систем кој е поефтин и поздрав од ценовните шокови што ги доживуваме со нафтата и нафтените деривати.

Ако сака Македонија да преживее, мора да вложиме могу во гасоводниот систем во Република Македонија. Ние мораме да ја сфатиме енергетската криза која што постои во светот. Ние сме последна земја од регионот која што реши да оди и да поразговара за Белење, откога луѓето во енергетскиот тим на А1 Телевизија практично ја испровоцираа Владата со своите корисни емисии, со своите посети што ги нарпавија таму. Последна земја сме од регионот која што отиде во посета, зборуваме за одлука што треба да се донесе, стратешка одлука, како, ќе се справиме со финансиската криза, но како ќе се справиме со енергетската криза која што претстои. Амандманот што е поднесен се однесува на Битола како дел од гасификацијата со кракт до Охрид кој ќе поминува низ Ресен. Со тоа, поефтино и потопло ќе се греат граѓаните на Битола, на Ресен и на Охрид. Со тоа, поефтино ќе ги снабдуваат со електрична енергија компаниите кои што работат во тој дел, а со тоа ќе произведуваат поефтин производ, нема да ги користат кредитите само да ги платат платите, нема да ги користат кредитите, или да ја јадат резервата што ја имаат направено, туку навистина ќе произведуваат и со тоа навистина ќе покажеме дека се грижиме за граѓанте во Република Македонија. Денешниот неделник Капитал зборува и за трендовите во невработеноста. Изворот е од Австрија, не е од опозицијата. Македонија е шампион во невработеност, е делот каде што вели дека во Македонија во регионот изнесува невработеноста дури 34,9%, што е највисока стапка во целиот регион. Не смееме да дозволиме и оние компании што работат, а тоа се пред се во црната и обоената металургија да ги оставиме на милост и немилост на светската финансиска криза. Реков, не постои држава која што не им помогнала на компаниите. Соседна Бугарија еве денеска донесе одлуки за заштита на штедните влогови и за забрана или стопирање на изградбата на непродуктивни објекти, како што се некои стадиони или стоковни куќи, туку тие пари ги пренаменува во субвенции, за да може да се заштити производството, да се заштитат вработените, да останат на работа и тоа учествува во зголемување на индустриското производство, или барем сочувување на исто ниво.

Од друга страна, гасификацијата влијае на подобра и поздрава животна средина. Затоа, стопанствениците од Битола јавно се побунија дека Владата со откачување на кракот да не оди кон Битола, практично остави како една црна еко точка на Балканот, каде што заради другиот тип на производство што постои таму се изложени граѓаните од тој регион. Затоа, Владата час побрзо, наместо да ја прави 73-та стратегија за енергетика, наместо да прави комисии што допрва ќе решаваат заштита на најсиромашните од енергетскиот ценовен шок, од струјниот ценовен шок што ни претстои, треба сериозно да погледа што се случува во светот и да им помогне и да го забрза процесот на гасификација во Република Македонија. Овој амандман е за овој дел во Битола, Ресен и Охрид, но мислам дека треба Владата да се зафати сериозно со процесот на гасификација, заради сите предности што ги кажав. За жал, во Собранието нема дебата, има молк, Владата решила овој законски проект вечерва да го донесе, а парламентарното мнозинство само сака тоа брзо да заврши. Се надевам дека граѓаните ќе препознаат кој се грижи за нив во овој момент. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријавени министерот за финансии и пратеникот Александар Николовски.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателке, да ве известам дека во делот кога не бев присутен, а многу споменуван, го следев на малите екрани, затоа што утрово од 8,00 часот излегов од дома и морав нешто да променав на себе. Неколку пратеници, би рекол многу лесно го спомнува зборот незаконски. Ако вие сте убедени дека тоа е така, дајте да ја прекинеме работата, затоа што кажувате многу лесно прелесно во законодавниот дом каде што се носат законите. Мислам дека треба да внимаваме, ако вие не убедите дека е незакоснки, треба да ја прекинеме расправата, да го повлечеме предлогот. Ние ве убедуваме дека се што е предложено е законски. За ова што сега го спомна господинот Макрадули, повторно барање за помош на компаниите и тн., беше изнесена невистина дека сите земји во светот им помагаат на компаниите. Во моментот во тој контекст нема таква земја. Единствено

интервенциите беа насочени кон национализација на финансиски институции. Национализација. Нема земја во светот која што на компаниите им дава пари, или прави други отстапки. Купуваат акции од нив. Ние цениме дека сеуште, а сигурно нема да дојде времето кога македонската држава ќе мора да ги национализира компаниите кои што се со странски капитал во Република Македонија. Претпоставувам дека не го мислите тоа, но тоа го кажувате. Значи, нема потреба од национализазција, односно влегување во македонската држава во сопственоста на македонските компании.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Веројатно пратениците на ВМРО ДПМНЕ што не се присутни тука отишле да го направат она истото што министерот го направил, а ние како опозиција сме принудени да седиме овде, бидејќи нема слух за денешната работа.

Протколот два од Асоцијацијата за членство во Европската унија вели дека Владите треба да создадат предуслови за работа и преструктуирање на металургијата и многу држави помогнаа на оние компании што најмногу произведуваат и што вработуваат најмногу, евтината електрична енергија е еден од начините, не мора само компанијата во која што работи портпаролот на “Гласот на светлината” да прави милијарди евра, може милиони евра да направи кругот на Груевски, нека дадат нешто поефтино да произведуваат за да луѓето останат на работа, луѓето од ФЕНИ, од Легури, од МАК СТИЛ да останата на работа. Затоа тоа го прави цел свет.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски**: Ви благодарам госпоѓо потпретседател.

Би сакал кратко да реплицирам на она што беШе изнесено. Имено, како и сите претходни амандмани на оваа предлог одлкука за пренамена на средствата и како сите амандмани што до сега сме ги слушнале на буџетот на Република Македонија, без разлика дали за оваа година или за претходните години во овој парламнетарен состав откако ВМРО ДПМНЕ е на власт, имаме многу популизам а малку факти, многу убави желби а малку реални работи, би сакал јас да кажам реални работи.

Првата е дека до сега за жал во Република Македонија изминативе 15 години нема направено ниту физибилити студија ниту идејни решенија за тоа како треба да се развива гасоводниот систем во државата и тоа е факт, тоа е така. Жалосно е што е така. Имаме само два мали кракаја, едниот кој што влегува откај Крива Паланка и другиот кој што оди до неколку скопски поголеми фабрики.

Она што е факт е дека утре се отвора меѓународен тендер, односно утре е отварањето на тендерот за изработка на физибилити студија за најпволни правци преку кои треба да се одвива гасификацијат во Република Македонија. Според мои информации има 11 пријавени компании. Онаа која што ќе го добие тендерот треба да иработи студија кои правци се најповолни и тој што е најисплатлив и најповолен во текот на 2009 година треба да биде изграден додека во текот на 2009 година треба да се направат идејни проекти за сите останати правци и во текот на 2010 да почнат да се градат. Имаме две работи, на една страна имаме желби, на друга страна имаме факти. Фактите се дека практично утре почнуваме еден огромен проект кој што е од суштинско значење за Република Македонија и се вика гасификација, така што желбите ни се исти, но пристапот ни е различен, нашиот е реален и суштински и еве повторувам за јавноста дека утре имаме отворање на меѓународниот тендер за изработка на физибилити студија за најповолни правци по кои ќе се одвива гасификацијата во Република Македонија, во 2009 година го градиме првиот кој што ќе биде најислатлив додека во 2010 година ги градиме сите останати. Ви благодарам и ова практично е реплика и за сите останати дискусии која што не би сакал да ја повторувам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Господинот Николоски е еден од оние што се пресоблече, гледам.

Се надевам дека утре нема да го поништат тендерот заради ваква неодговорна изјава дека има 11 компании што се јавиле на тендер што утре ќе го отвораат. Како можете вакво нешто да кажете? Значи вие Ќе земете пари и провизија од тендерот! Како знаете дека има 11 компании? А како го толкувате тоа што 2006 година со ребалансот 20 милиони евра му дадовме на ТЕЦ Неготино? Тоа како субвенционизам е? Или кога давате на МЕПСО на Здравев и на ТЕЦ Неготино тоа е дозволено, ама кога ќе предложи опозоцијата, тоа не важи? А зошто од 2006 дури сега за физибилити студија, зошто Ставрески ни ветува во секоја колумна дека ќе има гасификација во март 2007 година, во јуни 2007, во септемрви 2007, едно-две тој ќе оди во септетември. Но, за оваа изјава што ќе го поништите тендеерот ќе добиете кривична пријава зашто уништувате странски инвестиции во Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски**: Потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги од власта,

Подршката на амандманот на колегите од петтата изборна единица за гасификација на Битола, Ресен и Охрид ги отвори уште еднаш најматните зделки на власта на ВМРО-ДПМНЕ. Последната пак реплика што му стигна по СМС на колегата

Николоски само ја покажа мизеријата што се случува во овој момент во Република Македонија. Инертноста и неснаоѓањето на вашиот коалиционен партнер ДУИ, неговата наивност која го изгуби приматот Министерството за економија да биде одговорно за гасификацијата - вие сега потврдивте, не само што кажавте небулоза и една голема глупост. Ако е така, некој треба кривично да одговара, ако има 11 понудувачи, утре се отвора, а Миле и вие ги знаете, тогаш свршивме работа! Каква е таа порака? Како прво 3 милиони евра Министерството за транспорт и врски не смееше да добие, бидејќи не е надлжно. Тоа почитуван министре, кој бевте мојот адут, бидејќи и понатаму сметам дека треба да бидете нашата совест и треба да бидете совеста на начинот на кој се трошат парите, не може ненаменски и со Буџетот за оваа година да доделувате на Министерството за транспорт и врски 3 милиони евра и да биде тоа надлежно за гасификацијата. Во која тоа директива го видовте, затоа што оној ваш силен портпарол кога не знае што да каже се повикува на некои евроски директиви.

Ние тврдиме, не пресретнавте со предвремените избори и не ја оспоривме претходната криминална одлука пред Уставен суд. Сега тоа ќе го направиме, ама кога ќе донесе Уставен суд одлука, тогаш ќе потврди дека некој незаконски одредил 74 милиони евра, а бидејќи тоа ќе биде пресудена работа, ќе важи за оние 100 милиони од претходно. Тоа ние ќе го направиме, затоа што подобро од вас го познаваме правото. Значи не може да распоредувате пари со буџет во една процедура, а да менувате внатре во тоа што е закон над законите со одлука. Тоа го нема никаде. Ако има директива тој ваш шампион Мартиновски нека ја препише, нека ни даде овде закон за измена и дополнување на Законот за буџет и за извршување на буџетот. Зошто тоа не го направите? Кога ви треба Европската унија и директивите секогаш ја користите како аргумент да се затскрие вашето незнаење, веројатно и дел од корупТивните и лукративните работи кои се случуваат зад грбот на македонските граѓани. А што се случува зад грбот на македонските граѓани ќе објаснам јас бидејќи по силата на приликите долго време ја следев материјата како ќе го затвориоте клириншкиот долг. Еден од успешните проекти кој го започна претходната Влада заради промената на власта не го реализиравме. И овде можам да се гордеам дека и еден друг проект во делот на гасификацијата, а тоа е во овој момент само не знаете да ја броите во тоа, вашите силни инвестиции, најголемата инвестиција во овој момент во Република Македонија е проектот кој го започна Владата на чие чело бев јас, а тоа е проектот ТЕ-ТО, гасната централа во Скопје во овој момент вреди 150 милиони евра и ќе заврши многу скоро, а вие овие 48 милиони евра што можевте да ги земете дополнително да го направите гасниот прстен околу Скопје му ги дадовте во рацете на еден неук човек кој сака да биде момче за се. Тоа е вашиот, не знам дали и вам ви надреден, заменик претседателот на Владата Ставрески, кој на 1 април 2007 година што беше договорено уште во 2006 година не замина во Сочи да го потпише договорот за начинот на кој ќе го искористиме клириншкиот долг од непознати причини. После ние сфативме после три месеци зошто. Затоа што енергетиката е чудна сфера, во тој лавиринт успеваме некако да пливаме, но од позиција на опозиција не можеме секогаша да ве следиме. Крајно сомнително одлагање на потпишувањето бидејќи му спомена некој,почнаа да говорат и дел од странските амбасди што тоа се случува а сите веќе говорат дека енергетиката е најголемиот проблем на Република Македонија, веќе ресурсите беа истрошени, не правевте ништо да го пресретнете ова што сега се случува, на 10 август испровоциран од озборувањата, а тоа е период кога знаеме дека се случува и криминалната продажба која потоа ја повлековте на ТЕЦ Неготино, на 10 август 2007 година во колумна во Дневник вашиот претпоставен заменик претседателот на Владата ќе напише до крајот на септември го потпишуваме договорот со Русите, клириншкиот долг е тука, почнуваме гасификација. И тогаш спомна прстенот околу Скопје, ТЕЦ Неготино. Отиде после два дена во Битола, битолчани му рекоа: Ало, нема се да правиме за Скопје, ти си од овде, нешто треба направи за овој регион. Тој вели во ред, ќе направиме и за вас. Тоа што не го направи Ставрески н ие сакаме сега да го направиме и во Велме и да донесем гас.

Продолжувам понатаму. На 30 септември доцан во ноќта, нае знам колку време беше, специјална прес конференциј, вашиот претпоставен заменик претседателот на Владата прави прес конференција, сите очекуваме дека ќе рече конечно со русите го направивнме договорот. Тој вели почитувани граЃани на Македонија, само што не го потпишав договорот, дајте ми време, ќе го потпишам во ноември. Помина и ноември, оттогаш молк.

Според информациите кои повторно кружат во круговите на амбасадорите кои всушност го драфтуваат извештајот за Република Македонија кој говори за нетранспарентното, неукото, партизираното владеење на оваа власт, останува едно отворено прашање: зошто Република Македонија повеќе од 6 месеци не одговара на барањето на руската Влада повторно да го затвори ова прашање.

Веројатно му се јавува на министерот претпостевениот, му кажува како да ми реплицира. (не) Добро, со вас со задоволство ќе реплизирам, ако сака тој може да дојде, и така се спремивме. Иако не сме избричени од сабајле, не сме пресоблечени, ни рекоа дека до сабајле Ќе траела седницата, опозициајта е мала, ама таква е, жилава е, ќе издржиме.

Оваа рашомонијада, за да видите како сето тоа функционира беше повикот од медиумите, демек остај не ја гасифицираме Република Македонија, носиме катастрофален закон за експропријација што сите препознаваат дека е насочен кон

Макпетрол и кон проектот ГА- МА, ајде тогаш новинарите рекоа да видиме што правиме со атомската централа во Бугарија во Белане, Владата немаше став, два три пати го праша вашиот претпостевен, одговорниот за се во економијата и тој собра цел еден тим министри, отиде во Белане и ни кажа тоа што ние знаеме, ако учествуваме сега ќе имаме можност ќе имаме можност да бидеме во претплата за електрична енергија по повластена некој атарифа како потенцијални акционери, една од идеите што ја има паралмнетарна делегација уште пред година и пол, што ја предводеше Стојан Андов и разговараше на највисоко ниво со половина Влада на Бугарија и со тогашниот заменик претседател на државата. Но дали ќе биде така јас реално не можам да кажам. имајќи го сето ова предвид, имајќи ја предвид оваа рашомонијада, опозицијата толку колку што може се обидува и понатаму да го држи во жижата, во фокусот на вниманието проектот на гасификација на Република Македонија. единствениот спас да нема протести, да н ема барање за поефтина електрична енергија, за субвенции, оваа енергија поо дефиниција самата е субенционирана, поефтина е од електрична енергија. Ова е иднината за опстојувањето на Република Македонија и за економија во Република Македонија. Не само што ќе пропадне меалургијата ако останете вака инертни , туку ќе пропадне и Република Македонија ако не мрднете барем со малиот прст нешто да направите за гасификацијата. Ова што ние го даваме како предлог сметам дека од вас е доблесно да биде прифатено, затоа што објективно се должи на сериозно анализи, сериозни показатели и не е точно дека треба да се потрошат 3 милиони евра, сега некој да го црта правците или краците и да каже дека треба да има ваму или онаму приоритет. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријаверн пратеникот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николовски**: Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас ќе реплицирам само воп еден дел кој се влече од мојата претходна реплика, а тоа е она што јас го кажав што после тоа беше извртено дека според она што е информација 11 компании пројавиле интерес, што значи еве да бидам прецизен, 11 компании подигнале документација што е јавен факт, но колку ќе аплицираат ниту веројатно некој од нас знае. Но она што е факт исто така е дека практично она што го кажав - сега не на професорот Бучковски туку бна останатите колеги веројатно им се наруши концептот заради тоа што на пропагандата беа спротивставени факти и практично веројатно сега треба да ги менуваат говорите. Не зборувам за професорот Бучковски, ви се извинувам уште еднаш затоа што она што го кажавте навистина држи, но факт е дека многу од работите кои што беа планирани во натамошните дискусии ќе бидат променети, но ќе продускутираме вечерва. Затоа сме тука. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријвен господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски**: Најпрво драго ми е колегата што се исправи ќе беше фатално ако знае министерот Јанакиески дека има 11 кандидати. 11 пријави имаше и за аеродромот за концесијата па на крајот испадна само еден.

Овде треба да се биде внимателен затоа што имаме ненадлежен ресор кој заради недовербата уште еднаш потврдувам што ја има ВМРО ДПМНЕ кон ДУИ полека но сигурнио се враЌа синдромот што го имаше НСДП, го обезвластувас ресорното министерство кое ги има сите анализи и второ го потценува знаењето на експертите што ги имаме пред се во Макпетрол кои ги имаат сите правци затоа што соработуваат со години со најмоќниот оператор од Гас пром.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна , повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Имајќи ги предвид цените на енергенсите на светскиот пазар, се наметнува потребата од диверзификација на енергенсите во држават, при што покрај јагленот, мазутот, хидроенергиајта и увозната електрична енергија се повеќе простор треба да се даде и на природниот гас - вака во едни добри времиња говореше и напиша ВМРО ДПМНЕ во својата прва “Преродба во 100 чекори”. И знаете како, кога ќе ви успее еднаш зошто да не уште еднаш, па осоколени во новата уште повисока и помоќна победа ќ е речат: “ Во овој мандат ќе продолжиме со засилени активности”. И сега замислете, првите активности беа нула. Засилено од нула е веројатно дупла нула. Ќе продолжеле со засилени активности за проширување како божем изградија соодветна инфраструктура за проширува нјена гасоводната мрежа на територијата на Република Македонија. и да не ви читам што понатаму пишува. ќе создаделе и стратегија и услови за замена на скапи и нееколошки нафтени и погонски горива со природен гас преку конктретни програми, препоставувам за кои ќе им требаат повторно тендери наменети за јавен и такси превоз. Вака изгледаат портокаловите приказни. Токму затоа го поднесовме овој амандман многу суштински.

Со амандманот предлагаме на барање на Регионалната стопанска комора од ТЕЦ Неготино да се пушти крак на гасоводот преку Прилеп до Битола, па преку Ресен до Охрид. Значи бенефит има цел регион апсолутно и кога ВМРО ДПМНЕ во својот прв 20 месечен мандат предводен од Никола Груевски единствен успех кој му го признаваме како опозиција, **комплетн**о разорување на енергетскта стратегија, на енергетскиот производствен капацитет на Република Македонија, тоа е единствениот успех. Сега веќе се соочуваме со неопходноста дека на

Македонија и е неопходна гасификација во овој момент.

Колегата Александар Николовски кој еве, прво знае, ама после ретерира како божем, иако тврди дека утре ќе биде, завршува тендерот, се отвораат понудите кои претпоставував дека се околу 11. Почитувани колеги ѓаволот ја однел шегата.

И сега јас ќе говорам за Битола, бидејќи амандманот го предложив за Битола. Нема нелокален, нема никаков економски развој да доживее Република Македонија доколку не успее да го реализира проектот Гасификација. Знаете зошто? На 2 мај кога се случи огромната хаварија во РЕК Битола, багерот кој е должен да ги храни, да ги напојува трите термоблокови во РЕК Битола кој патем произведува три четвртини од домашната електрична енергија, земјата не е исчистена од него. Знаете зошто? Им пропаѓа тендерот за избор на кој ќе го реконструира. Каде е сега господинот Коњановски да каже ударнички во пресрет на зимата вети дека ќе го оспособи багерот. Не е ни почнат. Јас ви тврдам и гарантирам, ќе имаме сериозен недостаток на електрична енергија годинава. Се разбира, мислам на домашно производство, на она што чини 20 евра по киловат производство. Претпоставувам дека тука ќе се собере повторно четворката и ќе ни обезбеди увоз на струја, ама меѓу 100 и 120 евра киловат часови. Се плашам дека во поглед на тоа, бидејќи цел регион ќе се соочи со реален недостаток на електрична енергија, па ќе се молиме да имаме дури и по таа висока цена. И затоа овој реален проект, замислете бараме 7% од 75-те милиони евра што во овој момент господинот Славески се обидува да ги пренамени, ама од нив ретко кој ќе види бенефит. Јас не знам зошто господине Славески се нервирате кога говориме за злоупотреба, класична злоупотреба е во спротивност на закон начинот на кој ги прераспределувате. Но, тука и долго време дебатираме дека оние минатите не ги распределивте како што ветивте. И тука сериозно ќе имате проблем да ги докажете и овие 74 милиони евра каде ќе завршат. Затоа да се вратам на амандманот, ќе ми дозволите, од овој амандман Гасификацијата која според проценката на регионалната стопанска комора чини 5 милиони евра, 300 милиони денари. Вие мора да почувствувате дека сега е моментот за да ги обезбедите и конечно да докажете дека реално работите на овој проект. А господиниот Ставрески не само што вети дека Гасификацијата ќе биде денес, ако не денес, утре, ако не утре, не знам кога. Господинот Ставрески ни ветуваше дека и проектот Брод Гнеотино е готова работа. Господинот Коњановски вети дека првиот произведен коловат час електрична енергија со јаглен од Брод Гнеотино ќе се случи на 1 јануари 2009 година, за 60 дена од денес, за 60-тина дена, да бидам попрецизна. Ама замислете, претходен предуслов е од Брод Гнеотино до термоелектраните да има лента која ќе го води јагленот. Ама буквално ни прво стубче од таа лента во РЕК Битола нема. Така што ако го сторнирате проектот што очигледно веќе ви е намера Гасификација, ако го сторнирате проектот Брод Гнеотино кој требаше да обезбеди уште 20 години снабдување со јаглен на РЕК Битола за следните 20 години, го цитирам и Ставрески и Коњановски, се разбира и Чинговски. Значи, без него не сме пуштиле ништо во Битола, во рударско енергетскиот комбинат, а нема ништо од тоа, тогаш кажете ми ве молам за каков економски развој говорите, односно за каков локален економски развој ќе говорат сите овие општини, или за какви странски инвестиции вие говорите и во првата преродба и во втората. Како ќе ги каните странските инвеститори, повелете, имате зелени ледини во Македонија, инвестирајте, но ве молиме струја носете си од дома. Со продолжен кабел? Како ќе овозможите енергетска одржливост на овие компании, па макар и домашни. И колегата Макрадули говореше. Металургијата ја оставивте на немилост на кризата. И ќе ве цитирам господине Славески, им порачавте на сопствениците на комбинатите дека ќе мора сами да го носат товарот на свои плеќи. Вицепремиерот Зоран Ставрески реално кажа, неговиот став е дециден дека нема да има државна помош за реалниот сектор за што по негови зборови цитирам, ако сте дале на еден, ќе сте морале да дадете и на другиот што ќе побара. Компаниите бараат Владата да им овозможи да купуваат струја од домашно производство. Владата да се откаже од акцизите, да ја намали цената на концесиите за експлоатација на руда и да го пролонгира воведувањето на еколошките стандарди. Господинот Панов, директорот на Макстил истакна дека еворпската програма ја обврзува Владата на Република Македонија да помогне да се создадат услови за работа и преструктуирање на челичната индустрија. Ама вие останувате глуви на реалниот проблем, финансиската глобална светска криза ќе ја одмине Македонија. Господине Славески можете да пишувате уште милион СМС пораки како што тоа го правите цело време. Можете да се оглушувате од барањата на опозицијата, ама знаете што, не ќе можете понатаму да реферирате и да оправдувате како тоа една година сте потрошиле 47 милиони евра, следната 74 милиони евра, а ништо не сте направиле за она што беше ваше главно ветување: економски развој на Република Македонија, подобар живот за секој граѓанин на Република Македонија. И ќе се соочите се разбира и со последиците од тие ваши нереални ветувања.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани пратеници.

Овој амандман додирнува едно прашање од суштинско значење за иднината на државата и на граѓаните, а тоа е Гасификацијата и нашиот однос кон Гасификацијата. Сакам само да обрнам

внимание во која ситуација се наоѓа Македонија по тоа прашање. Со Гасификацијата на некој начин имам работа од 1973 година кога бев сојузен министер и кога Сојузната влада тогаш направи една спогодба со Советскиот Сојуз за увоз на гас од тогашниот Советски Сојуз. Гасот од 3,2 милијарди кубика што беше во тој договор Сиротковиќ, Бајбаков, така се викаше договорот беше поделен меѓу Србија, Хрватска и Словенија. Од Босна беше претседателот на Владата Џемал Биједиќ, ама не доби Босна ништо. Збесна човекот до крај, се разбира и ние се побунивме и во еден голем напор за кое сакам сега да споменам некои луѓе: Благој Попов, Павле Тасевски, Асен Симитчиев, Стојан Маткалиев и јас бев таму со нив, обезбедивме при првото допишување во 1974 година 300 милиони кубика се зголемија количините за Македонија. И се влечеше тоа до 1982, 1983 година кога бев потпретседател на Владата. Отидовме со претседателот господинот Ставрев во Советскиот Сојуз, во Москва и таму не прашаа, еве, многу барате, 8 години поминаа, со прст не мрднавте за да земете гас. Тогаш се одлучи овде Железара да биде надлежна да работи да обезбеди гас. Се покажа дека Железара ништо не направила и јас по моја иницијатива го охрабрив тогашниот директор Гаврило Гаврилски да го превземе Макпетрол и успешно го направи нешто подоцна со многу маки, бидејќи требаше да се врземе преку Крива Паланка со Бугарија, а овде имаше политички отпори зошто се врзуваме преку Бугарија итн. И тој гас во 1993 година некаде во почетокот на јануари почна да се гради гасоводот, се гради и е изграден во 1997 година. Тој гасовод води 600 милиони кубика е неговиот капацитет овде. Договор има Макпетрол со Гаспром. И сега одиме натаму. Гасот во трговијата, со гасот се прават договори, врз основа на договорите се прават траси, па се носи од извориштата некаде. Главно извориште за Европа на гасот е сегашна Русија, Централно азиските републики со перспектива да се приклучи и гасот од Иран и гасот од Ирак откако ќе се смири Ирак и Курдистан и Иран. И концептот на Европската унија е Набуко гасоводот кој ќе оди преку Турција и Грција, а таканаречениот Јужен ток кој се прави таму преку Србија. Двете магистрали и нивните краци се утврдени на таа скица ја нема никаде Македонија. Ние остануваме со нашите 600 милиони што некогаш сме ги договориле 300, па уште 300, 600 милиони. Тоа е малку за потребите на Македонија. Студии има. Овој капацитет може да пренесе 800 милиони кубика со појачување на системот на притисоци и на пумпи, со тоа што 200 милиони треба да одат за Албанија. Гаспром си ги пружа прстите секаде и секаде сака да биде присутен, нормално си има пари и има гас. Сега тоа што нема гас во Скопје на разни начини се гори мазут и јаглен кои заедно содржат 12 илјади тони сулфур. Толку излегува во воздухот над Скопје и затоа Скопје така изгледа кога ќе влезете од Катланово од тунелот влегувате како во матно езеро итн. Тоа го плаќаат со своите дишни органи, со зравјето граѓаните на Скопје. Прстенот требаше тоа да го реши, да се гасифицира Скопје и евентуално ако може ако остане да оди до Велес за Топилницата ако работи, голем потрошувач би била и ќе се избегне потрошувачката на горива кои се со сулфур. Она што требаше да се направи по мое мислење тоа не се прави од неразбирливи и неодговорни причини, тоа е овие 600 милиони кубика да се повлечат годишно, да се обезбеди тој прстен побрзо. Јас гледам сега излезе спор, сакаат ново јавно претпријатие кој ќе ги земе количините. Не го дава тоа, не го дозволува тоа Гаспром. И тоа е залудно. Што ќе ви се, за нови проценти, или што? Каква врска има тоа? Тие работи не одат така. Што ви паѓа на памет. Пуштете го Макпетрол да си ја тера работата. А малку се 600 милиони кубика. Ќе дојдат и нови. Треба да се извлече крак преку Петрич наваму, Струмица, да го фати Неготино, Валандово, Кавадарци, Фени, Битола. Електраните во Битола имаат јаглен уште 6 до 8 години од Суводол. Но, откривката секој ден ќе биде поскапа и повисока, а добиениот јаглен се посиромашен. Брод Гнеотино е сиромашен јаглен, подземен коп многу скап, а сиромашен. За тоа е потребно гас и тие котли таму и горилници да се приспособат да трошат и гас и јаглен, дробен јаглен. Така ќе го продолжиме векот на нашите електрани во Битола, а исто така ќе си обезбедиме здрава енергија. Она што во Битола се случува сега од РЕК Битола, тоа ќе загине, тоа ќе се намали многу, ќе се живее човечки. А сега ќе сме правеле ние студија, па кој знае кога ќе биде готова, па книгите се затворени, околу гасот е скоро готова работа. Видете, направете го ова. Еднаш сфатете. Затоа реков во една моја колумна од 1965 до 1986 се направени сите енергетски објекти во Македонија. Сто чекори напред ќе одиме, една педа не сме отишле напред во енергетиката. Овие го направија само Козјак, 2% од количините производството го дава, ама го направија. Сега не сме направиле ништо. И немојте да ги задржувате работите ги закочувате. Тоа не смее да се прави. Овој крак ќе има ли количини, имаме ли договор, со кого имаме договор од каде ќе го земеме гасот ваму што треба да го земеме од Петрич, од границата. Сите тие работи се многу важни. Голема одоворност си носат луѓето на себе. Мислат дека секојдневното сликање ќе им го надокнади тоа што не работат. Таа работа не може, не бива така. Го подржувам овој амандман, иако ни носи многу неизвесност.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Никола Котевски, повелете.

**Никола Котевски:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Ова е извонредно значајна тема и податлива тема за дискусија. Јас би бил поконкретен и би дал повеќе аргументи и повеќе размислувања по однос на ова прашање. Предложениот амандман е во оваа форма гасификација од Неготино до Битола со крак до Охрид и средствата што се бараат се во износ од 300 милиони денари. Со вака предложениот амандман предлагачите

покажуваат непознавање на работата од оваа проблематика и се гледа дека при подготвување на амандманот не се подготвувале сериозно и сте дале предлог колку да соберете некој политички поен кај граѓаните од Битола. Ќе наведам повеќе податоци како аргументи за мојата претходна констатација од технички и финансиски аспект. Моменталата потрошувачка на природен гас во Скопје изнесува околу 120 милиони метри кубни на годишно ниво со потенцијал да се зголеми за уште 100 милиони метри кубни за индустријата и домаќинството во наредните неколку години. 350 милиони метри кубни се потребни потенцијлано за новата комбинирана гасна електрана која што ја гради Топлификација и 350 милиони метри кубни за комбинираната гасна електрана која што предвидува да ја изгради ЕЛЕМ. Вкупната сума на сите овие потрошувачи е 920 милиони метри кубни. Ако имаме во предвид дека моменталниот капацитет на сегашнот гасовод е околу 800 милиони метри кубни. Се доаѓа до констатација дека овој моментален капацитет не е доволен да ги задоволи тие потреби. Со зголемување на притисокот во цевководот може да се дојде до дополнителни количини на природен гас и тоа може да достигне до милијарда и 200 милиони метри кубни. Ова остава можност да се приклучат на овој гасовод Велес, Штип, Тетово и евентуално Неготино заради географската близина. Моменталната цена на изработка на гасовод од Скопје до Битола и кога би било ова возможно се претпоставува дека би чинело околу 50 милиони американски долари. Со претходната анализа јасно се гледа дека моменталниот капацитет на гасоводот до Скопје не може да одговори на потребите на Битола, Охрид и тука го заборавивме и Прилеп во овој предложен амандман. Се спомена дека Владата има несериозен пристап, она што го кажа и мојот колега Александар Николовски, јасно кажува дека Владата има сериозне пристап на оваа проблематика и моментално во Министерството за транспорт и врски има тендер за изработка на физибилити студија и таа студија ќе даде одговор кога и на кој начин ќе се донесе гасоводот до Битола. Како едно од потенцијалните решенија е проектот кој што тука беше споменат, кофинансиран од Европската унија за изградба на гасоводот од Турција преку Грција, Албанија до Италија. Тој би поминувал на 30 до 40 километри од Битола и капацитетот на тој гасовод би бил околку 10 милијарди метри кубни во прва фаза. Потрошувачката на Битола, Кичево, Охрид, на домаќинствата, индустријата и особено РЕК Битола и РЕК Осломеј се претпоставува дека би била околу 600 милиони метри кубни. Ова е една реална можност за гасификација на Битола доколку се реализира овој проект, а е предвидено да се заврши до 2012 година.

Од тој апсект вашиот предлог е неоснован од технички и финансиски аспект. Затоа, ве замолувам во иднина да имате посериозен пристап кон изготвувањето на овие предлог амандмани. Би сакал да напоменам за некои работи кои што ги кажа колешката Бендевска по однос на РЕК Битола и напомна дека оваа година ќе сме имале сериозни проблеми во производството на електрична енергија во нашиот најголем комбинат. Мислам дека тоа не е точно и по завршување на оваа грејна сезона или на зимските месеци кога е најкритично производството на електрична енергија, Ќе треба да им се извините на граѓаните на Битола и на Република Македонија и мислам дека до таа ситуација нема да дојде.

Од она што често пати во дискусиите се најавувало дека имало и ќе има големи дефекти во РЕК Битола, затоа што е сложен и динамичен систем имало и ќе има дефекти, но во секој случај тоа нема да влијае на вкупното производство на електрична енергија на овој комбинат.

Јас само би сакал да напоменам една работа дека во вашиот мандат од 2002 до 2006 година, ваш најголем проект во енергетиката беше отпуштањето на 1100 вработени од тогашното ЕСМ. Тоа е вашиот најголем проект и не се сеќавам на нешто крупно да сте направиле во оваа сфера. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен госпдинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке,

Се разбира, кога немате аргументи ви преостанува само со навреди да зборувате за пратеници кои што се потрудиле да дадат амандман и кои што во СДСМ не постои човек што чита напишана реплика, за разлика од ВМРО-ДПМНЕ кој што чита реплики или напишан текст, за што не сакам да коментирам, бидејќи не сме тука на стручна дебата за квалитетот на тоа што е кажано. Дека не се разбра за што зборуваме е нашиот амандман, кој што зборува за нов систем на гасификација, кој што оди како што зборуваше господинот Андов од Петрич до Албанија и кој што проаѓа низ Струмица, Битола, Ресен и Охрид. Тој апсолутно нема врска со постоечкиот гасоводен систем за кој што најголем навивач е Ставрески ама и неговото знаење го видовме. Затоа, пред да обвините некој дали е ук или не ук, погледнете си околу, погледнете се себе си и потоа зборувајте за луѓе што имаат публикувано над 40-тина статии во странски часописи во областа на инжињерството. Само тоа е слика како ја разбираме оваа работа. Вие кажете зошто зборувате против, а за секој амандман што се однесува за Битола гласате за. Вие зборувајте за тоа, дали овој амандман со кој што предлагаме да има гасификација на Битола е добро или лошо решение, а не зборувајте за Ставрески што ви напишал. Да зборуваме за амандманов. Дали е добро граѓаните на Битола да добијат систем за греење врз база на гасификација и РЕК Битола полека да се трансформира во систем во кој што гасот како влез ќе биде сериозен енергетски влез, импут во системот. Дали тоа значи поздрава животна средина, еколошки поздрава околина, подобро производство, по заштитени граѓани што

живеат околу. Тоа кажете го, а не да зборувате тоа што ви е напишано, да го фалите Ставрески кој апсолутно нема врска со ова, а да гласате пота за амандманот. Мислам, каде отиде лицемерието и до кој степен. Затоа, ве молам, ако имате нешто да кажете за амандманот, да се задржиме за амандманот. Дали е тој добар за граѓаните на Битола или не. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика господинот Котевски Никола, повелете.

**Никола Котевски:** Јас и на почетокот кажав пооднос на сите амандмани дека во принцип ги подржувам амандманите што се однесуваат до Битола. Околу вашите навреди јас не би сакал да коментирам, тоа се одлики на ваша лична култура. Јас би сакал да кажам само една работа, дали има гасовод до Неготино и дали до колку со прифаќање на овој предлог амандман ќе се реши тоа прашање. Мислам дека ова ви е чиста политичка пропаганда и не се работи за нешто сериозно од ваша страна.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке,

Во принцип не сакам да им реплицирам на моите сограѓани, но навистина сакам неколку работи да укажам. Не се навраќам на тоа дека почитуваниот колега Котевски, вклучително и почитуваната колешка Стефановска и во изминатите свои дискусии, свои реплики во немање на доволно аргументи за да кажат зошто се лоши амандманите на пратениците од СДСМ, се користат со изрази кои не му доликуваат на нивото на ова Собрание. Но,нејсе, тоа е домашна култура, граѓаните на општина Битола можат да препознаат кој и како се однесува во нашиот град.

Второ, бидејки тврдите дека амандманот е неук и т.н., дали ова се однесува и на почитуваниот господин Ставрески, кој ќе го цитирам, во повеќе наврати посочуваше, прво, дека долгот и прстенот кој ќе се гради, ќе се гради само околу Скопје. Потоа, тврдеше под притисок на јавноста дека ќе се прошири до Неготино. После не можело Битола да се гасифицира, заради тоа што требало прво да дојде до Неготино, па после тоа. Ви зи ви сето ова што го кажуваше господинот Јани Макрадули.

И, уште една работа, ако ние пратениците од СДСМ грешиме во ова, дали греши и регионалната Стопанска комора и дали грешат сите почитувани интелектуалци, професори на Универзитетот во Битола кои едногласно го подржаа Предлогот за гасифиакција на општина Битола. Јас сум убеден дека и регионалната Стопанска комора од Битола која јавно зборуваше, вклучително вие сега го спомнавте и Прилеп, при тоа и регионалната Стопанска комора од Битола и од Прилеп имаа заеднички состанок на кој дадоа јасна подршка на вклучување на Битола во процесот на гасификација и Битола да не остане слепо црево во Република Македонија. Ние кажавме дека ваквиот проект е од интерес на граѓаните на Република Македонија, на граѓаните на Битолаи на регионот околу Битола и со кракот кој е предвиден да продолжи понатаму кон Ресен и кон Охрид, ќе го решиме прашањето на граѓаните на Република Македонија.

Од тие причини не е добро цело време заради јавноста да посочувате дека еве ние од СДСМ не знаеме, погрешен амандман, погрешно сме го цитирале, а сите факти говорат дека тоа што го бараме е барање на сите разумни граѓани во Битола. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Котевски Никола, повелете.

**Никола Котевски:** Она што го кажав и во претходната контра реплика и сега го кажувам, потребата за гасоводот во Битола е реалност, е потребно и е нужно да се направи. Но, на овој начин како вие што го предлагате апсолутно не е коректно и мислам дека во ни една моја дискусија јас не спорев дека ставовите на регионалната Стопанска комора на стопанствениците, на професорите и т.н. да ги оспорувам нивните тврдења. Но, кажувам дека ова што го предлагате вие е апсолутно некоректно.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На ред за збор е господинот Талат Џафери. Бидејки тој не е присутен во салата, го губи правото за збор.

Збор има госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

Госпоѓо Бендевска немате право на реплика, бидејки во моментот кога се приајвуваа колегите за реплика не бевте тука, туку после влеговте.

**Радмила Шекеринска:** Почитувана потпретседателке, не знам зошто толку ги штедите своите колеги пратеници од парламентарното мнозинство и онака ретко кој е во салава, па можевте да дозволите оној кој навистина се подготвувал и кој што читал и кој што предлагал да има шанси да гокаже своето мислење.

Би сакала да го кажам своето мислење во поддршка на овој амандман и да кажам зошто. Мислам дека амандманот е важен и за тема за која министерот и Валдата по секоја цена се трудат да ја избегнат. Светот денес нешто се соочува со глобална финансиска и економска криза. Денеска светот веќе плаќа огромна цена за таа финансиска криза. Македонија ќе влезе во историјата како единствена држава која смета дека рецептот е да ги кренеш рацете и да пуштиш бродот да плови. Месец дена пред да започне сериозното пропаѓање на еден дел од банкарскиот систем во САД, прочитав една вест која се однесуваше на автомобилската индустрија во САД. За секоја држава многу битна индустрија, но индустрија која дури и без кризата се соочува со тешки проблеми. Информацијата која што беше објавена барем во странските медиуми

беше дека една од државите на САД одлучила на некој начин да и подари на фирмата инвеститор околу 200 милијарди долари за да ги убеди токму во нивната држава да инвестираат во нов произведен капацитет, чија што вредност ако не се лажам, изнесуваше некаде над 800 милијарди долари. Ми беше интересно да видам дали откако се објави дека финансиската криза чука на секоја врата и меѓу другото влијае и на Буџетот не само на САД, туку и на сите држави во нивен состав, дали оваа понуда ќе остане на сила. Во информацијата која што ја добив и од некои колеги, меѓутоа потоа и од медиумите е дека сега уште повеќе оваа сојузна држава со повеќе пари, не само што ќе ја стимулира идната инвестиција, туку ќе ги стимулира и постоечките инвестиции. На кој начин, на тој начин што велам ќе им прости еден дел од даноците и практично ќе ги ослободи од плаќање на даноци, ќе обезбеди целосна обука на сите вработени и нововработени и ќе размисли дали и на некој начин ќе субвенционира пристап до енергија. Тоа е рецептот кој што сметаме дека во Република Македонија не може на прва да се оствари. Министерот во една од репликите истакна дека единствената акција која што ја прават САД е ги национализирале банките. Тоа е можеби акцијата која предизвика најголемо внимание во јавноста, ама тоа апсолутно не е единствената политика која ја применуваат државите. Нациоанлизацијата односно влезот на државен капитал во банките беше да се спаси банкарскиот систем, но прочитајте, секој економист кој нешто пишуваше странски за оваа криза вели дека допрва ќе ги чувствуваме проблемите во реалната економија. За тоа во Собранието имаме просто мистериозен молк и претставува навистина богохулење ако се спомне дека и македонската индустрија, македонската економија имаат потреба од помош. Јас се согласувам дека таа помош не е да се дојде со купчето од пари во Буџетот и да се пренесе на сметка на фирмите. Ниту е во ред, ниту може тоа транспарентно да се направи. Меѓутоа, се знае на кој начин најзагрозените фирми може да им се помогне, со знаење, со енергија.

Она што денеска го говориме, гасификација на Македонија кога дискутираме за овој амандман, се разбира не може утре да го реши проблемот во економијата, како и финансиските проблеми на Република Македонија и финансиските проблеми на фирмите. Меѓутоа, до кога ќе ја одложуваме оваа расправа за енергетскиот систем во нашата држава. Ист неодговорен и потсмевлив однос чуфме од сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ кога пред неколку месеци го дискутиравме Законот за енергетика, кога пред неколку месеци велевме, прво, дека производството на електрична енергија во Република Македонија секоја година се намалува, тоа го тврдевме во 2006, се случи во 2007 и се случи во 2008 година. Кога тврдевме дека струјата ќе поскапи исто вака или не бевте во салата, или се потсмевавте, почитувани пратеници, тој проблем ни чукна на врата. Струјата е поскапа за 13%, таа цена сите ќе ја плаќаат. Струјата е поскапа 13%, бидејќи се нервирате ќе ви го повторам оти луѓето ќе ги плаќаат тие пари, парното поскапе за 60%, а веќе се најавуваат нови поскапувања на струјата во пресрет на зимската сезона. И, што прави Македонија? Македонија вели, енергетиката нека почека, сега имаме некои други планови. Ако не се имало никаков план за гасификација, зошто две години Ставрески ни ги мачка очите дека така речи утре ќе потпишел договор со Русија. Требаше во 2006 година на 1 септември да дојде во Собранието и да каже нема план. Во енергетиката сега ќе направиме студија. ВМРО-ДПМНЕ и сегашната македонска Влада и требаа 26 месеци работа за да дојдеме до распишување на тендер за физибилити студија. Со ваквото темпо за 26 години во Република Македонија нема да тече гас. Со ваквото темпо Република Македонија ќе ја плаќа најскапата енергија, а македонските граѓани нема да страдаат од енергетска сиромаштија, туку ќе исклучуваат струја во нивните станови. Ова што го говориме денеска Ќе биде тема и воследните години и во следните месеци. Што повеќе се одложуваат овие проекти, толку поскапа е цената. До сега или во првата година можеби имавме разбирање и трба на Владата време да ги согледа работите,иако ветуваше дека за се има програма, меѓутоа сега веќе јас не верувам во таа можеби наша наивна критика дека премногу им треба време за да сфатат каде се и што се. Сега навистина сум убедена дека зад оваа нулта политика во енергетиката стои план и многу пари. Ако секоја година Република Македонија се помалку произведува, а трошиме сите повеќе и фала богу индустријата ако велиме дека ќе расте или расте овие две години, таа троши се повеќе. Што значи тоа? Тоа значи дека секоја година се повеќе ќе треба да купуваме струја, а таа секоја година ќе биде поскапа,Собрание сруја енергија во било која форма. Очигледно е дека некому во структурите на власта му одговара огромни милиони евра да се одлеваат од нашата држав аи да полнат приватни џебови. И, заради тоа, не само овој сите енергетски проекти во принцип беа или стопирани или заборавени или минирани. Две години не се направи ништо за проектите за хидроелектраните кои што не се енергетско решение, меѓутоа, можат да помогнат. Две години чекаат да бидат распишани и ден денес малите хидроелектрани уште се некаде на потегот помеѓу министерство едно и минситерство друго. Меѓутоа, она што денес го чувме дека гасоводот и гасификацијата е во рацете на Министерството за транспорт и врски, на сите граѓани им испрати порака дека никој сериозно не се занимава со оваа работа. Министерство кое со години градело каков таков капацитет за да се занимава со енергетика, сега е тргнато на страна. Кој човек во Министерството за транспорт и врски, кажете ми, ќе се занимава со прашањето на гасификацијата. Ако ги рпашате таму луѓето, ако еден од нив ви каже во кое единица мерка се бројат параметрите потребни за гасификација, ако ви каже, еве јас однапред се извинувам. Кои се тие стручњаци, тој

што се занимавал со урбанизам или тој што распишувал тендер за Аеродром?

Почитувани пријатели, со многу области во политиката не смее да се игра, ама со енергетика цената се плаќа во следните 100 години. Да не се граделе РЕК Битола, Неготина, Осломеј пред 20 години денеска во темнина ќе беше Република Македонија. Што правиме денеска за по 20 години да има струја и енергија? Денеска молчиме на таа тема. Затоа, на колегите кои што тврдат дека немало доволно стручност во подготовката на овие амандмани треба да им порачаме дека таканаречените стручњаци што им ги пишуваат говорите ја носат одговорноста за тоа што во моментов Република Македонија нема план. И, додека целиот свет говори за криза, за енергетика, за храна, ние се бориме за карпи, за спортски алпинизам и говориме за базени и скокалници кои никогаш нема да се користат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Николовски Александар и господианот Трајанов Павле.

Има реплика господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да реплицирам за неколку работи.

Првата е по однос на различните концепти кои што ги имаме и тоа е легитимно. Имено, партијата на која што јас припаѓам и другите партии се залагаат за тоа да има што помало влијание врз приватниот сектор.

Затоа, на пример кога, тоа добро да го знаат граѓаните од Кавадарци, цената на фероникелот беше некаде околу 50 илјади евра на светскиот пазар, не им ги земавме екстра профитите кој ги ствараше Фени и затоа сега не можеме да го надокнадиме тоа што се вика губиток во Фени заради тоа што оставаме тоа пазарот да го регулира. Во тој правец би сакал да ве потсетам на еден предлог што го имаше СДСМ и тогаш госпоѓа Радмила Шекеринска како претседател на СДСМ, кога цената на нафтата почна драстично да се кажува и стигна некаде до 146 долари, од СДСМ, ни предложија, кога цената беше некаде околу 120 долари, да купиме интервентно нафта која би ја чувале за кога ќе поскапи да имаме поефтина нафта. Добро ама пазарот покажа некои други работи односно покажа дека во моментот нафтата е некаде под 70 долари, зависи од ден во ден, така што ако го направевме тоа што тогаш го тврдеше СДСМ и те како сега ќе бевме во загуба заради тоа што ќе купевме нафта која тогаш чинеше 120 долари, а денес можеме веќе да ја купуваме по 70 долари. Затоа десничарите веруваат дека пазарот е оној најдобар двигател на економијата и најдобар израмнувач на економијата.

Околу пазарот само уште една работа, а тоа е дека во моментот 1 Квтч произведен во РЕК Битола чини 20 евра, додека 1 Квтч произведен со гас чини 80 евра. Така што долгорочно мораме и овие работи да ги отвориме и да кажеме дека сепак гасот е нешто поскап од јагленот и тоа мораме отворено да го кажуваме односно мораме тоа да го предочиме. Значи во овој момент РЕК Битола произведува струја за 20 евра од јаглен, додека доколку би се произведувала од гас би чинело 80 евра, што би значело 4 пати поскапа струја од таа што ја имаме сега, што е поскапа од сета увозна струја која во моментот влегува во Република Македонија. Така што тоа се неколку работи што сакав да ги споделам. Затоа мислам дека не треба да создаваме паника кај граѓаните, ниту по однос на светската криза, ниту по однос на енергетските состојби во државата. Кажав во претходните реплики кој е планот на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата и мислам дека во наредниот период многу повеќе ќе зборуваме за факти, а многу помалку за идеи и концепти. Оставам простор дека може да има и различни концепти.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Очигледно дека десничарската ВМРО-ДПМНЕ не следи што се случува во европската десница. Дури и личности како Саркози тврдат дека ова претставува пораст на десничарската филозовија која велеше пазарот е се, ама кај нас има и некои други детали кои треба да не потсетат дека работите не се баш вака како што тврди пратеникот од ДПМНЕ.

Се сеќавате кога ФЕНИ навистина имаше одлични цени за продажба на своите производи кога вработуваше луѓе и отвораше нови капацитети? Зошто тогаш министрите од Владата и премиерот се сликаа во ФЕНИ, или се сликаат кога оди убаво, а бегаат и велат ние не знаеме, тоа е приватен бизнис, кога оди лошо.

И на крајот, гасот е поскап од јагленот. А што ако немаме ништо? Јагленот во Македонија ни овозможува поефтина струја, ама јагленот во Македонија ќе се потроши и ако ја следиме вашата филозофија за 20 година Македонија ќе биде во мрак.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реполика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе,

Мислам дека на оваа тема, околу финансиската светска криза, економската криза, рефлексиите врз Македонија, сигурно може да се отвори широка расправа и се надевам дека на еден форум, читам дека во Охрид ќе се расправа за оваа состојба и таму може да се кажат повеќе видувања. Меѓутоа, колку што јас следам, во оваа криза има и многу други елементи. Мислам дека психолошкиот елемент е многу битен и ние обидувајќи се да направиме нешто да ја спасиме економијата во Македонија, мислам дека можеме со самите дискусии да ја зголемиме психолошката криза во државата што ќе има негативно влијание

во банките и секаде. Но, тоа е друго прашање. Еве затоа сугерирам на овој форум што го држи Стопанската комора во Охрид, таму да се расправа и ќе има повеќе време.

Јас сакам госпоѓа Шекеринска да ја прашам околу гасификацијата, бидејќи таа беше и потпретседател на Владата 4 години, во Владата на Црвенковски и на Бучковски, околу фирмата ГАМА која беше заедничка сопственост на Владата и на МАК Петрол, што направија да го разрешат тој проблем за да започне тој процес на гасификација кој е неопходен на Република Македонија. За тие 4 години што направија? Ако се направи една анализа, јас колку што ги следам овие активности, ништо не се направи да се разреши спорот, а камоли да започне гасификацијата на Република Македонија.

Еве околу тоа ако може да ни каже, да имаме некои информации што е направено за тие 4 години за да споредиме дали нешто се продолжило во наредните две години дури беше и актуелната Влада. Дали некој од тие проекти се продолжени?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** За вашето вистинско прашање даде вистински одговор, ако го слушавте, и господинот Андов, генерално во енергетиката.

Еден Козјак кој беше иницириран од Влада на СДСМ и блокиран и од претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, се заврши. Еден проект завршете. Еве две години се од вашиот мандат. Пола проект немате во енергетиката.

Што се однесува до ЈП ГАМА и тогаш во тек беше судски спор во кој Владата ниту смее, ниту размислува да интервенира. Меѓутоа точно е дека и Владата и приватниот инвеститор имаат договор кој се почитуваше се до крајот и требаше да се почитува се до крајот на судскиот процес.

Меѓутоа, бидејќи зборувате за психологија, да во оваа криза важна е и психологијата. Знаете во Америка како градеа психологија на спас? На тој начин што сите главни политичари не бегаа од кризата, туку излегоа и кажаа ова е нашиот план. Таков јунак во Македонската Влада и во Македонската ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, измина времето.

(Реакција од пратениците на СДСМ дека пратеничката Шекеринска е исклучена)

Никој не исклучува. Кој исклучи.

Госпоѓа Зумрете Јакупи не е присутна тука, го губи правото за збор.

Господинот Јани Макрадули како претставник на предлагажите на амандманот повторно се јавува и има уште пет минути, повелете.

**Јани Макрадули:** Претседателе сакам да ве информирам дека согласно Деловникот член 86, предлагачот може да говори повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно и дека на предлагачот, претседателот на Собрнието му дава збор штом ќе го побара. Никаде нема термин овластениот предлагач. Во овој момент предлагачи се сите оние кои се предлагачи на амандманот. Некаде околу два и пол часа до сега ни беше ускратено со мерењето на времето, а за тоа претходниот кој седеше на местото до вас очигледно не водеше сметка.

Сакам да дообјаснам она што со амандманот се обидуваме да го направиме. Значи зборуваме за гасификација до Битола, со крак до Охрид.

Да потсетам, оваа Влада расписа тендер за нова гасна централа за која никој не се јави. Тоа што утре има физибилите студија со наместени 11 луѓе, знаеме Миле е експерт за тоа, гледаме му помагал Александар Николоски во тоа. Но на тендерот за гасна централа не се јави ниедна компанија за која сега зборувате дека ќе има 350 милиони гас цевката. Зошто тогаш не донесете кас до ТЕЦ Неготино. Истата може да се преобрази за 10 дена да работи на гас и така да го решите проблемот, ТЕЦ Неготино место да работи и да ја труе околината, ќе работи на гас и на тој начин ќе добиваме поздрава енергија за околината, а во системот ќе може да се пренесе потоа од Неготино и до кракот до Битола и до Охрид преку Ресен. Затоа овој амандман е издржан. Овој амандман се базира и на анализи и овој амандман можете да го најдете и во Програмата на СДСМ, за овие избори, затоа што во енергетскиот сектор, за жал, сега владее хаос од кој последиците ќе ги трпат граѓаните.

Во 2005 година беше донесен Закон за енергетика во Собранието со кој се изврши демонополизација и се воспостави слободен пазар на природниот гас. Со Законот гасоводниот систем се дефинира како преносен систем еднакво достапен до сите, до граѓаните, до снабдувачите, до трговците, до дистрибутерите. Тој потег што го направивме тогаш требаше да овозможи масовна гасификација во Република Македонија. За жал, сега имаме едни ретроградни процеси каде што министерот пред малку кажа тоа би значело, ако помагаме на компаниите дека тоа би било национализација. Па ова Собранието и ова парламентарно мнозинство донесе Закон за експропријација со која гасоводниот систем го одзеде од рацете на приватна компанија и го зеде во државна сопственост. Го кажав примерот со 20 милиони што со секој ребаланс ги дадовме во 2006 година на ТЕЦ Неготино или два пати по 500 милиони денари што ги даваме на МЕПСО за да го прикрие аматерското работење на Здравев и компанијата. Затоа, ајде да се обидеме да дадеме поддршка на еден амандман од кој апсолутно корист ќе имаат огромен број на граѓани во Република Македонија. Тоа ги надминува регионалниот аспект само на Битола и околината, има една поширока димензија и заслужува прво дебата, заслужува внимание, а пред се заслужува поддршка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

(Реакција од пратениците на СДСМ)

Ве молам јас претходно разговарав и вие самите кажавте дека од предлагачите на амандманот овластен е Јани Макрадули. Немојте сега, како не е точно.

Процедурално за збор се јави Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Претседателе по кој член од Деловникот ускратувате право на предлагачот на предлагачката на амандманот кој Весна Бендевска да зборува дополнително до 15 минути вкупно говор. Јас ќе ви кажам по кој член од амандманот ви го давам тоа право да го овозможите на госпоѓа Весна Бендевска.

Член 86 став 1 вели - пратеникот во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и ЗПК 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, не пишува овластен, и предлагачот, тука се сите предлагажи, можат да говорат повеќе пати но не повеќе од 15 минути вкупно.

Член 87 вели - на предлагачот претседателот на Собранието му дава збор штом ќе го побара.

Претседателе придржувајте се кон кампањата на Владата - ослободи го умот, отворија душата, бидете прв толерантен.

**Трајко Вељаноски:** Не ви доликува.

**Цветанка Иванова:** Еве ова е кампања на Влада.

**Трајко Вељаноски:** Не ви доликува.

Инаку во однос на вашето објаснување испаѓа дека ако во исто време се тука министерот и заменикот министер, двајцата добиваат по 15 минути.

**Цветанка Иванова:** Претседателе овде нема овластен предлагач. Предлагачи се сите.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за амандманот гласаа 8, против гласаа 49 пратеници.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата имаше 61 пратеник, со оглед на тоа што господинот Бучковски беше присутен кога се гласаше.

Гласањето е полноважно.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за гласаа 8, против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ј и ставка 461 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ј и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратенниците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија господинот Томе Чинговски и господинот Александар Николовски.

Има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, за жал претходните два амандмани кои беа значајни исто како и овој амандман, а да ве потсетам кој амандман не го прифативте - изградба на канализационен систем во село Велгошта.

Значи безброј пати вие и вашите пратеници сте биле таму и сте ветувале дека веднаш по завршувањето на изборите, без разлика дали биле тоа локални или предвремени парламентарни избори или било кои, дека овој проблем во село Велгошти, тоа е веќе приградска расправа со отприлика 3.500 жители.

Јас гледам министерот, покрај тоа што го одби амандманот нема ни интерес да слуша што кажуваме за овој амандман, без разлика што министерот потекнува од тој дел.

**Трајко Вељаноски:** Колеги, се извинувам, но треба да го сослушаме колегата, да седиме на своите места. Кој не сака нека излезе од салата.

**Томе Чинговски:** Очигледно не е интересно затоа што е безброј пати ветувано, а не исполнето. Сега на овој начин покажуваат дека се незаинтересирани, се кријат од вистината, се кријат од граѓаните и не знам како овој пат и покрај тоа што во тоа место во Охрид владеачката ВМРО ДПМНЕ добива често пати голем број на гласови не знам како овој пат ќе поминете и со кој образ ќе излезете пред тие граѓани кои силно ви веруваат и ве поддржуваат. Значи, се работи за една приградска населба, како што напоменав со 3.500 жители на кои не им е решена канализационата инфраструктура, кои имаат сериозни проблеми. Во тој дел од градот, но како што реков приградска населба, голем дел од куќите се на септички јами, а поголемиот дел канализационите мрежи се испуштаат во речните корита. На овој начин индиректно, односно дирктно се загадуваат водите во Охридското Езеро.

Затоа мислам дека треба овој пат пратениците од Охрид, а и вие министре да се надминете себе си да го прифатите овој амандман затоа што со загадување на Охридското Езеро не наштетувате само на граѓаните на Охрид, се наштетува на

граѓаните на Република Македонија. Градот на УНЕСКО приградската населба Велгошти да нема канализација во 21 век. Дефинитивно е недопуштено.

Морам да кажам дека локалната самоуправа одпочна со активности за изградба на канализациона мрежа и за нејзино приклучување во колекторскиот систем. За оваа намена со овој амандман побарав 40 милиони денари кои мислам дека се сосема доволно средства селото односно приградската населба Велгошти бидат прилучени во колекторскиот систем. Убеден сум дека овој пат пратениците како и претходните амандмани кои ги поднесов што се однесуваат на Охрид ќе ги поддржат и не само тие, поголем број од владеачкото мнозинство. Ви Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Ви благодарам претседателе,

Би сакал да позборувам во однос на амандманот. Прво, концепциски а потоа и по однос на конкретниот амандман.

Концепциски, кај мене лично се поставува прашањето еве веќе трета година сум дел од парламентот, неколку одлуки за пренамена на Буџетски средства сме гледале тука, неколку одлуки за носење на Буџет во Република Македонија, неколку одлуки за ребаланс на Буџет итн., и она што најчесто го добиваме како амандмани, ова не се однесува на конкретниот амандман, се конкретни амандмани за локални патишта, за канализација, за водоводи, за електрификација итн. Тоа се амандмани што се суштински за граѓаните кои живеат во тие населени места заради тоа што тоа е практично секојдневниот живот и од тука тргнува секојдневниот живот. Но, тука се поставува едно многу принципиелно прашање, а тоа прашање е дали тоа се обврски на Владата или се обврски на локалната самоуправа, не навлегувам од која политичка партија и чиј градоначалник има мандат односно дали се работи за водовод во Струмица или се работи за канализација во Битола итн. Поентата ми е дека, ако го претвориме Буџетот во место од кое ќе ги финансираме работите кои локалните самоуправи не можат да ги исфинансираат, зборувам крајно принципиелно без име и презиме на градоначалник. Тогаш се поставува прашањето која е смислата на самиот буџет.

Имено, ако не можат локалните самоуправи да си ги завршат работите кои се нивна обврска, се поставува прашањето која е логиката да ги имаат тие обврски односно се поставува прашањето дали ние треба да размислиме за системот на децентрализација кој го имаме, заради тоа што ако во секој буџет пратениците притиснати од своите гласачи, што е многу легитимно, бараат од Буџетот да се одвојат средства за водовод, канализација, патишта итн., тогаш е прашањето што работат локалните самоуправи, градоначалниците и советите. Гледам дека ќе подискутираме на темата, гледам дека има доста пријавени за реплика.

Заради тоа што тоа е примарната работа на секоја локална самоуправа. Она што може да го направи буџетот и што многу често го прави е да дополни во одреден процент, но тоа може да е 10%, 20%, а не целосно да се трошат средствата. Што ни се случува? Заради определени лобирања кај министерот за финансии, во Парламентот и тн., од страна на пратеници и од власта и од опозицијата ни се случува да се доделуваат средства на општините кои завршуваат на два начини: Првиот начин е тие средства да се трошат за тоа за што се наменети, а екстра парите кои им остануваат на општините се трошат за несуштински работи кои апсолутно немаат врска со ингеренциите на општината, број 1, или број 2, дури и она што ќе им се додели од страна на Владата не се користи како што треба. Заради тоа беше потребно Република Македонија да ја задолжуваме со законски одлуки тука некаде вкупно околу 200 милиони за патишта едниот кредит и вториот за водоводни и канализациони мрежи за да можат да се завршат сите оние работи кои треба да се завршат. Во таа насока е одговорот на овој амандман. Имено, проблемот со канализационата, јас ќе кажам и водоводната мрежа во Велгошти, место од кое доаѓам јас, место во кое живеат моите родители, е не од вчера ни од завчера, туку е проблем за кој јас знам откако знам за себе, значи добри 25-30 години. Поентата на тој проблем е дека согласно ингеренциите кои ги има локалната самоуправа тој проблем треба да го реши локалната самоуправа, градоначалникот и советот на општина Охрид и точка. Тоа е апсолутно така, заради тоа што тоа се ингеренции на градоначалникот и на локалната самоуправа. За жал, тоа не се прави, не навлегувам од кои причини и не би сакал да ја дискутирам работата на ниедна локална самоуправа заради тоа што тоа го знаат и граѓаните во Охрид, јас многу малку или воопшто не се занимавам со работата на локалната самоуправа, имам друг начин на кој ги застапувам граѓаните и другите интереси. Но, факт е, она што треба да го направи градоначалникот на општина Охрид и советот на Охрид во Велгошти - не го прави. Дали не го прави од политички причини, дали не го прави заради тоа што има други приоритети, тоа можеме да го дискутираме, но факт е дека не ја завршува работата. Уште повеќе факт е дека дава лажни ветувања. Имено, на граѓаните им беше ветено дека до 9 август о.г. работата ќе е завршена. Еве дојде нова година работата не е завршена, уште енда нова година ќе дојде уште не е за вршено.

На крајот ќе ви кажам зошто ќе гласам против. Ќе гласам против заради тоа што Република Македонија си дозволи преку одлука на овој парламент да се задолжи кај Светската банка со 100 милиони долари за да се завршат водоводните и каналилзационите мрежи во

Република Македонија кои, повторувам, се обврска на локалната самоуправа. Во оваа програма се влезени и овие прашања кои се отвораат сега.

Значи, заради тоа што локалната самоуправа во Охрид, градоначалникот и Советот не најдоа среддства, не се способни да го направат тоа, не сакаат да го направат тоа или некоја друга причина која можеме да ја дискутираме, Владата реши целосно да се задолжи и да ги заврши овие работи и заради тоа можам да им кажам на граѓаните од Велгошти дека не само што ќе имаат канализациона мрежа, туку ќе имаат и нова водоводна мрежа со средства кои ќе ги обезбеди Владата иако повторувам дека тоа не е работа на Владата и се надевам дека после локалните избори кои следуваат не само во Охрид, туку секаде, ќе имаме поодговорни градоначалници кои ќе си ги завршуваат своите работи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Човек да не знае дали да се смее или да плаче. Денеска во 11,05 часот отворете ја душата, бидете толерантни, Владата троши 450 илјади евра за тоа, ослободете го умот. Малку потивко.

Значи, во 11,10 часот господинот Трајко Славески кажа исто така со оваа одлука можам да истакнам дека за прв пат можеби до сега се предлагаа 300 милиони денари за помош на општините во Република Македонија за инвестиции во инфраструктурни проекти наменети за изградба на водоснабдителни, канализациски системи. Трајко Славески е ваш министер, вие го гласавте, вие го поддржувате тој да потроши 300 милиони денари за канализациски и водоснабдителни системи инаку, во ребалансот на Бу џетот и Буџетот, кој сте го изгласале имате капитални инвестиции, трансфери до единиците на локална самоуправа 22 милијарди 704 милиони денари. Вие изгледа уште сте под влијание на алгите од Исланд, па не знаете што сте гласале и што правите муабет овде. Значи, државата се грижи за граѓаните и до трансфери за водовод и канализација. Проблемот е што давате само на ВМРО-овски општини инаку во Велгошти ќе се гради потпорен ѕид, проверете кај министерот Миле Јанакиески со кој утре заедно ќе го отварате тендерот за физибилити студијата за гасификација. Ќе градите во Гази Баба 10 водоводи, ама не може тој водовод во Велгошти оти е предложен од пратеникот Томе Чинговски од СДСМ и тоа било ерес. Инаку, за Гази Баба, за другите водоводи што ќе се градат, се извинувам и за Сарај, најлојалниот ВМРО-овски, најдобрата ВМРО-вска општина, за тоа имате пари.

Значи, во овој буџет 22 милијарди се даваат за капитални трансфери на единиците на локалната самоуправа, а министерот Славески кажа дека 300 милиони само од оваа пренамена се даваат за водоводи кои сте ги распределиле на Влада. ВМРО -министрите со ДУИ министрите и сте дале на Сарај, на Гази Баба, на Прилеп, на Битола, а во Велгошти ќе градите потпорен ѕид. Е, затоа ни е до ова дереџе државата, затоа што гласате, а не знаете што гласате, затоа што зборувате, а не знаете што зборувате, затоа што овој Буџет е ваша обврска, транспарентното работење врз средствата од граѓаните кои се собираат обврска за коректни и добронамерни влади што си ги сакаат граѓаните, ја сакаат Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Добро претседателе, навистина е тешко принципиелно да се говори во парламентот. Имено, опозицијата од се прави маркетинг. Јас тоа што го кажав господине Макрадули се надевам дека ќе се согласите дека е лошо локалните самоуправи не е битно од која партија, пет пати повторив, да не си ја завршуваат својата работа и ние да се доведуваме, како пратеници, во ситуација да поднесуваме вакви амандмани. Тоа е факт и ако сакате да зборувате отворено ова треба да го признаете. Тоа е прва работа.

Втора работа, средствата кои ги кажувате не се точни заради тоа што 22 милијарди се за образование, примарно здравство итн., кои влегуваат тука.

Трета работа која е вонредно значајна, Владата, јас го кажав тоа и ќе го повторам, преку одлука на парламентот ја задолжува државата заради тоа што локалните самоуправи и градоначалниците не го завршуваат она што е нивна обврска, а за Велгошти да, ќе градиме потпорен ѕид што е обврска на локалната самоуправа за црквата Свети Никола. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе, ќе продолжам траму каде што застана почитуваниот колега Макрадули, во тој контекст за изградба на трафостаница во индустриската зона Жабени - битолско и изведба на влезот во општина Битола од правец на главниот град или од правец на Прилеп се предлагаат 170 милиони денари за двете намени. Вие во вашата дискусија кажавте, бидејќи градоначалниците не си ја завршиле работата што е обврска на локалната самоуправа, не се способни и не сакаат тоа да го направат, не се одговорни градоначалници, Владата на Република Македонија помага.

Сега ќе го цитирам почитуваниот министер што кажа на 13 декември 2007 година. Понатаму, 80 милиони денари за да послужат за електрификација на индустриската зона во Битола. Овој проект е проект на локалната самоуправа. Ваквите индустриски зони реализираат сите локални самоуправи во Република Македонија. Во рамките на можностите на Владата во иднина ќе ги разгледаме нивните барања и секаде каде може ќе помогнеме со средства. Тоа ќе го направиме, како што го

правиме во конкретниот случај со електрификација на индустриската зона во Битола. Јас, почитуван колега очекував колешката Анета Стефановска да ви реплицира заради тоа што ако господинот Владимир Талевски е најдобриот, најуспешниот, Битола е градилиште итн., по вашата дискусија тој е најнеспособен и затоа Владата му дава 170 милиони денари за да му помогне да ги реализира проектите кои ги има ветено. Инаку, вети, во 2006 година индустриска зона Жабени, во 2007 година го формираше јавното претпријатие, 10 месеци на почитуваниот колега Котевски неговиот роден чичко зема плата за да вчера пуштат два булдожери да рамнат таму и да ставаат колчиња.

Второ, понудивте топлификација пред избори 2006 година, но бидејќи не можевте да го реализирате проектот истиот го одолговлекувате, па сега ни викате прво едната страна од Драгор ќе ја поврзете со топлификација, па сега не можеле, па сега станбените, па после судот ќе го поврзете, никако да видиме топлификација во Битола. Сега, или градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ се способни и успешни или не се способни и неуспешни.

Трето, очигледно бевте дома да се одморите па не го слушнавте излагањето на почитуваниот колега министер за да знаете што говори и што кажува. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе,

Јас ќе повторам, мислам дека зборував многу принципиелно ама за жал, можноста за натпартиски дух во Парламентот е лимитирана и затоа само една работа ќе кажам. Партиски изгубивте 3:1 во Битола веројатно ќе изгубите уште повеќе заради тоа што битолчани кога ве гледаат вечерва вака ја разбираат работата. СДСМ е против да се овозможат услови во Жабени да се направи нова економска зона која ќе отвори нови работни места. Значи, е против отворање на нови работни места. Крај на приказната.

**Трајко Вељаноски:** Реплика за господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе,

Колегата Александар отвори една тема сакајќи или не сакајќи која е многу важна во Република Македонија. Јас го разбирам дека тој е искрен, но заборава една работа. Од 2006 година 5 јули на власт во Република Македонија е ВМРО ДПМНЕ и тој ја носи одговорноста за состојбите во Република Македонија. Така што господине Николовски ако ви пречи тоа што Владата префрла пари на градоначалниците за изградба на водовод и канализација и редица други комунални работи бидете храбри, мислам дека сте член на Извршниот комитет на ВМРО, изборете се за вистинска децентрализација. Дајте им на општините средства кои ги заслужуваат за да можат да си ја извршуваат функцијата. Немојте на општините да им давате ронки, да ги задржите крупните работи, а потоа од тоа да правите маркетинг. Вие сега се фалите дека сте ги обновиле сите санитарни чворови во училиштата, дека сте набавиле нови клупи, дека сте направиле не знам што во школите, дека сте направиле стадиони во школите, тоа е надлежност на локалната самоуправа. Немојте да бидете контрдикторни самите на себе. Ако се борите за децентрализација, на власт сте, седите во првиот ред, изборете се во вашата партија, носете одговорност, зголемете го зафаќањето од ДДВ, префрлете ги капиталните инвестиции на општините, дајте им да бидат градоначалниците - градоначалници, а не овде да кажувате приказни дека тоа треба некој друг да го направи. Вие сте власт. Од вас зависи. Зошто 300 милиони пред изборите давате на градоначалниците за водовод и канализација? Колку пати се случило да одите во селата во тие општини во 21век да им велите да ги земете нивните гласови ние ќе направиме водовод и канализација. Срамота. Јас се согласувам со вас во 21 век да земате гласови со водовод и канализација што ќе ветите дека ќе направиме. Ама разберете, вие сте власт, вие носите одговорност за состојбите во Република Македонија, престанете со популизам, проблемот со децентрализација е многу поголем отколку што вие сакате да го сведете на водоводи и канализации. Вие не го отворивте процесот го затворивте. Нема децентрализација во Република Македонија, а вие сте за тоа виновни.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска**: Да знаев дека на моите колеги, доволни им беа три реплики да го замолчат Александар Николовски, веројатно и ќе се откажев.

Господине Николовски, јас ве разбирам. Вие сте малку збунет, а сигурна сум дека вечерва ќе го сонувате Јани Макрадули. Ама таман релаксирано се вративте од Исланд, ве дочека првата интерпелација. Па, нели, потоа ви ја спомнаа, картата за Исланд најверојатно е 50 ерва, бањарката гратис ви ја земаме. Макрадули ја повика и Антикорупциска комисија и вие сте во желба да докажете дека сте добро информиран, а не сте видовит. Знаете дека утре кога ќе се отвори тендер за гасификација ќе има точно 11 понуди, а тука е и колегата Бучковски, малку вака ве пресекоа. Вие буквлано говорите дека не треба со оваа пренамене на средства да се трансферираат пари кон општините. Па ако ги земате колега Николовски стенограмите од лани кога господинот Славески го доживеа своето деби за пренамена со одлука на значителни средства од Буџетот, знаете ли колку пари отидоа кон општините. 6 милиони денари за канализација во Бутел. Санација на корито на Слатинаска река, втора фаза, 60 милиони за Инџиково итн. пренамената на средства, можеби ќе побарате од вашиот бивш потпрестедател на партија, сегашен министер за финансии, дека и те како се предвидуваат да се насочат кон општините. Сега,

можете да замислите, за 3 месеци има локални избори, па каде ќе ги преносочува бившиот потпретседател на ВМРО ДПМНЕ парите. Кон општините. Тука ви требаат средства. Тука ќе барате гласови.

Господине Николовски, ептен најзбунет, вие сега говорите дека опозицијата, замислете го користела секој момент за маркетинг. Не, не, тоа не е случај на ВМРО ДПМНЕ нели? Вие токму сега на предлог на колегата Чинговски, кажавте дека ќе гласате јасно дека ќе гласате против канализацијата во Велгожде. Ашколсум, велат старите, господине Николовски.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски**: Доцна е малку, духовито ќе одговорам. Госпоѓа Бендевска јас туѓи соништа не сонувам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Релика има господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитуван претседателе, токму она што го очекував од господинот Александар Николовски, го добив и како одговор за предложениот амандман, дека наделжност на локалната самоуправа е да гради канализации, водоводи осветлување и ред други работи. Добро е тоа што го кажавте вие Николовски Александар, тоа е точно. во Велгожди каналаизационата мрежа е завршена со средства на локалната самоуправа, а вие за жал, таму живеете и не знаете дека е тоа завршено. Завршено е со средства од локалната самоуправа. Овие 300 милиони кој гио предвидел министерот да ги трансферира во локалните самоуправи, вие кажувате дека не треба да одат за изгрдба на канализации, водоводи, туку треба да одат за израдба на да речеме, водни музеи, или некои други културно историски споменици, кои што во овој момент се потребни за државата, меѓутоа, на граѓаните многу понеоходна им е канализационата мрежа. оние проблеми кои што ги тиштат во моментот.

Друго кажавте дека, доколку ги префрлиле од Владата средствата од локалните самоуправи, тие ќе ги потрошиле со друга намена. Па префрлете ги на инвеститорот, односно на изведувачот, не мора да ги префрлате на локалните самоуправи, ако толку не им верувате.

Значи, оној сомнеж што се јавува према министрите е оправдан, затоа што вие имате сомнеж спрема секој градоначалник од СДСМ, треба да сте поприсутен во Охрид, треба да сте поприсутен, затоа што рековте дека во Битола победивте со 3 :1. Во Велгожде победивте со 4:1.

Затоа што лагите во Велгожде беа три пати поголеми одошто што ви беа во Битола. И очекувате од тие луѓе да ви дадат глас. Јас просто се соменам во сето тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Александар Николвски, пвовелете.

**Александар Николовски:** Господине Чинговски јас и вие не сакам да сме ан различни ставои, затоа што се обидувам со пратениците да одам на иста страна, така беше исо рпатеникот во претходниот состав и заедно ќе работимеи поантмау. Две работи сакам да кажам кои се факт. Првата е дека работат ане е завршена, затоа што , ако беше завршенанемаше да поднесувате амандмани,нема логика. Или е завршена работата, или не е завршена. Ако не е завршена, нема потреба да поднесувате амандмани. Не е завршена, јас минатиот викенд бев на средба со граѓаните во Велгожде , газев во прашина, газев во кал, улиците се раскопани и дополнително ни една куќа нема завршено канализациона мрежа. Тоа е срамота и тоа е штета. Ви кажав како ќе го решиме проблемот, бидејки локалната сампуправа нема капацитет да го заврши тоа прашање. Многу едноставно. Значи, локалната самоуправа немакапацитет, Владата преку кредит ќе ја заврши таа работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се ајви господинот Чинговски Томе како предлагач, повелете.

**Томе Чинговски** Благодарам претседателе,

Не би сакал да ја сведеме дискусијата на пониско ниво од ова Александар што го сведе, меѓутоа, морам да му кажам дека каде што поминув аинфраструктурната мрежа, односно канализационата мрежа, патиштата се веќе асфалтирани, господиен Николовски, нема ниту прашина, таму е отпочната изградба на тротоари и осветлување на дел од таа населба во општина Охрид. Вие седите овде во Скопје, а зборувате за Охрид. Бидете малку поприсутен, за тоа што го зборувате. Апослутно не сте во тек. Вие зборувате за она штонекој пред месец два ви пренел, а не зборувате она што сте го виделе. Секојдневно сум на тој терен јас сум од Велгожде и многу добро ги познавам приликите. Не се приклучени во колекторскито систем господине Николовски и тука треба да ги разликувате тие две работи. Канализационенсистем и колекторски систем. Не добро ве инфорирале и не добро ви кажале и технички не ве доопремиле, за да можете добро да кажете. А што се однесува до канализационата мрежа, 90% е завршена и делот каде што се сечеше асфалтот е асфалтиран. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е изцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме

Вкупно гласаа 64 пратеника, од нив за амандманот гласаа 18 пратеника, 1 гласаше воздржан, а 45 пратеници галсаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член1 на страница 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ј и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11, раздел 09002, потпрограма 20,

ставка 482, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001, за додавање нова потпрограма 3Н, ставка 488 по потпрограмата 30 ставка 488 и на член 1 страница 11, раздел 09002, потпрограма 20, ставка 482, поднесен од пратеникот Тахир Хани.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, амандманот е сличен на претходниот, не се прифаќа,образложението е повеќе пати кажано, Валдата на Република Македонија планира да им помогне на општинтие и во наредната година и понатаму. Потребите од инфраструктурни проекти од областа на водоводни канализациски системи во Република Македонија, за жал, и во 21 век се навистина големи и затоа е потребно таа поддршка но ова ќе се обезбеди на еден организиран начин, со обезбедување на средства што е познато на јавноста, со кредити од повеќе финансиски институции, како Еврпска инвестициска банка, Светска банка и т.н.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се приајват за збор.

За збор се јави господинот Хани Тахирм повелете.

**Хани Тахир:** Благодарам почитуван претседателе,

Амандманот го повлекувам од причина што фиансиски средства се предвидени на друг начин. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001, за додавање нова потпрограма 3С и ставка 461 по потпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002, потпрограма 20 ставка 461 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор господинот Динески Менде, повелете.

**Менде Динески:** Благодарам претседателе, На кратко ќе зборувам. На 15 октомври започнува грејната сезона, тема која е многу актуелна, со оглед на состојбите во кои се наоѓаат голем број на граѓани од Битола, е тема која за некои луѓе секогаш претставува политички маркетинг. Последна таква пригода беа парламентарните избори во 2006 година, кога градоначалникот на Битола, заедно со актуелниот минситер за одбрана, во име на ВМРО-ДПМНЕ им ветија револуција на граѓаните на Битола со Топлифиакција на градот. Отогаш поминаа повеќе од две години, а од револцијата која ни ја најавија, ја имаме само ликвидацијата на АД Топлификација -Битола. Од помпезно најавуваниот проект, кој требаше покрај објектите во јавната администрација да се донесе топлинска енергија и во домовите на граѓаните, сеуште нема ништо. Постепено идеата се редуцира и сега веќе не се говори за греење на индивидуалните станбени згради, туку се говори само за греење на објекти од јавна админситрација, но и покрај тоа , сеуште ништо не се случува на ова поле.

По ликвидацијата на АД Толификација - Битола, голем број на граѓани се соочија со сериозно потешкотии за начинот на кој како ќе ја поминат зимата. Најголем дел од нив се одлучија да го продолжат греењето со дрва, но и со електрична енергија, која сега гледаме дека поскапи повеќе од 13%. На сето ова сведоци сме дека деновиве се пишуваат казни, заради тоа што најголем дел од нив дрвата ги сечат опред своите згради и нормално , согласно со Законот за јавна чистота ги добиваат казните.

Формирањето на Јавното претпријатие за Топлификација, беше дадено како предлог 2006 година на седница на Советот на општина Битола со дејност Топлификациај на градот , но тогаш не беше прифатено, бидејќи проектот доаѓаше токму од опозицијата.

Со оглед на тоа дека во градот постојата повеќе локални топлани, од кои повеќето граѓаните ги имаат реставрирано, но сеуште не сите, најрационален начин за нивна екпслатација и одржување, би бил токму концептот за формирање на вакво јавно претријатие. Навистина во Битола постојат сите предуслови за реализација на овој проект, како технички, така и кадровски.

Како и да е, се надевам дека доколку не биде прифатен овој проект, граѓаните на Битола ќе имаат блага зима, а на раководството на едно од среднитер училишта во Битола за кој исто така се боревме како опозиција да добијат солидна топлификација. Се надеваме дека постојната ќе издржи.

Од тие прични, ги повикувам пратениците, особено од Битола да дадат подршка за ова јавно претпријатие, бидејќи тоа е значајно за градот Битола. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Стефановска Анета.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега од Битола Менде Динески, навистина вечерва се многу непродуктивни амандмани со вашите дискусии, бидејќи вие го произведовте тој проблем со топлификацијата и со оглед на тоа што тука се работи за одлука за

прераспределба на средства, многу мнимални средтва, како може овој амандман да се реализира.

Значи, нема логика. Добро што правите политички маркетинг , ама граѓаните на Битола добро ве гледаат. И што го мешате градоначалникот. Што има врска градоначалникот во кампањата за парламнетраните избори. апсолутно не можам да ве разберам, бидејќи навистина вие тука си ги намаливтте рејтингот уште повеЌе. јас ви зборувам цело време најдобронамерно. Излегувате неписмени. Нема никакава логика да зборувме за топлификацијата, кога се работи за ребаланс на Буџетот за минимални средства. Значи овде не е Собранието да правите политички маркетинг. Ако немате искуство прв избор ви е, јас ве раЗбирам меѓутоа, прашајте гио вашите поискусни колеги и тие ќе ве подучат какви амандмани да поднесувате ви иднина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. За контра реплика се јави господин Динески Менде, повелете.

Пред да му дадам контра реплика, треба сепак секој од пратрениците да внимава при употреба на соодветни зборови.

За контра реплика се јави господин Динески Менде, повелете.

**Менде Динески**: Благодарам претседателе, точно така почитувана колешке Стефановска, граѓаните на општина Битола, денес го видоа не само вашето познавањеод областа за која зборуваме, туку и вашето домашно воспитување и домашно воспитување кое ви го дале вашите родители.

Од тие причини навистиан сметам и ве почитувам како пратеник во Парламентот и миоте родители посотјано ме советуваа да имам спрема дамите респектабилен однос. Бидејќи вие сте далеку од дама, нема да ви реплицирам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине претседателе, не сум овластен предлагач туку сум еден од предлагачите на овој амандман. Иако колешката Стефановска говори тука за прераспределба, ќе ја цитирам, “на минимални средства”, без никаква намера некого да повредам или навредам, ако за госпоѓа Анета Стефановска 4,5 милијарди денари се минимални средства кои се распределуваат, тогаш очигледно колешката Стефановска има проблем да ги брои нулите во тој број. Значи, 50 милиони евра бараме за конечно Битола да формира свое ново јавно претпријатие кое ќе се грижи за топлификација.

Должна сум да објаснам пред јавноста дека постоечкото претпријатие за топлификација што пропадна кое постоеше и обезбедуваше топлински услуги на околу една третина жители од градот, беше дел од акционерското друштво Топлификација Скопје.

Ако добро се сеќавате, почитувани колеги, и минатиот пат не само при одлуката за прераспределбата на средства, туку и при ребалансот за 2007 и при ново понудениот Буџет за 2008 година заради невољата во која се најдоа третина од граѓаните од Битола, без своја вина да останат без топлински услуги од акционерското друштво, јас барав разбирање и барав, доколку господинот Славески не се согласи да одели 26 милиони денари кои беа доволно да се обезбеди мазут за да можат битолчани да ја поминат веќе започнатата грејна сезона, а за која да потсетам, на 12 месечни рати веќе издвоиле дел за да си обезбедат такви топлински услуги, се разбира, во текот на зимската грејна сезона, тогаш ако добро се сеќава господинот Славески дури го повикав на одредбите од законот за стокови резерви со одлука на Влада да им доделат на битолчани доволни количества мазут за да можат да ја прегрмат таа грејна сезона, говорам за минатата зима.

Очигледно е дека господинот Славески како претставник на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ нема апсолутно ни сенс ни осет во даден момент кога определен број граѓани на Република Македонија се наоѓаат во невоља без своја вина да може, согласно Законот, да издвојува средства или од пренамената или како што кажав согласно Законот за стокови резерви.

За да граѓаните на Битола немаат такви проблеми во иднина, Советот на општина Битола односно советничката група дојде до идеа да покрене постапка за формирање на ново претпријатие. Конечно еднаш Битола да го реши тој сериозен проблем што значи обезбедување на топлинска енергија за граѓаните на Битола. Изработка на проектот и структуирање, се разбира, на јавното претпријатие заслужува 50 милиони денари од овие 4, 5 милијарди денари да бидат пренасочени кон општина Битола за да може сериозно да започне овој вонредно добар и конструктивен предлог од страна на советничката група на СДСМ.

Господине претседателе на Собранието, гледам, а предлогот е ваш да работиме до доцните вечерни часови, не знам што очекувавте глатко да помине незаконскиот предлог од страна на Славески 74 милиони евра од Буџетот на Република Македонија да ги распределувате како сакате и кога сакате, да потсетам, со неизвесна судбина каде ќе завршат овие средства, почитуваните колеги од владеачкото мнозинство не само што не се заинтересирани за работа, туку претпоставувам дека им пречи што некој сепак се обидува да добие подршка за реализација на сериозни проекти што се однесуваат на граѓани на локално ниво. Но, тоа е што е, ниту е прв пат, знам дека нема да биде ни последен, се надевам дека секој ќе гласа по сопствена совест, а не според она што го ветил пред да се креираат листите на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за госпоѓата Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам.

Вечерва последна реплика давам на госпоѓата Бендевска, сакам да кажам дека сепак овие амандмани кои ги поднесе опозицијата и пратениците од опозицијата односно госпоѓата Весна Бендевска и Менде Диневски се неумесни предлози кои не држат место за градот Битола.

Сакам да се заблагодарам на Владата на Република Македонија што со овој ребаланс на Буџетот ќе овозможи финансирање на два проекти, едниот ќе биде за завршување на водоводот на Генимаале и Енимаале Битола и водоводот во Буково. Тоа сепак ќе биде едно пријатно изненадување за граѓаните на градот Битола и уште еднаш благодарност за разбирањето на Владата на Република Македонија и исто така да кажам дека градоначалниот навистина се избори и лобира за градот Битола, а вие можете само да се мислите кој кандидат ќе ви биде кандидат, бидејќи срам ќе биде од ваша страна да биде избран некаков си кандидат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине претседателе, смешно ли ви е нешто?

Госпоѓо Стефановска благодарам на посебната реплика што ја издвоивте кон моето излагање, кон мојот амандман, благодарам на вашите видувања, на вашите предупредувања и на вашите корисни совети. Еве сега, кажавте дека сте посебно горди и благодарни и ја глорифицирате Владата повторно за проекти, нели станувaше збор, како што кажавте, минимални, незначителни средства?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за амандманот гласаа 8 пратеници, 1 воздржан, 52 пратеници гласаа против.

Констирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 30 и ставка 461 по Потпрограмата 30 ставка 488 и на член 1 страна 11 Раздел 09002 Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1, страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Ф и ставка 482 по Потпрограмата 30 ставка 488 и на член 1 страна 11 Раздел 09002 Потпрограма 20 ставка 461 и 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е историски амандман. По илјада пати го поднесувам овој амандман во текот на овие три години. Со овој амандман и со сите оние претходно поднесени барам, барав и ќе барам изградба на патниот правец Струмица - Радовиш.

Почитувани колеги, мислам дека навистина не се потребни аргументи...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам стопирајте го времето, бидејќи претставникот на Владата вели дека не се однесува за тој амандман што веројатно вие зборувате. Ова се однесува ...

**Цветанка Иванова:** Според мојот редослед што го имам тој амандман е претседателе.

**Трајко Вељаноски:** По амандман на член 1 страна 11 Раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Ф и ставка 482 по Потпрограмата 30 ставка 488..., затоа што имате после уште еден амандман госпоѓо Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Изгледа е направена промена, ова е на член 1 страна 1 Раздел 13001, Министерство за транспорт и врски или за одводните канали. Според мојот редослед поинаку се распоредени. Тогаш не е моја грешка, списокот е таков.

Добро претседателе, благодарам, се работи за другиот мој амандман, тоа е амандманот со кој барам 80 милиони денари за доизградба на ободниот канал на Струмица.

Имено, почитувани колеги пратеници, во 2005 година отпочна изградбата на ободниот канал кој треба да ги опфати сите атмосферски води околу градот Струмица, ова се прави со една единствена цел за да се отстранат поплавите кои го зафаќаат струмичкиот регион.

Оваа инвестиција е во исклучива надлежност на Владата на Република Македонија. На почетокот се одобрени 920 милиони евра, остатокот од 1.350.000 евра сеуште не е одобрен од Владата, единствена причина заради која не се одобруваат овие средства мислам дека на сите им е особено позната, а особено позната на граѓаните на општина Струмица затоа што градоначалникот на оваа наша општина е од редовите на СДСМ.

Мислам дека, без разлика од која политичка опција е градоначалникот, парите ги бараме за сите граѓани на овој регион не само за струмичкиот, туку и за населените места затоа што кога фаќаат поплави поплавите не бираат

дали ќе биде поплавен на улица "Младинска" куќата на мојата колешка, дали ќе биде мојата куќа на "Широк дол", дали ќе биде куќа на припадник на ВМРО или на СДСМ.

Јас очекував дека колегите особено колешките од Струмица ќе извршат влијание знаејќи за значењето на овој ободен канал, меѓутоа, очигледно е дека политиката појако делува или повеќе влијае отколку навистина реалните потреби на граѓаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке, точно е тоа дека ободниот канал е од огромна важност за нормалниот живот на сите граѓани во Струмица и незавршувањето на ободниот канал дополнително прави неволји на граѓаните во Струмица, со тоа што постојано поплавите се повторуваат и дали мојата или вашата куќа или куќата на сите други советници или граднoначалникот може да биде потенцијално поплавена и тоа се случува со години наназад.

И до сега требаше ободниот канал да биде готов. Вие знаете дека на 27.09.2004 годна беше распишан тендер на кој што фирамата Еуропроект од Струга беше избрана како најповолен понудувач да ги заврши сите работи, да го заршу ободниот канал и согласно МЕА програмата и договорот кој што се склучен требаше во исто време и проектната документација за ободниот канал да биде изработена од тој кој што ќе биде изведувач на ободниот канал. Што се случи? Во исто време проектната документација беше преправена и наместо 832 илјади евра на фирмата и беа исплатени 961 илјада евра. Иако беа исплатени толку пари, скоро 4 километри, не беа направени од ободниот канал и тоа е главниот проблем денес што Струмица уште се поплавува.

Во исто време, во оваа сума на пари требаше да влезе и проектната документација. Наместо тоа, вашиот градоначалник заедно со неговиот директор на Комуналец, на човек фирма која што се вика Балкан консалтинг за 400 илјди евра си дадоа пари, фирма формирана само за таа намена, за 400 илјади евра без банкарска гаранција фирма, и дале можност да подготви проект. Значи, 400 илјади евра плус. Кога ќе ги собереме овие 400 илјади евра и плус 961 илјада евра дадени од државата, излегува 1.361.000 евра потрошени пари, а ободниот канал до ден денес не е готов.

Ќе се согласите колешке дека за недомаќинското работењето на градоначалникот на општина Струмица и заради тоа што граѓаните заради неговото недомаќинско работење и ден денес се поплавуваат не се виновни ниту државата, ниту пратениците во овој состав, ниту парламентарното мнозинство и не можете да кажете дека овој парламентарен состав не дава пари на градоначалниците од СДСМ. Тоа не е вистина, заради тоа што имаме пари со оваа одлука само Водовод во Банско, Водовод во Дабиле, Маркова Брана, итн.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Колешке Бонева, вие колку сакате овде кажувајте и викајте, граѓаните знаат што работи нашиот градоначалник и ќе го потврдат тоа на наредните избори. Ако навистина е така, јас не верував до сега дека ќе оставевте вие, како што не не оставате на мира секојдневно ќе сте можеле да направите проверка.

Почитувана колешке, не се заканувајте за тоа што кога ќе ви кажат се лутите и викате јас не учествувам во тие работи. Не се заканувајте ви се молам, бидејќи, видете, мислам дека веќе толку сме претрпнати што веќе никакви закани не не плашат.

Сакам само да кажам треба да кажете на граѓаните на општина Струмица колку вкупно пари изминатите години сте вложиле во струмичкиот регион како власт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 6 пратеници, воздржани нема, 53 пратеници гласаа против.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата нема доволен број на пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, ќе преминеме на гласање.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, за амандманот гласаа 4 пратеника, воздржани нема, против гласаа 53 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 482 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461 и 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма

3Ф и ставка 482 по потпрограмата 30  и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот минситер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Во врска со овој амандман во кој што се бараат средства за изградба на патот Струмица - Радовиш, можам да истакнам дека во тек е тендер за изградба на овој пат. Така што амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со  овој амандман како што кажа и заменик министерот, барам средства во износ од 150 милиони денари за изградба на патот Струмица - Радовиќ. Почитувани колеги   навистина веќе ми се здосади да ги кажувам аргументите зошто барам средства за изградба на овој пат. Мислам дека не се ни потребни аргументи. Нема човек од Република Македонија кој што не знае во каква ситуација се наоѓа овој пат. Но, нема да зборувам за тоа. Ќе зборувам за следново. Сите овие амандмани кои што досега ги поднесов се амандмани и некои други кои што не сакав да ги поднесам. Но, овие се амандмани кои што упорно ги поднесувам овие три години. И на сите четири амандмани ми се дава истиот одговор. Јас ќе ви ги испратам и стенографските белешки на вашите одговори од сите овие амандмани. Верувајте сите одговори на сите овие амандмани сите овие три години се исти, вклучително и одговорот по овој амандман. На прв пат поднесениот амандман  ми одговоривте дека има проблем со имотно правните работи. Втор пат поднесен амандман дека има проблем со имотно правни работи  и дека е во тек, ама сепак е во тек избор на изведувач. Следен пат  поднесен амандман дека е во постапка, бил завршен тендерот, тендерот паднал, сега ќе се распишувал нов тендер. Значи сега лагата продолжува и понатаму, сега сме веќе во фаза на избор по распишан тендер и избор по тендер.

Почитувани колеги, ако се сеќавате  истиот овој амандман ние си го поднесувавме и во времето кога бевме на власт. Три години не не услиша нашата Влада. Меѓутоа, последната година под притисокот што го направивме, се договоривме дека навистина Република Македонија нема доволно средства за да биде патот одеднаш изграден, секоја година ќе се градат по 4 километи. И до колку триве години  не ја заварувавте јавноста и граѓаните со лагите од типот дека проблем со имотно правните односи, избор на изведувач, падна тендер, стана тендер, до сега отпочнатата изградба и изградените 4, или 5 километри колку се во времето кога на власт беше СДСМ и овие три години, значи 16-те километри пат макадам, коцка кој што е од турско време, значи ќе го решевме овој проблем. Почитувани колеги, знаев дека ниту еден од амандманиве нема да ми биде прифатен. Но, свесно ги поднесов да им докажам на граѓаните во мојот регион дека приказните се плетат, дека лагата продолжува, дека ништо од она што е ветено, ниту за патот изградба на Куклиш Банско, ниту за изградба на патот Добрашинци- Турја, ниту за ободен канал, колешката што сака да ми докаже нешто друго, ниту пак патот Струмица - Радовиш е чисто. Значи, Владаваи нема намера да си ги решава, туку добро е, си има реклами, ќе рекламира, ќе се појавуваат на каналчиња, народот ќе верува до одреден период и еден ден ќе сфати како што јас одамна сум сфатила дека оваа лага крај нема, но еден ден ќе и дојде крајот и на таа лага. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 59 пратеници, за амандманот гласаа 4 пратеника, воздржани нема, против гласаа 55 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пристуни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 482  по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 461 по потпрограмата 30  и ставка 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор госпоЃа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Сега забележувам дека министерот Славески заминал, очигледно како и сабајле како што кажа има свои потреби. Но, сеедно, тука е заменик министерот, не сум сигурна колку е овластен или

колку му е дозволено од страна на Славески да може да прифаќа, или да не прифаќа амандмани. Јас сепак, ќе се обидам да дадам свои аргументи зошто овој амандман вреди да биде прифатен. Значи, бараме 50 милиони денари од оваа пренамена на буџетски средства со цел да се формира ново јавно претпријатие во општина Битола за јавен превоз. Со оглед на големината и дисперзираноста на месните заедници во рамките на општина Битола неопходно е формирање на едно вакво ново јавно претпријатие. Знаете, со новата териоријална прераспределба кон Битола се приклучија општините Бистрица и Кукуречани и Цапари што дополнително ја зголемува и територијата и дисперзираноста на населените места под општина Битола. Проблем е, сериозен проблем е на граѓаните, особено на одалечените населени места, а секако и на граѓаните на општина Битола околу организирањето на превозот на териотијата на цела општина Битола. Јас навистина сакав,имав желба да продебатирам со господинот Славески и да го потсетам дека минатата година 272 милиони денари господино Славески намени, трансферираше до Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје за набавка на нови автобуси. Значи, цитирам: овие средства биле доволни за набавка на 40 до 50 супер модерни автобуси. Јас не живеам во Скопје, не ја знам судбината на овие средства, не знам дали околу 50 супер модерни автобуси од минатата година што беа насочени кон Скопје веќе се на располагање на возниот парк на Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје. Тоа најдобро го знаат колегите од Скопје. Ама знам да пресметам дека според цената еден таков супер модерен автобус чинел околу 5,5 милиони денари.

Сега дозволете да го парафразирам бившиот портпарол на Владата на Груевски, а сега се разбира многу надежен вицепремиер за евроинтеграции господинот Ивица Боцевски од веб страната на Владата на Република Македонија на 13 октомври и вели: наместо 100, Владата одлучи да набави 300 нови двокатни автобуси за градскиот превоз во Скопје. Тендерот бил распишан, а образложението е... Јас апсолутно веќе не се трудам да го привлечам вниманието на незаинтересираните колеги од ВМРО-ДПМНЕ, ама сигурна сум дека макар и 5 граѓани во Република Македонија да ме слушаат, вреди да ја знаат вистината. Господинот Боцевски вели, Скопје како метропола, економски, културен и социјален центар на Република Македонија заслужува да им обезбеди на своите граѓани мобилност. И затоа наместо 100 ќе обезбеди 300 нови супер модерни двокатни автобуси. Ако минатогодишната цена на еден автобус чинеше 5,5 милиони денари иако не беа предвидени двокатни автобуси, знаете за каква донација од Владата кон градот Скопје станува една милијарда и 800 милиони денари.

За таква сума се говори. Сакам ова да го спротивставам како аргумент зошто и граѓаните на Битола заслужуваат квалитетна своја мобилност. Вредат и тие да формираат свое јавно претпријатие. Да ве потсетам, Битола беше центар на едно од најуспешните транспортни претпријатија Транскоп Битола. Нема да говорам за судбината што ја доживеа ова наше претпријатие, ама во Битола сеуште живеат квалитетни возачи, супер квалификувани и Битола некако отсекогаш имала во тој поглед квалитетни кадри. Но, замислете, на почетокот на третиот милениум Битола нема сопствено јавно претпријатие за јавен превоз. Затоа, господине заменик министер не знам дали ќе се одлучите да дебатираме околу логиката на барањето, искрено не верувам ама Владата на ВМРО-ДПМНЕ на 13 октомври не размислувала за донации не само кон Битола и јас имам право во име на граѓаните што ме бирале да го барам ова. 82 останати општини од територијата на Македонија граѓаните ги заслужуваат истите средства, па макар и во форма на донации од страна на Влада на 13 октомври нешто господинот Груевски бил добро расположен и ете како беше, не 3.500 милиони дрвца да се засадат, пиши шест. Претпоставувам во истиот тој манир, ма кои тоа автобуси, 300 ќе дадеме за Скопје. Јас верувам дека со оглед на големината и граѓаните на Скопје навистина заслужуваат подобар, поквалитетен и поудобен превоз, ама дајте да размислиме, сеуште постојат општини што граѓаните немаат било каков јавен превоз.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ака што, гледам дека повторно еве некој се одлучил на реплика и јас сум да дебатираме, ајде да размислиме дали вреди да поставиме и поинакви принципи на работење на Владата. Значи, Буџетот на Република Македонија да се дели подеднакво за сите граѓани, од сите општини на територијата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Котески Никола, повелете.

**Никола Котески:** Ви благодарам.

Имавме доста дискусии денес по однос на амандманите што беа предложени по однос на оваа Предлог одлука од страна на опозицијата, поготово за Битола. Јас би сакал само да кажам неколку работи околу последниов амандман кој што го имаше СДСМ и предлагажите Весна Бендевска и Менде Диневски и околу формирање на Јавното претпријатие за градски превоз во Битола и се бараат средства околу 50 милиони денари за оваа намена. Мислам дека требаше добро да образложат како дојдоа до таа сума и како би функционирало ова јавно претпријатие. Воедно, јас само би се навратил малку во историјава и би го кажал следново дека во времето на С ДСМ кога беше власт на локално и на државно ниво се приватизира Транскоп и точно Транскоп ја имаше таа намена во неговите дејности кои што ги имаше за извршување. Моментално во општината се размислува за изготвување на студија во соработка со

Техничкиот факултет кога ќе треба да даде одговор на повеќе прашања поврзани со оваа проблематика. Значи, прашања како на пример, каков тип на градски превоз, приградски превоз, решавање на сообраќајните проблеми од аспект на густината на сообраќајот, такси превозот итн. Конечно оваа студија треба да даде одговор на прашањето дали ни треба формирање на јавно претпријатие или оваа услуга ќе се врши по пат на јавно приватно партнерство.

На крајот, затоа што ова е последен амандман во редицата на амандмани кои што ги предлагавте по однос на оваа одлука, јас би сакал да кажам дека со оваа прераспределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за Битола повторно да кажам дека се одвоени 170 милиони денари индустриската зона во Битола ќе биде реалност, без разлика на она што сакаше да го каже колегата Диневски и да упатува некој вид на навреди кон луѓето кои што се посветени на реализација на овој проект. Ќе напоменам дека индустриската зона во Битола ја ветивме пред локалните избори и ќе ја реализираме. По тоа ќе бидеме запаметени и ние, а вие ќе бидете запаметени по однос на бескрајните критики кои што ги имате кон работењето и на локалната самоуправа во Битола и по однос на сите невистини кои што ги кажувате во изминатиов период.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Колега Котевски, не ви го разбирам прашањето како ќе функционира јавното претпријатие? Па, како јавно претпријатие согласно Законот за јавни претпријатија. Јас дополнително зачудена, па вие бевте директор на едно јавно претпријатие, не знаете како функционираше? Обезбедуваше јавен интерес. Знаете што, согласно Законот за локална самоуправа, единиците за локална самоуправа се должни да организираат и превоз како јавен интерес на граѓаните на општината и тоа требаше да го знаете. Бидејќи ми е кратко времето, знаете околу судбината на 170 милиони што ги вети Славески, знаете зошто се сомневам? Минатата година вети 80, ама до денес Битола не ги виде. Денес двојно повеќе ветува. Според мене двојно поголема е шансата, а овие пак уште помалку да стигнат во Битола. Дај Боже да стигнат господине Котевски. И јас, и вие, и граѓаните од Битола ќе бидеме задоволни. На Битола и требаат средства и треба финансиска инекција од централната власт, апсолутно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за амандманот гласаа 11, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 461 по потпрограмата 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова потпрограма 3Ф и ставка 482 по потпрограма 30 и ставката 488 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријави и има збор господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе,

Почитуван заменик министер, не ме изненадивте што не го прифативте амандманот, така сте најверојатно вечерва договорени да не прифаќате наши амандманит од опозицијата и што е тоа е. Морам да кажам за што се работи во овој амандман. Тоа е изградба на канализациониот систем во село Лескоец. Во претходната моја дискусија напоменав дека се работи за едно големо село отприлика од 4.500 жители каде нема канализациона мрежа. Значи, немање на канализациона мрежа во с. Лескоец, повторно ќе кажам, директно загадување на Охридското Езеро преку фекалните води кои ги испушта. Проширувањето на прифатот на отпадните води во канализациониот систем колку што е важен за урбаниот дел и делот на крајбрежието не помалку е важен и за руралниот дел на општините, посебно за оние населени места кои гравитираат кон градот. Има голем број на жители за кои технички е изводливо да бидат вклучени во колекторскиот систем за прифат, за одвод и прочистување на отпадни води. Заради ваквите потреби општината Охрид отпочна со градежни активности за приклучување кон колекторскиот систем на село Лескоец. Тоа од своја страна значи обезбедување на поквалитетен живот на жителите од овие населени места и влијание врз намалувањето на миграцијата од село во град, со прифаќање на повисоки стандарди во организирањето на животот во руралните средини. Се работи за сериозен градежен зафат, чија што реализација започна уште од минатата година и која ќе се одвива во две фази. Досегашниот начин на испуштање на отпадните води во речните коришта или преку септички јами, значи директно загадување на водите во Езерото и контаминација на почвата. Ако се има предвид

дека најголемиот дел од жителите на овие населени места што се занимаваат со земјоделство, посебно овоштарство последиците се уште подраматични. Во моментов еден дел од секундарната канализациона мрежа во Лескоец е завршена и објектите кои се наоѓаат на завршната траса можат да се приклучат кон колекторскиот систем. Меѓутоа, за приклучување на колекторскиот систем треба дополнителни средства, за кои средста локалната самоуправа во моментов ги нема. На неколку пати се обратени до Владата на Република Македонија која што ветува не само на локалната самоуправа, туку и на граѓаните во овој дел на градот дека ќе бидат благовремено префрлени. Меѓутоа, од сите тие ветувања досега апсолутно нема ништо. Затоа, е поднесен овој амандман со цел што побрзо и поефикасно да се завршат овие активности.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за амандманот гласале 11, не се воздржа никој од гласањето, против гласаа 49.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратници во салата.

Со оглед дека во салата немаше доволен број на пратеници, ова прашање го поништувам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да седнат на своите места, а службите да ни достават точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 6 пратеници, воздржани нема, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма 3-Ф и ставка 482 по подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Томе Чинговски и Јани Макрадули.

(Со седницата продолжи да раководи Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија)

**Трајко Вељаноски:** Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма “изградба на патен правец Свети Николе - с.Кнежје - Џузунелци - Милино - Каратманово” ставка 482 подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Станка Анастасова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави пратеникот Станка Анастасовса, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик минситер,

Овој амандман се однесува на изградба патен правец од село с.Кнежје преку Џузунелци - Милино до Каратманово со кој ќе се направи поврзување помеѓу општина Свети Николе и општина Лозово.

Се надевам дека пратениците ќе гласаат позитивно по овој амандман. Доколку не се одобрат овие средства во износ од 40 милиони денари и овој патен правец биде изграден квалитетот на животот на граѓаните од пропратните населени места значително ќе се подобри. Доколку пак не се изгласа овој амандман ќе се покаже дека владеачкото мнозинство продолжува да ја запоставува изградбата на патната мрежа во источна Македонија.

Посебно апелирам до колешката пратеничка од ВМРО ДПМНЕ, од нашата општина бидејќи е родена во Лозово, а живее во Свети Николе и посебно од неа очекувам поддршка на овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Јаготка Ивановска, повелете.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам претседателе,

И овој амандман, почитувана колешке е само чист популизам. Вечерва по втор пат се соочуваме со ваше неосновано барање на парични средства од државниот буџет за изградба на патен правец Свети Николе - Кнежје - Џуземелци - Милионо - Каратманово.

Јас сум зачудена зошто не се соочите вие колешке со реалноста, зошто не ги надминете лагите и интригите за да излобирате за некои неосновани проекти, секако за ваш личен интерес, или пак некој политички интерес, како што го направивте тоа претходно и во контра репликата кон мене, со лаги и интриги. Ме обвинивте за концесија на земјоделско земјиште, но јас сум спокојна. Вистината е секогаш на моја страна и секогаш е појака од вашата лага и интрига.

Колешке, повторно барате средства за изградба на пат Свети Николе -Кнежје. Пред 10 години овој пат беше изграден и овој пат се наоѓа во најдобра состојба. Каде ќе ги употребите или злоупотребите тие 10 милиони што ги барате со овој амандман. Барате за изградба на патот Каратманово. Колешке треба да знаете за кој пат Владата веќе има одобрено средства. И со

притисок на претседвачот на општина Лозово средствата беа пренаменети за изградба на патот што води до приватно криминализираната фабрика на претседавачот на советот ИГМ Џумајлија за производство на тули.

Во очи на изборите, неколку дена пред изборите, општина Лозово го асфалтираше патот Каратманово - регионален пат Велес - Штип во должина од 2 километри не не знам зошто повторно барате вакви средства.

Почитувана колешке јас би ве замолила излобирајте кај градоначалникот на општина Лозово да изготви проект за патниот правец Кнежје - Џуземелци - Милино - Каратманово во должина од 9 километри со реална вредност од 25 милиони денари и во иднина односно во догледна иднина кога ќе се доенсува Буџетот за 2009 година јас и вие заедно ќе лобираме кај нашите колеги и кај Владата за да се обезбедат овие средства за изградба на оваа патна мрежа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана колешке сега гледам зошто граѓаните од Лозово го доставија ова барање до мене, бидејќи се свесни дека вие нема да им помогнете. Изграден е само еден дел од 2 км., од регионалниот патен правец Штип - Велес до Каратманово, но другиот дел од село Кнежје точно до тој дел од регионалниот патен правец Штип - Велес. До тука е изградено. Јас барам пари за останатиот дел.

Дали знаете дека во село Џуземелци има две мали дечиња што секој ден патуваат во Лозово на училиште. Ако нивниот татко не ги однесе, ако дозволуваат временските услови тие ќе стигнат на училиште. Меѓутоа ако има дожд и снег по тој пат не можат да стигнат на училиште. Ова многу ќе го подобри животот на сите граѓани кои се во таа околина. Вие немате желба да помогнете на народот и затоа не бааат помош од вас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот е ставен на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за амандманот гласаа 7, воздржан 1, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страница 11 раздел 13001 за додавање нова подпрограма “изградба на патен правец Свети Николе - с.Кнежје - Џузунелци - Милино - Каратманово” ставка 482 подпрограмата 30 и ставка 488 и на член 1 страница 11 раздел 09002, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Станка Анастасова.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 11 раздел 15001 за додавање нова подпрограма 51 и ставка 425 подпрограмата 50 и ставка 403 и на член 1 страница 11 раздел 09002, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Куркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавија господинот Горан Сугаревски и господинот Владо Бучковски.

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседател, колеги пратеници

Очекував барем со неколку реченици заменик министерот да каже зошто го одбивате овој амандман. Едноставно кажавте амандманот не се прифаќа.

Би сакал малку суштински да кажам зошто мислам дека овој амандман треба да биде прифатен.

Ако се врши веќе пренамена на средствата, се прашувам зошто не се поддржуваат резервистите од конфликтот во 2001 година, за материјално обезбедување т.е. зошто фискално не се поддржа законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства.

Ќе се навратам малку поназад. Имено, очигледно вие ниту како Парламентарно мнозинство, ниту како Влада немате намера ниту да го донесете законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, членовите на нивните семејства и покрај тоа што тие лица во ова Собрание донесоа повеќе од 30 илјади потписи.

Јас сакам да потсетам дека право да предлага донесување на закон, според новиот Деловник член 132 се вели - има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10 илјади избирачи.

Овие лица донесоа 30 илјади потписи, меѓутоа точката се стави на дневен ред на една од минатите седници, но очигледно не сте со намера да го закажете продолжението на таа седница. Поминаа повеќе од два месеци, го чекате мислењето од Министерството за финансии или од Владата, или сеедно, што претпоставувам дека никогаш нема да дојде во ова Собрание, што значи дека ниту ќе продолжи оваа седница и ако се почитуваат сите одредби од Деловникот во поднесувањето на овој закон.Од тие причини решивме да поднесеме еден ваков амандман за во наредните три месеци некаде по 36 милиони денари или вкупно 108 милиони денари да се издвојат од Министерството за финансии за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовитре на нивните семејства.

Со неприфаќањето на овој амандман оваа категорија на лица, со која што укажавте дека немате намера да го прифатите, а веројатно и парламентарното мнозинство, како сите изминати 18 амандмани, ќе го отфрли, сигурно дека оваа категорија на лица ќе остане на маргините на ова општество. Меѓутоа овде не е целта со оваа распределба да се решат, ниту веројатно правата на овие лица, ниту оној амандман кој доаѓа после него, стечајните работници, иако за нив во изборната кампања кажавте, како и за овие лица, им ветивте дека сигурно после добивањето на парламентарните избори ќе им ги донесете овие закони. Сепак, очигледно и оној притисок кој постојано го вршат, дури имавме тука и претставници на припадниците на безбедносните сили во Собранието кога беше закажана седницата, меѓутоа за жал нивниот претставник седеше овде неколку дена и на крајот му беше кажано дека седницата ќе биде одложена за некои подобри времиња но тие подобри времиња никако да дојдат. Веројатно чекате период, некаде пред почетокот, јануари или февруари месец пред одржувањето на претседателските и локалните избори кога таа категорија на луѓе ќе ви притреба се со цел да гласа на тие избори.

Мислам дека овој амандман гледано од сите аспекти, можеби не сакате и ова да го решите затоа што после него веројатно би следувал посебен закон за припадниците на ОНА, предложен од страна на ДУИ.

Барам поддршка од парламентарното мнозинство се со цел да им помогнеме на оваа категорија на луѓе, што кажав и преетходно дека не сте со намера да донесете ваков закон, барем низ овој амандман да одделиме средства од 108 милиони денари за припадниците на безбедносните сили и нивните семејства.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе,

Очекував парламентарното мнозинство да има разбирање за овој амандман бидејќи е извесно дека не може да побегне од законот кој во легитимна процедура ја доби поддршката од 30 илјади граѓани на Република Македонија.

ВМРО ДПМНЕ и за време на кампањата ги злоупотребуваше припадниците на безбедносните сили, припадниците на Армијата и на полицијата кои беа дел од резервниот состав. Но, во моментот кога ја направи коалицијата со ДУИ испадна дека нерешеното прашање на поранешните припадници на ОНА е поприоритетно од решавањето на ова прашање. Тоа е крајно лицемерие што во континуитет веќе го демонстрира ВМРО ДПМНЕ. Јас очекувам да собеат доблест, како што на времето кога предупредувавме дека нема бегање од решавањето на проблемот на стечајните работници, кога се криевте овде по ходниците, кога имаше спринтови на дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ само да нема кворум, мислам дека сега ќе извлечете пука од погрешните потези кои ги правевте во минатиот пратенички состав.

Станува збор за скромна сума на пари. Очигледно е дека има вишоци. Добро е што дојде министерот за финансии.

Значи, нема ниту едно образложение зошто, кога веќе го одлагаме носењето на законот, неверувам дека, далеку од умот е дека ВМРО ДПМНЕ покрај се што во минатото говореше, за припадниците на безбедносните сили дека нема да го изгласа законот кој безрезервно ја има поддршката на опозицијата, за разлика од вас, кои бевме свесни во кампањата на последните парламентарни избори дека, условно речено, нема се да биде во наши раце, но ние безрезервно, сите пратеници дадовме поддршка на напорите кои ги правеа овие граѓани на Република Македонија, кои се чувствуваат дискриминирани. Бидејќи ВМРО ДПМНЕ кој често сака да се удира во гради и да го има секогаш имиџот на оние патриоти кои се борат пред се за правата на безбедносните сили, сега гледам се скрија сите во дупките на глувците и ги нема никаде. Нема потреба а се срамите од тоа што можеби вашите лидери го договорија со ДУИ. За ДУИ има друг инструмент на кој начин ќе се решат нивните проблеми. Тоа веројатно вие не го ни гледате, дневно се решаваат проблемите на поранешните припадници на она со тоа што и Министерството за труд и социјалната политика го раководи кадар на ДУИ.Затоа повикувајќи на минимум разбирање. .

**Трајко Вељаноски:** Продолжете слободно.

**Владо Бучковски:** Не можам да продолжам кога од првиот ред тројца пратеници разговараат со вас. Јас морам да се свртам да видам што правите.

**Трајко Вељаноски:** Слободно продолжите вие, вашите 10 минути ги трошите непотребно за друго.

**Владо Бучковски:** Потрошивте многу време, а сега ќе молжам, само да го ослободите умот и да размислувате, да не цитирам што се сте говориле за овие припадници за разервниот состав на Армијата и на полицијата. Каде се сег сите големи херои да им помогнат на луѓето кој легитимно

собра 30 илјади потписи. Ги лажеме, седеше по ходниците генералот Стојанче Ангелов и неговите други колеги чекајќи Силвана Бонева да им каже дека се договорила со Тахир Хани. Не заслужиле. Ако сакате да правиме, условно речено, помирување меѓу двете заедници, ако сакаме од 2001 година да извлечеме некоја поука не може на овој начин, ако бегате од проблемите да градиме доверба. Не може за се да ви биде изговор ДУИ.

Не е проблемот сега кај ДУИ, јас ви тврдам дека ДУИ има систем со кој месечно ги решава проблемите на поранешните припадници на ОНА, на ранетите, на повредените,на инвалидите, на нивните семејства. Имајте доволно доблест да се договориме за овие 3 месеци изнајдете решение на кој начин во идната буџетска година министре Славески ќе обезбедите средства.

Ако веќе градиме држава која, условно речено, го почитува уставното начело дека Македонија е социјална држава, ако меѓу овие лица, а многумина се такви имаат потреба од дополнителна социјална помош, ако имаат потреба од приоритет во вработувањето, а не можеме тоа законски да го регулираме, зошто да не располагаме со овие 108 милиони денари отколку да ги трошите на друг начин фиктивно вработувајќи со договори за работа партиски војници. Овие беа војници за Република Македонија. Јас не гледам ниту една добра причина во овој момент да не смогнете сили и да ја релаксирате малку атмосферата пред полноќ и да покажете разбирање за тоа што во овој момент го зема како обврска опозицијата, иако не беше наша обврска вие по дефиниција нас не сметате за предавници секогаш кога требаше да собирате поени на бранот на популизмот се удиравте во гради и тврдевте дека сте вие хероите и патриотите кои никогаш нема да ги заборават полицајците и војниците кои беа дел од составот. Но, за жал, тоа е во кампања само одлика на ВМРО ДПМНЕ кога треба од збориви да се премине на дела гледаме молк, тишина, никој не ме погледна во очи за да покаже дека реално има барем трунка совест за ова што го говорам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за амандманот гласаа 18 пратеници, еден воздржан, 40 пратеници гласаа против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 11 раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 и ставка 425 потпрограмата 50 и ставка 403 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова , Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шеќеринска.

Отворам престрес по амандманот на член 1 страна 11 раздел 15001 за додавање нова потпрограма Б1 и ставка 432 потпрограма 50 и ставката 403 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 433, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова , Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шеќеринска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе, амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Марјанчо Николов, госпоѓица Маринела Тушева и госпоѓа Радмила Шекеринска.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Оваа расправа по овој амандман ме потсеќа на минатата година кога го носевме Буџетот на Република Македонија и кога исто така како пратеничка група имавме поднесено сличен амандман, а кој се однесуваше на обезбедувањето на невработените лица со над 25 години стаж или тн. стечајни работници.

И минатата година односот на Владата беше ист и на министерот односно амандманот не се прифаќа и не се обезбедуваат средства во Буџетот за оваа категорија на вработени. И претходно исто така одбивте една категорија на граѓани кои не го жалеа својот живот храбро кога и беше најпотребно на татковината испаднаа на браниците на фронтот и ја бранеа.

Исто така и оваа категорија на луѓе на стечајни работници ги манипулирате откако сте дојдени на власт. Пред носењето на Буџетот одбивте и категорично и вие министре тврдевте дека не може за овие луѓе да се обезбедат средства затоа

што тоа не била економска категорија. Кога се решивте да распишете предвремени парламентарни избори тогаш сфативте во текот на кампањата дека овие работници или овие луѓе ви се неопходни. И покрај тоа што ги оставивте една година или 14 месеци пред Собранието на Република Македонија да преседат во шатори, тогаш наеднаш кога ви требаа нивните гласови дојдовте кај нив цела група на луѓе заедно со премиерот меѓу нив бевте и вие кои бевте против да се обезбедат пари за оваа категорија на работници. Им ветивте дека за сите невработени со над 25 години стаж ќе обезбедите надоместок од 5 илјади денари. Така беше кажано во јавност и така два дена пишуваа медиумите и весниците дека премиерот и Владата го решиле проблемот со стечајните работници и сите оние што имаат 25 години стаж, а се невработени или нивните фирми заминале во стечај и ликвидација ќе добијат надоместок.

Откако тие ви поверуваа и веројатно најголем дел од нив гласаа за вас на една од првите седници на Собранието донесовме Закон со кој беа опфатени вработените кои работеле во фирми со доминантна државна сопственост а кои заминале во стечај или ликвидација во периодот меѓу 2000-2004 година.

Тука се виде вашата прва лага односно дека не се опфаќаат сите невработени со над 25 години стаж. Кога дебатиравме по тој Закон вие рековте дека ќе се обезбедат средства или во Буџетот има за 6 илјади невработени лица или стечајни работници, ние тогаш велевме дека не е така, дека Законот ќе биде многу рестриктивен и дека многу малку од нив ќе ги остварат своите права.

Почна спроведувањето на Законот и наеднаш откако беа поднесени над 10 илјади барања, кога дојде време да се делат решенијата се виде дека она што било договарано или Законот не само што не се однесува на 6 илјади работници, туку веројатно нема да стаса до 2000. Тоа беше втор пат кога ги излажавте овие луѓе. Претседателот на здружението на стечајни работници Стојан Стојанов веројатно си мислеше како можев да бидам волку наивен, како можев да ги лажам тие што ги водам и да потпишам ваков договор со Владата во кој ме излажаа.

Во мојот град, во Велес имаше поднесено 987 барања. Позитивно беа решени само 140. ветивте дека ќе ги решите работниците од Лозар, од Порцеланка, од Топилницата, од Нокатекс, Интернационал, знаете што ни еден од нив не доби позитивно решение.

Да биде иронијата поголема Агенцијата за вработување се затвори. Долго време не им објаснуваше на овие луѓе зошто не им даваат позитивни решенија иако во списокот или се надевале дека ќе бидат во списокот на фирми кои имаат доминантна државна сопственост. И Владата ја немаше. Кога рекоа дека повторно ќе ги поставиме шаторите пред Собрание се сетивте да ги примите, сега уште еднаш сакате да ги излажете и да им речете ќе го ревидираме списокот, па можеби уште 30-тина фирми ќе влезат во оваа група. Јас знам дека вие сега не се секирате многу господине министер, наредните парламентарни избори веројатно се далеку, имате популарност на Владата и на премиерот и сега овие луѓе не ви се битни. Но, верувајте дека тие се чувствуваат излажани измамени, изманипулирани од Владата. Тие не се само поединци, тие имаат свои семејства, свои поколенија кои се доведени на работ на егзистенција затоа што се надевале на нешто, а вие не сте го исполниле тоа.

Затоа се решивме да предложиме амандман со кој ќе се обезбедат дополнителни средства за оваа категорија на граѓани, доколку вие не го ревидирате списокот и не го зголемите опфатот ние ќе поднесеме нов закон со кој ќе го вратиме старото решение , сите што имаат над 25 годин стаж, а се навработени поради заминување на нивните претпријатија во стечај и ликвидација да добиваат надоместок од Бирото до повторно вработување.

На тој начин мислам дека ќе се исправи неправдата која им ја нанесовте овие луѓе колку толку ќе добијат шанса за достоинствен живот, ќе се вратат во системот со надеж дека сепак оваа држава се грижи за своите граѓани.

Има многу неоправдани граѓани во оваа држава. Зборувавме за бранителите, стечајците се дел од нив, но вие само продуцирате нови категории, не ги решавате проблемите. Мора сериозно да се запрашате каде ве води таквата политика и ако бевте категорично против што ве натера да го смените вашето мислење дали желбата да дојдете на власт беше пресудна, а не волјата да им помогнете на овие граѓани, одговорот го знаете вие, јас го претпоставувам, граѓаните исто така го претпоставуваат и веројатно многу од нив го знаат. До некои наредни избори веројатно ќе чекаат, но тогаш ќе ве казнат затоа што ги лажевте. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски**: Благодарам претседателе

Мојата реплика ќе биде многу кратка нема да ги употребам сите три минути.

Вие господине Марјанчо Николов не сте во право, министерот за финансии Трајко Славески не вети дека на цела оваа категорија на луѓе која беше засегната по законот дека ќе ги обезбедат сите тие права кои се предвидени по законот, туку министерот Трајко Славески вети нешто сосема друго. Јас сакам господине министер да ве потсетам тоа го говорев кога беше законот на дневен ред на една од седниците на ова Собрание.

Имено ќе се повторам во сала два на онаа координација вие добро се сеќавате кога жестоко притиснавме како НСДП, сепак законот на НСДП-Законот за стечајци да дојде на дневен ред вие пред целата тогашна коалиција ветивте дека ако

законот за стечајците што го предложи НСДП кој е потполно идентичен со овој што вие го предложивте ќе си поднесете оставка на местото министер за финансии. Вие тоа го ветивте пред 80-тина луѓе од едноставна причина за тоа што не убедувате дека законот за стечајци кој што го поднесе НСДП во ова Собрание е нереформски и против препораките на ММФ со Светска банка, да видите веднаш после тоа, ве видовме вас, премиериот , насмеан пред шаторите, не можев да си поверувам дали сте вие тој истиот министер кој што ни го говоревте она на координацијата јавно пред 80- тина луѓе и во оние средби кои што ги имавме интензивно во кабинетот на премиерот кај вас каде што ве убедувавме дека законот е добар и треба да се прифати.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Тушева Маринела, повелете.

**Маринела Тушева:** Овој амандман што го поднесува пратеничката група на СДСМ е еден обид да се изврши една мала корекција кон онаа неправда што им се направи на стечајните работници со Законот кој што ова Собрание го изгласа, меѓутоа, Закон кој што очигледно многу лошо се спроведува, односно воопшто не го таргетира она што беше негова целна група. Имено, многу мал дел од претпријатијата кои имаа вработени луѓе кои заминаа како стечајни работници се опфатени со законот, дури и од тој мал дел кои се опфатени со Законот само околу 10% од тие стечајни работници имаат добиено решенија.

Овој закон од страна на стечајците беше прифатен со голем оптимизам, со верба и со надеж дека конечно ќе се симнат од маргините на нашето општество, дека конечно ќе имаат еден мирен и достоинствен живот дека конечно ќе заврши нивната голгота вaму пред Собранието, односно законот беше со еден восклик на радост од владеачката гарнитура при симболичното рушење на шаторите во паркот каде што протестираа стечајните работници. Меѓутоа, минатата сабота стечајните работници во Штип се собраа пред локалната самоуправа, пред да се донесе законот се собираа во среда, овој пат се собраа во сабота најверојатно уште еднаш да се организираат и да се вратат пред Собранието, затоа што како што реков овој закон опфати само 10 %, односно од она што како 100 % требаше да се опфати само 10 % од тие луѓе добија решанија дека ќе добијат паричен надомест.

Овде се поставува прашањето на критериум, како е можно луѓе кои што имаат исти години на работен стаж, кои што исполнуваат исти критериуми да не добијат иста надокнада, односно да не добијат решенија за парична надокнада. Врз основа на кој критериум се селектираат тие луѓе како се одбрани тие 10% на стечајни работници, колегата Николов рече од 6 илјади најверојатно 2 илјади меѓутоа, јас колку што имам информации , најверојатно ќе бидат и 600-700 луѓе, нема ни 2 илјади да бидат.

Уште еднаш се покажува дека оваа Влада смета дека може и смее да троши се покажува дека оваа Влада смета дека може и смее да троши огромни милионски суми на секундарни сосема неважни работи.

Меѓутоа, она што е значајно, она што е витално е сосема неважно. Значи, ветувањата се исполнуваат финтивно, а не реално.

Јас воопшто нема да бидам изненадена, доколку во многу брзо време, ги видиме повторно стечајните работници ваму пред Собрание. Не знам на кој начин тогаш ќе успеете да избегнете пред нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓата Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, најпрвин ви благодарам на доброто известување. Половина час пред полноќ ни кажавте дека треба да се продолжи со работа и ударнички да се носат одлуки за 82 милиони евра. Навистина не можам да разберам, ниту сакавме, ниту можевме многу да реагираме за процедурално. Навистина, не знам што е ова толку страшно и толку срамно законско решение, или одлука, што мора повторно да се носи во 12 на полноќ.

**Трајко Вељаноски:** Барањето беше од координаторот на пратеничката група континуирано да работиме. Јас согласно барањето продолжив.

**Радмила Шекеринска:** Не знам почитуван претседателе, дали и вие сте филмофил како претходниот претседател на Собранието. Ако бевте ќе потсетевте на сцената од филмот легендарен антологиски и коњите ги убиваат. Тогаш ги пуштаа луѓето да играат додека, тогаш ги тераа двојките за танцување да играат и кој прв падне е елиминиран. На крајот победник е оној кој најдолго ќе остане.

Јас верувам дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и покрај тоа што ништо не прават овие повеќе од 12 часа, дека на крајот ќе излезат со помалку кондиција. И ако желбата ви беше претседателе на Собранието да видите дали имаме кондиција да издржиме вакви нехумани, незаконски услови за работа, ќе издржиме. Меѓутоа, би сакала да кажам неколку збора за амандманот. Претходните двајца колеги пратеници веќе говореа за проблемите на стечајците и односно на Владата на ова парламентарното мнозинство кон нив. Кога им требаат потпишуваат договори, кога не им требаат ги забораваат и не ги пуштаат во зградава.

Сметам дека ова е вистинска дефиниција како политичарите и политиката не би требало да изгледаат. Јас се сеќавам на ветувањата од 2006 година, се сеќавам на дебатите во ова Собрание кои што ги водевме, кога само опозицијата велеше, ајде да го решиме проблемот, потсетувајќи ја власта дека тоа го вети во предизборната кампања и се сеќавам на неколку министри од Владата на Груевски кои што тврдеа

дека ако ова решение помине, малтене нашиот финансиски и економски систем ќе се распадне. Тоа траеше година и половина. Во пет до дванаесет, или пет до изборите кога Груевски и ВМРО-ДПМНЕ не сакаа да дозволат некои изненадувања, одеднаш се сетија на стечајците. Јас да бидам искрена, иако има критики упатени на нивното движење, на нивнот здружение, на нивниот претседател на здружението, јас ги рабирам луѓето. Кога дома немате плата да донесете, ќе преговарате со секој што може да ви го реши проблемот, па макар и со тој кој три пати по ред ве гледа во очи, ви стега рака и ве лаже најбезобразно.

Меѓутоа, мислам дека последниот трик на давање на закон, а потоа читање на точките и запирките, што резултираше со тоа дека само многу мал број на стечајци, можеа да ги искористат овие привилегии, беше врв на лицемерието. Сега сакам само да потсетам на уште еден факт. Освен проблемот што го имаат на нерешен социјален статус, на никакви примања во текот на месецот, еве само мала илустрација на тие на кои што веќе им се дреме, на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, со што треба да се соочат сите граѓани на Македонија, особено овие кои што се оставени, останати на улица. Како вели насловот на еден дневен весник се поблиску до Европа, ама само по поскапувањето. И ако прочитате малку и оние текстови кои не ви се допаѓаат и оние текстови кои очигледно покажуваат дека царот, односно власта е гола, ќе видите што се со какви се поскапувања треба да живеат овие стечајни работници, а нивниот статус сеуште не е решен. И одвреме навреме после моментите на милост на премиерот Груевски, кога ќе се реши да отиде и да разговара со нив, па ќе им соопшти, еве уште 50 фирми ќе ги доделиме на списокот. Имаме закони или имаме милост. Јас се надевам дека на овие граѓани на кои што 60% им е покачено парното, 10% млекото, 13,5% струјата, итн, кога ќе ги видите ќе им објасните дека во овој ребаланс на Буџетот има пари за градски трговски центар, кои го гледаат секој ден кога седеа пред Собранието, има и трети кат. Се надевам дека ќе им објасните зошто третиот кат на ГТЦ ви е поважен од нивниот проблем. А се надевам дека и на граѓаните на Македонија ќе им објасните на кој начин во овој момент кога имаме 101 проблем, целта на власта е ако може уште половина трговски центар да се изгради, иако навистина не знам што ќе правиме, можеби други работи не се градат, а трговски центри фала богу има, третиот кат на ГТЦ ќе биде економската политика која ќе им ги реши проблемите.

Во текот на дискусијата по ребалансот, генерално и по амандманите беше спомната нашата иницијатива пред една година кога нафата започна втроглаво да се искачува и нејзината цена да влијае на сите производи и на целата индустрија, беше кажано дека тогаш да сме ги послушале овие од опозицијата ќе сме згрешеле.

Прво, математиката на некои од колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ не му е јака страна и нека се посвети на туризмот. Тука очигледно, добро му одат работите, меѓутоа, ако ја погледне математиката во сите изминати 12 месеци, ќе види дека тоа што не реагираше државата никако на покачувањето на нафтата, дали со намалување на некои од давачките кон државата, или на друг начин, ни резултираше, заврши со покачување на еден дел од продуктите кои што влегуваат во најважната кошница на животни продукти. Сега вие ги чувте и трговците и произвидителите. Заради покачување на нафтата ги поскапеа производите. Ама сега кога паѓа нафтата, гледате ли дали некој ги намалува. Единствен исклучок е зејтинот кој поефтини, ама поефтини пред три месеци, а се уште е на повисоко ниво, отколку пред една година. Сите други производи во сите продавници низ цела Македонија денеска ќе останат поскапи и покрај тоа што нафтата тргна надолу. Сега можете вие да правите акции Владата да разговара со трговците, Владата да разговара со производителите, падна во вода. Порастот на трошоците е секојдневен. Според мантрата на Владата, ние треба да кажеме тоа е глобален тренд и ништо не можеме околу тоа. Меѓутоа, сто пати кажавме, ќе повторам уште еднаш. Сите влади дури и побогати, дури и социјално пообезбедени, нешто се обидоа да прават. Ние гледаме дека Владата нема ни политика да им помогне на некој начин, но, по повод овој амандман, сакам да кажам дека Владата нема намера дури ни да им помогне на оние на кои им вети. Да им помогне на оние кои во овој момент плаќаат највисока социјална цена на овие поскапувања, инфлација која според зборовите на многумина политичари од власта, практично и да не постои, или ако постои со неа мораме да се помириме. Животот стана потежок, условите за наоѓање работа не се поедноставни, не се полесни, нема повеќе шанси за работа и која е перспективата на овие луѓе кои што сите имаат семејства кои што зависат од нив. Не им даваме приходи, цените дозволуваме да раснат вртоглаво и ние велиме економијата оди во најдобар правец, ама вие сте губитници од овој развој од овие реформи на економијата.

Затоа, почитуван претседателе, и покрај вашата најдобра намера, ако може да не говориме за овие прашања, или ако говориме да говориме во ненормално и нехумано време после 12 часот, не чека интересна дебата и не очекувајте да ги повлечеме амандманите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, со оглед на тоа што се изнесоа многу паушалности во врска со примената на Законот за материјално обезбедување на невработени лица со над 25 години работен стаж, што работеле во претпријатија со доминантна државна сопственост, ќе се ослонат на државата во периодот од 2000 до 2004 година, сакам да ве информирам за неколку моменти.

Законот беше донесен во македонскиот Парламент, ми се чини цели 60 дена или така нешто, откако беше постигнат договор со таргетната група. Тие се согласија со одредбите од законот.

Понатаму, беше спомната некоја бројка што не е точна. Според моите информации, над 1.500, 1.600 решенија се издадени и тие ги опфаќаат сите лица кои што аплицирале и ги исполнуваат условите според законот. Затоа што поинаку не може. Некој треба да потпише да издаде решение и за тоа сноси одговорност. Никој не може да донесе решение кое што е спротивно на Законот. Законот до максимум се применува, така што е на страната на лицата кои што аплицирале.

Јас ќе кажам еден конкретен пример. Еве, имавме ние една дилема, дали на пример, акции кои што во фазата на трансформација на овие претпријатија која што била пред 2000 година, а биле пренесени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, значи тие акции, удели, дали тие влегуваат во дефиницијата државен капитал, односно доминантна сопственост на државата. Не е одговорот еднозначен. Да кажете да или не. Размислувавме и рековме дека сакаме да застанеме на страната на овие лица, што повеќе од нив да бидат приклучени кон законот и ги сметаме уделите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, или ги придодаваме кон она што се смета удел, или сопственост на државата. Идеата овде беше дека законот ќе се однесува за претпријатија каде што во управувањето на претпријатијата државата во тој период имала одлучувачка улога и била на некој начин одговорна за судбината на тие претпријатија.

Има останато уште 30-тина претпријатија и не е ова дека ќе се ревидира листата, за кои што се прибираат податоци од Централниот регистар, затоа што не може да се утврди со сигурност сопственоста. И повторно ќе се заврши таа работа. Да ви кажам дека соработката со здружението е одлична. Еве на последната средба тие ни укажаа ...

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам министре.

Контра реплика госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Претседателе, го слушнавме министерот, меѓутоа ги читаме и весниците. Во денешниот весник пишува, за вчерашната доцна средба меѓу стечајците, премиерот Груевски, вицепремиерот Ставрески, министерот за финансии ги смири стечајците кои беа подготвени вчера да донесат одлука за нови протести. Од оваа реченица имам два заклучока. Прво, дека за да добијат средба со премиерот мора да чекаат до задните вечерни часови, не знам од кои причини и вториот заклучок, дека ако не одлучеа да протестираат понатаму само 1.300 решенија ќе беа напишани. Се заканија повторно дека ќе се соберат пред Собранието и тогаш одлучивте да ги прифатите нивните барања. И на крај она што го кажува и раководството. Мораме да си признаеме и ние како стечајни работници имаме вина што невнимателно влетавме во замките на Владата и потпишавме закон, кој на Владата и овозможува да го толкува и спроведува на начин на кој што и одговара. На ова предупредивме тогаш кога требаше да се носи законот, ама вие не слушавте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За процедурално се јави господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Претседателе, јас побарав збор, не знам зошто бев избришан од екранот, бидејќи имам право како предлагач да зборувам 15 минути. Барам да ми дадете збор.

**Трајко Вељаноски:** Вие зборувавте еднаш, мислам дека се обративте и пред јавноста. Тоа право може да го има првопотпишаниот овде по овие амандмани, првопотпишана е Станка Анастасова. Тоа е моето убедување.

**Марјанчо Николов:** Господине претседателе, да се дообјасниме, мислам не е во ред. Прво, оваа седница не е закажана по новиот Деловник. Тоа што го велите вие по амандманите само еден има право, не сте во право. Значи, сите имаме право како предлагачи. Никаде не добивме известување кој е овластен предлагач и затоа, немојте да не доведувате во ситуација да реагираме процедурално. Барам да ми дозволите до 15 минути уште колку време имам да зборувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално има Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, грубо го кршите Деловникот и околку текот на целата оваа седница, затоа што не држите нас пратениците кои што сме дојдени денеска од 9 часот работиме до 12 и 23 минути. Вие можете да ми го покажувате писмото колку сакате. Што значи за вас континуирана работа господине претседателе. Континуирана работа значи дека и утре цел ден, и друг ден цел ден, и друг ден цел ден. Вам можеби ви е смешно, но смеејќи се покажувате дека навистина, не ја заслужувате оваа позиција. Не ги сфаќате сериозно укажувањата. Вие не ги третирате барањата на пратениците. Вие самоволно денеска постапувте така како што вас ќе ви текне. Не бришите од екранот и од таму и од таму. Од кои причини вие мене ме избришавте како дискутант на мониторот. Кажете ми по која одредба од Деловникот, а имајќи предвид, тоа што ви го кажа господинот Марјан, дека оваа седница е по стариот Деловник, а башка сум јас и кооридնатор на пратеничка група и по стариот и по новиот Деловник, јас можам да се јавам во кое и да било време. Ова го покажува апсурдноста на вашето однесување. Вие може да се извинувате илјадници пати, ама суштината на вашето однесување ви останува повторно иста. Значи, вие не сакате да толерирате никој, сакате да биде така како што вие сте решиле. Сакате да ја наметнете вашата замисла што ви била и ништо повеќе. Ниту Деловник ве интересира, ниту координација ве интересира, ниту договор на координација ве

интересира, ниту ве интересира најмалку опозиција, која што сте задолжени да ја почитувате заради многу работи. Благодарам. Сега барам да ме информирате од кои причини ме избришавте на мониторот.

**Трајко Вељаноски:** Вие се јавивте процедурално. Вие побаравте со писмото, не знам зошто цело време укажувате на тоа писмо. Точно од ваша страна е доставено писмо во кое што се бара континуирано. Вели: почитуван претседател на Собранието, пратеничката група на СДСМ поднесува барање за одржување на почетокот на 28-та седница на Собранието на Република Македонија, закажана за 4 ноември 2008 година, со почеток во 11 часот. Се до завршување на 27-та седница на Собранието, односно предлагаме Собранието на Република Македонија да работи континуирано се до целосно исцрпување на точките на дневниот ред на 27-та седница на Собранието на Република Македонија. Дали е тоа ваше барање? Врз основа на вашето барање, согласно договорот кој е постигнат на координацијата одржана на 21 октомври 2008 година. Согласно вашето барање, јас затоа продолжив со седницата.

Инаку, ние бевме договорени претходно како да работиме на оваа седница, вие побаравте и сега одеднаш го менувате вашето барање и тоа писмено го побаравте.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Почитуван господине претседател,

Повторно јас барам да ми одговорите што значи за вас континуирано работење и што е нешто различно од моето писмено барање како координатор од она што заеднички сме го заклучиле на координација? Сакам разликата да ми ја кажете.

Уште еднаш да ве прашам, зошто за Изборниот законик кој што беше услов за позитивен извештај не се трудевте да работиме континуирано и побрзо да го донесеме, туку за средствата кои што матно сакате да ги зграбите не држите овде и до после 24.00 часот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 16 пратеници, воздржани нема и против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страница 11, раздел 15001 за додавање нова потпрограма Б1 и ставка 432, подпрограма 50 и ставка 403 на член 1 страница 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 433 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 1 страница 12 раздел 15002. 02 за додавање нова потпрограма 47 и ставка 471 потпрограма 45 ставка 471 и на член 1 страница 11 раздел 09002 потпрограма 20 ставка 461 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Процедурално бара господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине претседателе,

Сега е 30 минути после полноќ. Не ја разбирам вашата потреба да се однесувате на начинот на кој се однесувате. Ако ви пречи заморот од работењето, иако да три пати правевте пауза, ви препорачувам земете си уште една пауза, бидејки очигледно не сте во состојба да размислувате согласно Деловникот и исто така да ја водите седницата. Овде не сакам да го префрлите тежиштето на расправата на процедурално, ниту имам намера тоа да го правам, иако Деловникот ми дава право да се јавам за процедурални забелешки. Ние сакаме да дебатираме за амандманите и за законите, министерот излезе, ми реплицираше и мене дека јас сум изнел неточни податоци во делот на тоа колку невработени лица оствариле право по новиот Закон. Значи кажа невистина која не е така. Сега вие не дозволувате, иако деловнички имам право да му одговорам на министерот која е според наше видување вистинската ситуација. Владата ако обезбедила пари за 6 илјади невработени, а добиле 1300, тоа значи дека законот е промашен и дека Владата треба да го измени, да не се вади дека со Здружението така се договарале. Сите евиденции се во Владата, сите податоци се во Владата и господине министре, добро е кога јас зборувам вие тогаш да одговорите, а не отпосле веројатно користејки ги овие процедурални трикови да одговарате кога некој друг претходно говорел.

Тоа претседателе уште еднаш ве замлувам. Нема потреба така ригорозно да се однесувате во однос на опозицијата. Ние само бараме простор да го искажеме нашето мислење и да дебатираме, ништо повеќе, ниту имаме намера со вас да се конфромитираме, ниту процедурално да го трошиме времето на Собранието.

Во иднина ве замолувам да не правите вакви испади. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** И јас немам намера да се конфронтирам, но сепак мислам дека она време што е за дебата треба да го искористите.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријавија пратениците: Макрадули Јани, Шекеринска Радмила, Бендевска Весна, Ивановски Игор, Бучковски Владо и Минчев Горан.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, господине министре, колешки и колеги пратеници,

Предложениот амандман има за цел на најсиромашните семејства во Република Македонија месечно да им покрива по 70 до 1000 денари за користење на електричната енергија. Денес можеби случајно или намерно втор пат имам документ од Министерството за финансии кој што вели: Мислење по предлог за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Во него министерот за финансии, потпишан Трајко Славески вели, цитирам:

"Укажуваме дека Министерството за економија како надлежно во соработка со меѓуресорската работна група од овој домен врз основа на направена анализа треба да ги согледа можностите за донесување закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија.

Министер Трајко Славески".

Ама додека министерот Трајко Славески препорачува да се направи законот за енергетска сиромаштија, денес или од вчера струјата е поскапа во Република Македонија, граѓаните плаќаат со првите сметки што ќе им дојдат на ред 13,56 повисока цена на електричната енергија. Еден хуман и солидарен проект од СДСМ наоѓа подршка кај министерот Славески, единствено што министерот Славески смета дека најсиромашните групи на граѓани најнеефикасно ја искористуваат електричната енергија и особено во зимскиот период бидејки тогаш повеќе се троши и не знам што прават посиромашните, тоа министерот Славески ќе треба да го објасни.

Овој закон не е ништо чудно, не е ништо ново и не е случајно, не постои држава во Европа која го започнала процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија која не донела прво закон за заштита на најсиромашните семејства во државите. Тоа го имаат направено Бугарија, Романија, Хрватска, Србија, па дури и Косово. Бевме сведоци пред две недели дека Британската Влада донесе Закон за субвенционирање на најсиромашните семејства за користење на електричната енергија. Бидејки за жал во Република Македонија сиромаштијата е значително застапена, денес во сите весници можеме да прочитаме дека новото поскапување на електричната енергија ќе доведе до зголемување на сите цени, а не само на цената што ја плаќаме дома за струјата, живото ќе стане уште потежок, а оние најзагрозените социјалните семејства ќе треба да крпат или да најдат начин како да го поминат месецот и да најдат начин како да плаќаат за да не бидат исклучени од електрична енергија.

Во Република Македонија енергетскиот тим на Светската банка во текот на 2007 и 2008 година во две посети на Владата и предложи содржина, посебно поглавје кое се однесува на програмата за социјална заштита на ранливите потрошувачи на електрична енергија. Сите кои ја познаваат оваа проблематика и сите кои се бават во доменот на економијата препорачуваат да се интервенира од страна на државата, за да може оние што се најсиромашни, социјалните семејства да можат да исплатат електрична енергија за да можат да преживеат зимата.

Затоа ние бараме средства во претстојните два месеци 100 милиони денари кои не се многу, ако сакате и целиот овој проект за една година чини 1,5 милијарди денари или три пати помалку само од оваа пренамена што се прависо 1,5 милијарда денари ние како држава ќе покажеме дека сме како според Уставот социјална држава, им обезбедуваме на граѓаните сигурност да можат да живеат во едни нормални услови. Затоа,предлагаме да се изнајдат средства и тоа од оние кои се апсолутно непродуктивни, тоа се во Министерството за финансии функции водржавата од кои одат реклами, небулозни реклами како што е онаа "Отворете го срцето, душата,умот за толеранција", трошите огромни пари за граѓаните, а тука не можете како пратеници тоа да го нарпавите. Затоа дофрлувате, затоа измислувате, затоа иронизирате, а не сте ја поминале вие кампањата, а сакате тоа да го прифати народот.

Затоа, пратеничката група на СДСМ ја стартуваше Глава 9 од вашиот нов Деловник за Законот за енергетска сиромаштија првокако морална обврска на државата да постапи како што псотапиле сите држави и почнале со процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија. Цената на струјата е скапа, производите и цените ќе одат уште повисоко и ние имаме обврска како Собрание, ако Владата тоа не го направи, да им помогнеме на различни социјални структури. Тоа се луѓе кои што немаат ни еден вработен, луѓе кои што имаат само еден вработен по групи поделени онака како што сме ги прелдожиле врз база на информациите од Минситерството за труд и социјална политика. Затоа очекувам брзо претседателот на Собранието да го закаже првото читање на законот,а денес со пренамената само ќе го спречиме првиот ценовен шок што 50 илјади семејства во Република Македонија ќе го доживеат кога ќе ја добијат сметката за електрична енергија. Кај нас електрификацијата е голема, ние спаѓаме во земји со голема електрификација, заради конфигурацијата и различни услови повеќето од граѓаните се грејат на електрична енергија и ако сакаме тие граѓани

да ја преживеат зимата, тогаш ќе направиме барем еден мал потез, нема да направиме трет спрат на Трговскиот центар, нема да направиме Источна трибина, можеби ќе ја направиме само Западната трибина, ама на 50 илјади најсиромашни семејства во Република Македонија месечно ќе им даваме меѓу 700 и 1000 денари за да основните потреби што ги имаат за плаќање на електричната енергија да можат и да ги исплатат, за да не останат исклучени кога надвор ќе има 50 сантими снег и за да не останат исклучени кога ќе има на пример во недела пренос на седница на Владата, па нема да бидат свесни колку се работи има направено оваа Влада, ама никој тоа не го гледа.

Затоа, ова е веројатно единствената работа што минситерот Славески ја има направено во подршка на СДСМ, а тоа е дека ја согледал и тој потребата и затоа вели дека Министерството за економија треба да формира работна група која ќе го доенсе законот за заштита од енергетска сиромаштија. Додека се формира работна група,додека се формира комисија кој знае колку време ќе помине, ама сметката ќе дојде. ЕВН е немилосрден, неплаќачите на електрична енергија се гасат.

Затоа, да не ја загрозуваме иднината на многу семејства, на многу деца кои треба да учат во тие семејства да ги оставаме без струја зимава на студено и во темнина да учат и да ги спремаат испитите или предметите од основното училиште, туку да им дадеме како држава од 700 до 1000 денари месечно да си ги платат основните потреби за користење на електрична енергија. Ако имаме пари за 328 катни автобуси за да може Боцевски да се слика, имаме пари да им дадеме на насиромашните во Република Македонија.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседателе, почитуван министер,

Кога граѓаните се шокираа од одлуката дека струјата сепак ќе поскапи, бидејки повеќе од година дена слушаат ветувања од премиерот, од вице премиерот дека струјата не смее да поскапи, во целата таа гужва околу 13,5 процентното покачување на струјата, се разбира дека воопшто не им беше битно кој и колку ќе добие од колачот на новособраните пари од граѓаните. Ама мислам интересно е во полза на овој амандман да го спомнеме и тоа. Имено, Регулаторната комисија за енергетикаодлучи струјата да поскапи за 13,5%. Од оваа сума ЕЛЕМ ќе добие зголемување 37%. Да потсетиме, тоа е државна компанија во која се призведува електричната енергија во нашата држава. Таа барала повеќе, ама добила 37% да зема повеќе од секој денар на македонските граѓани. Втората исто така државна компанија МЕПСО добила ни повеќе ни помалку 113% покачување. ЕВН приватниот партнер, приватниот фактор во целата енергетика, тој добил 0,45% од својата цена да ја покачи. Се сеќавате дека во изминатите 12 месеци кога премиерот водеше војна со неколку странски компании меѓу кои и ЕВН, кога зборуваше колку се тие лоши и алчни, велеше ако поскапи струјата, тоа ќе биде заради ЕВН. Сега ме интересира како премиерот Груевски тоа може да го образложи, како тоа има покачување на струја, ама не можеме да ги обвиниме ЕВН, туку треба да побараме одговори од директорите на ВМРО-ДПМНЕ во ЕЛЕМ и во МЕПСО.

Сега ме интересира како премиерот Груевски тоа може да го образложи, како има покачување на цената на електричната енергија, ама не можеме да ги обвиниме ЕВН, туку треба да побараме одговори од директорите на ВМРО-ДПМНЕ во ЕЛЕМ и во МЕПСО. Сега, запаметете ги овие бројки. Значи, на секој денар добива уште 0,37 денари ЕЛЕМ, на секој денар уште денар и кусур добива МЕПСО. Ајде да видиме дали МЕПСО и на некој друг начин го финансираме. Денеска министерот во своето излагање ни кажа дека од многуте пари кои ги прераспределуваме денеска после 12 часа расправа и после полноќ, 450 милиони денари одат подарок од даночните обврзници на МЕПСО. Значи, 113% покачување, 450 милиони денари подарок денеска после полноќ. А сега случајно се потсетив и на одлуката за одобрување на средства за финансиска помош на АД МЕПСО за покривање на загубата од работењето во деловната 2007 година, уште дополнителни 500 милиони денари. Како ќе поминат 6 месеци ние ги частиме, ја частиме оваа компанија во државна сопственост, ги частиме по 500, 550, 450 милиони денари и бидејќи и тоа не им е доволно уште и нивниот дел од цената го зголемуваме 113%. Инаку, многу е интересно што прва беше и Владата, мислам дека и компанијата да се пофали дека влегла во високо рангираните компании по приходот. Притоа не спомена дека цело време работи со загуба. Интересно е како природен монопол кој по природа на нештата не може да има конкуренција постојано создава вакви загуби. Најголемиот проблем всушност лежи и во ЕЛЕМ, ама за тоа ми треба многу повеќе од 10 минути. Цената на струјата е покачена на ЕЛЕМ цели 37% заради тоа што во ЕЛЕМ се троши и капом и шаком. И за тоа веќе говорат луѓе кои се избрани од оваа Влада и од вас, луѓе со сериозно ВМРО-ДПМНЕ досие, или минато. И тие тврдат дека она што се случува во ЕЛЕМ, кога-тогаш ќе заврши со сериозни судски пресуди. Интересно е да прашаме, дали во 37% зголемување кое директно оди на сметката на еден од најсилните директори на ВМРО-ДПМНЕ, колкав дел е резултат на договорите кои речиси по правило не се со тендер, колкав резултат е бројните фантомски вработувања наводни во копање јаглен кој никако да го ископаат и кога ќе го ископаат немаат како да го пренесат до термоелектраната и колкав дел од овие трошоци се вистински, а колкав дел се фиктивни. Секогаш кога некоја фирма прави фиктивни трошоци, па ќе речеме, нивна работа. Ама овој фиктивен трошок и овој многу реален минус на таа компанија го

плаќа секој од нас, го плаќаме со поскапа струја прво, а после го плаќаме и со нашите плаќања на данок.

Зошто сум изненадена што во енергетиката не ни се случуваат позитивни измени во последниве неколку месеци. Па сега се потсетив на изјавите и текстовите на вице премиерот кој не свати дека со секоја напишана колумна си зема уште една до десет нови ветувања. И тој мисли дека тој пишан збор не важи, бидејќи го пишувал како колумнист во слободно време. Тој тврдеше дека македонскиот енергетски сектор и фирмите кои работат во тој сектор дневно губи 135 илјади евра заради тоа што не е донесен законот за енергетика, односно затоа што претседателот не го потпишува. Ако не се лажам, од потпишувањето на Законот за енергетика поминаа веќе два месеци, па за два месеци сигурно два милиони евра од оваа заштеда за која што зборува Ставрески, се собрале. Како тоа наводно МЕПСО и ЕЛЕМ би печалеле од Законот за енергетика милион и повеќе евра, а сепак постојано бележат загуби, ни ја покачуваат струјата и на крајот на краиштата ги частиме и вака преку ноќ со одлуки за прераспределба на средства.

Почитувани колеги, сметам дека од дискусија за состојбите во ЕЛЕМ и МЕПСО очигледно нема аир. Вие не сте ни доволно моќни за да можете да ги промените состојбите во овој многу моќен сектор во кој што други важни играчи носат одлуки и влечат конци. Меѓутоа, можеме, ако ништо друго барем малку да го корегираме проблемот кој што овие фирми не го решаваат, туку го создаваат, а тоа е малку да го намалиме товарот на сметките за струја кај најсиромашните граѓани во Македонија. Значи, она што не го нудиме е сите да плаќаат пониски цени на струја. Тоа е нереално. Зошто оној кој што има да си ја плати струјата, би плаќал поефтина струја. Меѓутоа, оние кои и онака не можат да си ги платат сметките, оние на кои им доаѓаат екипи од ЕВН па сечат некогаш на една куќа, некогаш на едно село, тие сигурно тоа не го прават затоа што им е кејф да живеат денови без струја. Сметката за струја не се плаќа само тогаш кога навистина немаш да ја платиш. И во секоја нормална и пристојно социјална држава за тие семејства и за тие луѓе има лек, не би добивале пари на рака, туку буквално до нивото помеѓу 700 и 1000 денари би им биле покривани сметките за струја. И на тој начин дури и би ги стимулирале ако како што вели министерот многу трошат, да трошат поекономично. Инаку, јас апсолутно не би се сложила дека човек кој живее со 10 илјади денари со семејството, дека тој се расфрла со електричната енергија заради тоа што нема како полесно и поубаво да ги потроши парите. Секој денар се брои и секоја сметка десет пати се промислува пред да се плати и тие луѓе заради тоа имаат проблем со греење, заради тоа штедат на секој можен начин таму каде што можат да инвестираат, немаат пари да направат подобра изолација. Меѓутоа, на овој начин ќе го решиме проблемот и на неплаќање на струјата, а од друга страна ќе постапиме како што постапиле сите нормални не само европски држави. И на крајот за да не биде типичниот одговор, нема пари и бидејќи навистина ми се смачи да го споменувам третиот кат на ГТЦ кој што е вака буквално симбол на вечерашнава дебата, трет кат на ГТЦ, за тоа двоиме пари. Да не зборувам дека многу ме интересира на кој начин и колку брзо ќе бидат потрошени парите, но за тоа веќе не зборувам. Зборувам на пример, за набавката која ја потенцираше министерот, очигледно е крупна од капиталните инвестиции кој кажа дека нешто доцни, но сепак, безбедносната опрема во Министерството за внатрешни работи ќе се реализира до крајот на годината. Е па од многу безбедност и од многу пари потрошени за безбедност сметам дека можеме еден дел да го насочиме кон оние луѓе на кои што тие пари им требаат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке,

Република Македонија согласно Устав е социјална држава. А ВМРО-ДПМНЕ на една потресна фотографија ветува: Македонија е земја на еднакви можности за сите. И ова е буквално доказ за крајната хипокризија манифестирана буквално од страна на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, особено со неприфаќањето по кој знае кој пат понуденото решение од Буџетот на Република Македонија да се издвојуваат средства за да се помагаат социјално загрозени семејства. Сега да потсетам, лесно, премногу лесно е напишана оваа втората надградената уште попортокаловата преродба во 100 чекори. Вели, ВМРО-ДПМНЕ знае дека е неопхдно да се оствари подобрување на животниот стандард на најголемиот број граѓани на Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ знае, ама ништо не превзема. Па дури сте заклучиле почитувани господо од ВМРО-ДПМНЕ дека во изминативе две години сте воделе активна и добро балансирана социјална политика заснована на начело на хуманизам, социјална праведност и солидарност. Крајна хипокризија, лицемерие, бидејќи го правите токму спротивното. Ако по вас добра социјална политика која води кон реално подобрување на животниот стандард на граѓаните значи пофалба дека сте успеале да отворите 29 народни кујни и ветувате нови 11 во 2008 со ветување дека до 2009 сите општини ќе бидат покриени. Тоа значи дека ВМРО-ДПМНЕ знае дека политиката што ја води на економски план не води кон економски развој, туку напротив кон продлабочување на сиромаштијата, кон створање на се поголем број на граѓани кои се принудени да јадат по народните кујни и претпоставувам дека со неприфаќањето на овој амандман ќе треба да понудите и отворање на народни топлани. Граѓаните, со новата цена на електричната енергија која вртоглаво ќе расте, нема да можат да си ја платат струјата. Колегите говорат за

евидентно 13% поскапување на цената на електричната енергија, но до 1 јануари е тоа. Ветувањето ќе важи 60 дена. Потоа кој знае колку, по барање, се разбира и на ЕЛЕМ и на МЕПСО.

За жал денес и денес на Комисијата за труд и социјална политика видовме како тоа ВМРО-ДПМНЕ ја замислува социјалната држава. Знаете како, кој што има повеќе да има, кој нема ич да нема и, нели како врвен резултат во својата социјална политика, ќе отвораат народни кујни. Не постои граѓанин во Република Македонија кој е задоволен со фактот дека мора да оди да јаде еден топол оброк во народна кујна. Граѓаните во Република Македонија, од ВМРО-ДПМНЕ добија друго ветување дека ВМРО-ДПМНЕ ќе им обезбеди и вработувања, сами да можат да си го заработат лебот, а не да трчаат по народни кујни. Не е тоа добра политика. Евидентно, ќе го говорам, можеби ќе се повторувам, но тоа е тоа, поскапувањето е веќе евидентно и тоа ќе се види во следните два месеци што преостанаа од тековната година. Затоа бараме доволно издвојување на средства на 50 илјади евидентно социјално загрозени семејства да им се обезбеди месечен надоместок, многу мала помош во споредба со цената на електричната енергија за ноемвриската и декемвриската сметка за електрична енергија и тоа за вас е неприфатливо. Прифатливо е по втор пат да се издвојува за северна трибина, по втор пат да се издвојува за дисплеите за судовите и за тоа ќе говорам во расправата што ќе ја имаме по претресот на Предлог одлуката на господинот Славески.

За третиот кат на ГТЦ, за како што кажа 330 милиони денари за културни обележја во Скопје и Прилеп, ама Славески не кажа какви се тие културни обележја. И да не кажам, не дека не се добри овие проекти, но овие проекти за некое друго време и за некоја друга земја. Република Македонија длабоко е навлезена во фаза на сиромаштија. Граѓаните на Република Македонија страдаат не само за леб, не ќе можат да ја поминат оваа долга, тешка и претпоставувам ладна зима. Знаете ли колку пати говоревме дека откако ВМРО-ДПМНЕ е на власт систематски се уништува можноста сама Република Македонија да произведува електрична енергија во корист на тоа да можат да увезуваат прескапа електрична енергија. ЕЛЕМ побара 37% зголемување, претпоставувам со главна аргументација дека им се зголемени трошоците за производство. Ќе одговори ли некој конечно зошто. Колкав дел од тоа имаат 1500-тоте вработувања што господинот Коњановски ги направи пред изборите на 1 јуни. Јас знам дека околу 500 од нив беа буквално запослени само заради тоа да гласаат на 1 јуни и потоа испуштени. Но, и тогаш го прашував господинот Коњановски, кога вработувате нови вработени значи ли тоа дека ви е зголемен обемот на производство. Сите параметри достапни на веб страниците и на ЕЛЕМ и на МЕПСО говореа спротивно дека во Република Македонија помалку се намалува. Се намалува производството на електрична енергија. Кому му требаат овие нови непродуктивни вработувања кои доведоа до тоа ЕЛЕМ да бара поскапување на електричната енергија. На тоа некој конечно треба да одговори.

Господинот Коњановски ни достави нова кривична пријава за тие наоди. Ќе има ли аргумент да каже дека повеќе произведувал. Тоа не е точно. Во 2007 година под раководство на Коњановски РЕК произведе најмалку електрична енергија, по највисока цена во последните пет години, со најголем процент на потрошен мазут. Толку колку што раководството поставено од СДСМ потроши за 4 години, господинот Коњановски во РЕК потроши за првите 4 месеци. Прескап мазут. И тоа е дел од потребата на МЕПСО пред Регулаторната комисија да побара зголемување и резултатот е нови повисоки сметки за електрична енергија. Гледам овде некому му е смешно, а говориме за пресериозна тема, говориме за 50 илјади семејства во Република Македонија кои живеат не на работ туку длабоко во сиромаштијата се навлезени. Ако согласно Уставот сме социјална држава, должни сме наместо со парите од граѓаните да правиме апсолутно непотребни расходи, да им помогнеме на тие луѓе, бидејќи нели принципот на солидарност и хуманост и принцип на ВМРО-ДПМНЕ, но само на хартија, не и на терен.

Господинот Славески повторно пишува СМС порака. Како викаат, претпоставувам, караванот врви. 50 илјади семејства заслужуваат 100 милиони денари од вашите 4,5 милијарди, да ги насочите кон нив. Заслужуваат внимание од ВМРО-ДПМНЕ, заслужуваат да им објасните зошто од портокаловите ветувања ама нема ништо и зошто пред нив е неизвесна зима. Господине Славески, јака ви душа, чиста ви совест, лесен ви сон, не знам што да кажам, ако имате аргумент да се спротивставите на нашите барања, 1000 денари на семејство кое не знае како да ја помине зимата. Поскапе огревното дрво 60%, поскапе трошокот за парно затоплување, а вие не сакате да издвоите минормни 100 милиони денари и немате аргументација за тоа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателке.

Пред некоја година кога вие водевте една друга комисија, а не со собраниска пленарна седница, завршивме во 4,30 часот. Мислевме дека тоа ќе биде најславниот рекорд, но затоа имавме и други ситуации. Мислам дека и вечерва доколку мислите дека ваква сериозна работа треба да се води за наводно опозицијата да се добие на кондиција, битката ви е однапред изгубена. До крај ќе инсистираме на она за што говориме речиси цел ден, а тоа е дека станува збор за апсолутно незаконска и против уставна одлука, но за тоа подетално ќе разговараме во делот на општиот претрес што ќе следи после завршување на амандманската расправа.

Многу накусо би се осврнал на она за кое претходно говореа колегите, а претставува

најголем интерес на граѓаните, а тоа е не општото или академското запознавање со финансиската криза и нејзините последици во Република Македонија, туку директните последици во нивниот животен стандард одразен преку поскапувањето на струјата.

Токму денес имавме изјава од страна на претседателот на Регулаторната комисија кој потврди дека новиот закон за енергетика влијаел на поскапувањето на струјата што во овој момент изнесува 13,6%. Се најавува и второ покачување на цената на струјата со очекувани уште поголеми или подиректни ефекти од новиот Закон за енергетика по Новата Година. Видете ги последиците на новиот Закон за енергетика за кој експертот Ставрески го нема во последните 3 до 4 месеци да се појави. Има објективни и субјективни причини, но тоа не е ова утро предмет на наша расправа. Го нема ни министерот за финансии да даде свое видување, уште помалку го нема премиерот Никола Груевски да се произнесе по оваа тема.

На прв поглед мислев дека Груевски бега од крупните политички теми кај што е апсолутно некомпетентен и води дефинитивно лоша политика од типот на преговорите за името, признавањето на Косово, Европските преговори. Мислев дека барем ќе излезе и ќе даде свое видување во делот на економската ситуација. Но и тоа не го видовме.

Сега имаме факт 13% постакува електричната енергија. Она што во овој момент го предлага СДСМ и со амандман, а претходно го даде во форма на закон за кој што сеуште не сме расправале е не како да се спречи ова покачување, бидејќи тоа е друга дебата, друга тема, други предлози, туку како да се релативизира лошата економска политика пред се енергетска политика на оваа Влада во директниот живот на граѓаните. Од проста причина што оваа Влада, трета година по ред, за 6000 гигават часови има помало производство во енергетскиот биланс. За сметка на тоа увезува струја, што ја плаќа поскапо.

Дополнително енергетскиот производствен сектор, значи ЕЛЕМ, а после него и МЕПСО, како поврзан сегмент има тренд на дрстично зголемување на вработувањето. Министерот ги имам тие податоци, нема да импровизираме вечерва, но постојат огромен број на неоправдани, непродуктивни, необјективни но партиски вработувања во ХЕЦ Маврово, направени пред и за време на кампањата и по кампањата, најмногу во РЕК Битола и во огромен број на помали производствени капацитети.

Впрочем, денеска на пример, веројатно знаете дека во еден дел од енергетскиот систем, тоа е малата хидроцентрала Равен имаше еден вид заложничка криза, бидејќи мештаните и селаните во тој дел не дозволија на вработените од третата смена да излезат, а од првата да дојдат, бидејќи беа револтирани на тоа што струјата ќе се покачи, а тие немаат пари да ја покријат да ја плата, и во исто време немаа вработувања од тој дел, но имаа вработувања од членови на ВМРО ДПМНЕ по список од Гостивар и околните населени места.

Значи, каде освен што лошо се менаџира производствениот сектор, се опременува со нови вработувања, каде што драстично ги зголемуваат трошоците,одржувањето на производствените капацитети е мизерно, ние имаме и дополнителна ситуација, да сето тоа се доопременува со новиот закон за енергетика. И, 13% дури е разумна бројка во однос на тоа колку реално, врз база на ваквата политика на Владата, срујата, Владата ја води кон покачување.

Затоа и се најавува уште едно ново покачување. Затоа и после нова година се најавуваат уште поголемите или позасилени негативни ефекти.

Пресметките, математиките, нашите колеги од СДСМ ги направија. Станува збор за дотација или субвенција од 700-1000 денари на одреден број на семејства. Ако направиме една многу едноставна математика, што не ја правеа пратениците на СДСМ, ја направија претставнците на невладиниот сектор, кои пресметаа дека во периодот од 2006 година, 1 септември, кога започна таа Влада на ВМРО ДПМНЕ, до средината на 2007 година се потрошени приближно 25 милиони евра на реклами. Ако се задржал истиот тренд, а ќе видиме дека е зголемен, доаѓаме до тоа дека, барем до овој момент додека говориме, по таа математика Владата потрошила преку 55 милиони евра на реклами. Кога тоа ќе го поделиме со бројот на жители во Република Македонија, ќе дојдеме до бројката дека секој жител на оваа држава, барем по пописот, без разлика дали има еден ден или има 101 година плати 25 евра за да Владата, во овој момент нејзиниот претставник, господинот Славески, во дадени моменти лавирајќи од спотови за фризура до спотови од друг калибар, платиле 25 евра од својот џеб. Или, во превод 1500 денари по лице. Ако тоа се подели на бројот на семејствата ќе се види дека секое семејство, без да биде прашано или без да даде одобрение дало на оваа Влада или на овој естаблиштмент, дел од таа Влада, да се рекламира во износ од 4-5 пати повеќе. Или, во превод околу 6000-7000 денари.

И ние сега зборуваме дека за ова нема пари?! Апсурдна е ситуацијата. Бидејќи има пари за, да не употребам тежок збор, ќе употребам благ збор, криминални кампањи од типот на - Отвори си го срцето, Ја нема калуѓерката, бидејќи на “Еднооки” ја спомнаа па ја повлекоа, Ослободи се од предрасудите и денеска нема весник каде што за оваа реклама не се потрошени 5000 евра. 5000 евра или 300 илјади денари, ако поделите на семејствата, можело со отсуство на оваа реклама од еден ден да се плати струјата на 30 социјално загрозени семејства.

Е, па господине Славески, вие или тие кои ги прават овие кампањи, а вие добро знаете кој и зошто ги прави, не треба од граѓаните да барате да го отворат срцето, туку треба да направите

начин да кога тие ќе го отворат својот новчаник, во него има вишок средства. За жал, вие тоа го оневозможувате дополнително.

И самите сте свесни дека ова е добар проект. Самите сте свесни дека ваквиот законски проект сега, вечерва или ова утро, низ призма на амандманот има и своја законска поддршка во некои други европски држави. Ќе говорам во општата расправа за онаа ваша легендарна изјава поврзана со инфлацијата и дека наводно нешто добро сте направиле што не сте не послушале кога не ги прифативте предлозите. На тоа ќе посветам посебно внимание. Денеска, сега, во овој момент ќе говорам само за енергетиката.

Да резимираме. Пари, оваа држава има сеуште. Не заради успешноста на Владата, туку заради безмилосното прибирање на пари по основ на зголемени даночни оптоварувања. И фискална дисциплина, што мора да и се признае на оваа Влада.

Прашањето е како се трошат и на кој начин се распределуват експресно? Едноставната, лаичка математика, дека за 2,5 години власт, бидејќи јас не гледам дисконтинуитет во вашето работење, иста Влада сте, сте потрошиле преку 60 милиони евра на реклами. Да за момент заборавевте на вакви криминални реклами, за кои што некој ќе заврши во затвор, тоа можеме да ви го гарантираме, ќе направевте не еден, туку три закони за енергетска сиромаштија, бидејќи математиката го овозможува тоа. 20 милиони евра за овој закон, помножено со 3, за три години ќе ги покриевте овие семејства. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателке,

Најпрво би сакал да упатам едно барање до нашиот работодавач, а тоа е претседателот на Парламентот да дојде во салата и да се договориме дали може, користејќи го своето право, да загрозува други права.

Јас, во една слична прилика, на еден господин кој седеше на тоа место каде седите вие, со лептир машна, му објаснував нешто од Уставот и од Законот за работни односи, но тој не разбираше, како што неразбира многу работи. Затоа веќе не е тука.

Би сакал и колегата заменик секретар на Собранието да си го препрочита, како што вие треба да го препрочитате Уставот, членот 32 став 4, каде што пишува дека секој вработен има право на дневен неделен и годишен одмор. И очигледно, терајќи инает со нас го нарушувате нашето уставно загарантирано право да имаме дневен одмор.

30 октомври веќе одамна помина. Вие не ни дадовте можност да одмораме на 30 октомври. Доаѓа 31 октомври, сега е 1,20 минути после полноќ. Што сакате да докажете? Да викнеме трудова инспекција? Да го затвори Парламентот? Или тоа важи за сите други работодавачи и вие ќе не терате да се организираме по Синдикат, да потпишуваме со Трајко Вељаноски и со вас колективен договор? Да ја доведеме до апсурд работата, затоа што ние сме законодавен дом. . .

**Светлана Јакимовска:** Колега Бучковски јас ништо не ве терам. Самом ќе ве замолам да говорите по амандманот.

**Владо Бучковски:** Говорам за тоа. После ќе продолжам за другите.

Штом за нас не се грижите, штом за нас не се грижите, што останува за другите социјално загрозени лица, штом моите права се загрозени. На сите пратеници. Мене ми е загрозено правото да одморам, за да можам со полна свест, со полновнимание да ја следам расправата. А не пак јадниот министер Славески кој рече дека од 8,00 часот излегол од дома, само се истуширал и избричил и дошол овде. И тој, како нас веќе е 17 часови без одмор.

Мислам дека тоа не беше целта на оваа рсправа. Барајќи континуитет, да се работи вон работното време плус некое разумно продолжување. Ова, нашиот работодавач прави спротивно на Уставот. Деловникот нему не му дава право да ми пушува мене овде согласно членот 68 јас ви го продолжувам работното време. Нема причина. Нема причина. А, тој сега се одмора, веројатно ги соблекол чевлите, чорапите, се испружил во неговата канцеларија и сега не гледа и вели - Што зборува пратеникот Бучковски глупости кога знае дека овде нема да дојде трудовата инспекција или министерот за труд и социјална политика и да удри овде една жолта лента “затворено”, затоа што работи вон работното време. И ние имаме работно време.

Ова е исто како да им речеме вечерва, кога работи Парламентот нека работат сите ноќни клубови, дискотеки, нека се продава алкохол, нека се пушат секаде цигари затоа што единствено, ние пратениците, го кршиме Уставот.

Но, очигледно, вас мува не ве лази. Да се вратиме на сериозна работа.

Сериозната работа е следна. 74 милиони евра не може да се потрошат за осум недели до крајот на оваа буџетска година. Ние ви нудиме начин како без криминал, без наместени тендери тоа може да се искористи за да се спречи сиромаштијата во нашата држава. Тоа е да им се даде на социјално загрозените семејства кои, пресметката говори, ќе го земете тоа од Министерството за труд и социјална политика, бројката варира, ќе видите дали се 64 илјади, 80 илјади, 85 илјади семејства, да им дадете за нужните трошоци. Ништо повеќе. Да платат да горат неколку сијалици, да им работи шпоретот, да им работи фрижидерот. Некој од нив нема друг начин, бидејќи огревното дрво ја достигна до сега најастрономската цена, да запалат одвреме на време некоја електрична печка и да запалат нешто друго што може да значи топлинска енергија.

Циганското лето минува. Доаѓа ноември. Доаѓа декември, а во јануари веќе видовме што носи вашиот спектакуларен Закон за енергетика.

Значи, методологијата за која што говорите, методологијата за новата пресметка на електричната енергија, за што говореше господинот Игор Ивановски, ќе донесе ново покачување на електричната енергија во јануари. Вие сте свесни за тоа. Дефинитивно ќе имаме ново покачување на електричната енергија. Не може Македонија, како во изминатите две иполгодини електричната енергија да ја третира како социјална категорија. Затоа сите држави, што другите колеги ни ги цитираа компаративно, веќе го имаат овој начин на субвенција на сите семејства за да можат преку електричната енергија да го почитуваат и Меморандумот од Атина, каде што, кога го отворивме пазарот на Југоисточна Европа веќе оставивме простор на пазарот на електрична енергија да има приближно исти цени. Не може да има ваква данпинг цена каква што имаше до сега. Овие 13,6% знаете дека е помалку од реалното ниво што треба да го има електричната енергија. Но, бидејќи не правите ништо за гасификацијата, бидејќи сите проекти во делот на енергетиката се заглавени, се доведовме во позиција да нудиме решенија.

Значи, нашето решение што сег го нудиме ни остава простор да не влегувате, како прво, да не влегувате во криминал, како второ да не се доведувате во позиција  Уставиот суд да ги исправа вашите кардинални грешки, како што беа патриотските фискални каси. Понатаму, пробивањето на начинот на пресметување на покачувањето на пензиите што треба да го следи порстот на животните трошоци, а не некој како Балтазар, нешто измислил, па ќе рече тие кои имаат поголеми пензии ќе им дадам помалку, а тие што имаат помалку ќе им дадам повеќе. Тоа го нема никаде.

Вашиот систем што го наруши принципот на лилнеарно зголемување на пензиите, се гледа дека е под лупа на Уставниот суд. Што ќе се случи ако во следните три месеци почнат сите ваши проекти да паѓаат како кула од карти? Така ви говоревме и за некои други ваши избрзани реформи, какви што беа реформите и трансформацијата на клиничкиот центар, за потоа, после една изгубена година а се вратите на оној начин на трансформација што тогаш го нудеше опозицијата.

Како и да е, очигледно дека во 1,30 после полноќ не може да се води сериозна дебата. Во овој момент ги гледам само поспаните лица на три дами од ВМРО ДПМНЕ и тројца помлади ВМРО-вци кои си пишуваат пораки со своите веројатно верни обожаватели или обожавателски и сето завршува на тоа. Шестмина од владеачката ВМРО ДПМНЕ се во салата и вие почитуван поспан министре за финансии, ве разбирам и го разбирам вашиот замор, од осум часот сте на работа, а ве видовме во Собранието сте од 11,00 часот до сега и колку е тоа, 13, веќе 14,5 часа сте во Парламентот. Тоа наш заменик работодавач не е хумано. Затоа, Уставот предвидел да се има право на дневен одмор. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателке.

Искрено се надевав дека во овие касни часови, како што кажа колегата Бучковски, сега е 1,30 минути по полноќ дека ќе ја имаме барем таа чест претседателот на Собранието, бидејќи инсистира на една ваква дебата, во континуитет како што вели по нашето барање, дека барем ќе биде достоен да ги ислуша нашите предлози односно амандмани кои што секогаш ќе бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија. За жал, како што почна така продолжува, меѓутоа се надевам дека во  многу брзо време ќе заврши праксата која што ја почна во ова Собрание, ветувајќи дека ќе биде една демократска институција, каде што пред се ќе се почитува правото и владеењето. Очигледно со овие постапки што ги прави воопшто не оди во таа насока. Меѓутоа, тоа е карактеристично за господинот претседател Трајко Вељноски, затоа што не е воопшто проблем за него да се извинува на граѓаните на Република Македонија, макар тоа го правел и по сто пати. Секоја чест за министерот кој што има нова титула дентист, најави претходно во уводното излагање, меѓутоа, заборава една работа дека со неприфаќањето на овие амандмани доведува една голема структура на граѓани навистина да бидат на работ на егзстенцијата. Конкретно овој амандман кој што го понудивме, да повторам, од прилика обработува една група на 50 илјади семејства кои што се социјални случаеви, кои што им го олеснува за еден многу минимален паричен надоместок нивниот домашен буџет односно еден финансиски надоместок од 700 до илјада денари. Пред се, соочени со едно поскапување на цената на електричната енергија, која што во овој момент согласно одлуката на регулаторната комисија е 13,6% со најава дека до крајот на годината најверојатно дека ќе добие уште едно зголемување на цената, значи се работи за едни средства кои што навистина им се потребни на граѓаните на Република Македонија. Изненаден сум во овие касни саати, имаме присутни неколку пратеници од владеачката структура, меѓутоа сум многу изненаден затоа што не се јави ниеден дискутант за овој амандман од албанските политички партии. Зошто го говорам ова? Сведоци сме дека во изминативе два три дена голем број на граѓани пред се етнички албанци кои што живеат во Кондово, во Арачиново, во Сарај се соочени со исклучување на електричната енергија во рок од 12 часа. Се работи за навистина социјално загрозени семејства, пред се очекував тоа да го направат дел од пратениците од владеачката структура.

Навистина се работи за  загрозени семејства. Пред се очекував тоа да го направат дел од пратениците од владеачката  структура, тоа се пратениците на ДУИ, овие од ДПА како запета пушка чекаат да влезат во Владата, евентуелно ако излезе уште некоја друга партија од ДУИ, овие што се Нова алтернатива, како ги викаат тие на Селмани, тие одамна веќе од два часот се

легнати. Меѓутоа очекував барем кај својата популација да реагираат и да го поддржат овој амандман. За жал се неми и после ќе се соочуваат внатре партиски со не дигање на телефони на министрите од ДУИ, со внатре партиски проблеми и слично.

Почитувани пратеници, иако ве има малку од владеачкото мнозинство, би сакал да обрнам внимание за кои се структури кои ќе бидат социјално загрозени семејства и оваа бројка од 50 илјади семејства најверојатно во многу краток период соочен со оваа економска криза, ќе порасне на 70 илјади семејства, најверојатно дека ќе бидат веќе и вработените од Охис кои пред извесен период штрајкуваа, нормално затоа што можеби повеќе од 7-8 месеци немаат земено плата. Најверојатно дека и тие се веќе социјално загрозени семејства. Тука во овој сет, како што би рекол Нимиц, сет на идеи или пак сет на луѓе кои ќе бидат социјално загрозени семејства се и вработените во ЕМО кои се во една катастрофална позиција кои немаат примања веќе еден подолг период. Меѓутоа најкарактеристично од се се оние јадни би рекол, излажани стечајни работници кои јаваа на бранот на ветувањата на господинот премиер Никола Груевски кој беше храбар да се слика, меѓутоа претходно одеше во доцнежните ноќни часови, во 12,00 часот по полноќ, нормално криејќи се за да не види народот што се ќе прави на средби со стечајните работници, излажани стечајци кои навистина се на работ на егзистенција.

Законот кој го предложи и усвои Владата на ВМРО-ДПМНЕ, помпезно на првата седница на своето ново владеење, бидејќи е во континуитет, за жал не се остварува, стечајните работници се излажани и од 6 илјади бројката падна на 1300. Поновите информации велат дека само 600 стечајни работници ќе бидат опфатени со тој закон.

Овие 700 до 1000 денари што ги предлагаме со овој амандман во вкупен износ од 100 милиони денари, верувајте дека во оваа зима која се најавува дека ќе биде ладна, навистина ќе им користат и верувам ако биде прифатен амандманот и апелирам до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека би требало да го прифатат овој амандман, навистина добро ќе им дојдат.

Понатаму, би ги одвоил вработените од МРТВ. Значи поздравувам од одвојување на средства за вработените во МРТВ, меѓутоа мора претходно министерот и Владата на ВМРО-ДПМНЕ која помпезно најавуваше менаџерски тим на чело со словенецот Сајовиц кој сега никаде го нема а земаше плата од 10 илјади евра, мора претходно да им објасни кој ги потроши неговите пари и воопшто дали е направена долгорочна стратегија за вработените од МРТВ. Очигледно можт да се фрлаат реклами односно пари за голем број на реклами, за оглси кои по наши проценти на дневна основа изнесуваат од 30 до 50 илјади евра, меѓутоа, не можат. . . Ако може за малку внимание. Претседателке регирајте. Барем бидете доблесни и слушнете ги нашите укажувања. Имајте малку достоинство во вашта пратеничка програма што ја ветувавте во кампањата, барем дел од тие ветувања исполнете или она пак што го потпишавте исполнете го.

Да завршам, бидејќи ќе зборуваме и во општиот претрес по оваа Предлог одлука. Се надевам дека овој амандман во износ од 100 милиони денари, тоа е минималн сума во одос на рекламирањето и пропагандата што ВМРО ДПМНЕ ја прави. Се надевам дека ќе биде прифатен пред се од министерот за финансии кој добро ме следи и мислам дека ќе има разбирање за ова. Благодарам.

**Светлана Јакимоска:** Благодарам.

За реплика се пријавени праениците Тахир Хани, Флора Кадриу и Живко Пејковски.

Има реплика господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувни колеги.

Внимателно го сослушав колегата кој побара ДУИ да го поддржи предложениот амандман на СДСМ, но јас сакам да го нагласам фактот дека независно од тоа што нивниот амандман е содржински или не е содржински, мислам дека ДУИ е во коалиција со ВМРО ДПМНЕ и сигуро дека има заеднички проекти во однос на буџетската политика. Во оваа насока, сигурно дека во иднина, додека СДСМ ги добија изборите и ние повторно можеме да бидеме во коалиција, но со една заедничка волја на двата политички субјекти.

Од друга страна во однос на раздорот во ДУИ, кога може да биде волја на многумина, но ДУИ независно дека има демократски процес во својата внатрешност, значи во ДУИ може да има контрадикторности или критики во однос на некои функционални посапки, тоа се нормални појави во сите политички партии и овие појави ги има секоја политичка партија не само во Македонија туку и пошироко. Во ДУИ има вистинска демократија и пратениците на ДУИ укажуваат и јавно, ако е тоа потребно, но нашето единство е видливо. Јас мислам дека тоа го докажа и присуството на Џеват Адеми денес во нашата средина, го докажа фактот дека ние имаме една парламентарна група која е компактна и независно што критиките се присутни, ние тие критики ги надминуваме во нашата партија. Нема можност да имаме раздор и да има пратеници кои ќе излезат од редот на ДУИ. Благодарам.

**Светлана Јакимоска:** Благодам и јас.

За контра реплика е пријавен пратеникот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Високо ценам дека со мојата дискусија провоцирав барем некои од пратениците на ДУИ да се вратат во салата и да продискутираат затоа што навистина се работи за еден добар амандман.

Согласно она што го кажа колегата дека ДУИ е во коалиција со ВМРО ДПМНЕ и дека имаат заедничка б џетска политика би сакал сега да го

потсетам, бидејќи има еден амандман од господинот пратеник Тахир Хани кој вели дека се бараат 112 милиони денари, тоа е за изградба на канализациона мрежа од населеното место Ложане па до Велешта а кои се користени за истата на извршно судско решение. Зошто ако е заедничка буџетска политика овој амандман од нивниот коалиционен партнер не беше воопшто прифатен. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу**: Колега сосема се согласувам со вас кога велите дека одговорност, токму за тие албански семејства во околината на Скопје, е на валдејачаката партија и добивте одговор од ДУИ дека имаат заедника политика околу буџетот, со ВМРО ДПМНЕ што укажува на фактот од 74 милиони евра ниту едно евро не се одделува за албанските интереси ви Република Македонија.

Меѓутоа дозволете ми да ви укажам на фактот дека воопшто не се согласувам со вас кога велите дека ДПА на секаков начин гледала да влезе на власт со ВМРО ДПМНЕ. Морам да ви укажам на фактот, иако вие не намигнувате дека ДПА е сериозна партија која има големо искуство на политичката сцена во Република Македонија и дека знае да биде и опозиција и тоа конструктивна, така што нема потреба да укажувате на такви констатации. Така што воопшто не се сола сувам со таа ваша констатација затоа што ДПА никогаш, по секаква цена не би влегла на власт , туку би влегла на власт само како достоен коалиционен партнер во Владата. На крајот на краиштата сметам дека би било многу подобро да се заинтересирате за состајбата на вашата коалиција Сонце коге веќе наете дека ЛДП укажува на фактот дека се одвојува од вашата коаллиција, па ви било многу подобро да размилсувате на тој план и да не се занимавате толку многу со нашата партија. Благодара.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам.

Колешке Флора, високо го ценам вашето мислење со оглед на тоа што плус доаѓате од општината од која доаѓам и јас , општина Бутел.

Меѓутоа, моите заклучоци ги влечам од она што се случува во Собранието за ревносното исполнување на замолниците, би ги нарекол, од страна на ВМРО ДПМНЕ да се пополни местото на отсутните пратенициод ВМРО ДПМНЕ кои коалицираат со отсутните пратеници на ДУИ. Тоа ми укажува дека ДПА знае да биде опозиција меѓутоа уште повеќе знае да биде и позиција. Во тоа ммногу пати сме се увериле.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Живко Пејковски.

**Живко Пејковски**: Благодарам.

Почитуван господин Минчев, оваа бројка од 50 илјади социјални загрозени, што ја спомнувате, многу добро вие знаете и сите знаеме дека ако ја исслопнетве обврската од 15 септември 2002 година ќе беа многу помалку. Ако тогаш кога ветувате дека ќе запослите околу 100 илјади луѓе или по еден човек од фамилија, сигурен сум дека оваа бројка ќе беше многу помала. Очигледно е дек пукна тикавта во вашата коалиција Сонце, па сега многу е ддоцна да се лепат некои такви работи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Горан Минчев.

**Горан Минчев**: Очигледно колегата пратеник од ВМРО ДПМНЕ е разбуден од својо т зимски сон, или пак бил да се одмори, а сега е повторно во салата и воопшто не знае што зборува.

Морам да го потсетам дека од последните 10 години 6 години ВМРО ДПМНЕ е на власт, или пак ако сака обратно, од последните 17 години ВМРО ДПМНЕ е на валст 8 години. Приказната која некои негови колеги ја сервираат дека 17 години СДСМ раководи со Македонија итн., воопшто не пие вода.

Што се однесува до бројката од 50 илјади семејства гладајте да остане толку колку што е. како сте почнале ќ е ги направите 100 илајди семејства разберете дека Република Македонија е на работ на економска криза. Ви еимете одговорност. граѓанитре ви ја даоа одговорноста. Бидете барем малку достоинствени за она шрто го ветивте.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, за амандамнот гласаа 13, возджани нема, против 50 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандамнот на член 1, страна 12 раздел 15020 за доавање нова потпрограм 47 и ставка 471 по потпрограмата 45 и ставка 471 на член 1 страна 11 раздел 09002 потптограма 20, ставка 461 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска Владо Бучковски , Славица Грковска Лошкова Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Гораљн Сугаревски, Маринела ТУшева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шеќеринска.

Отворам престрес по амандманот член 1, страна 12 за додавање нов раздел 16101 потпрограма 2-а и ставка 482 по раздел 16001 и на член 1 страна 11 раздел 09002 потпрограма 20, ставка 461, поднесен од пратениците Станка Анастасова , Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски , Славица Грковска Лошкова Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски,

Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шеќеринска.

Го молам претставнико на предалгачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии,

**Трајко Славески**: Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандамнот не се прифаќа.

Ги молам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор пријавени се пратениците Јани Макрадули и Владо Бучковски.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодрам потпрестедателке.

Додека ги читеме утрешните дневни весници кои, граѓните откако ќе отспијат вечерва ќе ги читаат утре саблале со утринското кафе.

Морам да констатирам дека тоа што сега се случува во Собранието не оди во прилог или ако сакате го потврдува она што го пишува во сите утрешни весници, норманло освен во Вечер, а тоа е дека Европската унија на Република Македонија и даде единица за демократиај и дека Република Македонија поседената година покажа незрело однесување. Ваквото силување, го кажуваат и кај вашиот колега Борис Стојменов, на Канал 5. Додека вие сонувате дека само Латас во го дава инфорамциите, Република Македонија забега. Вие милсите дека работите одат напред, ама во сите весници, освен во вечер пишува дека Република Македонија доби единица заради вакво незресло однесување, нафрлување и дофрлување, а трошите 500 илјади евра на кампањи, заради безобразно коментари, заради тоа што Парламентот работи во 15 до 2 чаасот наутро. Милсите дека тоа е добро за демократијата? Дека во 3 часот наутро може 92 милиони евра да ги прерапсределите како ќе ви текне и дека тоа не го гледа некој и дека тоа нема да биде заблежано никаде?

Заради тоа што Парламентот работи во 15 минути до 02 часот и мислите дека е тоа добро за демократијата? Дека во 03 часот може 72 милиони евра да ги прераспределите како ќе ви текне и дека тоа не го гледа никој и дека нема да биде забележано никаде? Нормално, мене ме радува ваквата ароганција, знам дека на локални избори и претседателски избори супер ќе помине опозицијата, ваквата ароганција може само да и користи на опозицијата, ама од тоа немаат корист граѓаните, бидејќи црвениот картон, единицата за незрелото однесување во голема мера зависи, тука пишува, од парламентарното мнозинство, од експресното носење на закони по итна процедура, а така е донесено и ова без некоја нормална процедура.

Амандманот што го даваме е обид да се запре една нерационална политика што ја води оваа Влада, а тоа е дека зеде кредит од 12,5 милиони евра со кои ги задолжи граѓаните на Република Македонија за изградба на неквалитетни спортски сали. Ние се уште сметаме, посебно оние луѓе што како мене долго години поминале во спортските сали во Република Македонија и ги знаат сите спортски сали дека е многу подобро и многу поквалитетно и подобро за граѓаните да се реновираат и реконструираат салите во Република Македонија што постојат отколку да се градат квази монтажни спортски сали некаде без струја, некаде без парно, некаде без градежна дозвола, некаде надвор од детален урбанистички план.

Мислам дека реконструкцијата на неколку спортски сали се приоритет заради одржување, пред се, на квалитетен спорт во неколку градови кои, за жал, заради немање на услови, пропаѓаат. Имало одлични екипи во неколку спортови во различни градови во Македонија, но заради тоа што државата се откажала, а локалната самоуправа нема толку средства да ги одржува, тие објекти пропаѓаат. Идеата за такви врвни натпревари, не идеата, туку искуството за такви врвни натпревари се уште е свежа кај многу граѓани во Република Македонија.

Со ова пренамена на средства не добивме одговор што тоа ќе се менува во салата “Борис Трајковски”. Ние неколку души овде сме биле на натпреварите на репрезентацијата на Македонија во кошарка. Таму салата, фала богу, функционираше, не работеше семафорот, но брзо се поправи. Има два семафори, има трибини, надвор има едно македонско знаме, едно друго знаме секаде обележано (дискусијата предизвика бурни реакции во салата и дофрлување на погрдни зборови)...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина.

**Јани Макрадули:** Претседателе, очекувам да реагирате за вакви навреди и дофрлувања. Барам јавно извинување од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, посебно не од луѓе, ако не мислите да реагирате, мислам дека ова е уште еден срам за демократијата во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, сите пратеници треба да овозможиме мир, тишина...

**Јани Макрадули:** Како да овозможиме кога навредуваат.

**Трајко Вељаноски:** Пратеникот зборува по текстот на амандманот, да не дофрлувате од место.

**Јани Макрадули:** Луѓе кои можат тука да се почитуваме, затоа имаме единица по демократија, затоа европскиот извештај вели незрела работа, затоа што вакви искомплексирани луѓе кои дошле на власт, украле милиони евра, сега седат во Собранието, ги штити имунитетот. Мислат дека можат да навредуваат, а вие може да гледате и ништо да не реагирате. Сепак сум јас потпретседател на Собранието, очекував од вас во оваа прилика поинаку да реагирате.

**Трајко Вељаноски:** Се согласувам и затоа ги опоменувам пратениците да употребуваат соодветни зборови. Повелете продолжете.

**Јани Макрадули:** Не ме чуди, предмалку координаторот на пратеничката група се закануваше за градоначалникот на Струмица, сега вакви работи. Што очекувате? Кој ќе биде виновен во 02,00 часот ако се случи инцидент. Се знае точно. Затоа да не се чудиме зошто Европа не оценува со единица по зрелост на демократија. Јас во 23,30 часот го поставив прашањето што ќе се менува во салата "Борис Трајковски", бидејќи сме виделе дека е функционална и дека функционира и добро изгледа. Проект што го почна претходниот градоначалник на Скопје господиниот Пенов, гледаме дека заличи и убаво изгледа. Не знам што е работата. Зошто дополнително да фрламе пари, а можеме салата во Велес која, за жал, не изгледа онака, а беше преполна кога имаше одличен ракомет, одлична кошарка, да интервенира државата, салата во Битола каде ракомет се играл во финале од највисок ранг во ракометното првенство. Зарем не треба салата во Струга каде сме имале одлични натпревари, серија одлични кошаркарски натпревари со преполна публика.

Мислам дека можеме, еве ако сакате, ако се определиме за таа работа парите во таа намена да одат. Затоа го даваме овој амандман за да можат оние објекти кои се витални за развој на спортот на младите, за тренинзи за да не доаѓаат во Скопје уште од млади во различни области, да си останат во градот и да имаат квалитетен спорт.

Затоа го поднесовме овој амандман, средствата не се големи, се распоредуваат 72 милиони евра, а веќе се даваат за намена 120 милиони денари за изградба, како што рече министерот сабајле и уредувањето на овој капитален објект спортската сала "Борис Трајковски", а знаеме дека функционира, не гледам причина зошто тие пари да не се пренаменат кон објекти на кои навистина им се потрбни во овој момент во Република Македонија.

За тоа како се однесуваме има и други методи и мерки во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

На неколку пати реагирам оти навистина апсурдно ја водите вечерва седницата до доцни саати. Ви кажав дека навистина ваквиот начин на работа може да доведе до многу непријатни ситуации како што беше претходната, очекувам барем во најмала рака да го штитите прво пред се дигнитетот на Собранието, после на сите пратеници, а најмногу од се дигнитетот на вашиот заменик или потпретседател на Собранието.

Затоа од името на пратеничката група која навистина е зрела и достоинствена на својата позиција што ја има. Бараме од вас соодветна реакција по однос на навредата која беше упатена на вашиот потпретседател односно на нашиот потпретседател и бараме извинување од вас или од вашата пратеничка група за недостојните зборови кои беа упатени спрема нашиот потпретседател и секако спрема нашата пратеничка група. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Мислам дека како пратеници сите треба да се воздржиме од соодветно довикување од место и соодветни зборови кои се употребуваат. Тој апел го упатував колку можев во секој момент откако ќе се слушнеа одредени зборови во однос на соодветните зборови што не соодветно некогаш беа употребувани, затоа сметам дека не само сега, и во текот на целата расправа имаше довикувања кои не беа соодветни на пратеник кој го изговара тој збор.

Затоа би сакал и би упатил апел на сите пратеници прво да не дофрлаат од место, а второ, соодветни зборови и во дискусиите и од место кога ги дофрлаат. Но, прво би рекол недолично е пратеник од место да дофрла кога говори некој друг пратеник.

(Господинот Игор Ивановски бара реплика)

Господине Ивановски, на координација се договоривме реплика да нема на иста пратеничка група.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, верувам дека ја слушнавте мојата забелешка претходно. Гледам дека вие сте одморен, но вашата заменик претседателка веројатно на совлада заморот и во оваа ситуација кога имаше недолично дофрлување од пратеник од ВМРО-ДПМНЕ се обидува повторно мене да ме обвини дека сум дофрлил нешто, што е крајно тенденциозно, говори за вашиот карактер и за сето ова што го правевте и во минатото и сега во некои други времиња ќе разговараме поинаку.

Сега би му се обратил на колегата кој очигледно греше ако мисли дека може да се гради политичка кариера со дофрлување на термини "ѓубре".

Почитуван млад колега, во една слична ситуација во 2006 година како подршка на тогаш поискусниот Владимир Ѓорчев се решивте да стигнете до директорското место со дофрлање, провоцирање и ја доведовте отворената емисија соочувањето на тогашниот претседател на СДСМ со ВМРО-ДПМНЕ на раб на инцидент. Ние нема да подлегнеме на такви провокации затоа што тоа едноставно не е потребно. Не е потребно ако нашиот колега каже дека таму постои македонското знаме и друго знаме за кое директорот на Јавното претпријатие говори дека официјалното знаме на Јавното претпријатие спортска сала "Борис Трајковски", така може да го третирате, не како провокација дека некој го навредува поранешното официјално знаме на Република Македонија. Мора да се спушти тонот и затоа е опасно да се прават седници во 02,00 часот после полноќ. Нема потреба од такви тензии. До сега иако дел од опозицијата реши да биде овде во салата, некој реплицираше умесно, некој се обидуваше затоа што не му е интересна расправата да не биде овде, но не беше работата на раб на инцидент. Ние повторно цениме дека

вашето искуство ќе помогне, ја испуштивте контролата од раце затоа што очигледно и вие сте уморен. Непотребно на еден од нашите последни амандмани кои само ја потврдуваат вашата погрешна политика министре Славески.

Значи, вие им предавате на вашите студенти за тоа што сте стручен, јас им предавам на моите студенти пред да дојдам што ни оставиле римјаните како наследство, ни оставиле атињаните демократија, римјаните правото, говорам како може да пропадне една моќна империја каква што била римската империја. Пропаднала во оној момент кога владетелите сметале дека можат да го манипулираат народот ако му понудат (памен ет...) тоа што вие денес го нудите. Мислите дека народот може да го манипулирате со игри и со парче леб кој ќе им го давате во народните кујни.

Такви системи на владеење се осудени на неуспех. Ова ваше владеење ќе пропадне, но не смее да пропадне Република Македонија, затоа нудиме минимум конструктивна дебата за да немаме единица и понатаму за демократијата, туку да имаме барем двојка, да се трудиме да ги признаваме грешките како што ја призна една од своите грешки претходно претседателот на Парламентот и да добие можеби тројка. Кога ќе го достигнеме нивото на нашите релации да бидат на едно многу повисоко ниви каде ќе сметате дека и предлозите од опозицијата заслужува внимание, тогаш ќе може да одиме напред.

Овој наш последен обид, напор, беше во таа насока дека нема потреба да одиме со дополнителни сретства во салата “Борис Трајковски” туку овие средства да можеме поцелисходно да ги искористиме за дел од другите сали и да не биде концентрацијата на овие модерни спортски објекти само во Скопје. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 16 пратеници, воздржани нема, против 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 страна 12 за додавање нов Раздел 16101, Потпрограма 2А и ставка 482 по Раздел 16001 и на член 1 страна 11 Раздел 09002 Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Андреј Петров, госпоѓата Флора Кадриу, господинот Горан Мисовски, господинот Владо Бучковски, госпоѓата Соња Мираковска, господинот Игор Ивановски.

Тука ја прекинувам седницата, продолжуаме денеска во 12,00 часот.

(Реакција од пратеникот Бучковски затоа што побарал процедурално)

Процедурално може само координаторот или заменикот координатор на пратеничката група. Не можам да го прекршам Деловникот.

Продолжуваме денеска во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 02,05 часот)